Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет – Скопје

Институт за Историја

Студиска програма Историја и архивистика

# ЧОВЕЧКАТА СОСТОЈБА НА ИНДУСТРИСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА (1918 – 1941)

магистерски труд

Ментор

Проф. д-р Борче Илиевски

Кандидат

Ивана Хаџиевска

бр. на досие 5117/18

Скопје 2020

**Содржина**

**Вовед ........ 4**

Методологија........ 8

1. Темата во домашната историографија ........ 8

2. Архивски извори ........ 12

3. Методолошки и теоретски пристап ........ 14

4. Човечкиот труд во индустријата и поимот човечка состојба во светло на темата .... 15

**I Политички и економски прилики во Вардарска Македонија (1918 – 1941)........ 23**

1. Територија, население, именување........ 23

2. Административниот апарат во Вардарска Македонија ........ 35

2.1 Институции за економска политика и контрола ........ 47

2.2 Цивилизациската мисија во „класичниот Југ“: социјални и санитарни политики ........ 54

3. Индустријата во Вардарска Македонија. Развој, облици и менталитети ........ 59

3.1 Бројност и состојба на индустриските претпријатија (1918 – 1941) ........ 71

3.2 Работна сила........ 78

**II Раѓањето на индустрискиот работник во Вардарска Македонија ........ 84**

1. Урбанизација, индустријализација и пролетаризација на населението ........ 84

1.1 Активни и издржувани ........ 100

1.2 Полова и старосна структура ........ 112

1.3 Етнички белези ........ 120

1.4 Разместеност на работници по индустриски гранки ........ 125

2. Правни аспекти ........ 128

2.1 Политички фактори во развојот на трудовото право во Кралството СХС/К. Југославија ........ 129

2.2 Привременото трудово право, до 28 јуни 1921 ........ 136

2.3 Трудовото право во Кралство СХС/К. Југославија, 1922 – 1941 ........ 145

3. Социо-економски аспекти ........ 152

3.1 Индустриските работници во јавната и приватната сфера ........ 153

3.1.1 Работно време и контрола на времето на работниците ........ 155

3.1.2 Индустриските работници и промената во семејството ........ 158

3.1.3 Домување и работнички живеалишта ........ 161

3.1.4 Сиромаштија и невработеност како јавен проблем ........ 165

3.1.5 Организирање, солидаризирање и политичко активирање ........ 173

3.2 Цена на трудот. Надници ........................................................................................ 181
3.2.1 Куповна моќ за животни намирници ............................................ 189
3.3 Работничко осигурување ........................................................................... 197
3.4. Детски труд. Малолетници во индустријата ............................................ 202
4. Санитарни и здравствени аспекти ...................................................................... 209
4.1 Хигиенски и технички услови во работилницата ...................................... 211
4.2 „Дегенерирани тела“: здравјето и болестите кај работниците .................... 216
5. Родови аспекти ..................................................................................................... 223
**Заклучок** ..................................................................................................................... **230**
Summary ........................................................................................................................ 234
Листа на прилози и табели ......................................................................................... 236
Прилози ........................................................................................................................ 239
Библиографија ............................................................................................................. 279
Необјавени извори ................................................................................................ 279
Нормативни акти .................................................................................................. 279
Објавени извори .................................................................................................... 280
Печат и ретка периодика ...................................................................................... 283
Литература ............................................................................................................. 283

*На Земјата, каде сите подредени Битија се заеднички на сите Луѓе, секој Човек во Посед ја има само Личноста своја. Врз Неа Никој нема Право освен самиот тој.* ***Само Трудот на неговото Тело, и Работата на неговите Раце****, може да кажеме, дека се правилна сопственост негова.*

*(Though the Earth, and all inferior Creatures be common to all Men, yet every Man has a Property in his own Person. This no Body has any Right to but himself.* ***The Labour of his Body, and the Work of his Hands****, we may say, are properly his.)*

Џон Лок, „За Поседот“, *Втор Трактат за Владеењето*, Лондон: 1989 (John Locke, Second Treatise, Chapter V. *Of Property*, 1689, §§ 25-51, 123—26)

***

*„Во таа општа збрка на вери, националности, обичаи, начини на живеење, предрасуди, менталитети, разни потекла, мистика и суеверие – постепено се кристализира новиот човек на Јужна Србија; тој, побрзо или полесно, се еманципира, политички и граѓански се воспитува, оставајќи ги ропските навики, се обучува за стручност и жовијално се бори за опстанок. Неговата општа карактеристика е скромност, крајна штедливост, извесна мера на дволичност и спорост.“*

Растко С. Пурић, *Работнички југ*, (Скопје: „Немања“, 1937), 12

## Вовед

Во овој магистерски труд, претставени се и анализирани животните услови и социо-економската положба на населението активно во индустрија, конкретно во индустриски претпријатија, индустриски работилници или сложени мануфактури, на соодветен историски степен, во Вардарска Македонија во периодот 1918 – 1941 година. Во анализата на егзистенцијалните, материјални и политички фактори специфични за создавање и контрола на индустриско работничко население, кое во разгледуваниот период доживува одредени транформации во склоп на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Кралството Југославија.

Ќе биде воведен и претставен терминот *човечка состојба* (*conditio humana*), потребен за теоретско и методолошко преместување на објектот на истражување од јазикот на моќ на модерната држава во јазикот на социјалната и економската историографија за да се проникне од базичното дескриптивно статистичко ниво на анализа на објектот на истражување, во деконструктивна и структуралистичка анализа, со цел утврдување на егзистенцијалните проблеми од физички-санитарен и политички-социјален карактер на животот, трудот и работата на индустриските работници во дадените територијални и временски рамки и притоа да се испита кои се границите на епистемолошката ширина и длабочина на темата.

Објективната цел на трудот е да ја претстави социјалната и економската историја на индустриските работници во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни низ анализа на социо-економските аспекти на нивниот труд, вработеност и економска активност, како основа на хитпотезата за одредување на нивната човечка состојба. И покрај акцентот на економската и социјалната историја, од голема важност за анализата се и националните и политичките аспекти на историскиот моментум во кој се разгледани работниците на територијата на Вардарска Македонија, заради нивната поврзаност со воспоставувањето на административниот апарат конкретно врз оваа територија и население.

Во однос на географијата, овој труд се однесува на територијата на Вардарскиот дел на Македонија. До 1912 година територијата била во составот на Османлиската Империја. Во 1918 година, Вардарска Македонија станала дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, историски определена како јужниот ориентален, економски затворен и заостанат крај на државата, во однос на северниот, католички и капиталистички развиен крај на државата. Според Владан Јовановиќ, авторот на една

од ретките темелни студии во балканската историографија кон историјата на јужните региони во новата држава,

„врските меѓу новите југословенски покраини се огледувале низ судирот помеѓу ориенталното и централноевропското цивилизациско наследство, а самата држава претставувала конгломерат на невоедначени државни општествени облици, дезинтегрирани економски и правно-политички подрачја, верски подвоености, разнолики културни традиции и навики. Заради тоа, претставата за природата, функциите и билансот на историските резултати на Југославија од аспект на целината и нејзините составни делови, не е можна без валидна слика за „јужните краеви" кои ги добиле Србија и Црна Гора по Балканските војни, а во Кралството на Србите Хрватите и Словенците, административно биле наречени „Јужна Србија."'[1]

Во однос на домашната политика,

„новосоздадената држава била соочена со големи предизвици. За далекувидните политичари морало да биде јасно, дека за државата да преживее, мора да се работи кон интегрирање на заеднички државни структури и нивно навлегување во сите делови од државата. Додатно, одреден степен на еквализација меѓу суштински различните региони би била неодминлива. Ова биле потребите кои се наметнале во контекст на различните региони од кои била составена државата... Заради тоа што Македонија припаѓала на Отоманската Империја повеќе од 500 години, од секој аспект (економски, комуникациски, културолошки) била врзана со еден различен, пред-модерен систем. Сега за прв пат (ако се одмине периодот од 1912 до 1918 година кој бил прекраток и турбулентен за настанување на промени), беше врзана за држава која се разбирала себе си како модерна, и според тоа сакала да ги контролира сите аспекти од животот."[2]

Во опсежната анализа на Нада Бошковска за политиките и воопшто историјата на Вардарска Македонија во Кралството Југославија, *Yugoslavia and Macedonia before Tito*, поставени се и испитани две тези кои можеме да ги споменеме и овде: прашањето за (не)постоењето на волја да се развива овој регион, кој бил перцепиран како назаден, при што, локалното население би се интегрирало како лојално граѓанство или би се држале под контрола како субјекти; во однос на економијата и инфраструктурата,

[1] Vladan Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandzak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS*, (Beograd: INIS, 2002), 7.

[2] Nada Boškovska, *Yugoslavia and Macedonia before Tito. Between repression and integration*, (London, New York: I. B. Tauris, 2017), 17–18.

потребно е да се испита дали постоеле и доколку постоеле, какви биле стратегиите достапни да се стимулира „голем пукот“ на развојот во јужните делови на државата.[3]

Токму заради наведеното, при воведувањето во темата за животните услови на населението, во неземјоделските, конкретно во индустриските дејности на економска положба, ми се виде како недоволно, да го третирам релативно површно низ традиционалните историографски заглавја како *репресија, денационализација, србизација, асимилација* и *експлоатација*; или низ простото означување на економскиот развој со терминот *навлегување на стоковно-парични облици*. Потребно е на тој дискурс да се додадат прашањата: каква визија (воопшто) имала државата за новата економска состојба (политичката економија на Кралството СХС/Југославија) во однос на работната сила во јужните региони? Дали работниците од Вардарска Македонија со оглед на специфичната политичка историја на регионот *vis-à-vis* Белград, биле интегрирани во економскиот систем и на кој начин? Каде се забележуваат долго најавуваните модернизациони трансформации во економската активност на населението, конкретно населението вработено во индустријата, и како тие формираат или дефинираат *човечка состојба* која е иманентно поврзана со економското активирање на трудот на еден дел од населението во индустријата т.е со она што слободно овде ќе го именувам како раѓањето на *индустрискиот човек* во Вардарска Македонија како нов процес во историјата на населението.

Во обид да дадам одговор на поставените прашања, резултатите од истражувањето ќе бидат изложени во две глави: во првата глава ќе бидат претставени политичките и економските прилики во Вардарска Македонија (1918 – 1941), со цел да се прикаже состојбата и степенот на развој на индустријата во периодот на воспоставувањето и функционирањето на административниот апарат на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Кралството Југославија на територија на Вардарска Македонија и меѓузависностите на населението, активното население, демогрфските чинители и менталитетите на работната сила, како основни координати на анализата; да се даде еден основен преглед на институции чии политики се важни при формирањето и контролата на животните услови на населението во зададениот економски и политички систем.

Втората глава има за цел да ги испита животните услови на населнието активно во индустријата, конкретно во индустриски работилници, низ следниве аспекти:

[3] N. Boškovska, op. cit., 17–21.

процесот на урбанизација, индустријализација и пролетаризација; демографските карактеристики на работната сила; правните аспекти и развојот на трудовото право; социо-економските аспекти; здравствените и санитарните аспекти; и родовите аспекти. Прегледот и анализата на аспектите ќе бидат придружени со компарација на социометриските карактеристики помеѓу Вардарска Македонија и Кралство СХС/К. Југославија, потоа компарација помеѓу бановините во рамки на државата и компарација помеѓу помали административни единици, најчесто Скопје со останатите индустриски центри во државата.

## Методологија

### 1. Темата во домашната историографија

Научниот развој и научната база на социјалната и економската историја (или подобро кажано, теми од социјалната и економската историја) во македонската историографија се одредени во контекстот на периодот 1945 – 1991 година, а теоретско-методолошки од тенденциите на своевремено актуелниот и прокламиран дијалектички материјализам (*научен марксизам* или *научен социјализам*) и научна политичка економија, присутни во методологија на општествените, правните и економските науки, контекстуализирани соодветно во наведениот период.[4]

Домашни автори со особен придонес кон социо-економската историографија и нејзини современи втемелувачи, а конкретно кон темата за социо-економската историја на работниците меѓу двете светски војни, се: Данчо Зографски, чиј научен темат е составен од стопанската историја, работничкото и комунистичкото движење во Македонија и македонското национално прашање низ призмата на класната и социјалната историја;[5] Коста Сидовски, чиј научен темат се состои од социо-економска историја и историјата на индустријата на територија на Македонија во XX век, со акцент на економските форми, статистики, цени, материјална вредност;[6] Ристо

---

[4] Види пример: Данчо Зографски, „Научниот социјализам и истроиографијата“, во *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*, XVII (1975), 27–41.

[5] Избор на библиографија на Данчо Зографски од конкретен интерес за темата: *За работничкото движење во Македонија до Балканската војна*, (Скопје: ИНИ, 1950); „По повод 31 година од создавањето на скопската социјал-демократска организација“, во *Социјалистичка зора*, Скопје, 1-2 (1950), 48–59; „Преодни облици на мануфактурата во Македонија“, во *Преглед*, Скопје, 2-3 (1953) 59–72; „Создавањето и развитокот на индустријата во Македонија до Блаканската војна“, во *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 8 (1961), 105–150; *Специфичностите на општествено-економскиот развиток на Македонија во XIX и XX век,* (Скопје: УКИМ, 1971); „Glavne faze, obelezja i dimenzije razvitka industrije u Makedoniji do kraja Drugog svetskog rata“, u *Acta historico-oeconomica Yugoslaviae*, Zagreb, 1 (1974), 123–139; „Научниот социјализам и историографијата“, во *Годишник на Економскиот факултет*, Скопје, 17 (1975), 45–60; *Економске прилике у Македонији и одраз идеје Светозара Марковића на социјалистички покрет у Македонији,* (Светозарево: Клуб самоуправљача „Светозар Марковић“, 1976), 45–50; „Работничкото и комунистичко движење во првите години од Стара Југославија“, во *Гласник на ИНИ,* 3-XX (1976), 201–236; „Karakteristike ekonomskog stanja, socijalne structure i nacionalnog pitanja u Makedoniji 1918 – 1941“, u *Acta historico-oeconomica Iugoslaviae,* Zagreb, 7 – 1 (1980), 181–192; „Факторите и насоките на стопански развој на Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни“, во *Годишник на Економскиот факултет, Скопје*, XXIII (1980), 33–56; *Одбрани дела* во 6 книги, (Скопје: Наша книга, 1986); *Главните карактеристики на социјално-политичките прилики во Македонија во 30-те години*, (Скопје: МАНУ, 1995), 37–51.

[6] Избор на библиографија на Коста Сидовски: *Развитокот на индустријата во НР Македонија во периоднот меѓу двете светски војни (1918-1941)*, Скопје 1960; „Преглед на прехрамбената индустрија во НРМ 1912 – 1940“, во *Гласник на ИНИ,* 2-II (1958), 79 – 114; *Развиток на индустријата во НРМ во*

Христов, чиј научен темат е втемелен во социологијата и економијата, а неговите студии осветлуваат прашања за економската, социјална положба и животните услови на селаните и работниците во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни;[7] Никола Узунов, чиј научен темат е базиран во економиката на индустријата, индустријализацијата и фактори на индустријализацијата и модернизацијата врз населението во историјата на Македонија;[8] Лазар Соколов, чии тематски остварувања се однесуваат на економските и демографските карактеристики на населението и неговата социјална положба на територија на Македонија, низ анализа на пописните резултати;[9] Останати автори од оваа генерација, а важни за истражувањето се: Методија Соколовски, Глигор Тодоровски, Орде Ивановски, Кирил Миљовски, Кирков Никола, Ристе Бунтевски, Боро Арсовски, Надежда Цветковска и други кои ќе бидат понатаму користени и додадени во конечната библиографска листа.

Кај авторите од првата, повоена и социјалистичка генерација кои се занимавале со различни аспекти од историјата и положбата на работниците во Кралство Југославија, истражувањата се посветени на создавањето, развојот и структурата на она што тие го одредуваат како работничката класа, некои го користат и терминот „трудбеничките слоеви“ или „работниот/работнички народ“, и се всушност дел од класната историја со главен осврт на „финалната историска фаза од развојот на

*перидодот меѓу двете светски војни (1918 – 1941),* (Скопје: Економски институт, 1960); „Текстилната индустрија во НР Македонија во периодот меѓу двете свтески војни“, во *Гласник на ИНИ,* 1-II (1958), *sp.*

[7] Избор на библиографија на Ристо Христов: *Влијанието на економските кризи врз стопанството на Македонија меѓу двете светски војни* (докторска дисертација во ракопис), Економски факултет, Скопје, 1985; „Економско-социјалната положба на работништвото во Вардарска Макеоднија во првите години на Краслството СХС (1919 – 1923)“, *Гласник на ИНИ,* 1-XXIV (1981); „Положбата на работништвото во Вардарска Макеоднија во периодот на економската криза (1929 – 1934)“, *Историја,* 2-XVI (1980); „Прилог кон прашањето за социјалното осигурување на работништвото во Вардарска Македонија во периодот на стара Југославија“, *Историја,* 2-XVIII (1983); *Селото во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, социео-економски истражувања,* (Скопје: Мисла, 1993); *Трудбеничките општествени слоеви во македонија (1918 – 1941),* (Скопје: Унија, 1994); „Емил Диркем и подлебата на општетсвениот труд“, во *Годишник на економскиот факултет,* 33 (1998); „Градското стопанство во Макеоднија меѓу двете светски војни низ неколку архивски документи“, во *Историја,* 24/25, 1-2 (1988/89).

[8] Избор од библиографијата на Никола Узунов: „Историското формирање на индустриските центри на територија на СРМ“, *Јубиларен индустриски годишник на Економскиот факултет,* (Скопје, Економски факултет), 1970; „Основни обележја на развитокот на индустријата во НР Македонија“, *Годишник на Економскиот факултет во Скопје,* (Скопје, 1960); *Степенот на (не)синхронизираност меѓу процесите на индустријализација, деаграризација и миграција во СР Македонија,* (Скопје: Комунист, 1988).

[9] Избор од библиографија на Лазар Соколов: „Предусловите и развитокот на индустријата во Македонија од втората половинана на XIX век до 1912 година“, во *Гласник на ИНИ,* 1-2 (1957), 65 – 70; Lazar Sokolov, *Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja,* (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962).

работничката класа“ – очекуваната работничка револуција и победа на комунистичката партија, според матодологијата и терминологијата на научниот социјализам кој авторите го користеле. Според тоа, главно внимание е посочено кон синдикалното и политичко организирање на работниците, а најкористени се изворите од историјата и развојот на Комунистичката Партија и комунистичкото движење.

Во постапката при обработка на темава, која може да се следи кај македонските истражувачи споменати погоре, што било случај и во регионалниот историографски дискурс на СФР Југославија, забележлива е специфичноста според која историјата на работниците секогаш е поврзана и со комплексот на националното, револуционерно и ослободително движење на македонскиот народ, а експолатацијата кон работниците секогаш е поврзана со капиталистичката експлоатација вршена од буржуазијата, но и денационализацијата и асимилиацијата на македонскиот народ од страна на државни и административни режими. Според тоа, работничката класа често е идеализирана, романтизирана и во својство на историско маченииштво. Меѓутоа, надвор од идеолошкиот дискурс, на другата страна од научниот марксизам во овие дела, се наоѓаат прилози со сериозни демографски и статистички анализи и коментари на пописни резултати, индекси на цени и изведени вредности на продуктите и условите од секојдневниот живот на работничките слоеви (надница, хранарина, станарина, облека и обувки, осигурување, услови за работа и живот, болести, хигиенско-санитарни и технички услови).

Како главен методолошки проблем на сите автори се јавува проблемот со изворите, особено квантитативните извори, кои авторите ги обележуваат како недоволни, идеологизирани од „државниот и капиталистички апарат на старата Југославија“, непостоечки или несистематизирани, особено за јужните делови на Кралството Југославија каде преовладувале приликите на ориентална администрација.

По распадот на Југославија, за истражувањата посветени на историјата на работниците од меѓувоениот период и воопшто, може да се каже дека нагло се намалува интензитетот на интерес, ги нема во научните и популарните дебати и им го отстапуваат местото на темите поврзани со националните и етничките прашања, а дијалектиката и методологијата на научниот социјализам е заменета со современа методологија соодветна за општествено-хуманистичките науки.

Темите од историјата на работниците се повторно актуелизирани од втората генерација современи автори истражувачи од различни дисциплини, и тоа во два забележливи правци: првиот – придружен со критика кон историографијата на оваа тема создавана во социјалистичкиот систем и начинот на кој се третирале работниците како класна историја, а не како дел од национална историја; вториот – придружен со истражувања кои не ја користат класната терминологија и марксистичка цитологија директно, но се држат за економската историја и отвораат нови неистражувани аспекти со помош на современите теоретски и методолошки алатки на историјата како наука и другите хуманистички науки. Како автори од оваа генерација може да ги наведеме Вера Гошева, Катерина Мирчевска, Лидија Ѓурковска (последната, најдиректно се има занимавано со темата: „Социјалната структура на населението во Скопскиот округ (Според пописот на населението од 31 март 1931 г.)“, магистерска теза, одбранета на ИНИ, Скопје 2009; „Стопанските прилики во Скопје меѓу двете светски војни“, докторска дисертација, одбранета на ИНИ, Скопје 2012).

Како македонски автори кои пишуваат на темата надвор од рамките на македонската историографија и на странски јазик може да ги издвоиме Љубица Спасковска и Нада Бошковска (*Yugoslavia and Macedonia before Tito. Between repression and integrat*ion, (London: I, B. Tauris, 2017); *Das jugoslawische Makedonien 1918–1941. Eine Randregion zwischen Repression und Integration,* (Wien/Köln/Weimar, 2009)). Додека пак како автори од Европа и регионот кои се занимаваат со темата на начин сличен на предложениот во овој труд, ги издвојувам Chiara Bonfiglioli (*Women and Industry in the Balkans: The Rise and Fall of the Yugoslav Textile Sector,* (London: I. B. Tauris, 2019); „Gender, labour and precarity in the South East European periphery: the case of textile workers in Štip“, *Contemporary Southeastern Europe (CSE),* 1 (2):7-23), Јелена Рафаиловиќ (Јелена Љ. Рафаиловић, „Индустријски развој на Балкану 1919-1929. године – компаративна анализа текстилне индустрије Бугарске и Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца“, докторска дисертација, Београд: Универзитет у Београду, 2015) и Владан Јовановиќ (Владан Јовановић, *Vardarska banovina 1929-1941,* (Beograd: INIS, 2011); *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929 (Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS),* (Beograd: INIS, 2002)).

Во последната деценија, живите и активни дебати или научни анализи поврзани со историјата на работниците во Македонија, се преместени на алтернативните научни платформи и проекти кои може да се најдат во невладиниот сектор и организациите на

активисти, раководени од странски и домашни експерти од различни области на социјалните политики. Активни дебати за тематот се водат во здруженијата на граѓани: „Гласен текстилец“ од Штип, Социјален центар „Невена Георгиева - Дуња“ во Скопје и активните Здруженија на борци од народоослободителната и антифашистичка борба на Македонија низ државата.

Може да резимираме дека интересот за истражување на темата и нејзиното историографско вообличување и институционализирање се појавува или поминува низ три периоди со свои специфичности во методолошкиот и теоретскиот пристап, кои овде се прикажани низ три „генерации“ на автори: првата генерација составена од автори во социјалистичка Југославија, посветени на класната борба и научниот марксизам или научен социјализам, се одликува со интензивна научна и објавувачка дејност; втората генерација автори истражуваат и објавуваат по 1991 година и главно се обидуваат да ја читаат марксистичката историја на работниците низ призмата на новиот национален, државен и економски контекст, а воедно настанува и неглектирање на темата за положбата на работниците и историјата на работниците општо. Во третата генерација, не се работи за класични автори или класични академски истражувања, туку за барање нови начини, методи и приоди за читање на историјата на работниците, преку идејата за историја на малите, маргинализираните и потиснати групи и нивните *истории* во локален, регионален и глобален контекст, најчесто поврзани со современите социјални политики и активизам врзан со современите социјални прашања.

## 2. Архивски извори

Истражувањето за овој научен труд примарно се потпира врз необјавени архивски извори. Истражувањето беше извршено во Државниот Архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ) и неколку негови подрачни Одделенија, во периодот 2018 – 2020 година. Во ДАРСМ од големо значење за темата се содржините на Фондот „Банската управа на Вардарска бановина (техничко одделение)“, Фонд „Местниот одбор за исхрана на град Скопје“, Фонд „Хигиенскиот завод во Скопје (1919 – 1941)“, „Фонд Трговско-индустриска банка „Вардар“ - Скопје (1923 – 1947)“, Фонд „Занатска комора - Скопје 1932 – 1941“, Фонд „Трговска индустриска комора Скопје (1935 – 1940)“, Фонд „Обласна стопанска комора Скопје (1941 – 1944)“ и микрофилмувана,

ксерографирана архивска граѓа истражена и добиена од странство: Фонд „Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија – Белград, (1919 – 1941)“. Меѓутоа, кон ова мора да се принесе една забелешка, имено за несреденоста, а со тоа и непристапноста на некои од споменатите фондови, што претставуваше предизвик за истражувањето.

Во Архивот на град Скопје, користен беше обемниот Фонд „Градско поглаварство на град Скопје (1918 – 1941)“ кој низ одлуките на Судот на општината на град Скопје, преписка меѓу соодветните министерства и бројни други информациони помагала расветлува прашања од социјалната историја важни за трудот. Во Архивот на Битола, темлно беше истражен Фондот „Градско поглаварство на Град Битола (1918 – 1941)“ каде меѓу другото, како особено интересни податоци за расветлување на животните услови на работничкото население послужија бројните одлуки за промена и контрола на цените на животните намирници. Во Архивот на Прилеп вниманието беше насочено на Фондот „Опитна тутунска станица во Прилеп (1921 – 1941)“, со особено внимание на списоците за евиденција и поделба на вработени. Во Архивот „Харалампие Поленаковиќ“ при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) истражувани беа фондовите „Боро Арсов“, „Тодор Мировски“ и „Кирил Миљовски“ каде се зачувани вредни статистички податоци како и теоретски ракописи, реферати и анализи на наведените современици според кои фондовите се именувани, за политичката економија на Кралството Југославија *vis-à-vis* населението во Вардарска Македонија.

Што се однесува на објавените извори, од голема корист беше истражувањето спроведено во НУБ „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, особено во Одделението за ретка периодика, каде беа користени бројни весници и списанија од истражуваниот период, како и Одделението за ретки и стари печатени книги каде беа најдени и користени современи публикации кои ги осветлуваат статистичките, економските и социјалните аспекти на истражуваниот период. Дел од истражувањето се одвиваше и низ други научно-истражувачки институции како Библиотеката на МАНУ, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, НУ Завод и Музеј Прилеп и во консултации со повеќе експерти и професионалци во полето.

## 3. Методолошки и теоретски пристап

Од досега кажаното во делот посветен на методологијата и дефинирањето на проблемот, евидентно е дека и покрај интересот кој постоел кај првата генерација историчари и истражувачи кон оваа тема, не постои целосно истражување посветено на животните услови и човечката состојба на индустриските работници низ нивната економска активност и труд, во периодот меѓу двете светски војни. Според тоа, за да се истражува човечката состојба на индустриските работници во Вардарска Македонија потребно е да се понуди алтернативен методолошки модел, кој не се заоснова само на квантитативни и економски податоци, туку и на соодветни теоретски рамки кои ќе ги идентификуваат досега неиспитаните аспекти на проблемот, во смисла на состојбата на темата во домашната истиографија и нејзината развојност.

Заради специфичноста на истражуваната тема, методолошкиот модел е комбинација од квантитативни методи (главно статистички и нумерички податоци за населението и економските показатели) и квалитативен метод (необјавени и објавени извори, релевантна литература, теоретски концепти). Од посебните истражувачки области и гранки на историската наука, ќе ги користам методите и теоретските приоди на економската историја, заради фокусот кој го нудат при истражување обеми структури и физички агрегат; социјалната историја, заради фокусот кон мнозинството, работничката класа, работниците, жените и етничките заедници и заради теоретските и методолошките пристапи при истражување социјални структури.

Во однос на критиката на историскиот контекст на изворите искористени се концептите на теоретичарите на марксизмот и политичката економија; теории за степенот на експлоатација во различни модели на производство; во потесниот круг на теоретски пристапи, ќе бидат користени идеите и концептите на Мишел Фуко, теории за социјална контрола врз населението низ социјални институции, биополитика; и на П. Д. Ентони (P. D. Anthony), кој е претставник на Меѓународна библиотека за бихевиористички и општествени студии (The International Behavioural and Social Sciences Library), и автор кој дава сеопфатна анализа и испитување на развојот на идеите за човечката работа и труд (P. D. Anthony. *Ideology of work*, London: Tavistock Publications, 1978).

Во однос на определувањето на термините труд и работа, а следствено со тоа и терминот човечка состојба, користена е теоријата развиена во филозофското дело на Хана Арент (Hanna Arendt, *On the human condition*, (Chicago: Chicago University Press,

1958)), каде терминот се поврзува и објаснува низ три состојби на човечката активност (activity): трудот (labor), работата (work), акцијата (action) и нивната појава низ западната историја од антиката до модерноста. Арент дава критичка теорија на идеологијата зад преценувањето на човечката активност т.е нејзината современа мисперцепција како идеологијата на работата или „глорификација на работата“ кое започнува да се случува по индустриската револуција заради потребите на капиталистичкиот општествен систем, а има огромни историски последици во човечкиот живот и создавањето на центрите на моќ и маргинализацијата. Во однос на економската терминологија, за дефинирање на термините користени се помагала од теоријата на политичката економија, со соодветна критика според контекстот и времето нивното публикување.

### 4. Концептот на човечкиот труд во индустријата и поимот човечка состојба во светло на темата

Овој дел има за цел да ја објасни поврзаноста меѓу концептот на човечкиот труд во индустријата и поимот *човечка состојба* во светло на темата за индустриските работници од Вардарска Македонија во периодот 1918 – 1941 година и конкретно нивната специфична историска позадина, сместена во модерна држава – Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/К. Југославија, со политичка економија на капиталистичко производство и индустријализација во подем и значителна интервенција на државата во индустријата и стопанството воопшто.

Поимот човечка состојба е воведен во насловот и во концепциската рамка на проблемот на истражувањето со цел да создаде простор и јазик за теоретско артикулирање на проблемите на истражувањето за постигнување на целите на истражувањето и дизајнираниот методолошки модел, имено историски приказ и анализа на трансформациите на трудот и поделбата на трудот кај работниците од истражуваното подрачје.

Човечката активност, низ труд да се одговори на нуждите на животот, превземена за да се преживее е фундаментален аспект на човечката состојба (*human condition*, од *condition* – условеност, според тоа може да се разбере дека трудот ја *условува* човечката егзистенцијата).[10] Според поимникот на политичката економија

[10]„Според Маркс, луѓето се разликуваат од животните во моментот кога започнуваат да ги произведуваат сопствените средства за егзистенција и на тој начин, тие всушност индиректно започнуваат да го создаваат својот сопствен живот.“ P. D. Anthony, *Ideology of work*, (London: Tavistock Publications, 1978), 113.

терминот труд се дефинира како процес на трошење на човечката работна сила воопшто – трошење на нервите, мускулите, умните и физичките способности на човекот, во економска смисла за обезбедување на материјална егзистенција.[11] Важно дополнување во таа насока ераната забелешка од страна на класичните економисти, подоцна јасно разоткриена и артикулирана од Карл Маркс[12] дека трудовата активност сама, без разлика на историските околности и независно од нејзината позиционираност во приватниот или јавниот домен, поседува „продуктивност" за себе. Оваа продуктивност не се наоѓа во било кој од производите/продуктите на трудот, туку во човечката „сила" (*power, labor power, Arbeitskraft*), која не се истрошува во моментот кога ги произвела средствата за сопствено издржување и преживување, туку е способна за создавање и на „вишок" (*surplus value*).[13]

Терминот работна сила, или работно-способност, реферира на целокупните физички и духовни способности кои постојат во телесната, жива човекова личност, кои човекот ги става во погон секој пат кога произведува употребни вредности од било кој вид. Работната сила или работната способност се природно својство на човечката личност. Меѓутоа работната сила во капитализмот станува роба и еден од облиците на егзистенција на капиталот. Според марксистичката теорија, условите за сопственикот на пари да затекне пазарна работна сила како роба, се развивале во соодност со „степенот на развој на производствените сили":

[11] J. Petrović, op. cit., 13.

[12] Карл Маркс [Karl Marx] (5 мај 1818, Триер – 14 март 1883, Лондон), германски филозоф, економист, историчар, социолог, политички теоретичар и социјалистички револуционер. Критичките теории на Маркс за општеството, историјата и политичката економија колективно се разбрани како Марксизам, учење, теорија и пракса според која човечките општества се развиваат низ класна борба. Ваквиот теоретски пристап кон историјата се нарекува историски материјализам. Според развојните фази на историјата како класна борба, Маркс ги согледувал внатрешните противречности на капитализмот и владеачките идеи на владеачката класа на капиталисти и предвидувал дека тие ќе резултираат со освестување на пролетаријатот и покренување голема револуција за враќање на средствата за производство и средствата за живот во рацете на работниците, која ќе треба да го промени капиталистичкиот систем и капиталистичката држава во социјализам и безкласно општетсво кое пак ќе води и до укинување на државите. Клучни критички точки околу кои подоцна се создале терминологија и правци се концептите на Маркс за работна сила (labor power, Arbeitskraft), вредност на трудот, репродукција и вишок вредност (surplus value, Mehrwert), поделбата на трудот, отуѓување или алиенација (Alienation, Entfremdung), експлоатација, акумулација на капитал, средства за производство, резервна армија работници и многу други. Основно и темелно теоретско дело на марксистичкото учење е Капитал, познато и под насловот Критика на политичката економија (оригинал: Das Kapital. Kritik der politischen Oekonomie, 1867–1883). Останати важни дела за марксистичкото учење се „Светото семејство" (1845), „Тезите на Фоербах" (1845), „Германската идеологија" (1945), „Манифестот на комунистичката партија" (1848). Еден од главните соработници на Маркс низ чија соработка се градела марксистичката теорија бил германскиот филозоф Фридрих Енгелс. Денес марксистичката теорија има многу правци, варијати, теоретичари, школи, изучувачи, самокритика и критика.

[13] Hanna Arendt, *On the human condition,* (Chicago: Chicago University Press, 1958), 108.

„[П]рво, сопственикот на работната сила мора да биде правно слободен. .. Работникот е правно слободен, а таа негова слобода се состои во тоа што може да ја продава работна сила кому сака. На пазарот тој се среќава со сопственикот на пари и двајцата стапуваат во процес на размена, двајцата влегуваат како рамноправни сопственици на роба. Еден е купувач, другиот е продавач. Во овој процес и купувачот на работната сила – капиталистот, и нејзиниот продавач – работникот, истапуваат како правно еднакви лица. Работникот не ја продава својата работна сила засекогаш, бидејќи така би се претворил самиот во роба, туку ја продава на одреден временски период – ден, недела, месец; Второ, потребно е работникот да биде лишен од средствата за производство и живот. Доколку работникот би ги поседувал средствата за производство, тој не би ја продавал својата работна сила, туку својот труд би го опредметнил во производи, па нив би ги продавал. Или ако работникот има резервни средства за живот, исто така не би морал да ја продава работната сила. Заради тоа работникот е приморан да го продава единственото нешто што го поседува, а тоа е работната сила; Трето, за работната сила да стане роба, потребно е во општетсвото да постои една класа на луѓе во чии раце ќе се наоѓаат средствата за производство и средствата за живот, а таа класа е капиталистичката класа.“[14]

Вредноста на работната сила, како и вредноста на секоја друга роба се одредува со работното време потребно за да се произведе. За работникот да може да живее, да ги обновува ќелиите на својот организам и на тој начин да ги одржува животните функции, мора непрекинато да троши одредени материјлни добра: да зема храна, да го заштитува својот организам од природни и климатски прилики... За да се произведат овие материјални добра потребно е да се потроши одредна количина на човечки труд. Вредноста на работната сила се одредува со вредноста на средствата за живот потребни за работникот да ја репродуцира својата сила. Затоа, работното време потребно за да се произведе работната сила се сведува на работното време потребно да се произведат тие животни намирници; со други зборови, вредноста на работната сила е еднаква на вредноста на животните намирници за одржување на нејзиниот производувач (работникот) во живот.[15]

---

[14] J. Petrović, op. cit., 64.
[15] Ibidem, 67.

Адам Смит[16] имал сериозна забелешка за тезите кои ги детеминираат границите на надницата за трудот во неговото време, бидејќи според нив, надницата би требало да го осигура не само опстанокот на човекот кој работи туку и на „оние од неговиот вид“, т.е да се репродуцираат нови генерации на работници за да се одржува капиталистичкиот систем.[17]

Голем и особено важен фактор за константното и забрзано зголемување на продуктивноста на трудот и оптимизирање на работната сила до крајност, низ историјата е организирањето на трудот највидливо во т.н „поделба на трудот“, што предходело на индустриската револуција.[18] Според тоа, и механизацијата, исто така еден од најважните фактори за продуктивноста на трудот, е базирана врз истото.[19]

Бидејќи организациониот принцип самиот јасно произлегува од јавниот домен многу повеќе отколку од приватниот, поделбата на трудот е токму она што се случува со трудовата активност под условите на јавниот домен.[20] Според забелешката на Хана Арент, ни една сфера од животот, човекот не ја усовршил толку многу како трансформацијата на трудот („In no other sphere of life do we appear to have attained such excellence as in the revolutionary transformation of laboring“). Доказ за тоа може да се најде во етимологијата и трансформациите на вербалното значење на зборот „труд“.[21]

---

[16] Адам Смит [Adam Smith] (16 јуни 1723, Киркалди – 17 јули 1790, Единбург), шкотски економист, теоретичар, филозоф, дел од „Шкотското просветителство“, класичен зачетник на политичката економија зашто е познат и како „татко на економијата“ и „татко на капитализмот“. Најпознат е по своето капитално дел *За потеклото на богатството во светот* (оригинал: An Inquiry into the Nature and Causes of the Wealth of Nations (1776)), кое се смета за првото дело на модерната економија. Смит ги поставил темелите на економската теорија за слободен пазар или теоријата за либерализмот, според која постои „невидлива рака“ која ги контролира сите економски процеси на потрошувачка и побарувачка, сé до нивното постигнување на еквилибриум. Според Смит тоа е овозможено бидејќи човекот во секоја историска епоха е воден од т.н „рационална себичност, рационален интерес“ (rational self-interest). Смит развива „трудова теорија на вредноста“ но се фокусира на моралните аспекти, за што е критикуван за несогледувањето на експлоатацијата на трудот од страна на капиталистите. Како зачетник на модерни економски термини и концепти Смит до денес останал во канонот на академската економија.

[17] P. D. Anthony, op. cit., 54.

[18] Види за поделбата на трудот низ историјата, разлики на трудот во робовладетелско, феудално, капиталистичко и комунистичко општество, J. Petrović, op. cit., 45–51.

[19] H. Arendt, op. cit., 64.

[20] За добри примери од историјата за важноста на поделбата и организацијата на трудот во проста кооперација придружени со економска анализа види Karl August Wittfogel, *Orientalna despocija. Usporedno istraživanje totalne moći,* (Zagreb: Globus, 1988).

[21] „Во сите европски јазици зборот труд означува болка и напор, латински, англиски „labor”, грчки „ponos“, француски „travail“, германски „Arbait“, и исто така, се користат и за чинот на пораѓање. Зборот „labor” има ист етимолошки корен како латинскиот *labare* „да потпаднеш под товар“); *ponos* и *Arbeit* имаат ист етимолошки корен како зборот „сиромаштија“ (*penia* на грчки и *Armut* на германски). ... Зборот „труд“ разбран како именка, никогаш не означува завршен продукт, резултат на трудот, ... резултатот на трудот вербално деривира од зборот „работа“ ... Така, грчкиот јазик разликува *ponein* и *ergazesthai,* латискиот разликува *laborare* и *facere* или *fabricari,* кои имаат ист етимолошки корен, францускиот разликува меѓу *travailkr* и *ouvrer,* германскиот меѓу *arbeiten* и *werken.* Во сите овие случаи, еквивалентите на „труд“ имаат непобитна конотација на болка и неволја. Германскиот *Arbeit* оригинално

Капиталистичкиот начин на производство започнува таму каде еден капиталист вработува повеќе работници. Според степенот на развој на производните сили, разликуваме два периоди: мануфактурен капитализам и машински капитализам. Со распаѓањето на простото робно производство во феудализмот се создаваат првите капиталистички работилници каде еден капиталист вработува повеќе наемни работници – главно пропаднати занаетчии. Тоа е познатата „проста капиталистичка кооперација на трудот“, каде работниците произведуваат ист производ од почеток до крај и не постои поделба на трудот.

Примената на машините овозможила формирање на фабрички систем. Фабриката е кооперација на работилнички машини кои се поврзани во еден одреден систем со цел извршување одредена производствена задача. Притоа се разликува проста кооперација на машини каде има групирање на ист вид на машини кои работат заедно, во исто време, и секоја машина дава ист готов производ од почеток до крај на процесот; и сложена коперација на машини каде машини од различен вид се сврзани во ист систем и истовремено предметот на работа поминува низ различни операции на различните машини со различлна операција врз него. Затоа индустриската револуција била проследена и со чести бунтови на работниците „против“ машините.[22]

Истанчената поделба на трудот до највисока точка доаѓа при индустриското производство. Таму се отсликува како најважен принцип и колку државата е индустриски поразвиена, толку и поделбата на трудот станува покомплексна. Поделбата на трудот е ефективна за капиталистот бидејќи комбинира три предности: води кон зголемување на подвижноста на работната сила, води кон заштеда на времето преку избегнување на преместувањето на работната сила од едно место на производство на друго и води кон развивање на машини „кои го олеснуваат и намалуваат трудот“. Адам Смит ја илустирал апликацијата на придобивките на поделбата на трудот преку неговиот познат пример со производството на игли: индивидуалниот удел во таквиот процес би бил мал и не би добиле многу производи за учеството во процесот.[23]

---

се аплицирал за земјоделска работа извршувана од закрепостени селани, но не и за работата на занаетчијата која се нарекувала *Werk*. Француското *travailkr* го заменило постарото *labourer*, а произлегувало од *tripalium*, вид на тортура. Види Grimm, Worterbuch,-pp. 1854 ff., и Lucien Febre, "Travail; evolution d'un mot et d'une idee," Journal de psychologie normale et pathologique, Vol. XLI, No. 1 (1948).“ H. Arendt, op. cit., 100.

[22] Види повеќе, Jovan Petrović, op. cit., 149.

[23] P. D. Anthony, op. cit., 54.

Со надоаѓањето на ерата на индустријализам или на времето кога се случуваат промени во природата на поделбата на задачите во индустрискиот процес, трудовиот перформанс започнал да се одвива под услови на ригорозна дисциплина, концентрација на задачите во фабрики и работилници, последничното одвојување на работникот од неговото семејство и „природната средина“, и продолжената апликација на принципите за специјализација на трудот која водела до веќе споменатта атомизација на работникот и зависност од работодавачот. На овие технички и организациски промени во природата на работењето им се придружувале сериозни социјални дислокации и промени како експлоатацијата на детскиот и женскиот труд, концентрацијата на популација во урбани средини во примитивни услови, и како последица на тоа, постепено надоаѓање на самосвесна класа на индустриски работници.

П. Д. Антони препознава, во контекст на дисциплинарниот апаратус, создавање на „идеологија на работата“ од страна на модерната држава, која „требало да излезе во пресрет на овие промени кои дошле со индустријализацијата“ за повторно да се обезбеди почит кон работата и економските вредности кои подоцна се претвориле во сфаќањата за „трудот како работа“, а „работата како животна радост“, соодветно на капиталистичките тези дека „сиромашните луѓе се природно мрзеливи“.[24]

Во 1958 година германската политичка теоретичарка Хана Арент[25] го публикувала делото „За човечката состојба“, кое според критичарите не е само профилирање концепти туку најпрво претставува „историска анализа“.[26] Делото го земам во предвид за концепциската рамка на овој труд заради начинот на кој Арент ја истражува судбината на човештвото во последиците на научната ера (Научната револуција и Просветителството, XVI – XIX век). Таа спори дека модерното време започнало, во однос на науката и технолошкиот развој, во XVII век и завршило во XX

[24] Ibid.

[25] Хана Арент [Johanna "Hannah" Cohen Arendt] (14 октомври 1906, Хановер – 4 декмеври 1975, Њу Јорк), германска политичка теоретичарка, нејзините бројни дела се фокусираат на тоталитаризмот, општетствениот договор, модерната, идеологиите во 20 век, суверенитетот, републиканизмот, демократијата, авторитетот итн. За време на нацизмот се соочила со антисемитизам по што започнала нејзината емиграција низ Европа, сé до стабилизирањето во Њу Јорк, САД. Нејзини најпознати дела се „Изворите на тоталитаризмот“ (The Origins of Totalitarianism, 1951), „Ајхман во Ерусалим“ (Eichmann in Jerusalem, 1963), „За револуцијата“ (On Revolution, 1963) и др. Нејзините филозофски реминисценции и обидите да ги објасне причините за жестокиот антисемитизам и геноцид на Евреите во нацизмот низ концепцијата за „баналноста на злото“ кај обичните „нормални“ граѓани биле дочекани како контроверзност, а некои ја обвинувале за апологија на злото. Денес постојат научни школи и списанија посветени на нејзината теорија како и критика.

[26] Roger Berkowitz, „The Human Condition Today: The Challenge of Science“, во *Arendt Studies* 2 (2018), 17–24.

век кога човекот успеал да ја пробие планетарната сфера со првото патување во вселената, и дека сега ние живееме во „модерен свет“ дефиниран (омеѓен) од земјата (човечките планетарни граници) и светското отуѓување (world alienation).[27]

Отуѓувањето според Арент започнало токму како последица на научната ера и човечките обиди да се надмине хуманата условеност. Токму во таа поделба на човекот – како даден/креиран и условен и човекот кој започнува да дава/креира и условува – започнале да се развиваат и трансформираат човечките капацитети за труд (labor), работа (work), зачувување и одржување на животот и (ре)акција (to act), активно изразување на слободата (action).

Следејќи го историскиот развој на индустријализацијата и нејзините последици по човекот, конкретно по работникот, и Арент забележува како и П. Д. Антони, дека „работата“ (work) се свела на „труд“ (labor), а трудот „уметноста на нашиот опстанок се свел на барање чиста автоматизација во функционирањето...“ Според неа, оттаму започнува вистинската опасност кон „човеката состојба“ и жртвувањето на фундаменталните и постојани услови кои со милениуми го дефинирале човештвото. Во *Човечката состојба* Арент се занимава и со откривање на базичните услови за човечката егзистенција во модерното време, кои стануваат отуѓени и во услови на отуѓеност продолжиле да го трансформираат човештвото.[28]

Сметам дека е потребно овој дискурс да се примени и при историската анализа на трансформациите во поделбата на трудот и воопшто конципирањето на индустрискиот труд на работниците во Вардарска Македонија (1918 – 1941) како би се обезбедил поцврст економско-историски темел на истражувањето на самата тема кој потоа многу поегзактно би можела да се надоградува со поттемите на националната, политичката и секако социјалната историја кои се иманентно поврзани со темата, особено националните и политичките аспекти кои дополнително ја усложуваат трудбеничката другост во конкретниот случај.

---

[27] Алиенација, оттуѓување, *Entfremdung*, концепт главно развиен кај Карл Маркс во однос на процесите низ кое капиталот и капиталистот го отуѓуваат вишокот на труд, средствата за производство и средствата за живот од работникот. Понатаму, оттуѓувањето се пренесува на цела работничка класа и на цело општетсво. Кога човечката личност е ставенена вво позиција на атомизиран и механизиран дел во производствениот процес, придружено со социјалната стратификација, настапува застранување и оттуѓување на личноста од „природните“, „човечки“ својства кои ја првата хумана. Хана Арент го користи терминот светска алиенација во контекст на дисфункционалната поделба (разделба) меѓу природните својсства на човекот и технолошките промени кои започнал да ги усвојува по научната революција.

[28] R. Berkowitz, op. cit., 17–24.

*Небом се титрају одблесци далеких пожара*
*Тресе се грбава кугла –*
*На гаришту горучих противречности*
*Стоји птутоказ –*
*И џиновски човек*
*Мишицом, гвожџем и муњом*
*Гради*
*Нов Свет.*

*Кочо Рацин, „Ватромет“, (Скопје: Песни, 1932), 9*

## Прва глава: Политички и економски прилики во Вардарска Македонија (1918 – 1941)

### 1. Територија, население, именување

Македонија го зафаќа средишниот дел на Балканскиот Полуостров, заграден на север со планините Шар Планина, скопска Црна Гора, Козјак, Осогово и Рила, а на југ со реката Бистрица и брегот на Егејското Море до утоката на реката Места. Планините Кораб, Јабланица, Грамос и Пинд ја заградуваат Македонија од запад, а од исток реката Места и западните делови на планините Родопи. Во овие граници Македонија зафаќала простор од 67.741 км².[29] Поставеноста на територијата давала стратешки значај на географската положба, бидејќи тука продолжува моравско-вардарската долина,[30] важна комуникација која го поврзува Белград на север, со Солун и Атина на југ, исто така, од неа поаѓа и пат кој преку Косово и Метохија и Рашката Област (Санџак), комуницира со Босна и Херцеговина, како и пат кој долж албанското пристаниште Драч на Јадранско Море, се поврзува со Солун во Грција, па долж северната страна на егејско крајбрежје води до Истамбул.[31]

Последиците од Балканските војни[32] се значајни за разбирање на историското значење на територијата, особено во контекст на историјата на Кралството СХС/К.

[29] *Историја на македонскиот народ*, кн. 1, (Михаило Апостолски, претседател на редакција), (Скопје: Институт за национална историја, 1969), 9. Види и: Никола Тошић Малешевић, „Вардарска Македонија у време Краљевине СХС/Југославије 1918–1941. Године“, во *Војно дело: Искуства и поуке из прошлости,* 1 (2019), 249–329. *confer*. N. Boškovska, op. cit., 2–10.

[30] За важноста на вардарско-моравската долина за српскиот државен интерес види детално кај V. Jovanović, op. cit., 39–44.

[31] Н. Т. Малешевић, op. cit., 253.

[32] Балкански војни (1912 – 1913) претставуваат два последователни воени конфликти водени во Југоисточна Европа во периодот од есента 1912 година, до летото 1913 година. Балканските држави Србија, Црна Гора, Грција и Бугарија, кои во текот на XIX век се стекнале со независност од Османлиската Империја, а во текот на XX век централно на нивните државни програми станало стекнувањето на „националниот максимум“, односно териториите кои сѐ уште се наоѓале во рамките на Османлиската Империја. Конкуренциските програми на наведените земји околу прашањето за територијата на Македонија донекаде ги превенирале во обединување против Османлсиката Империја. Под дејство на промените во Европа по 1908 година, ривалствата се заменувале со реална политика кон обединување, со различна медијација од страна на големите сили, како на пример договорот од март 1912 година меѓу Србија и Бугарија под руско медијаторство, по што следувале индивидуални договори меѓу наведените држави со Грција и Црна Гора. На 8 октомври 1912 година Црна Гора објавила војна на Османлиската Империја, а на 17 октомври Османлиската Империја објавила војна на Балканскиот сојуз. До крајот на годината балканските војски главно бележеле успеси, а во меѓувреме се одвивале барањата за мировни преговори на Бугарија. Лондонската мировсна конференција на 16 декември 1912 година резултирала со Прелиминарниот лондонски мировен договор од 30 мај 1913 меѓу балканските сојузници и Османлиската империја, со кој териториите на Балканот се дефинирани со линијата Енос-Медија во источна Тракија. Втората Балканска војна или Меѓусојузничка војна била предизвикана од новата територијална и политичка констелација и националистичките тензии меѓу балканските држави. Сојузот

Југославија. На Конференцијата во Букурешт биле потпишани прелиминарниот мир од 7 август и конечниот мировен договор од 10 август 1913, Кралството Србија ги присоединило областите од Прибој на север, до Охрид и Дојран на југ. Грција ги добила јужна Македонија и дел од Епир со тоа постигнала зголемување на териториите. Последиците од војните предизвикале „политички трауми“ кај сите вклучени учесници: Османлиската Империја изгубила свои покраини, а Бугарија го вброила поразот меѓу „националните катастрофи“. Балканските војни се сметаат за прелудиум на Првата светска војна во Југоисточна Европа.[33]

На новите присоединети територии кон Кралството Србија редовните прилики треаеле до 26 јули 1914, кога целата област повторно била прогласена за воен простор.[34] Во Договорот за пријателство и Тајната конвенција склучена меѓу Германија и Бугарија (6 септември 1915), се гарантирало и анексија на српски територии, меѓу другите и на сите области јужно од Шар Планина. Бугарија објавила војна на Србија на 14 октомври 1915. До 21 октомври левиот брег на Вардар бил превземен од бугарската војска, Скопје е завземено на 22 октомври, Битола на 3 декември, Охрид на 7 декември, со што до средината на декември на територијата веќе немало српска војска.[35]

По воените успеси на српски, француски, британски и грчки трупи, и крајот на Првата светка војна на 11 ноември 1918 година, територијата, заедно со Србија, станала дел од составот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Кралство Југославија од нејзиното формирање на 1 декември 1918.[36] Бидејќи Вардарска Македонија во истражуваниот период нема утврдени политички граници, територијата

---

меѓу Грција и Србија (1 јуни 1913) требало да биде брана против бугарското незадоволство. Ноќта на 29-30 јуни бугарската војска започнала локални напади кон српска и грчка војска. Против Бугарија, освен балканските сојузници се вклучиле и Романија и Османлиската Империја. Од мировната конференција во Букурешт (30 јули–10 август 1913), меѓу останатите одлуки било и бугарското отстапување на Добруџа кон Романија, Црногорската дипломатска поддршка кон Србија и конечно поделбата на Македонија на три дела. Следувала и Мировна конференција во Константинопол (6–30 септември) со унилатерални договори меѓу Бугарија и Отоманската империја. Види повеќе: Ричард К. Хол, *Балканските војни: 1912-1913: вовед во Првата светска војна*, (Скопје: Арс студио, 2014); *Сто години од Балканските војни*: прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година (уредувачки одбор на зборникот Владо Камбовски, Блаже Ристовски, Драги Ѓоргиев), (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2013); Ибрахим Хилми Туџарзаде, *Зошто ја изгубивме Балканската војна*, (Скопје: Алманах, 2016).

[33] Igor Despot, “Balkanski ratovi u očima zaraćenim. Percepcije i interpretacije”, Doktorska disertacija, (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Filozofski fakultet, 2012), 132–133.

[34] За приликите на територијата на Вардарска Македонија во периодот по Балканските војни види: Глигор Тодоровски, *Македонија по Балканските војни: опитествено-економски и просветни прилики во Вардарска Македонија: 1912-1915*, (Скопје: Култура, 1981); Глигор Тодоровски, *Српски извори за историјата на македонскиот народ (1913-1917)*, (Скопје: Завод за унапредување на стопанството во СРМ "Самоуправна практика", 1981).

[35] Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, (Београд: Филозофски факултет, Универзитет у Београду, 2013), 10–11.

[36] Н. Т. Малешевић, op. cit., 256.

на кој терминот се однесува, соодветствува со границите на Македонија утврдени во 1945 година.[37] Територијата на Македонија која влегла во состав на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците имала географско пространство од 25.713 км².[38]

Потребно е да се напомене за едно важно различување меѓу поимите и статистичките податоци кои овде ќе бидат користени *a propos* Варадрска Македонија во рамки на новата држава. Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во административен поглед за време на постоењето, минува главно низ три различни административни поделби, особено важни при користење на податоците од пописите извршени во 1921 и 1931 година: најпрво, административната поделба е на т.н историски покраини, сé до Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 години; со законот од 1922 година, старите покраини се укинуваат и Кралството е поделено на 33 области; последната промена настапила од 1929 година кога од дотогашните области биле формирани девет бановини и посебна управа на градот Белград.[39]

Со последната промена, настаната во период од државниот развој на Кралството кој се одликувал со воспоставување политика и идеологија на интегрално Југословенство, целисходно биле разбиени т.н историски покраини и региони, така што границите на бановините не се совпаѓале ниту со историските ниту со националните граници во Кралството, со исклучок Дравската бановина која ја

---

[37] Детално за границите и територијалните промени види Ацо Ангеловски, „Органи на управата во Македонија и нивните јавни функции проследени низ архивските фондови во периодот од 1869 до 1944 година во ДАРМ“, (докторска дисертација), Скопје: УКИМ, 2008.

[38] *Историја на македонскиот народ,* op. cit., 7; Види и: А. Ангеловски, op. cit., 7.

[39] „Вардарска Македонија била поделена на шест окрузи: Скопски, со седиште во Скопје; Тетовски, со седиште во Тетово; Брегалнички, со седиште во Штип; Охридски, со седиште во Охрид; Тиквешки со седиште во Кавадарци и Битолски, со седиште во Битола. Окрузите понатаму се делеле на срезови, а овие на селски и градски општини. Таквата состојба се задржала до 26 април 1922 година кога е укината поделбата на окрузи и срезови и заведена поделба на области. Во Варадрска Македонија имало три области: Скопска, со седиште во Скопје; Брегалничка со седиште во Штип и Битолска, со седиште во Битола. Областите се делеле на окрузи. Скопската била поделена на Скопски, со седиште во Скопје и Тетовски округ, со седиште во Тетово; Брегалничката област имала само еден округ – Брегалнички со седиште во Штип; додека Битолската била поделена на Битолски округ, со седиште во Битола, Охридски со седиште во Охрид и Тиквешки, со седиште во Кавадарци. Окрузите се делеле на срезови, а овие на селски и градски општини. Административната поделба се задржала се до 1929 година. (...) На ден 3 октомври 1929 година била извршена нова територијална поделба на државата. Укинати биле областите и окрузите, а заведени бановините. Вардарска Македонија во целост влегла во составот на Вардарската бановина со седиште во Скопје. Покрај споменатите области, оваа бановина ги опфаќала и областите на денешна Србија: делови на Косово и Метохија (Приштина, Ново Брдо, Косовска Каменица, Липљан, Косово Поле, Грачаница, Урошевац, Качаник, Штимље, Штрпице, Косовско Поморавље, Дреница, Гора (Драгаш), Сува Река и Призрен), како и делови од јужна Србија (Лесковац, Лебане, Медвеца, Владичин Хан, Сурдулица, Власотинце, Босилеград, подрачја околу Власотинското езеро и Црна Трава, Врање, Бујановац, Прешево, Трговиште). Сите бановини, па и Вардарската, се делеле на срезови, а овие на селски и градски општини. На чело на бановината стоел бан кој го поставувал кралот на предлог на Министерот за внатрешни работи. Тие морале да бидат во идеолошка смисла оддадени и искрени покровители на идејата за југословенството и југословенскита национална и државна политика.“ Н. Т. Малешевић, op. cit., 272.

опфаќала Словенија. Вардарска бановина била формирана од од Вардарска Македонија, делови на Косово и јужна Србија.[40]

Вардарска Македонија во XIX и XX век се одликувала и била позната по етничкиот диверзитет на населението, кој во согласност со аграрната суштина на регионот одлично се дефинира низ терминот „селански океан“.[41] Означувачот (ethnic marker) *Macédoine* кој се среќава кај странските етно-географи кои крстосувале на Балканот во терминалната фаза на Отоманската имерија, е страсно дискутирана тема. Факт е дека Македонија ја населувале Турци, Албанци, Евреи, Власи, Грци и Роми, како и други помали етнички групи, но етно-географските и историографските контроверзии се однесуваат на мнозинското словенско население:

„[Г]орка битка настанала околу националниот идентитет на луѓето кои живееле [во Македонија, И.Х.] во последната четвртина на XIX век. Тие се́ уште живееле под Отоманска власт, за разлика од нивните соседи, кои во текот на XIX век, не без странска помош, биле ослободени. Националната свест им била непозната на најголем дел од нив; за нивната самоидентификација, но и за нивното класифицирање од перспектива на властите, првостепено одлучувала нивната религиозна припадност како христијани; на второ место била нивната лојалност кон грчкиот патријархат или бугарскиот егзарх. Во зависност од ова биле класифицирани како Грци или Бугари. Овде се работи за формална религиозна, не за етничка категорија.“[42]

Сепак, целта на овој труд не е да го истражи етничкото потекло на населението, туку да го истражи економското обликување на населението особено како работна сила во развојот на индустријата  спороведуван и контролиран од модерен административен апарат. Во таа насока, можеби е корисно само да ги наведам истражувањата кои нудат квантитативен и квалитативен пресек на етничките и демографските карактеристики на населението, како и на проблемите на самоидентификација во Македонија.[43]

Во однос на економскиот развој на едно општество, населението припаѓа во основните фактори кои го условуваат развојот, заедно со енергетските извори,

---

[40] Борче Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)*, (Скопје: Филозофски факултет, 2017), 24–25.

[41] Терминот фрекфентно го користи и објаснува Владан Јовановиќ, види го поглавјето „Seoski ocean, etničko šarenilo, mimikrija“ кај V. Jovanović, op. cit., 56–62.

[42] N. Boškovska, op. cit., 4.

[43] Види: Б. Илиевски, op. cit.; Борче Илиевски, „Етничките и демографски промени на територијата на денешна Република Македонија во периодот 1912-1994 (низ статистички податоци и архивски материјали)“, (докторска дисертација), Скопје: УКИМ, 2007; В. Јовановић, „Демографске одлике Вардарске бановине и проблеми самоидентификације“..., 563–584; Момчило Исић, *Социјална и аграрна структура Србије у Краљевини Југославији (Према попису становништва од 31 марта 1931 године)*, (Београд: ИНИС, 1999).

природните богатсва и факторите од општествен карактер.[44] Според политичката економија,[45] апсолутната голмина на населението се дефинира како најшироката рамка и најопштиот фактор кој во крајна линија ја лиферува масата на трудот, но во исто време многу прецизно ја одредува општествената маса на општествениот производ, неопходен за одржување на заедницата.

Во пописот на населението на територија на Вардарска Македонија во 1921 година, вкупниот број на населението изнесувал 798.291 жители, а според пописот од 1931 година живееле 938.625 жители. За една деценија бројот на жители се зголемил за 140.334;[46] Густината на население или број на жители на км², уште повеќе влијае врз економскиот живот, па одреден поттик или начин на општественото прозиводство создава поголема или помала густина на населеност на километар квадартен. Во однос на областите во Кралството Србија, Вардарска Македонија била поретко населена. Најретко населен бил Брегалничкиот Округ со само 20 жители на 1 км². Во останатите окрузи густината на населеност изнесувала меѓу 40 – 45 жители на 1 км². За споредба, во 1910 година во Србија просечната густина на населеност изнесувала 60,3 жители на 1 км².[47] Всушност, цела *Јужна Србија* спаѓала во изразено ретко населени подрачја (во 1910 година имала 37,1 жител на км², а 1921 година 32,3 жители на км². Во Варадарска Македонија најгусто населени биле големите котлини: Полог со 54 жители на км², скопската котлина со 52 жители на км², битолско-прилепската котлина со 42 км²;[48]

Прирастот на населние или разликата меѓу наталитетот и морталитетот, повеќекратно влијае врз економската активност, се однесува на проблемите кои настануваат од темпото со кое се шири прозиводната репродукција, обезбедувањето на вработеност итн. Високата стапка на природен прираст делува како поттик на производството и потрошувачката, но не е сеедно дали високата стапка на природниот прираст е резултат на просечната стапка на наталитетот и ниската стапка на морталитетот (карактеристика главно на развиени капиталистички општества) или многу висока стапка на наталитет проследена со висока стапка на морталитет (карактеристика главно на аграрни општества), што негативно се одразува на економијата зошто обично највисока е смртноста на деца и влогот во нивното

---

[44] Коста Сидовски, *Развитокот на индустријата во НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918 – 1941)*, (Скопје: Економски институт, 1960), 14.
[45] J. Petrović, op. cit.
[46] Б. Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија…*, op. cit.; Б. Илиевски, „Етничките и демографски промени на територијата …, op. cit.
[47] Б. Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија ...*, 43.
[48] V. Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918 – 1929. ...*, 47.

одгледување не можел да вроди со економски ефекти.[49] Вардарска Македонија меѓу двете светски војни е типичен пример за аграрно општество, со над 70% од населението во земјоделство. Наталитетот, а со тоа и природниот прираст кај населението бил на високо ниво. Во повеќето околии во триесеттите години стапката на наталитет била над 40‰. Во селата семејните заедници со повеќе од десет членови биле честа појава;[50]

Старосната структура го одредува бројот на работоспособното население, а со тоа и потенцијалниот фонд на труд на располагање. Старосната структура укажува на видот на производствените потреби во заедницата, а со тоа е ориентир за инвестициите. Посебно важно место се доделува на работоспособното население меѓу 15 и 65 годишна возраст. Македонското општество во средината на XX век било во т.н фаза на рана демографска транзиција. Тоа се увидува во изразито високото ниво на учество на младото население од 0-14 години.[51] Фактор за старосната структура во Вардарска Македонија е и печалбарството како значаен феномен кој го повлекувал работоспособното машко население надвор, во поголемите регионални или светски економски центри. Според обемните истражувања и анализи на Лазар Соколов, кои го опфаќаат периодот 1921 – 1953 година, уделот на населението до 14 години покажал тенденција на опаѓање, и тоа од 39,4% опаднал на 37,3%. Тоа не уследило заради намалениот наталитет, туку заради емиграциите и печалбарството по приклучувањето на Вардарска Македонија во Југославија во 1918 година.[52]

Структурата на населението по пол има посебно значење во производството, заради фактот што мажите и жените главно во приближен процент учествуваат во вкупното население. Структурата на населението во Вардарска Македонија според пол, а според пописите од меѓувоениот период, изнсувала 49,65% мажи и 50,35% жени во 1921 година и 50,11% мажи и 49,89% жени во 1931 година. Причините зад овие бројки

---

[49] Речникот и развојот на демографијата како наука, како и речникот и развојот на статистиката како наука и државен метод се поврзани главно со развојот на администрацијата и контролата на модерната држава, оттаму и биополитичките стилизми при описот на економските состојби и демографските промени кај населението. Фуко го трасира појавувањето на статистиката како нов вид на знаење од почетокот на XVII век, „во основа, сосема поинаков опис на знаењето што му е потребно на оној што управува. ... Односно, потребно е оној што владее да ги познава елементите што ќе му дозволат да ја одржува државата, во нејзината сила, или во неопходниот развој на силата на државата, за таа да не може да биде доминирана од други држави и да не го изгуби своето постоење ... Што би се рекло дека, неопходното знаење на владетелот ќе биде познавање на работите повеќе од познавањето на законите, и овие работи што владетелот треба да ги познава, работи што ја претставуваат реалноста на државата, токму тоа во тој период се нарекувало „статистика" (*Statistik*)." Мишел Фуко, *Безбедност, територија, население. Предавања на Колеж д' Франс (1977 – 1978)*, (Скопје: ФООМ, 2017), 338, 351.

[50] Б. Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија…* op. cit., 226.

[51] Б. Илиевски, „Етничките и демографски промени… op. cit., 15.

[52] L. Sokolov, *Promene u strukturi I stanovnistva…* op. cit., 316.

се кријат во воените и револуционерните дејствија кои се одвивале на територијата од 1903 година, до Балканските војни и на крајот Првата светска војна, низ чиј тек настрадало машко население, миграциите на населението заради политички мотиви и одливот на машко население во *печалба*. Општата стапка на активност кај жените незначајно пораснала од 22,6% во 1931 година, на 24,2% во 1953 година. Нејзиното ниво е поголемо во земјоделството и во 1931 година изнесува 28,8%. Во неземјодлеските дејности растот е понизок, но добива повисоки размери, па стапката на активност „скока“ од 6,2% во 1931 на 10% во 1953 година. Вака ниската стапка на активност кај женското население е резултат на затекнатиот културен развој и неговата динамика во перидодот 1931 – 1935 година, но скок во растот укажува на бурни економски процеси и трансформации по 1945 година. Сепак, изобилството на машка работна сила, која при вработувањето имала знак на предност, не можела да биде исцрпена и ангажирана до потребната мера, за да би дошла на „ред“ женската работа сила.[53]

Активното и издржуваното население ја означува поделбата на вкупното население на оние кои се занимаваат со одредена дејност и на тој начин обезбедуваат егзистенција, и на оние кои се издржувани од нив. Во меѓувоениот период забележано е зголемување на активното население во Вардарска Македонија. Од вкупното активно население во пописните години на територија на Вардарска Македонија за 1921 година биле забележани 41,5%, а за 1931 година 42%.[54] Фактички активното население на територијата на Вардарска Македонија во периодот 1931 – 1948 година се зголемило за 78.115 лица, односно просечно годишно по 4.594 лица.[55]

Производственото и непроизводственото население укажува на вработеност на активното насление во материјално производство или надвор од него. Оваа структура е од големо значење бидејќи производственото население ги создава материјалните богатства во општеството. Како значајна подгрупа се јавува структурата на производственото население по областите и гранките на производството, на пример, преовладување на земјоделско население е показател на низок развој на одредени земји. Во 1921 година во Вардарска Македонија од вкупниот број на жители, 74,3% биле земјоделско население, а само 25,7% од активното и неактивното население егзистирало од неземјоделски дејности. Во 1931 година 74,4% од вкупниот број на

[53] Ibidem.
[54] Ibid., 216.
[55] Ibid., 169–171.

жители на Вардарска Македонија егзистирале од земјоделство, а 25,6% од останатите неземјоделски дејности (занаетчиство, индустрија, трговија, јавни служби и др.).[56] Во 1931 година бројот на земјоделското население во Вардарска Македонија во однос на 1921 година се зголемил за околу 100.000 жители или просечно годишно за околу 10.000 лица.

Во однос на вработените во индустрија, според податоците кој ги обработил и анализирал Коста Сидовски, во 1940 година бројката изнесувала 10.853 работници и службеници, а најмногу вработувала тутунската индустрија и учествувала со 66,4% од вработената работна сила. Според авторот, најизразито зголемување на работната сила се случува во периодот 1926 – 1930 година, кога индексот на порастот на вкупниот број вработени (1918=100) пораснал за 1.046 и ја обележува пресвртницата во историскиот развиток на индустријата во Македонија. Тоа е период на релативен просперитет во некои области на стопанството, а особено на индустријата.[57]

Од квалификационата структура на населнието во голема мера зависи продуктивноста на трудот. Овде се работи за структурата на населнието по врстите занимање и стручната спрема. Структурата на работната сила во Вардарска Македонија по стручности во преработувачката индустрија во 1940 година, се одликувала најмногу со неквалификувани работници.[58]

Во овој труд се интересирам за населнието активно во индустријата од аспект на наведените демографски и економски обележја. Современиот економски аналитичар Боро Арсиќ [во литературата се наоѓа потпишан и како Арсов. ИХ] во 1933 година пишувал дека „на Југот индустријата е на самиот почеток, но веќе се чувствуваат извесни факти кои укажуваат на нејзина убава иднина“.[59] Трудот ќе се обиде да даде и преиспитување на вака зададените премиси во однос на населнието како работна сила.

Кога во 1934 година Тодор Мировски[60] ја одбранил докторската дисертација „Привреда Југа“ пред комисијата на Економско-комерцијалната школа во Загреб. Во

---

[56] Б. Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија…* op. cit., 65.
[57] К. Сидовски, *Развитокот на индустријата…* op. cit., 322–329.
[58] Ibidem, 332.
[59] Архив „Харалампие Поленаковиќ“ МАНУ, Фонд „Боро Арси(ќ)“, Економско-привредни проблеми нашега југа. Јавно предавање одржано на дан 29 јануари 1833, Борис Арси(ќ), члан средишње управе Југословенске Омладине Вардарске Бановине, 1–20, 19.
[60] Тодор Мировски (Штип, 1904 – Гониген, Холандија, 22 септември 1959), македонски економист, доајен на макроекономијата во Македонија и еден од првите банкари во Македонија. Дипломирал економски науки во Загреб, каде што во 1935 година докторирал со дисертација во која првпат е дадена научна анализа на стопанството на Вардарска Македонија. Работел во повеќе големи банки во Кралство Југославија. Со почетокот на Втората светска војан се приклучил кон НОБ и бил дел од секторот за финансии по АСНОМ. Бил прв директор на Македонската стопанска банка (1945 – 1947). Помагал во

воведот порачал дека се работи за стопанска монографија која дава преглед на состојбите во

„најјужниот дел од нашиот класичен југ. Меѓутоа за да прикаже монографијата едно специфично и типично стопанство, ние во неа го прикажуваме само стопанството на најјужниот дел од нашиот југ, кое го носи своето историско име „Македонија“. Кога би пишувале за стопанството на целиот југ, односно на цела јужна Србија или на Вардарска бановина, неспорно е дека тука би требало да пишуваме за три различни стопанства. Додека Косово со Санџак и делот од Ристовец до Лесковец имаат поинакви географски, политички и социјални услови, дотогаш најјужниот дел од нашиот југ претставува во тој поглед една специфичност. (...) Како што се гледа, нашата тенденција не беше ниту политичка ниту регионална, поради што уште на почетокот на нашата дисретација ја одбиваме секоја помисла во тој поглед.“[61]

Тодор Мировски уште во својот вовед експлицитно насочува на проблемите при именувањето според повоените административни термини. Во истата насока, точна е забелешката дека „за време на меѓувоениот период прашањето за тоа како да се нарекува територијата (Вардарска Македонија, ИХ) имало експлозивен политички потенцијал.“[62]

Тука ќе ги преиспитам најчесто користените термини при класификацијата и именувањето на историското, а особено на стопанското подрачје, како „стопанство на Југот“ („privreda Juga“) или „индустрија на Југот“ („industrija Juga“). Интересно е да се направи анализа на срекавањето низ изворите и начинот на административна и дискурзивна употреба на термините „Стара Србија“, „класичен Југ“, „јужна Србија“, Југ“, „Повардарие“ („Povardarje“), поретко и „нови краеви“ („novih krajeva“), „обединети српски земји“ и на крајот „Варадрска Бановина“, термини и означувачи кои исто така ќе се наоѓаат и низ изворите користени за оваа студија.[63]

---

основањето на Економскиот факултет во Скопје. Забележително е дека во својата докторска дисертација не го користи терминот *Јужна Србија*, туку експлицитно и конкретно зборува за Македонија, исто така формата на неговото презиме инстистирал да биде на –ски.

[61] Тодор Мировски, „Стопанството на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни“ (докторска дисертација, одбранета на 20 јануари 1934 на Економско-комерцијалната висока школа во Загреб), (Скопје: МАНУ, 1998), 15.

[62] Забелешката е на Нада Бошковска: „During the interwar period the issue of what to call this territory was also an explosive political question.“ N. Boškovska, op. cit., 2.

[63] На пример кај: Милан Р. Гавриловић, *Привреда јужне Србије*, (Скопље: Немања, 1933); Милан Р. Гавриловић, *Развитак банкарства у приведи Јужне Србије*, (Скопље, 1931); Вид Ђурђевић, *Привредно стање Јужне Србије за прво тромесечје 1933*, (Скопље, 1933); Вид Ђурђевић, „Наши нови путеви на Југу“, во *Србска књижара*, Коло XXV, бр. 108 (1922), Београд; Растко Пурић, *Наличја, социјалне проблемие Јужне Србије*, (Скопље: Немања, 1934); Растко Пурић, *Работнички југ*, (Скопље: Немања,

Поимот и терминот „Јужна Србија“ во перидодот 1918 – 1929 година бил најфрекфентно користена одредница за „поранешните турски области“. Всушност се работи за неологизам кој покрај исфорсираноста врз регионот никогаш не заживеал меѓу населението:

„Ни Јован Скерлиќ[64] во 1912 година не го познавал терминот Јужна Србија ... Стојан Новаковиќ[65] бил уверен дека широката употреба на називот *Македонија* требало да го дискредитира историско-територијалниот поим Стара Србија, со што би се негирале интересите на Србија во тој дел на тогашна Турција. .. Тодор Станковиќ[66] за време на Првата светска војна пишувал како Стара Србија го опфаќала и вардарскиот дел на Македонија, додека широката употреба на називот Македонија зела замав по основањето на бугарскиот егзархат. Секако, ни тој не го познавал изразот „Јужна Србија“... Македонските преведувачи на „српските извори“ (т.е граѓата на Архивот на Србија) кои се однесуваат на македонското прашање до 1928 година во своите географски индекси не регистрираат „Јужна Србија“ што исто така упатува на тоа дека овој поим е помлад од создавањето на југословенската држава. Заради тоа би требало формално да се земе 1918 година како *terminus ante quem non*, што укажува на оперативна, политички мотивирана функција на спорниот назив кој се вселил во југословенската администрација.“[67]

Токму во таа смисла треба да се објаснува и употребата на термините-означувачи како „јужносрбијанци“ или „јужносрбијански работници“, кои исто така често се среќаваат во користените извори.

---

1937); Милутин Стакић, „Наши Јужни крајеви и економски проблеми“, во *Јужни преглед*, 1, 2-3 (1927): 79 – 83; и кај најголем дел од авторите современици.

64 Јован Скерлић (Белград, 8/20 август 1877 – Белград, 2/15 август 1914), српски историчар на книжевност и книжевен критичар, доктор по книжевност и професор (*Велика школа*, Универзитет во Белград). Следбеник на социјалистичкото движење во Србија и член на Самостојната радикална партија. Привзраник и протагонист на идејата за југословенско национално единство. Плоден автор на обемни синтези за српската книжевност и историја.

65 Стојан Новаковић (Шабац, 1 ноември 1842 - Ниш, 5 февруари 1915), филолог, историчар и политичар професор (*Велика школа*, Београд), дипломат, министер на неколку ресори во текот на неговата политичка кариера. Бил претседател на две влади на Србија (Прва влада на Стојан Новаковиќ - 1842–1915, Втора влада на Стојан Новаковиќ - 1842–1915). Како историчар, се наметнал ккао водечки српски историограф на серија значајни дела кои покриваат широк временски распон од средниот век до историјата на Првото српско востание.

66 Тодор Станковић (Ниш, 13. фебруари 1852 — Београд, 15 јули 1925), значајна личност од српската национална историја, учесник во сите војни од 1876 до 1918 година. Бил српски кралски конзул во Приштина, Скопје, Битола и Солун. Работел на организирање на српската национална управа во јужна Србија. За време на неговото учество во војните и политичката кариера се занимавал со редакциска и публикациска дејност опишувајќи ги политичките и економските прилики на своето време.

67 Vladan Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918 – 1929...* op. cit., 7–8, *passim* Gligor Todorovski, Nada Jurukova, *Srpski izvori za istorijata na makedonskiot narod (1902 – 1903). Opstestveno-politicki, reformski, demografski i nufuski prasanja*, kn. 6, (Skopje, 2000).

Поделбата на бановини придонела да се намали политичкиот опортунизам при користење на името Јужна Србија бидејќи „племенскиот партикуларизам“ би се судрил со „интегралното југословенство“ и формирањето југословенска свест, според тоа, терминот „Јужна Србија“ не исчезнал од употреба,[68] но во дискурсот сѐ почесто се појавувале „Југ“ и „Повардарие“ (*Povardarje*).[69] Како силен идеолошки означувач останал терминот „класичен југ“ (*naš klasični jug*) кој егзистирал во дискурсот низ цел период 1918 – 1941 година. Го нарекувам силен идеолошки означувач, бидејќи се заоснова на сентименталната и утописка визија за *златното доба* на српскиот народ во средниот век. Класичниот југ ги подразбира „класичните“ српски области кои останале вон границите на автономното кнежевство.[70]

Терминот класичен југ има антропо-географска нишка која ги романтизира, а понекогаш ги идеализира жителите на „класичните области“ и често ги претставува низ двојност: питоми дивјаци, скромни јунаци, неписмени мудреци итн.,[71] зад сентименталната фасада, стои идеологијата на модерната држава и администрација да наметнува плашт на цивилизациска мисија врз економски заостаната и ориентална Другост која започнува да се асоцира со јужна Србија во погледот на националните елити во Белград. Романтизирањето на „класичните краеви“ се огледува и во опсежните трудови, научни статии и книжевен интерес воопшто кон фолклорните обичаи, накитот и исхраната на населението во регионите кои ја составувале јужна Србија наместо на бројните социјални и економски проблеми кои ја претставувале помалку гламурозната страна на „класичниот југ“:

„општествената стварност создава знаења кои обврзуваат. Знаењата од оваа област сами по себе раѓаат одредена општествена одговорност. Човек може да биде сосоем индиферентен кога ќе дознае дека во Тихиот Океан има крилести риби, но не може да остане индиферентен кога ќе дознае дека во Јужна Србија во 1934 година имало работници кои својата работна сила морале да ја даваат за 2-3 динари дневно. Општествените науки затоа и толку касно се развиле, зашто граѓанскиот сталеж,

---

[68] Одличен приказ за споменатиот дискурс може да се најде низ страниците на обемната публикација „Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937“, Алекса Јовановић (ур.), (Скопље: „Јужна Србија“, 1937).
[69] N. Boškovska, op. cit., 2.
[70] V. Jovanović, op. cit., 7, *passim* Dusan T. Batakovic, *Kosovo i Metohija: istorija i ideologija*, (Beograd-Valjevo-Srbinje, 1998), 9–19.
[71] Еклатантен пример може да се најде во истражувањата на најпознатиот српски етнолог и антропогеограф Јован Цвијиќ, од кои произлегле неговите студии *Насеља и порекло становништва* (1922); *Насеља српских земаља* (1909); *Стара Србија и Македонија: насеља, порекло становништва, обичаји* (1908, 1911); Антропогеографски списи (1987). Види подетално: Јован Цвијић, *О балканским психичким типовима*, (Београд: Просвета, 2014).

потонат во животот на удобностите, попрво примал знаења кои не обврзуваат, одошто оние со тешка општествена одговорност. ... Истата состојба се забележува во нашата национална наука кон општествената стварност во Јужна Србија. ... Одамна е испитувано и објавувано во научни списанија од највисок државен ранг какви јадења јадат Јужносрбијанците, како прават пинџур, разни специјалитети и манџи, а во науката, сѐ уште систематски не испитале и не објавиле анализи од кои ќе видиме дека јужносрбијанскиот работник во годините на криза имал за издржување на себе си, жена си и едно дете нешто околу 3 динари дневно, и дека заради тоа големо мнозинство Јужносрбијанци многу ретко може да јаде од наведените специјалитети..“[72]

Критика на Растко Пуриќ[73] е добар индикатор за политиките на административната структура во уредувањето на економскиот и социјалниот сектор во Вардарската бановина, следствено, во Вардарска Македонија.

---

[72] Првош Сланкаменац, „Преглед литературе“, во *Гласник Скопског научног друштва*, књига XXI, том 12, Скопље, 1940.

[73] Раско Пуриќ (Нова Варош, 1903 – 1981), службеник на Кралството Југославија во Вардарска Македонија во полето на социјалната политика, во раководството на Берзата на трудот во Скопје, Окружното биро за осигурување на работниците и Поверенството на работничката комора. Имајќи пристап до информации и статистики за социјалната стварност, автор е на неколку важни публикации и статии посветени на работниците во Вардарска Македонија, како и на бројни написи во весникот „Вардар“. Автор е на публикациите Растко Пуриќ, *Наличја, социјалне проблемие Јужне Србије,* (Скопље: Немања, 1934); Растко Пуриќ, *Работнички југ*, (Скопље: Немања, 1937); Растко Пуриќ, *Установе за социјално старање у Јужне Србије,* (Скопље: Библиотека, 1932). Автор е на бројни критики на социјалната стварност на работниците, објавени во научното списание *Јужни преглед:* „Радништво Јужнј Србије. Анализа састава радног тржишта Јужне Србије“, во *Јужни преглед*, год. XIII, бр. 5 (1939): 153–165; „Принципи минималних надица. Резултате из прилога Уредбе о утврђивање минималних надница из 15. IV. 1937“, во *Јужни преглед*, год. XII, бр. 11–12 (1938): 426–430; „Радничка надница у Јужној Србији“, во *Јужни преглед*, год. X, бр. 8–9 (1938): 289–292; „Збрињавање незапослено становништво у Јужној Србији“, во *Јужни Преглед*, год. XIII, бр. 12 (1939): 418–420.

## 2. Административниот апарат во Вардарска Македонија

Доколку треба да се прегледа државно-правната историја на спроведувањето на административната власт на територија на Вардарска Македонија од Балканските војни, релативно до зацврстувањето на државната власт на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците по 1918 година, всушност ќе треба да се обрне внимание на низата специјални уредби, наредби и закони кои се блиску до состојбата на исклучок или состојбата на вонредност, воена, политичка, санитарна или поинаква.[74]

Во овој дел ќе ги разгледам структурите на административниот апарат и начините на спроведување административна власт, со посебно внимание кон институциите на економската контрола и спроведувањето економски политики, како и администрирањето со прашањата кои го засегнувале вклучувањето поголеми агрегати активно население во одредени дејности, конкретно во индустријата. Притоа, административната спроведливост на решенија, политики, стратегии и контрола, се забележува не само низ своите, примарно, економски и политички сегменти, туку и низ санитарните сегменти со оглед на инфраструктурната и социјална запуштеност на територијата, наследена по воениот период.

Организирањето на југословенскиот административен апарт на територија на Вардарска Македонија има своја *предисторија* во воспоставувањето и организацијата на српската власт во делот од Македонија заземен од српската војска за време на Балканските војни.[75] Уште во периодот кога не биле одредени конечните државни

---

[74] Термините „состојба на исклучок“ (state of exception), „состојба на вонредност“ (state of emergency) се особено теоретски истражувани од италијанскиот филозоф Џорџо Агамбен (Giorgio Agamben). Според него, историски најлесен начин за препознавање на состојбата на исклучок може да се најде во разните акти, со кои се прогласува одредена опасност за народот или државата од каде произлегуваат специјални акти кои треба да ја заштитат државата преку суспендирање на останатите закони, пришто се воспоставува аномична зона во која се судираат Законот и моќта на суверенот, а животот се претвора во биополитика изложена врз апаратот на насилството во чиста форма. (Giorgio Agamben, „The state of emergency“, a lecture given at the Centre Roland-Barthes (Universite Paris VII, Denis-Diderot, 2002). Според Агамбен, состојбата на исклучок е типична за западните политички системи и ја препознава во државните мерки за миграција и концентрација на население, за хигиена и карантин при епидемии и други состојби при кои државата се повикува на вонреди мерки (Giorgio Agamben, *State of Exception. Homo Sacer II,* 1 (Chichago: University of Chichago press, 2003). Во контекст на Вардарска Македонија, може да се земе како „состојбата на исклучок“ периодот за време и непосредно по Балканските војни и спороведувањето на власт преку специјални уредби кои подетално ќе бидат наведени во текстот, како и справувањето на локалната власт во градовите или на централната власт со маларијата и тифусот за време на Балканските војни и справувањето со маларијата во меѓувоениот период. Сепак, ваквото конципирање досега не е теоретизирано или испитано во македонската историографија. Во поширока смисла, и т.н *период на Обзнаната* (Obznana) кој настапил во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците од 31 декември 1920 со одлуката наречена Обзнана, може да се смета за еден вид пример за состојба на исклучокот (Види: Иван Катарџиев, *Историја на Македонскиот народ. Том 4: Македонија меѓу Балканските војни и Втората светска војна (1912 – 1941)*, (Скопје: ИНИ, 2002), 152).

[75] Види детално: М. Јагодић, op. cit.

граници меѓу балканските држави учеснички во војните, во овој дел на Македонија била организирана српската воено-политичка и административно-управна власт.[76]

Со цел да се прикаже споменатата состојба на вонредност при интегрирањето на територијата во државното тело и така зачнатиот административен апарат, најпрво да наведеме некои од најважните уредби, наредби и закони, од кои некои наоѓаат свој пандан, или се реактивирани и при воспоставувањето на државната власт на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците по 1918 година: прва сеопфатна уредба за правно уредување на контролата врз територијата претставува *Уредба о уређењу ослобођених предела од 27. децембра 1912,* речиси истовремено врз *член 32* од *Законот за уредување на округите и околините* била воведена српската државна администрација, со што започнале да функционираат новоформираните окрузи и околии; *Со Указот на српскиот крал од 20 ноември 1913 година,* бројот на окрузи изнесувал 7 (Скопски, Кумановски, Тетовски, Охридски, Тиквешки, Битолски и Брегалнички), а на околии – 26; Наскоро по потпишувањето на примирјето во Првата балканска војна, на 14 декември 1912 година, била донесена *Привремената уредба за обезбедување на општествената безбедност во новозаземените области*, односно т.н *Специјална уредба*. Со оваа уредба, која останала на сила како закон сѐ до воведувањето на *Уредбата за уредување на ослободените области од 31 август 1913,* целокупната власт во освоените делови на Македонија ѝ припаднала на полицијата; првата уредба што била донесена по потпишувањето на Букурешкиот мировен договор била *Уредбата за уредување на ослободените области* од 31 август 1913 година. Со неа бил прецизиран начинот на организирање на управната власт.

Со *Прокламацијата на Неговото величество крал Петар Први од 7 септември 1913 година,* било извршено анектирањето на вардарскиот дел од Македонија кон Кралството Србија, и најмногу придонела за воведување на што поголем број законски прописи од српскиот Устав во овој дел од државата.[77] Со Указот на кралот Петар од 3 декември 1913 година, на предлог на Министерскиот совет, а врз основа на член 5 од Законот за централната државна управа и прогласот за присоединување, одредени делови од Уставот на Кралството Србија биле воведени во новите краеви. Указот е

---

[76] Вера Гошева, „Српската управа во освоените делови на Македонија по Букурешкиот мировен договор", во *Македонија и Југоисточна Европа: материјали од македонско-рускиот научен собир одржан во Скопје на 27 и 28 јуни 2013 година*, [уредувачки одбор Блаже Ристовски ... и др.] (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2017), 209–215, 209.

[77] Повеќе од Прокламациите и уредбите се интегрално пренесени низ *Финансијски гласник – независтан стручни лист за нашу финансијску службу*. Види пример: Уредба о уређењу ослобођених области од 18. августа 1913 године, во Финансијски гласник, бр. 1, год. 1, 5–6.

издаден по парламентарните расправи за претставката во која се претресувало прашањето за уредување на новите краеви, а пред изнесувањето на Предлог законот за присоединување на Стара Србија. Владата со овој чин веројатно имала за цел да покаже дека вонредниот систем во новите области не бил целосно неуставен.[78]

Во контекст на темата на трудот од интерес е да се наведат: Уредба по струци грађевинској у ослобођеним и присаједињеним областима; Рударска уредба за ослобођене и присаједињене области (28 декември 1913); Уредба о повластицама привредних предузећа у присаједињеним областима (23 март 1914); Уредба о протоколисању и регистровању радња у присаједињеним областима (16 февруари 1914); Уредба о организацији Привредног инспектората у присаједињеним областима (28 март 1914).[79]

По објавувањето на Прводекемврискиот акт во 1918 година и формирањето на централна влада на Крлаството на Србите, Хрватите и Словенците, во однос на управно територијалните одлики и чиновништвото, добро е да се има во предвид констатацијата на историчарот Бранко Петрановиќ, дека правецот кој веднаш го завзела државата се движел кон централизација на државната управа и потиснување на автономијата на покраините.[80] На 1 март 1919 година било формирано Привремено народно претставништво од сите граѓански партии соодветно според политичката моќ, а траело до 28 ноември 1920 година, т.е. до изборите за Уставотворно народно собрание.[81] Политичките партии кои во текот на историјата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/К. Југославија се стекнале со политичка или претставничка моќ доаѓале од различни страни на политичкиот спектар, идеолошки испреплетени главно во судирот меѓу централизмот и унитаризмот, еклатантен пример за политичката шареноликост претставуваат изборите од 1920 година, овде ќе наведеме некои од партиите со освоени гласови и мандати: Југословенска демократска партија

---

[78] М. Јагодић, op. cit., 56.

[79] Ibidem, 27, 38, 58, 73, 80, 90, 91, 390.

[80] V. Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918 – 1929...* op. cit., 68, *passim* Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988*, knj I, (Beograd: Nolit, 1988), 92–93.

[81] „Привременото народно претсавништо (ПНП) се состанало на 1 март 1919 и неговиот состав бил одреден според владиниот указ „според договорот на врвовите на граѓанските групи" (296 пратеници – претставници на предходните покраински парламенти". Во однос на Вардарска Македонија „според клучот кој го задала владата избори за пратеници во ПНП од Јужна Србија спроведени се дури на 30 март 1919 година, но преку полномошници и чиновници од владата ... Така ПНП претседавал без претставници од Македонија и Стара Србија сé до 16 мај 1919 година, кога 24 „избраници" (10 пратеници од подрачјето на Стара Србија, 14 од Македонија) се појавиле во собраниската сала." Ibidem, 68.

(Љубомир Давидовиќ[82]), Народна радикална партија (Никола Пашиќ[83]), Хрватска народна селанска партија (Стјепан Радиќ[84]), Сојуз на земјоделци (Јован Јовановиќ[85]), Југословенска муслиманска организација (Мехмед Спахо[86]), Комунистичка партија на Југославија, Словенечка народна партија (Антон Корошец[87]), Џемиет, Хрватска партија на правото и др.[88] Поврзано со претставничката и политичката моќ, а во интерес на темата, е да се напомене важноста на муслиманскиот елемент од Вардарска Македонија, а застапен во одреден број и политичка форма за претставување на дел од албанските, турските и бошњачките интереси низ активноста на организацијата, а потоа и политичката партија Џемиет (тур. Cemiyet, „Друштво“, целосно име: İslam Muhafaza-i Hukuk Cemiyeti,  Društvo za zaštitu muslimanskih prava; Друштво за заштита

---

[82] Љубомир Давидовиќ (Љубомир М. Давидовић) [Влашка, 24 декември 1863 – Белград, 19 февруари 1940), српски политичар, професор и југословенски државник. Бил активен во партискиот живот од 1912 година како водач на Самостална радикална странка во Србија, а од 1919 до 1940 бил водач на партијата која воедно и основал – Демократска странка, со која три пати составил влада во Кралство СХС/К. Југославија (два пати во 1919 и еднаш во 1924). Во својата политичка кариера бил министер за просвета и министер за внатрешни работи и градоначалник на Белград.

[83] Никола Пашиќ (Никола П. Пашић) [Зајечар, 6/18 декември 1845 — Београд, 10 декември 1926], српски политичар и југословенски државни, еден од најзначајните политички фигури на Балканкот во XX век. Бил основач и лидер на Радикалната странка во 1881 година (која се смета за првата партија на Балканот со разработена политичка програма). Бил основач и долгогодишен државник на Кралство СХС/К. Југославија (од 1921 до 28 јули 1924 и од 6 ноември 1924 до 1926 година бил премијер), бил претседател на делегацијата на државата на Париската мировна конференција (1919), бил еден од идејните творци на Видовданскиот устав, со што се наметнал како многу силна политичка фигура.

[84] Стјепан Радиќ (Стјепан Радић) [Требарјево Десно, 11 јун 1871 – Загреб, 8 август 1928], хрватски политичар, книжевник, значаен партиски лидер и прв хрватски дипломиран политолог. Во 1904 година со братот Антун Радиќ ја основале Хрватската селанска партија (Hrvatsku pučku seljačku stranku) чија политичка програма се барирала на аграрните идеологии и национално единство. Бил противник на „хегемонистичко обединување со Кралство Србија“ во Народното собрание на СХС.  Во 1920 година го сменил името на својата партија во Хрватска републиканска селанска партија (Hrvatska republikanska seljačka stranka (HRSS)). Од 1921 година станал лидер на хрватскиот политички блок кој бил против унитаристичко-централистичките тенденции на политиката на Кралот Караџорџевиќ. Загинал на 20 август 1928 година, во атентат од страна на црногорскиот пратеник Пуниша Рачиќ, кој во Собранието во Белград по жолчна дискусија застрерал неколку пратеници од ХРСС. Останал една од најзначајните политички фигури во модерната историја на Хрватска.

[85] Јован Јованивиќ (Jovan Jovanović – Pižon) [Београд, 3 септеври 1869 – Охрид, 20 јуни 1939], српски политичар, дипломат, интелектуалец и писател. Од 1909 до 1912 година бил политички активен на територија на Макеоднија, како организатор на четничкото движење и конзул во Скопје.

[86] Мехмед Спахо (Mehmed Spaho) [Сараево, 13 март 1883 – Белград, 29 јуни 1939], бошњачки политичар, правник и партиски лидер на Југословенската муслиманска организација (ЈМО). Во Кралство СХС/К. Југсолавија обавувал функција на министер за шуми и рударство, министер за трговија и индустрија и министер за сообраќај. Умрел во Белград под неразјаснети околности.

[87] Антон Корошец (Anton Korošec) [Бисерјане, 12. мај 1872 – Београд, 14 декември 1940], словенечки политичар, језуитски свештеник и партиски лидер на Словенската народна партија. Корошец бил потпретседател на првата влада на кралство СХС во 1918 година. Тој се залагал за централистичлка влада, со поголема автономија за Словенците. Со наближувањето на Втората светска воја, Корошец се залагал за поблиска соработка со нацистичка Германија, особено во контекст на усвојување на антисемитизмот и антикомунизмот и организирал анти-комунистички организации.

[88] Детално за идеолошките програми на партиите во Кралството СХС/Југославија види: Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, (Београд: Клио, 2013), 103–119; Branko Petranović, op. cit.,.

на правата на муслиманите) со седиште во Скопје.[89] Со оглед на застапеноста на муслиманскиот елемент во градскиот живот и градската трговија и економија од една страна, а и традиционалните имотни права и прашања за поседувањето земја оставени во Вардарска Македонија од друга страна и миграциите кои го зафатиле ова население, особено турското, активноста на Џемиет треба да се препознае како уште еден аспект во новите економски и социјални процеси кои ќе настапат на територијата на Вардарска Македонија.[90]

Политичка власт кон крајот на 1918 и почетокот на 1919 година во рамките на Вардарска Македонија ја реактивирала *Специјалната уредба* за јавна безбедност во ослободените области од периодот на Балканските војни. Соодветно, присутни биле и барањата на дел од властите за зголемување на жандармерискиот кадар.[91] Општо, внатрешната ситуација во ново формираната држава ја карактеризирале: селански движења заради нерешеното аграрно прашање, социјално економски немири како последица на војната и влијанието на револуцијата во Русија и политичката тензија за владеачките елити, се материјлизирала со неочекуваниот значаен успех на првите избори во државата за комунистите (општинските избори во 1920 година). Државниот апарат реагирал со репресивни мерки (Обзнана, 29 декември 1920).[92]

Со административо-територијалната поделба на државата од 1918 година, територијата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците била поделена на повеќе окрузи, од кои 7 се наоѓале на територијата на Вардарска Македонија: Битолски, Дебарски, Кумановски, Скопски, Штипски, Тетовски и Тиквешки (Кавадарски). Во окрузите покрај државната управна власт постоеле и органи на

---

[89] Џемиет („Дружба“) (1919) – политичка организација на муслиманите од Вардарскиот дел на Македонија, Косово и дел од Санџак со седиште во Скопје. Во неа членувале претежно Турци и Албанци за зачувување на нивните верски и национални интереси. Основач и водач бил Неџиб Драга, а по неговата смрт, неговиот брат Ферид Драга. На парламентарните избори (1920) во коалиција со радикалите добила 8, во 1923 г. 14, а во 1925 г. не добила ниту еден пратенички мандат. Го поддржала и гласала за Видовденскиот устав. Види: Надежда Цветковска, *Политичките партии во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919–1929)*, (Скопје, 2004). Види и: Борче Илиевски, „Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското население од Вардарскиот дел на Македонија 1918 – 1941 година“, *Годишен зборник на филозофскиот факултет*, 305–317 *passim* Vladan Jovanović, “In search of homeland? Muslim migration from Yugoslavia to Turkey 1918-1941”, *Токови историје*, 1-2 (2008), 57–58. Истата година кога е основана Џемиет во Скопје, во Сараево е формирана Југословенската муслиманска организација (ЈМО) од лидерот Мехмед Спахо. Види повеќе: Husnija Kamberović, *Mehmed Spaho (1883-1939) Politička biografija*, (Sarajevo: Vijeće Kongresa bošnjačkih intelektualaca, 2009).

[90] Види повеќе: Б. Илиевски, op. cit., 305–317.

[91] За детален приказ на административниот апарт види: А. Ангеловски, op. cit, 2008.

[92] Latinka Perović, Vidovdanski ustav (29. jun 1921), prvi ustav jugoslovenske države: pobeda unitarističko-centralističkog koncepta nad konceptom složene države, YU historija, (http://www.yuhistorija.com/serbian/jug_prva_txt01c1.html проверено на 07.03.2020).

локалната управа: окружни собранија и окружни одбори. Тие воделе грижа за спроведување на просветните, стопанските, сообраќајните, санитетските и финансиските окружни интереси на државата. Општините за вршење на општинските работи имале општински суд, општински одбор и општинско собрание. Нивниот делокруг на работа и односот помеѓу локалната власт (општинската, околиска и окружна) и државната власт се уредувале со специјални закони. Според новата поделба од 1920 година повторно имало седум окрузи.[93]

Според првиот Устав на Кралството, Видовденскиот Устав од 1921 година,[94] законодавната власт ја имале кралот и народното собрние. Како прв највисок правен акт, низ Уставот може да се прикаже сета комплексност и историска тензија на создавањето на државата, за што сведочат и големиот број на нацрти пред неговото носење. Во контекст на темата на трудот, овде би сакала да ги појаснам социјалните и економските аспекти на Уставот кој како прва најважен акт ќе стане одредиште за понатамошниот развој на социјалните политики од-горе:

„Во општите одредби на владиниот Нацрт на Уставот државата СХС била одредена како уставна, парламентарна и наследна монархија со династијата Караѓорѓевиќ. Сите останати одредби може да се стават во две групи. Во една група спаѓаат широките одредби за граѓанските права. Нивните автори и интерпретатори го истакнувале нивното модерено и либерално значење, објаснувајќи го со повеќестрани влијанија. Најнапред, со актелните солидаристички теории во Европа. Потоа, со Уставот на Кралство Србија од 1903 година, кој бил реплика на српскиот Устав од 1888 година, на кој пак, повторно, кои и кај другите балкански држави, урнек бил леbeралниот Устав на Белгија. Конечно, со влијанијата од Вајмарскиот устав. Одделот за граѓанските права во владиниот Нацрт на уставот предвидувал еднаквост на граѓаните пред законот. Во развиена форма тоа би значело неприкосновеност на личноста. Врз основа на модерните принципи на кривичниот закон, никој не би можел да биде повикан на одговорност ниту осуден за дело кое не претставува кривично дело. Приватната сопственост била неприкосновена, заедно со законските ограничувања. Се укинувале феудалните односи. Се гарантирала слободата на совест и вероисповест (сите признати вероисповести биле рамноправни). Се предвидувала слобода на печатот

[93] Детално за административната поделба на територијата од најголеми до најмали единици види кај Ацо Ангеловски, op. cit., 101.

[94] „На Видовден, 28 јуни 1921 година, што е симболичен датум, претставниците на српските, муслиманските и турските партии го изгласале, по бурната расправа, со 223 гласа од вкупно 419, тесно мнозинство од 53%, предлогот за централистички устав, спрема начелото „еден крал, една држава, еден народ“. Сепак биле застапени елемнти на локална и регионална самоуправа.“ М. Чалић, op. cit., 107.

(цензурата важела само во војна и за време на мобилизација). Се гарантирала слобода на собири, договарање и задружување. Се прогласило задолжително, општо и бесплатно школување; приватните училишта биле ставени под државен надзор. Одредбите во другата група одговарале на целите на големата единствена држава (државна власт, крал, народно претставништво, управна власт, судска власт). Постоела поделба на властан (законодавна, извршна, судска) но „во сите облици кралот останува како постојан чинител, додека другите органи се менуваат и само „соработуваат" со кралот". (...) Место на историски покраини, власта била поделена на области, околии и општини. Бројот на жителите во областите изнесувал 600.000, а во завршната верзија на Уставот бил зголемен на 800.000."[95]

На 22 април 1922 година биле донесени два закона со кои попрецизно се одредувала организацијата на локалната управа. Тоа биле *Законот за обласната и околиската самоуправа* и *Законот за општинска управа*. Со првиот Закон не се воведени окрузите како територијални управни и самоуправни единици, така што поделбата на целокупната територија била извршена на области, околии и општини.

Во однос на административната мрежа од економски, социјални, комунални и санитетско-здравствени иституции, сметам дека е битно да се наведат: Трговската комора во Белград отворила Одделение во Скопје; Министерството за социјална политика формирало обласно државна заштита за деца и младинци во Скопје; била формирана и државна заштита на деца и младинци во Битола, која била поделена на окружна државна заштита во Битола, Кавадарци, Штип и Охрид, како и Детскиот дом во Битола; во состав на Министерството за народно здравје функционирале окружни и околиски санитетски управи.[96]

Со воведувањето на Шестојануарската диктатура[97] во 1929 година настанале важни административни промени. Бил укинат *Законот за обласната и околиската самоуправа*, а со тоа и областите. На 3 октомври 1929 година бил донесен *Законот за името и поделбата на Кралството на управни подрачја*. Со овој Закон било променето името на државата од Кралство на Србите, Хрватите и Словенците во Кралство Југославија. Била извршена нова административна поделба на земјата,

[95] L. Perović, op. cit.; Види и: Aleksandar Fira, *Vidovdanski ustav*, (Beograd: Srpska akademija nauka i umetnosti, 2011).
[96] А. Ангеловски, op. cit., 110.
[97] На 6 јануари 1929 година, кралот Александар I Караѓорѓевиќ го распуштил Собранието и го ставил Уставот вон сила. Главен идеолошки дискурс заведен во периодот била идејата за интегрално југословенство и национално единство. Види повеќе: М. Чалић, op. cit., 144. Види за политичките насоки на Шестојануарската диктатура во Вардарска Македонија: И. Катарџиев, op. cit., 473–511.

односно општата управа во Кралството Југославија. Кралството било поделено на бановини, околии и општини. Кралството Југославија било поделено на девет бановини (наместо тогашните 33 области), околии и општини кои ги задржале веќе споменатите управни органи, додека самоуправните органи биле укинати. Оваа поделба останала иста и со Уставот од 3 септември 1931 година.

Со указот од 7 ноември 1929 година, објавен е *Законот за банската управа* според кој се уредувала организацијата во *Кралските Бански Управи*.[98] Вардарска Македонија влегла во составот на Вардарската бановина, која на север се граничела со Зетската и Моравска бановина а на исток, југ и запад се граничела со државните граници на Грција, Бугарија и Албанија. Вардарската Бановина завземала простор од 39.556 км$^2$, а броела 1.405.000 жители, од кои 384.064 биле жители на градови (*вароши*) и помали градови (*варошици*),[99] а 1.020.936 жители на села.[100]

Воспоставени биле следните одделенија: општо одделние, управно одделние, аграрно одделние, просветно оддление, техничко оддление, одделение за социјална политика и народно здравје, финансико одделение, во некои од бановините, по оцена на ресорните министерства, Министерот за внатрешни работи можел да установи одделение за трговија, занаетчиство и индустрија, но доколку за тоа немало потреба, споменатите дејности припаѓале под посебен одсек на општото одделение. Банот се грижел за културниот и економскиот развој на своето подрачје, вршел надзор на сите јавни власти во бановината и слично. Во сите установи на бановинската управа постоеле економати.

Економатот спаѓал во составот на главната писарница и со него управувал економ. Во секоја бановина се образувал бановински совет како советодавен орган на банот. Бановинскиот совет во Вардарска бановина броел 25 члена. Надлжноста на општинските судови останала не забележале поголеми промени. Тие ги вршеле дејностите кои во надлежност им ги ставал *Законот за општини* и други специјални закони.

Општинскиот суд имал четири видови на власт кои ги вршел во различни облици и тоа судска, управна, самоуправна и полициска. Вардарската бановина била

---

[98] А. Б. Петровић, „Административно-политичка организација Варадрске Бановине“, во *Алманах Бановина. Вардарска Бановина (у додатку: Врбаска Бановина и Зетска Бановина)*, Београд, 1929.
[99] Види еден пример од државните извори: „Денес Скопје е во полн развој и изградба и за краток рок прераснува во тип на потполно модерна европска варош.“ А. Б. Петровић, op. cit., 27. За процесите на урбанизација види повеќе кај Лидија Ѓурковска, Габриела Топузовска, *Урбанизацијата на Скопје меѓу двете светски војни*, (Скопје: ДАРМ, 2018).
[100] А. Б. Петровић, op. cit., 27.

поделена на 46 срезови, а освен нив постоеле уште две административни единици: Управата на полицијата во Скопје и Претстојништвото на градската полиција во Битола кои во 1929 година се уште ја вршеле управна власт од прв степен. На чело на сите управни власти и установи во бановината стоела бановинската управа со седиште во Скопје. Заради модерната специфичност и особената важност на железничкиот сообраќај за модерната држава, постоел и Железнички полициски комесаријат во Скопје и Пограничен железнички комесаријат во Гевгелија. Нивната надлежност била пропишана според уредбите за служба на комесарите на парабродската и железничката полиција пропишана од Министерот за внатрешни работи од 16 септември 1919 година. Освен набројаните органи на власт, со решение на Министерот за внатрешни работи од 23 октомври 1929 година, устроени биле и окружни инспекторати со средиште во Битола и Штип (и во Призрен).

Спрoред Законот за чиновниците и останатите државни службеници на граѓанскиот ред (*Zakon o cinovnicima i ostalim drzavinm sluzbenicima gradjanskog reda*), од 1923 година, државните службеници се делеле на чиновници, наместници и служители. Според податоците од 1931 година, на подрачјето на Вардарската бановина биле евидентирани 22 319 државни чиновници и наместници кои издржувале 34 882 лица. Најголем дел од тоа чиновништво бил заведен под "јавна служба, слободни професии и војска".[101]

Во официјалните државни написи со информативен, но и несомнено пропаганден карактер, уште повидливи стануваат нишките кои ја поврзуваат модерната држава, администрацијата, полицијата и економијата. Така во Алманахот посветен на состојбите во Вардарската бановина може да се најде следново:

„Денес јавната безбедност во Вардарската Бановина е на голема висина. Тоа е проблем кој е темелно решен. Селанецот сега може да ја обработува својата земја, без разлика колку и да е таа оддалечена и може да ја пасе својата стока онаму каде предходно не можел ни да змисли да оди. ... После 1918 година, а особено после 1925 година, забележливо е дека јавната безбедност го направила своето и според тоа густината на населнието во овие делови на земјата расте. ... Земјоделецот, сточарот, вардарскиот селанец стануваат порационални. Неговите интереси се поклопуваат со интересите на бановината и Државата. Тој тоа го осетил и затоа ја приманиванат

[101] V. Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918 – 1929…* op. cit., 79, *passim Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju),* Sarajevo, 1940, 264–265.

помош, затоа овде поимот на **националното** се поклопува со поимот на **економското**, и со поимот на **културното.**“ (во оригиналниот текст трите поими се задебелени, ИХ)[102]

Покрај тоа што државата декларативно им забранувала на чиновништвото „мешање во активната партиска политика“ и злоупотреби на службената посебно во краеви „кои уште не се целосно консолидирани“, неспорна е и распространетата пракса на негативна селекција на чиновници токму за овој регион.[103]

Административната управата и админситративниот апарт на државата во Вардарска Македонија овде се согледани како особено значајни за анализата на животите услови на работничкото население во индустријата. Воспоставувањето на администрација главно со специјални укази и доминантност на Министерот за внатершни работи скоро во сите сегменти од административните решенија, укажува на колонијалниот статус на територијата во рамки на модерната држава во чии рамки се наоѓала.

Модерноста на државата Кралство Југославија се одликува не само низ модернизационите процеси на урбанизација и мелиоризација на материјалите и културните аспекти во своите региони, туку и низ начинот на кој биле администрирани училиштата, болниците, социјалните и други институции во рамки на државните ресори или министерства. Во таа смисла треба да се анализираат и изворите кои укажуваат на бројни примери за несоодветен чиновнички кадар,[104] и одликување на моќта на државата во ликот и праксите на полицијата. Од друга страна пак, постојат и некои конструктивни примери на модернизациони процеси, работа на институции и работа на личности од адиминистрацијата на државата на територија на Вардарска Македонија, најчесто во инфраструктурниот дел на образованието, едукацијата,

[102] Ж. Лазић, op. cit., 24–25.

[103] Види повеќе конкретни примери за праксите на чиновниптвото: V. Jovanović, op. cit., 80.

[104] „Структурата на чиновништвото на просторот на Вардарска Македонија била многу лоша. Сѐ што било неквалификувано и недоверливо. Таму праќале луѓе недораснати на ситуацијата и често оние кои во други краеви на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Југославија биле обвинувани или казнувани за корупција, непотизам, финансиски проневери, измами и малверзации, затајување на државни пари и разни прекршоци и кривични дела, со кои продолжувале и на својата служба во Вардарска Македонија. (...) Споменатата област, заедно со Косово и Метохија, во повисоките кругови на Кралството СХС/Југославија се сметала за „санаториум за поправка на корумпираното чиновништво“. Н. Т. Малешевић, op. cit., 274 *passim* Rudolf Arčibald Rajs, *Čujte Srbi!*, (Leskovac: Zlatna knjiga, 2009), (прво издание од 1928), 85–87.

медицината, социјалната и здравствената заштита,[105] урбанизацијата на Скопје, градежништвото, хуманитарната и едукативната работа на женски здруженија[106] и сл.

Предлагам Кралството Југославија, во однос на историјата на развојот на модерната држава, да биде согледано како *држава на администрацијата* и *држава на управуваштвото (gouvermentalité),*[107] како полезно теоретско стојалиште пред да се навлезе во проблемите на економските и социјалните институции од една страна, и особено пред да се навлезе во современото сфаќање и управување со теоретската и практичната политичката економија во Кралството Југославија, од друга страна.

За објектот на истражувањето, институциите ја претставуваат државата и нејзините политики, додека пак концептите и праксите на политичката економија можат да ни ја претставаат мрежата на проблеми на пазарот на труд, односот меѓу државата и индустријалците сопственици на индустриски и друг капитал, надниците,

---

[105] Види примери: Еден од најголемите успеси на државата бил токму во полето на социјалната и здравствената заштита на населението во Варадрска Македонија, особено во делот на контролирањето на заразни болести чести во воените периоди. Хигиенскиот завод во Скопје, болниците, домовите за здравје, општинските здравствени станици биле голем исчекор во затекнатата ситуација. Хигинескиот завод спроведувал и едукација на селското население за корист од чисти и здрави домови за продолжување на животот на новороденчињата. Исушувањето на мочуриштата и тимовите на експерти во Заводот за тропски болести работеле на проблемите со маларијата. Во Битола во 1925 година е основана првата детска поликлиника која станала центар за детската, предучилишната и училишната медицина и здравствена заштита. Се намалиле појавите на колера, тифус, шарлах, мали и големи сипаници и дезинтерија. Домот во Крушево во летните месеци служел за здравствен одмор за сиромашни и болни деца итн. Види детални статистики: Маја Миљковиќ-Ѓуровиќ, „Здравствената заштита во Вардарска Македонија (1919 – 1929)", *Гласник* на ИНИ, 43, 2 (1999), 93–100.

[106] Види пример: „Коло српских сестара" било женско културно-просветно, патриотско и хуманитарно здружение формирано во 1903 година во Белград, со голема активност на територија на Вардарска Македонија. Ова здружение во меѓувоениот период се јавува со активности за собирање средства за сиромашните и едукација на женското население низ разни кампањи и во нивната публикација Календар Вардар, на пример: Стеван Иваневић, „Борба против туберкулозе", *Вардар Календар Кола српских сестара за 1929 годину*, (Београд: Штампарија М. Карић, 1928), 110–113.

[107] „Со зборот „управуваштво" сакам да кажам три работи. Под „управуваштво" ја подразбирам целината составена од институциите, процедурите, анализите и размислувањата, пресметките и тактиките што овозможуваат да се практикува таа мошне специфична и сложена форма на моќта, којашто за главна цел го има населението, како главна форма на знаење ја има политичката економија, како суштински технички инструмент ги има безбедносните апарати. Второ, под „управуваштво" ги подразбирам тенденцијата и линијата на сила што низ целиот Запад не престана да води, и тоа долго време, кон првенство на оној тип на моќ што може да го наречеме „управување": сувереност, досциплина, и што од една страна, доведе до развој на цела низа специфични управувачки апарати, [а, од друга страна], до развој на цела низа знаења. Конечно, мислам дека под „управуваштво" треба да се подразбира процесот или, поскоро, резултатот од процесот преку кој праведната држава од средниот век, која во XV и XVI век се претвори во административна држава, постепено стана „управувачка држава" (*gouvermentalité*)*."* Види повеќе за овие термини кај Мишел Фуко, *Безбедност, територија, население. Предавања на Колеж д' Франс (1977 – 1978)*, (Скопје: ФООМ, 2017), 136. Кралството Југославија можеме да го условиме како административна држава, која според историјата на развојот на модерната држава, со територијалност од пограничен тип и одговара на оптшетсво на правила и дисциплина. Управуваштвото и контролата ги добиваат своите димензии благодарени на низа специфични инструменти како полицијата, и тоа најдобро се гледа на примерот со Вардарска Македонија. Една интересна констатација која во делот што следи ќе биде ставена на тест на применливост на територијата на Вардарска Македонија во рамки на државата е токму делокругот на полицијата, кој не се состои исклучиво со проблемите на јавната и националната безбедност.

работното време, цената на трудот и слично во контекст на индустриските работници. Всушност она што можеме да го наречеме урбанизација и мелиоризација на Варадарска Македонија е главно поврзано со промислувањата на интервенциите и праксите на полицијата и административниот апарат во државата. Во делот кој следи тие пракси ќе се обидеме да ги конкретизираме низ работата на администрацијата на државата, на финансиската контрола и на економските институции во Вардарска Македонија.

## 2.1 Институции за економска политика и контрола

За да ја опише економската состојба на Југославија по нејзиното создавање, Мари-Жанин Чалиќ го користи терминот „леопардова кожа", алудирајќи на комплексноста на проблемот:

„[Н]овите граници ги пресекле историските формираните стопански простори и ги прекроиле. Повеќе националната држава наследила седум различни историски ентитети со различни валутни, даночни, инфраструктурни и правни системи, како и огромни разлики во нивото на развиеност.[108] ... Обновата [по воените штети, ИХ] поттикнала потрошувачка, но го поттикнала и растот на цените, како и јавниот долг, така што државата печатела сé повеќе банкноти. Кон крајот на 1923 година количината на пари во оптег била повеќе од осум пати поголема отколку на денот на монетарната реформа во 1920 година. Обезвредувањето на парите му годело на порастот на побарувачката на материјални доба и инвестиции. Меѓу 1918 и 1923 година подигнати се 31% од фабриките и отворени се 40% од работните места во вкупниот број настанати во текот на меѓувоениот период. Кога дошло до монетарна стабилизација во 1925 година, спласнал и краткотрајниот бум во градежништвото. Се појавиле првите знаци на криза во аграрниот сектор. Многу повеќе капацитети се созададени за време на инфлаторната конјуктура отколку што пазарот можел долготрајно да издржи, затоа што куповната моќ била слаба.[109] ... Иако индустријализацијата во дваесеттите години била забрзана, сé уште не можело да се зборува за развиено модерно општество со сите негови одлики: раст на секундарниот и терцијарниот сектор, ширење на урбаниот начин на живот и самостојниот развој на науките и техниката. Уште во 1931 година

[108] М. Чалић, op. cit., 104.
[109] Ibidem, 121.

само 11% од населението било вработено во индустријата или занаетчиството, а 76% и понатаму живеело од земјоделството. За време на инфлаторната конјуктура и потоа, до 1938 година отворени биле околу 145 000 работни места во индустријата – што било премалку да ја абсорбира надоаѓачката армија на невработени. Дури во 1948 година Југославија ја достигнала точката на која почнало конечно опаѓање на бројот на земјоделското насленеие – што во Англија се случило во 1820 година, во Германија во 1850 година, а во Италија во 1920 година.“[110]

Во поглед на подигнувањето и развивањето индустриски капацитети во перидот 1918 – 1938 година, и степенот на државна интервенција, тоа било различно за секој регион, на пример, територијата на денешна Словенија предничела во поглед на подигнување на индустриско-преработувачки капацитети.[111]

По официјалното присоединување на Вардарска Македонија кон Кралството Србија, извршено со кралска прокламација од 7 септември 1913 година, следувале и голем број уредби и решенија, нови прописи и закони од финансиска, стопанска и просветна природа, како и одделни закони за организација на власта на заземените територии.[112] За нивно успешно организирање биле поставени повеќе приоритети, меѓу кои и во водењето на економската политика, која уште на почетокот била насочена кон создавање суровинска база за сопствената индустрија и обезбедување потрошувачка маса за стоките што се произведувале во Кралството Србија.

Индустријата и индустриските претпријатија во новите политички и економски односи формално добиле можности за развој. Меѓутоа, недостигот на капитал за доделување кредити и други околности го лимитирал прометот на стоките и развитокот на индустријата. Властите економската положба ја влошувале и со мерките за неиздавање на дозволи за движење.[113]

---

110 Ibid., 129–130.

111 Васко Дукмеџиев, „Економската политика на Кралството на Југославија во Македонија (1929-1941)“ (докторска дисертација), (Скопје: УКИМ, 2014), 67.

112 Види примери: *Пореска Уредба о разрезу и наплати у ослобоћеним и присаједињенимобластима Краљевини Србији*, во Финансијски гласник – независтан стручни лист за нашу финансијску службу, бр. 1, год. 1, (1921).

113 Силвана Сидоровска – Чуповска, „Српскиот печат за економската состојба во Македонија по Балканските војни“, во во *Букурешкиот мировен договор (1913) и неговите долгорочни последици за Македонија и Југоисточна Европа: материјали од македонско-рускиот научен собир одржан во Скопје на 27 и 28 јуни 2013 година*, [уредувачки одбор Блаже Ристовски ... и др.] (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2017), 201–208. Види и: Светозар Наумовски, „Весникот „Радничке новине“ за состојбата во Македонија по Балканските војни до почетокот на Првата светска војна (1912 – 1914)“, во *Македонија во војните 1912 – 1918. Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988*, (Скопје: МАНУ, 1991), 185–195; Ристе Бунтески, „Економско – социјалните последици од војните 1912 – 1918 во Прилеп и Прилепско“, во *Македонија во војните 1912 – 1918. Прилози од научниот собир*

По создавањето, државата се соочила со проблемите во обединувањето и регулацијата на различните парични системи, проблеми кои траеле сé до паричната стабилизација по светската економска криза. По првите повоени години Главното државно сметководство на Кралството Србија, по инерција продолжило да ги врши дејностите на Министерството за финасии до март 1919 година, кога прераснало во Главна дирекција на Државното сметководство. Под надзор на последната, формирани биле окружните финансиски управи со финансиските управи за срезовите. Државата своите приходи ги остварувала со подсретсво на општите приходи (царини, трошарини, пари на добивки) и специјални приходи (даноци, приходи од државни стопански претпријатија и други вонредни приходи). [114]

Во однос на инсталирањето на економските институции за евиденција и статистика на економскиот развој на подрачје на Вардарска Македонија, важно е да се разгледа развојот на неколку институции. Трговско-индустриската комора во Скопје започнала да функционира уште во 1913 година, како одделение под Трговската

*одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988*, (Скопје: МАНУ, 1991), 356 – 165; Благој Чукарски, „Економско – социјални последици од војните од 1912 – 1918 година со посебен осврт на Малешевско“, во *Македонија во војните 1912 – 1918. Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988*, (Скопје: МАНУ, 1991), 368–375.

[114] Mira Kolar-Dimitrijević, *Povijest novca u Hrvatskoj od 1527. do 1941. godine*, (Zagreb: Hrvatska narodna banka, 2013), 152–160. За вредноста на парите и развојот на паричното стопанство на територија на Вардарска Македонија види: Тонка Митрова, Маја Хаџи-Манева, *Македонскиот денар и неговите монетарни предлошки*, (Скопје: Народна банка на Република Македонија, 2018).

комора на Белград. [115] После подолги барања во 1921 година била донесена одлука за прв пат да и се одобри статут за посебна Трговско-индустриска комора во Скопје.[116]

Како важна потреба се јавило и формирањето на Скопска производствена берза Skopska produktna berza), а тоа се огледало во напорите кои ги правеле скопските бизнисмени. Потребата од нејзино формирање била заради зголемувањето на волуменот на работа и потребата за точност, побрзо ликвидирање на акциите по пат на берзански заклучоци, типизирање на житарките, создавање Берзански избран суд, за брзо и ефикасно решавање на трговските побарувања и наплати и конечно креирање планирана политика на пазарот во однос на побарувачката и потрошувачката на продукти. Во текот на октомври 1928 година бил потврден статутот на берзата, а од 8 февруари 1929 година била избрана првата управа и берзата почнала со работа.[117]

Создавањето на стопански кадар и подмладок кој би можел да се интегрира во целиот овој систем бил дел од интегралната политика на држават во економијата во *Јужна Србија*. Во 1919 година била обновена Државната трговска академија во Скопје. Во Дебар од 1925 година постоела Државна уметничка дрворезбарска школа, којашто подоцна била преселена во Охрид како Државна машка занаетчиска школа. Државната трговска академија во Битола била основана во 1913, била двегодишна до 1928 година. Во јули 1927 година државата издвоила 285 илјади динари за подигнување објект за Работничката школа во Тетово, во истата година во Тетово било основано и

---

[115] Низ дневниот печат се осветлуваат процесите од развојот на наведените институции, меѓу кои истакнато место во вестите има Трговско-индустриската комора во Скопје. Ваквиот развој е придружен со голем медиумски простор за рекламирање на индустриски производи и трговски услуги, од печатот издвојуваме:

1. *Скупштина Индустриских удружења, на дан 12 Јун 1932*. „Важно за индустријалце у Варадрској бановини." во Вардар: независан привредно-културни преглед, бр. 6, год. 1, 05.06.1923, Скопље, 7.

2. „Трговачко-индустриска комора објављa Конкурс", во Вардар: независни лист јужне Србије, Скопље, бр. 2 год. 1, 15.12.1925, 3.

3. У Министерство Трговине и индустрије довршава се редакција Закона о радњама и Закона о коморама (...) тај посао бити завршен у току ове године. „Закон о радњама и коморама", во Јужни привредник: лист за индустрију, трговину, привреду, занатство и културу, Скопље, бр. 86, год. 2, 05.09.1926, 1.

4. Потврдени кандидатските листи за избор на собраниски членови за Трговско-индустриската комора во Скопје, во Службени лист Варадрске бановине, бр. 739, год. 7, 03.11.1930, Скопје, 2 – 3.

5. Потражња за отварање берза у Скопљу, „Берза у Скопљу", во Битољски трговински гласник, Битољ, бр. 3, год. 1, 18.02.1923, 1. Весникот „Битољски трговински гласник" бил весник на Одборот на Битолската трговска младина (Битољска трговска омладина). Низ бројните страници на наведената периодика, значајно е да се додаде, се среќава огромниот свет на современо рекламирање на индустриксите и трговските призиводи и услуги, од најновите колекции на индустријата за чевли „Бата", до понуди за работни патувања преку океанот на превозниците „White Star Line" – „највеће паробродско друштво на свету. Најтраженија и најскраћенија веза у све прекоекеанске крузеве. Главно заступништво за Јужну Србију, Киријаку и Хаџикоста, ул. Општинска, 110 Битољ." во Битољски трговински гласник, бр. 17, год. 1, 30.05.1923, 3.

[116] Види: Вера Гошева, „Документ за создавањето на Трговско-индустриската комора во Скопје", во *Гласник на ИНИ* 48, 1-2 (2004), 269–276.

[117] В. Дукмеџиев, op. cit., 45–46.

земјоделско училиште за овоштарство и лозарство.[118] Министерството за стопанство и води создало големи државни лозови расадници во Скопје, Кавадарци и Штип, а подоцна и во Битола. Со Законот од 12 февруари 1922 година формирани биле стопански надгледни станици.[119] Во однос на економските институции за земјоделство, особено се важни земјоделските огледни и контролни станици, задругарските установи и секако установите за аграрната реформа и колонизацијата.[120]

Во однос на институциите за финансиска контрола, нивниот делокруг во однос на економијата во *Јужна Србија,* можеби претставува најинтерсен пример за поврзаноста меѓу модерната држава, нејзината администрација и полицијата во однос на економијата и особено на продолжувањето на политиките на вонредната состојба во Вардарска Македонија. Во однос на финасиските политики, постоела видлива диспропорционалност во одност меѓу големината, населеноста и потребата за развој меѓу регионите. На пример, Вардарска бановина, и покрај димензиите неретко добивала најмали државни буџетски алокации. Буџетот бил распределуван и трошен главно во техничкото оделение, за земјоделство и за образование.[121]

**Табела 1: Предвидени суми од државниот буџет и алоцирани суми кон Варадрска Бановина**

| Суми кои бановината требало да ги добие од државниот буџет (во динари) | | |
|---|---|---|
| Година | Предвидена сума | Фактички алоцирана сума |
| 1930 | 10.800.811 | 9.047.742 |
| 1931 | 13.099.517 | 0 |
| 1932 | 5.600.000 | 3.100.000 |
| 1933 | 4.857.811 | 0 |

*Извор: Nada Boškovska, Yugoslavia and Macedonia before Tito. Between repression and integration, (London, New York: I. B. Tauris, 2017), 145, passim DARM, 1.119.15.3/31. (Emphasis as in the original)*

Може да се заклучи дека во перидот меѓу двете светски војни, во однос на економијата на државата во јужните краеви, мерките за контрола и јавна безбедност, имале приоритет над стратешкото планирање на економија. До Втората светска војна на поле на економијата, во Вардарска Македонија не се забележани поголеми структурни промени. Регионот продолжил да продуцира главно непродуктивно земјоделство и сточарско фармерство и да култивира неколку важни индустриски култури. Но, скоро ни еден од сировите материјали не се произведувал дома,

[118] V. Jovanović, op. cit., 120; Види и: Марија Јовановиќ, *Просветно – политичките прилики во Варадрска Македонија (1918 – 1929),* (Скопје: Студентски збор, 1983).
[119] А. Ангеловски, op. cit., 110.
[120] V. Jovanović, op. cit., 121–126. За важните процеси на аграрна колонизација спроведувана во Вардарска Македонија види кај Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија во стара Југославија*, (Скопје: Култура, 1966).
[121] Детално за сумите распределени по одделенија во Варадрската бановина: В. Дукмеџиев, op. cit., 45.

единствено фабриката за алкалоиди основана во Скопје во 1936 година процесирала дел од суровиот опиум. Маргинализирањето на индустријата, во однос на земјоделската и задругарската мегаломанија, најдобро изразена во процесите на спроведувањето на аграрната реформа и колонизацијата, довела до последица, локалната средна класа да остане мала и главно деполитизаирана група.[122] Единствено во периодот по смирувањето на светската економска криза, познато во историјата на југословенската економија и како кризната или инфлаторната коњуктура[123] и доаѓањето на Милан Стојадиновиќ[124] на чело на Југословенската влада, може да стане збор за сеопфатни економски политики и планирање, кои го зафатиле и истражуваниот регион.

Политиката што ја водела владата на Милан Стојадиновиќ имала директен одраз врз стопанските состојби во Вардарскиот дел на Македонија, а во тој контекст и во Скопје, особено во петгодишниот периодот од 1935 до 1940 година: во овој период во биле изградени 34 нови индустриски објекти, од кои 38,6% биле во Скопје (од нив: пет биле текстилини, пет градежни, два метални, два прехрабени и еден за производство на електрична енергија). Политиката на владата на Милан Стојадиновиќ имала одраз и во земјоделството, кое сѐ уште се наоѓало во фазата на екстензивност и заостанатост со ниска стапка на продуктивноста, споредбено во однос на другите

---

[122] Парафразирано од N. Boškovska, op. cit., 276–277.

[123] За значењето и релевантниот контекст на овие поими види повеќе кај: Mijo Mirković, *Ekonomska istorija Jugoslavije* (Zagreb: Informator, 1968); Ристо Христов, „Влијанието на економската криза врз стопанството меѓу двете светски војни“, (докторска дисертација), Скопје: УКИМ, 1986; Dragutin V. Marsenić, *Ekonomska struktura i privredni rast Jugoslavije,* (Beograd: Savremena administracija, 1988); Dragutin V. Marsenić, *Odnosi akumulacije i potrošnje u jugoslovenskoj privredi,* (Beograd: Naučna knjiga, 1969); Ljubomir Dukanac, *Indeksi konjukturnog razvoja Jugoslavije 1919 – 41,* (Beograd, 1946).

[124] Милан Стојадиновић (Чачак, 4 август 1888 – Буенос Аирес, 24 октомври 1961), српски политичар, доктор на економски науки и правник, универзитетски професор. Бил министер за финансии на Кралството СХС/Југославија во три наврати (1922-1924, 1924-1925 и 1934-1935). Политички бил активен во Народната радикална партија, а подоцна ја основал Југословенската радикална заедница. Бил претседател на владата на Кралството Југославија од 1935 до 1939 година. Запаметен е и како „прв премиер со модерна визија за државната економија“. Освен политиката на изградба на јавни добра, инсистирал за брз напредок во индустријата. Во таа смисла, неговата влада иницирала носење на „шестгодишен економски план“ (1938 – 1944), прв од таков вид на планирање во економијата во историјата на Југославија. Во контекст на економските прашања, во литературата на повеќето историчари, „ерата на Стојадиновиќ“ ја асоцираат со стимулирање на производството и конзумеризмот кај населението (читај: најмногу кај селаните) преку поддршка на локалните гранки на индустрија кои можат да се стимулираат низ соодветно производство на суровини од примарниот сектор. Во т.н „план на Стојадиновиќ“ за економска преродба биле и проекциите за намалување на невработеноста преку масовни вработувања во споменатите јавни конструкциски проекти, за што бил подигнат домашен кредит од околу 4 билиони динари. (Види повеќе: N. Boškovska, op. cit., 78 – 8 и 130 – 131). Идеологија зад економската визија сепак поаѓала од неговите десничарски сфаќања за политичката економија. Негово политичко и историографско дело со примеси на политичката автобиографија и сеќавања е книгата *Ni rat ni pakt: Jugoslavija između dva rata,* (Buenos Aires: „El Economista“, 1963).

поразвиени краеви во Кралството Југославија.[125] На пример, по прашањето за производството на тутун, во говор одржан во Скопје, се обратил премиерот Милан Стојадиновиќ, со изјава за зголемување на државното внимание кон производството и цената на тутунот.

Најголем број отворени електрични централи и далеководи биле за време на владеењето на Милан Стојадиновиќ, сепак степенот на електрификација на земјата се наоѓал доста далеку од потребното бидејќи голем број мали гратчиња и села сѐ уште се наоѓале без електрична енергија. Во Скопје со изградбата на две електрични централи градот се обезбедил со потребата од електрична енергија и започнал процес кај индустриските претпријатија на префрлање на својот погон за производство од мотори кои биле на дизел или пареа на погон на електрична енергија и нивно приклучување во градската електрична мрежа.[126] Во ноември 1936 година Стојадиновиќ ветил железничко поврзување на Охрид со Скопје *via* Тетово – Госивар, како и со Битола. Ветил и конекции со албанската и бугарската железница, со што територијата би се претворила во ефективен центар на транспортот на јужен Балкан.

Првично овие планови биле земани со сериозност, за што сведочи градењето на голема и репрезентативна железничка станица во Скопје чии камен темелник бил поставен на 10 октомври 1937 година, со голема свеченост. Градоначалникот на Скопје Јосиф Михајловиќ,[127] повторно ја најавил линијата Скопје – Охрид – Битола, а во периодот кој следел биле започнати подготовките во повеќе делови на регионот. Во шест годишниот план кој го подготвувала владата на Стојадиновиќ било предвидено подигнување на домашен кредит кој би бил вложен во државна одбрана и за транспортна мрежа, а Стојадиновиќ објавил на своите партиски колеги кои доаѓале од територијата на Вардарска Македонија дека поголем дел ќе биде вложен во Вардарска Бановина. По 1936 година ветувањата не биле исполнети. Била комплетирана само монументалната железничка станица во Скопје во која биле инвестирани 18 милиони динари, а официјално била отворена на многу важен датум – 1 декември 1940 година, годишницата од создавањето на државата или Денот на обединувањето.

---

[125] Лидија Ѓурковска, *Стопанските прилики во Скопје меѓу двете светски војни*, (Скопје: ИНИ, 2018), 25. *passim* Коста Сидовски, Борислав Благоев, „Економската положба на Скопје спроти војната 1941 и во првите месеци на окупацијата“, *Скопје во НОВ 1941, Материјали од научниот собир*, (Скопје: Градски одбор на СЗБ од НОВ, 1973), 65.

[126] В. Дукмеџиев, op. cit., 84, 182.

[127] Јосиф Михајловиќ - Јурукоски (Тресонче, Гостиварско, 1887 – Скопје, 11 март 1941) архитект и градоначалник на Скопје. По потекло бил од мијачко зографско семејство. Се образовал во Париз и во Лондон. За време на својот речиси десетгодишен мандат како градоначалник на Скопје се посветил на архитектонската модернизаца и комуналното уредување на градот.

Во меѓувоениот период на територија на Вардарска Македонија биле изградени железничките конекции Велес – Штип – Кочани и Велес – Прилеп – Битола, вкупно 217 км.[128] Во меѓувоениот период, за време на мандатот на скопскиот градоначалник Јосиф Михајловиќ (1929 – 1936 и 1939 – 1941), а тој период е делумно се поклопува и со мандатот на Милан Стојадиновиќ на државно ниво, градот Скопје ги добил најпрепознатливите урбани белези: Железничката станица, Народната банка, Поштата, водоводот Раше, Банска палата (зградата на денешниот Парламент), хидроцентралата „Матка", многу станбени објекти, Градскиот парк, Офицерскиот дом итн. Во негово време била проширена и електричната мрежа и канализацискиот систем на територијата на цело Скопје.

Во развојот на економијата на територија на Вардарска Македонија се забележуваат неколку противречности, кои како тези веќе се испитани кај неколку автори: Вардарска Македонија, од една страна, во официјалните и неформалните извори, често била препознавана како аграрен *Ел Дорадо*, регион со многу природни ресурси (минерали, шуми, афион, тутун, ориз, памук) и со радикален аграрен потенцијал кој бил проектиран да игра голема улога во очекуваната од елитите „економска преродба" (Preporodište), а од друга страна пак, бановите и претставниците на локалната власт и политики, често се повикувале дека истовремено е пасивен регион, за да се стекнат со поголеми државни инвестиции и да ја нагласат економската запоставеност.[129]

Некои современи експерти проценувале дека нискиот сандард на населнието и неспецијализираноста на трудот по струки, по светската криза го ставаат регионот во подобра позиција, токму заради привикнатоста на немаштија и на традиционалните начини на производство и трговија, додека пак, во очите на индустријалците, „карактерот на Јужните Срби, навиката на штедливост и давањето на опиумот само за злато наместо на некоја од финасиските инвеститорски институции", биле поголем економски проблем од неажурноста на државните институции во индустрискиот развој.[130]

Заради важноста на територијалната поставеност и клучната улога на трговијата со соседните земји, регионот во теорија имал добри шанси за обнова по Првата светска

---

[128] N. Boškovska, op. cit., 157, 205, 255, 276.
[129] Ibid., 135. За вакви ставови кај современици низ изворите види: Мил. Р. Гавриловић, *Привреда Јужне Србије*, (Скопље: „Немања", 1933), 8–10; Милутин Стакић, „Наши јужни крајеви и економски проблеми", во *Јужни Преглед*, год. I, бр. 2–3 (1927): 79–83; Вид Ђурђевић, „Производња јужне Србије, *Јужни Преглед*, год. V, бр. 5 (1930), *sp*;
[130] N. Boškovska, op. cit., 138.

војна, кои би се оствариле низ протекционизам и реконструкциони зафати, во регионот, притоа најмногу погоден од војните.[131] Меѓутоа, во економските проекции за регионот, важна улога играле и политичките и националните проекции кон населението кои спротивно на утописките визии за „класичниот југ“ воделе кон дистописката реалност на колонијано неглектираниот југ.

## 2.2 Цивилизациската мисија во „класичниот Југ“: социјални и санитарни политики

Заедно со административнито устројство, политиките во економијата и распределбата на економски средства, дел од *паноптиконот* на модерната држава, се и социјалните политики, комплексот на хигиенски и санитарни прописи и политики кон населението.[132] Познавањето на облиците во кои се јавиле овие институции е важно за да се навлезе во анализата на промените кои настанале со развојот на новите форми на производство, индустријализацијата, физичките агрегати од работници во ист простор (топосот на фабриката, работилницата), општо, па и при анализата на трансформациите кај економски ангажираното население во Вардарска Македонија конкретно.

Овој дел дава преглед на транформациите во здравствената култура спроведувани низ државните политики и институции за здравствена политика, од една страна, и воспоставување закони и пракси за социјална грижа кон делови од населнието, од друга страна, со цел хигиенска и културна еманцијапција[133] во која државата ја покажувала уште еднаш („по ослободувањето од Турците“) својата цивилизациска мисија во „класичниот Југ“.[134]

---

[131] За економските штети на регионот по Балканските војни и по Првата светска војна види страна 44; „Од репарациите кои ги добила Србија, Југославија потврдила побарувања за 450 милиони динари годишно се до Мораториумот на Хувер (Hoover Moratorium) во јуни 1930 година. Скоро ништо од тоа не стигнало до тешко оштетените делови од територијата. Вардарска Македонија добила многу малце од помошта за реконструкција која била проширена по војната.“ Ibid., 132.

[132] М. Фуко, op. cit., 385.

[133] Дискурс на хигигиенска еманципација, многу застапен и во печатот, види пример: Егон Бенеш, „Југославија у борби за хигијену свог становништва“, во *Службени лист Вардарске бановине*, бр. 128, год. III (8 мај 1932), 3.

[134] Всушност, прегледувањето на изворите и официјаниот дискурс од спроведувањето на цивилизациските трансформации и модернизации е обележан со колонијални црти: „Остатокот од земјата се дели на населниците кои на доморотците им се корисни затоа што на посовремен начин ја обработуваат земјата и воведуваат по-хигиенски живот (*sic!*). Народот е побожен, мирен, морален, послушен, вреден, штедлив, нешто повеќе конзервативен, но сепак способен за културно напредување , за што доказ е постојаното напредување во тој правец“. В. Миловановић, „Социјално старање и социјални односи у Варадрској бановини“, во *Алманах Бановина. Вардарска Бановина (у додатку: Врбаска Бановина и Зетска Бановина),* Београд, 1929, 44. За историјата на здравствената култура во

Меѓу истражувачите на Вардарска Македонија во меѓувоениот период, особено на оние со провиниенција во националната историја, постои одредена согласност за најголема успешност на државата во поглед на управувањето со здравствените установи и здравствената политика, меѓутоа се останува цврсто на ставот за „апсолутниот грев на државата" (термин користен од Владан Јовановиќ[135] и во српската историографија за претераната критика на македонската историографија за српските просветни и здравствени политики во склоп на Кралството СХС/Југославија) во сите останати области.

Социјалната политика и нејзините облици на спроведување по Првата светска војна стануваат многу важен фактор во државите, и победнички и губитнички, оттаму и забелешката на Карл Ренан: „живееме во доба на нагло преминување на граѓанското право во социјално право".[136] Зад наглиот пресврт на фокусот кон населението во опасност од низок животен стандард, веројатно најмногу стоеле стравовите на елитите од социјални немири и масовни идеолошки преврати кон лево-ориентираните идеологии. Во Југославија, мотивите на политичките партии, дефинирањето на целите на социјалната политика, нивните ефекти и резултати главно кореспондирале со современото разбирање на класите и политичката економија. За интелектуалците од Југославија, „социјалната политика се состоела од намалување на скапотијата на живеењето и зголемување на потрошувачката моќ, неопходно за стопански раст, со напор да се санираат условите на живот под хигиенскиот минимум."[137] Во периодот 1918 – 1929 година, главните тенденции во социјалната политика на државата се движеле кон формирање на посебно министерство за таа проблематика.

Социјалната политика најпрво се спроведувала низ ресорот на Министерството за народно здравје, а од 1929 година министерството е реименувано и реорганизирано како Министерство за социјална политика и народно здравје. Основите на југословенското социјално законодавство биле поставени со законите за инспекција на работата (1921), заштита на работникот (1922), осигурување на работникот (1922), пензиско осигурување на службениците (1922) и Уредбата за организирање и посредување на работа и помош на невработени работници (1927).[138] Во делокругот на

---

Македонија види и Силвана Сидоровска – Чуповска, *Хигиенско-здравствените услови во Македонија во XIX век*, (Скопје: ИНИ, 2018).

135 V. Jovanović, op. cit., 11.

136 Ljubomir Petrović, „Socijalna politika u Kraljevini Jugoslaviji: bilans jednog neuspeha", во *Istorija 20. veka,* 2/2011, 119–132, 119.

137 Ibid., 120.

138 V. Jovanović, op. cit., 127.

Министерството влегувале социјалните политики за работниците,[139] трудниците, воените инвалиди,[140] сиромашните и други категории.

Интересна е дистинкцијата меѓу термините за препознавање на ранливи категории, каде доминирале партиските политики и современата идеологија, како и современите теории за корпореалност и социјал-дарвинизам кој не ја одминале Југославија.[141] Кон таа терминологија припаѓа и дефинирањето на некои епидемии како „социјални болести“ (маларијата, тифусот, понекогаш тука влегувале и сексуално преносливите инфекции), „болести на сиромаштијата“ или „работнички болести“ (најчесто туберкулозата).

Во терминологијата користена од државата, се наоѓале и термини за опишување социјални задачи на властите: „отстранување на општествените спротиставености“, „ублажување на социјалните тензии“, „право и должност на интервенција во стопанските односи“, школување на сиромашните, државна протекција на работната сила, заштита на „недораснатите“ работници (деца) и жени од „труд кој би го загрозил нивното здравје“. Интелектуалците биле сфатени како посебна група на „умствени работници“ кои поседувале „умни производи“.

---

139 Одредбите на работничкото законодавство во голем дел биле притисок на версајските договори, меѓународното лобирање на Друштвото на народите и меѓународното движење на работниците. Види: L. Petrović, op. cit., 123.

140 Прашањето на воените инвалиди и нивната социјална загрозеност и специфична невработеност останало нерешено за цел период, а државата постојано ги зголемувала рестрикциите кон овој посебен слој на граѓани (мажи кои учествувале во војните и жени - вдовици, самохрани мајки или мајки - кои изгубиле глава на семејството (во економска смисла) заради војна) и често се обраќале на одделенијата за социјална помош во своите општини. Види пример: *Календар Ратни Инвалид 1937*, (Скопље: „Немања“, 1937) на своите страници известувал за состојбата на воените инвалиди и начините на кои може да им се помогне.

141 „Денес под сиромаштија во социологијата се подразбираат две категории. Апсолутна сиромаштија која се дефинира како недостаток на средства за преживување (дом, храна, облека), додека релативна сиромаштија се одредува преку споредбата со доминатниот општествен стандард. Во меѓувоениот период, не се правела таква дистинкција. Се зборувало за социјално слаби поединци кои се делеле на физички и економски слаби граѓани. Се признавало дека постоела „блиска поврзаност“ меѓу овие категории заради некој вид на изедначување меѓу физичката слабост и еконосмката слабост. Економски слабите слоеви, биле во опасност да станат физички слаби заради материјалната оскудица, која би довела до болест или немоќ. Постоела и јазична-семантичка поделба на „неимашливи“ (oskudne), „сиромашни“ (siromašne), „безкуќници“ (uboge) и „бедници“ (bedne). Се сметало дека неимашливите живееле на основни сретства за преживување, со лишување на личните потреби, а од таа состојба можеле да излезат со своја сила, не сметајќи ја помошта од општеството и државата. Во потежок вид на немаштија биле сиромашните на кои им недостигале основни средства за живот, а причините се криеле во нивната невработеност или недоволна заработка на члековите надвор од семејството, болст или инвалидитет. Меѓу сиромашните и бедниците се наоѓале безкуќниците. Најнискиот слој биле бедниците, на работ на егзистенцијалниот амбис, под сенка на гладта, без постојани приходи, чии услови на домување биле такви што современиците ги нарекувале „луѓе кои живеат во трајна беда“ и кои примале социјална помош.“ L. Petrović, op. cit., 121.

Јазот меѓу законот и реалноста најсилно го чувствувале социјално загрозените слоеви.[142] Во периодот 1929 – 1941 година, може да се каже дека во социјалните политики се истакнувала визијата на Милан Стојадиновиќ за социјални права за работниците (со цел, побрз раст на индустријата), а присутен бил и „селанскиот социјализам" на Драгољуб Јовановиќ,[143] предводникот на левото крило на Сојузот на земјоделците, каде провејувале идеи како еднаквоста меѓу мажите и жените како социјална визија.[144] Во јавноста присутни и гласни биле теориите и политиките за кои се залагале комунистите чиј речник и дефинирање на проблемите видно се разликувал од оние на граѓанските партиите кои биле или гравитирале околу власта и опозицијата.

На територија на Вардарска Македонија, здравствените политики и воспоставувањето здравствени институции имале зачеток од Балканските војни и биле поврзани со проблемите на здравјето на населението за време на војна, епидемиите на колера кои настанале тогаш, спроведувањео на вонредна состојба заради епидемија, како и климатско-географските одлики погодни за маларија.[145]

Првите задачи на Министертвото за здравје во *Јужна Србија* се однесувале на асанација на мочуришта и систематско проучување на маларијата и воспоставување организација на здравствена служба.[146] Како посебна задача се јавила и едукативната функција на наведените институции.[147] Од проблемите на селото, истакнат бил

[142] Ibidem.

[143] Драгољуб Јовановић (Пирот, 8 април 1895 – Београд, 23 мај 1977), српски политичар, доктор на правни науки во Сорбона, универзитетски професор. Член на *Сојуз на земјоделците* и основач на Народна селанска партија. Во своето филозовско-политичко дело „Novi Antej", ја критикувал монархијата и диктатурата на кралот во Кралството Југославија, по што бил неколку пати затворан. Се залагал за социјална правда и решавање на селанското прашање преку социјализам. Член на претседателството на ФНРЈ (1946-1947).

[144] L. Petrović, op. cit., 127.

[145] Марина Ѓорѓевска ,,Вардарскиот дел од Македонија под српска власт (1912 – 1915)" (Магистерски труд), Скопје: УКИМ, 2018, 108 – 119, *confer* Верица Јосимовска, *Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918)*, (Штип, 2014); Боро Николовски, *Прилози за историјата на здравствената култура на Македонија*, (Скопје, 1995).

[146] Хигиенски завод во Скопје со здравствени станици во Велес, Драчево, Извор; Дом на народно здравје Штип (ЗС во Кочани и Св. Николе); ДНЗ Струмица (ЗД Моноспитово, пирава, Гевгелија); ДНЗ Прилеп (ЗД Кавадарци, Тополчани, Јужен Брод; Рехабилитација во Крушево); ДНЗ Битола (ЗС Кенале, Николец, Ресен, Ивањевци, Жван, Рехабилитација на Пелистер); ДНЗ Струга (ЗС охрид, Кучево и Дебар); ДНЗ Тетово (ЗС Ростуше). В. Миловановић, op. cit., 36–38; Освен тоа, Маја Миљковиќ – Ѓуровиќ дава табеларни податоци за состојбата на болниците на територија на Македонија до 1922 година, и тоа во Битола, Велес, Штип, Охрид, Гевгелија, Скопје, Прилеп, Тетово, види: Маја Миљковиќ – Ѓуровиќ, op. cit., 97. Според статистичките податоци на авторката за бројот на прегледани во амбулантите и прогресивното намалување на прегледи, епидемиолошката состојба се подобрила и имала таков развој до 1933 година. Ibidem, 101.

[147]„Целокупната дејност била насочена кон што поскоро искоренување на старите сфаќања во лекувањето и одржувањето на стабилната здравствена состојба, допринесувајќи со тоа за подигнување на здравствената култура во рамките на цела Македонија. Скопскиот хигиенски завод во таа насока од 1927 г. започнал со филмско прикажување на здравствено-едукативни филмови. Во почетокот

проблемот со штедењето и чувањето на храната, како дел од карактерот на селаните, а во варошиците и градовите – протокот на фекални материи (во ниеден од градовите немало водовод и канализација) и нечистотијата во хотелите и сместувалиштата.[148]

Од 20-тите години се забележува и системски пристап кон спречување на ширење и лекување на кожно-венеричните заболувања. Според властите, овие заболувања најчесто ги шireле проститутките, чиј број во градовите „бил зачудувачки голем.“[149] Власта со закон ги регулирала нивните прегледи, така што на краток временски период тие биле задолжени да направат гинеколошки прегледи заради контрола на венеричните заболувања.[150] Во 1920 година во Битола било формирано и посебно одделение сместено во Општинската болница.[151] Додека во некои амбуланти можеле да се препишуваат и земаат бесплатни лекови во одреден случај, апотекарството главно се врзувало за претприемаштвото и трговијата како добар бизнис.[152]

Социјалните политики наоѓале функција на интервенција и кај средната класа особено во регулирањето на моралот во градовите и варошиците каде модерните процеси биле иреверзибилни и раѓале нови начини на однесување во секојдневието. За овие „микрополитики“ значајно било делувањето на триаголникот меѓу здравствените институции, образовните институции и хуманитарните здруженија (најчесто здруженија на жени од високата класа). Еден од примерите е Движењето на трезвеноста (Pokret trezvenosti), кое се залагало за градење на граѓански морал меѓу локалното население, воздржување од конзумирање алкохол, пушење, долго

---

филмовите биле позајмувани од Хигиенскиот завод во Загреб, а од 1931 до 1933 г., Хигиенскиот завод забележал и сопствена продукција во рамките на Фотофилмското ателје.“ Јасмина Дамјановска, „Процесите на модернизација во Вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 г.“ (докторска дисертација), (Скопје: УКИМ, 2014), 283.

148 М. Миљковиќ – Ѓуровиќ, op. cit., 93–107.

149 Градското поглаварство на Град Скопје, проблемите со проституцијата ги третирало под категоријата „комунални работи“. На седница одржана на 21 јуни 1921 година до поглаварството стигнало барање за одредување место во градот за сместување на женски лица кои се занимаваат со проституција (6.1.7.288/990, Фонд Градско поглаварство на Град Скопје (1918 – 1941)). Истото прашање повторно се отвора на седница на Одборот на Судот на општината на град Скопје одржана на 23 јули 1921 година, на која било донесено решение со кое се одбива барањето на Маца Голубовиќ и Роса Антиќ за издавање општинска кафеана под закуп заради проституција (6.1.8.298/713 – 714, исто.) Но, по два месеци, на 29 септември 1921 година Судот донел решение за наоѓање на место во град Скопје за изградба на јавна куќа (6.1.9.194/458 – 453, исто). Покрај двојниот морал на средната класа во општеството на Југославија, државата свесно и систематски постапувала кон истовременото регулирање, а јавно потиснување на проблемите на проститутките и проституцијата како појава во општетсвената реалност.

150 Види повеќе кај Dragan Radulović, *Prostitucija u Jugoslaviji*, (Beograd: „Filip Višnjić“, 1986).

151 Ј. Дамјановска, op. cit., 288.

152 V. Jovanović, op. cit., 133.

посетување на кафеани, „недолично јавно однесување", а со особена строгост се гледало на овие одлики кај современата жена. Во контекст на работничкото население кое живеело по градовите, овие појави во печатот и јавниот дискурс се препишувале и како „дегенерација на населението/работништвото". Целта била избегнување на негативните социјални последици од модернизацијата и конзумеризмот на кои се гледало како на фактори-уништувачи на „бракот и семејството". Издавале свое списание, „Јужна стража", кое можело да се најде и меѓу жителите на Вардарска Македонија.[153]

Во публикациите чести се советите и написите од црковните лица. Слично било и со дејноста на националното женско друштво *Коло на српските сестри* (Kolo Srpskih Sestara), кои посветувале внимание на здравствени едукации меѓу младите и организирале хуманитарни настани за сиромашните.[154] Меѓутоа, во овие акции длабоко се огледува и спомената „цивилизациска мисија" спроведувна главно од „национални работници" од Србија.[155]

Меѓу најгласните критичари на социјалните политики биле Берзата на трудот и Окружниот уред со седиште во Скопје. За време на раководството на веќе споменатиот своевремен „социјален работник" Растко Пуриќ, стануваат „институционално видливи"[156] проблемите од новата социјална реалност во Вардарска Македонија, онаа на работниците во индустријата.

---

[153] Дел од содржините во „Јужна стража": Иван Кањух, „Борба против једног зла", во *Јужна стража – Омладински часопис*, год. 1, бр. 1 (1933): 2 – 14; Војислав Илић, „Напред синови трезвености", исто, 14; Нада Пешић, „Улога жене у сузбијању алкохолизма", во *Јужна стража – омладински часопис*, год. 1, бр. 3 (1933), 14; Бр. М. Штета, „Младеж и алкохол, који је наша несрећа", во *Јужна стража – омладински часопис*, год. 1, бр. 4-5 (1933), 9; Хрисанта Робевић, „Жене алкохоличарке", исто, 17;

[154] Види на пример за едукациона статија во официјалната публикација на друштвото: Стев. З. Иванић, „О туберкулози", во *„Вардар" Календар Кола Српских Сестара за просту 1929 годину*, (Београд: „М. Карић, 1928), 110–113.

[155] Види повеќе за националната дејност на женските здруженија и образците на „цивилизациска мисија": Ивана Хаџиевска, „Нацијата и класата во женските движења од 19. век: Србија и Бугарија, компаративен преглед", во *Историја,* LIII – 2 (2018), 5–20.

[156] Искористен е изразот „институционална видливост" за да се разграничи видливоста на социјалните проблеми на работниците која постоела во печатот, публикациите и делата на про-комунистички, про-социјалистички независни фактори (*agents*), како на пример „Лучистите" во весникот *Луч*, весниците „Работничка стража", „Социјалистичка зора" и сл. од протагонисти на социјалистичкото или комунистичкото движење кое се јавило своевремено во Варадрска Македонија. Заради политичките состојби и владеачката идеологија на државните институции и про-владините медиумски известувачи споменатите фактори биле цензурирани и немале пристап до политиките, па „институционалната видливост" во про-владините медиуми или не-цензурираните од државата публикации била осветлувана од социјални работници како примерот со дејноста на Растко Пуриќ, кој идеолошки се изјаснувал контра-комунистички, контра-социјалистички.

## 3. Индустријата во Вардарска Македонија

Кај македонските историчари од првата, воедно социјалистичка генерација, постои согласност за почетоците на индустријата („индустриската револуција“) во Македонија во втората половина на XIX век.[157] Согласно, досегашното разбирање за историјата на развојот на индустријата во Македонија се развирала низ: симплификација на марксистичкиот опис за „преодни облици на мануфактурата во Македонија“;[158] „тенок слој од луѓе кои при крајот на првата половина од 19 век започнале да навлегуваат во ерата на акумулација на капитал;“ и „ширењето на трговијата и општо јакнењето на улогата на трговскиот капитал во стопанскиот живот на земјата“;[159] Јавувањето на „простата капиталистичка кооперација“ се објаснува како симбиоза на трговскиот капитал со занаетчиството, во период кога етногеографската територија на Македонија во економска смисла била „интегрална целина“ со Солун како важен индустриски центар.[160]

Напротив, кога Тодор Мировски ја бранел својата докторска дисертација во 1934 година, посветена на стопанството на подрачјето на Вардарска Македонија,

---

[157] Види пример: „Индустриската револуција како комплексен процес и квалитативен скок во модернизација на производството со примена на технички иновации и премин од рачна на машинска работа која предизвикала делекусежни структурни промени во економиката и општествените односи на производството, започнала и во Македонија, како и во другите југословенски земји во средницата на XIX век. .. Процесот на создавањето и ширењето на индустриските претпријатија во Македонија за време на турското владеење се одвивал во неколку сукцесивни фази. Првата фаза траела од средината на 19 век до последната деценија на истиот век, втората фаза до крајот на 1903 година, третата фаза до Младотурската револуција, а четвртата фаза до отпочнување на Балканските војни.“ Dančo Zografski, “Glavne faze, obeležja i dimenzije razvitka industrije u Makedoniji do kraja Drugog svetskog rata”, in *Acta historico-oeconomica Iugoslaviae,* vol. 1 (1974): 123–139, 123.

[158] Види пример: „трговијата, лихварството, закупувањето на даноците, како лесен начин на на нараснувањето на капиталот и слично, ги зајакнаа позициите на домашната буржоазија и го овозможија нејзиното претварање во стимулативен фактор за развој на градското производство, кое во правта половина на XIX век се базираше врз еснафските организации. .. Се издвојуваа посебни занаети со поделбна на трудот кои произведуваат за „непознатиот потрошувач“, т.е. стоковното производство добиваше сé пошироки размери. Занаетите во средината на XIX век во Македонија стануваа средишта на стоковното производство.“ Данчо Зографски, „Преодни облици на мануфактурата во Македонија“, од *Одбрани дела*, кн. 1 (Скопје: Наша книга), 110.

[159] Види пример: „Ширењето на трговијата и општо јакнењето на улогата на трговскиот капитал во стопанскиот живот на земјата главно беа најважните фактори за ембрионалната диференција на производството по градовите, .. Улогата и влијанието на трговскиот капитал во Македонија во тоа време беа од значење за преобразувањето на тогашниот начин на производство т.е. за постепено нагризување на турскиот феудален поредок, ….“ Д. Зографски, op. cit., 113.

[160] Види пример на дискурсот: „Одделни македонски трговци станувајќи сопственици на средствата за производство, почнаа да истапуваат како организатори на процесот на производство во своја режија. Простата капиталистичка копперација со текот на времето стана најшироко распространета форма на новиот вид на производствени единици со поголем квантум на ангажирана сила и примена на наемен труд. Работилниците, во кои со пласираниот капитал од имотните трговци се ткаеше платно и шајак, или се преработуваше кожа и сл., може да се сметаат за таква форма на проста капиталистичка копперација во Македонија. Овие работилници беа првите претпријатија со капиталистички елементи и тие воедно ја претставуваа појдовната точка на капиталистичкиот начин на производство.“ Ibidem, 116–117.

пишувал дека „во времето на Турците не може да се зборува за индустрија во Македонија, зошто неа воопшто ја немало. Целокупната индустрија во Македонија се состоела од две до три мелници, кои се наоѓале во Скопје и Битола.“ Според него, темелот на „модерната индустрија“ во Македонија е удрен во 1920 година кога започнале да се основаат некои претпријатија.[161] И Милан Р. Гавриловиќ (Milan R. Gavriloviħ) во 1933 година пишува како

„оваа гранка на стопанството [индустријата. ИХ] за време на отоманската власт била многу слабо застапена. Слабата сигурност за капиталите и слабата лична и имотна безбедност го кочеле секој стопански напредок од повисока скала. Целокупната индустрија од 1912 година по ослободувањето [припојувањето на територијата од страна на српската војска. ИХ] се состоела од неколку млинарски претпријатија, кои биле наменети исклучиво за снабдување на гарнизоните на турската војска, додека многу незначајни количини биле трошени за приватно претприемаштво. Со ослободувањето од 1912 година приликите се менуваат од корен, а особено по 1918 година, кога индустриската дејност започнува да зема се поголем замав. Причините за вакво рапидно напредување треба да се бараат во фактот што Јужна Србија изобилува со скоро сите суровини за индустриско производство. Од неколку затекнати претпријатија во 1912 година, денес оваа покраина брои 120 претпријатија [авторот тука зборува за цела Јужна Србија. ИХ], а некои од нив по својот капацитет и технички уреди може да се сврзат во редот на најдобри претпријатија во нашата земја.“[162]

Лимитите на вака поставената теза за развојот на индустријата во Вардарска Македонија се преиспитани од современите историчари, па така Нада Бошковска забележува како авторите (од првата генерација) истовремено зборуваат за индустриска револуција во Македонија која се случила во втората половина на XIX век, а истовремено забележуваат дека „техничката опрема била проста, бројот на работниците бил мал и учинокот во квалитет и квантитет останал скромен“. Потоа, скоро и да не постоела индустрија во Вардарска Македонија во вистинската смисла на зборот каков што се подразбирал во меѓувоениот период. Важноста на индустријата како стопанска гранка била на последно место, зад земјоделството, сточарството, трговијата и занаетите.[163]

---

[161] Т. Мировски, op. cit., 227.
[162] Милан Р. Гавриловић, *Привреда Јужне Србије*, (Скопље: „Немања“, 1933), 91.
[163] N. Boškovska, op. cit., 136.

Уште поинтересни се термините и тезите кои може да се најдат во екстензивните историско-економски анализи на Никола Узунов и група автори, работени во 80-те години на XX век во Економскиот институт во Скопје. Промените кои настанале кај неземјоделското население во Вардарска Македонија во периодот 1921 – 1948 година, авторите ги карактеризираат како „задоцнет капитализам“ под што подразбираат задоцнета индустријализација,[164] промени во земјоделството без негова модернизација, напуштање на селото, а сепак проследено со аграрна пренаселеност заради неможноста на градовите и индустријата да го абсорбираат природниот прираст на селото.[165] Според авторите, постоел процес на прераснување на занаетчиските работилници во мали фабрики, кој траел од крајот на XIX век до 50-те години на XX век, но тезата на авторите оди до крајност и вели дека во Вардарска Македонија пред Втората светска војна немало индустријализација.[166]

Притоа како одлучни фактори за индустријализација и создавање заокружени индустриски региони/центри за авторите се агломерацијата на работна сила и постоењето на приватни индивидуални капитали:

„Овој процес во Македонија траеше долго време, т.е. од крајот на XIX век, кога тука се појавија првите индустриски погони, па се до средината на XX век, т.е. некаде до 1950 година. До Ослободувањето [победата НОВ и создавањето на Демократска Федерална Македонија, 1944. ИХ] оние приватни сопственици, кои постигнуваа постепени, но и постојани деловни резултати, комбинирајќи го своето занаетчиско производство со трговијата, акумулираните заштеди ги инвестираа повремено во ширење на капацитетите и набавка на машинска опрема. За да се подигне вистинска фабрика, најчесто беше потребно ортачењето на неколкумина такви сопственици. Така беа подигнати најголемиот број од вкупно 140 индустриски претпријатија колку што постоеја во 1945 година.“[167]

Според економското читање на авторите на историските причини за „задоцнетиот капитализам“, се работело за несинхронизираноста меѓу процесите на индустријализацијата, деаграризацијата, урабанизацијата и миграцијата на подрачјето

---

[164] Терминот „задоцнета индустријализација“ го користи и Ристо Христов, види: Ристо Христов, „Градското стопанство на Варадрска Македонија меѓу двете светски војни низ архивски извори“, во *Историја*, год. 88-89, бр. 1-4 (1999): 93–108, 95.
[165] Никола Узунов, Ангел Георгиев и Методија Несторовски, *Степенот на (не)синхронизираност меѓу процесите : индусттријализација, деаграризација, миграција и урбанизација во СР Македонија*, (Скопје: Комунист, 1988), 64.
[166] Ibidem, 17–41.
[167] Ibid., 22.

на Вардарска Македонија. Во поглед на урбанизацијата – како најлогичен пропратен процес на индустријализацијата (но и обратно, сфатена како чинител) – несинхронизираноста станува највидлива: фаза на интензивна урбанизација, сфатена првенствено како „урбанизација на населението“, авторите забележуваат за време на турското владеење и го користат терминот „хиперурбанизација“, „предвремена урбанизација“, „прекувремена урбанизација“ на населението без индустријализација на стопанството.

Градското население во Македонија не се зголемувало врз основа на развојот на индустријата, туку врз основа на градската латентна невработеност. Додека пак во периодот на Кралство Југославија авторите забележуваат фаза на „стагнација на урбанизацијата поради отсуство на индустријализација“. Авторите тврдат дека градовите немале никаков индустриски развој, па не бележеле никаков пораст врз основа на миграција од селата. Но социјалните проблеми на градови како Скопје и селата кои гравитирале околу Скопје укажуваат на спротивни примери кои ја истакнуваат токму природата на процесите на индустрискиот развој. Според извор од 9 март 1931 година, „по интервенција на Работничката комора, Судот на општината на градот Скопје бара Тутунската станица – стовариште на непреработен тутун да вработува првенствено невработени граѓани од град Скопје, а не селани од околните села;“[168] според извор од 10 јули 1931 година, се повторува истото барање овојпат упатено од Управата на град Скопје до „Државната тутунска станица, да не вработува селани од поодалечените краеви, туку невработени граѓани од Скопје.“[169]

**Табела 2: Движење на населението според основните економски обележја**

| Год. | Вкупно население | Градско | % | Селско | % | Неземјоделско население | % | Земјодлеско население | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1921 | 789.286 | 217.473 | 27,2 | 580.813 | 72,8 | 205.160 | 25,8 | 593.126 | 74,2 |
| 1931 | 933.339 | 264.957 | 28,3 | 668.382 | 71,7 | 238.614 | 25,6 | 694.725 | 74,4 |

*Извор: Lazar Sokolov, Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja,* (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962)*, 30, 63-64, 90-91.*

Во деценијата меѓу двата пописа, односот меѓу градското и селското население се изменил малку: апсолутно земено, селското население се зголемило за 87.569 лица или годишно просечно за 8.757 лица – наспроти градското население кое забележало вкупен пораст од 47.484 лица или просечно годишно по 4.748 лица. Додека пак од

[168] Архив на град Скопје, Фонд Градско поглаварство на град Скопје 1918 – 1941, 6.1.100.62/266-269.
[169] Исто, 6.1.102.84/348-353.

односот во економската структура на населението гледаме дека процентот на земјоделското население во 1921 година (74,2) и во 1931 година (74,4) е поголем од процентот на селското население во соодветните години, едновремено и процентот на неземјоделското население, 25,8 во 1921 и 25,6 во 1931, е помал од процентот на градското население во соодветните години. Тоа што бројот на земјоделското население е поголем од бројот на селското се должи на неразвиеноста на градското стопанство и постоењето на земјоделски карактер на градовите и занаетчиството, индустијата, трговијата во нив. Во 1931 година процентот на градското население е поголем од процентот на неземјоделското население што укажува на почеток на процес на промена во развојот на градската индустрија, трговија и останатите неземјодеслки дејности во градовите.[170]

Тука треба да се додадат и податоците за менталитетот и промените во менталитетот на населението во однос на начинот на производство, стопанисување и разбирањето на сложените форми на економски живот. Особено кај градското население. Кога Тодор Мировски зборува за „духовните белези на македонците“ во насока на стопанството, тој согледува „конзервативност, непросветеност на народот и ниската култура на македонските стопанственици“ како причина за индустриската неразвиеност во османлискиот XIX век како и „недостаток на трговски морал“.[171] Според други современици:

„Гледаме потполна замреност во сите гранки на стопанската дејност. Во земјоделството гледаме акција која се сведува на самоодржување, а по градовите тип на мал ориентален ќепенек [работилница со земјен под, најчесто дел, приземје или подрум од приватна куќа. ИХ] каде цела работа се обавува со скрс-нозе (*sic!*) и со седење. .. Градовите на Јужна Србија давале слика на неорганизирани целини без било какви насоки за изгрдаба на самостојно претприемаштво. .. Нов стопански менталитет се формира [се мисли на периодот по 1912. ИХ] со мешањето на стопанственици од северните краеви на Србија.“[172]

И државните официјални извори знаеле да се повикаат на ориенталното минато и менталитет:

„Како што цивилизацијата и културата никогаш не можеле да фатат корен на територијата на Османлиската Империја, така и стопанскиот живот во нејзините земји

[170] Види и: Р. Христов, „Градското стопанство... op. cit., 95
[171] Т. Мировски, op. cit., 25, 195, 227.
[172] М. Р. Гавриловић, op. cit., 9–10.

бил замрен. Верни на своите атавистички одлики да работат само за денес, да не ја трошат животната енергија Турците делумно ја пренеле таа своја особина на поданиците па и тие работеле само онолку колку им било потребно да ги задоволат најосновните потреби.“[173]

Од друга страна, поделбата на трудот во семејството надвор од земјоделските и репродуктивните работи, на еден посложен начин заради економска добивка, бил дел од т.н домашна индустрија, која била „во рацете на жените“. Современиците го дефинирале и разликувале трудот кој се создавал во домашната индустрија на следниот начин:

„ситни облици на занаетчиска и индустриска дејност, со која се занимава нашето селско население во зимскиот период во своите куќи паралелно со земјоделскиот имот. Се работи за семејна организација и одсуство на наемна работна сила. Треба да се разликува од домашното непродуктивно работење (како на примерт изработка на облека и носија за себе си), а треба да се однесува на производот на селскиот индустријалец (*sic!*) кој го припрема за на пазар, пазарни денови или на годишни панаѓури, низ преработка на сопствените суровини и готови индустриски производи.“[174]

Во поглед на домашната индустрија, особено се одликувале Прилеп и Битола, за домашно производство на гајтани, кожарски производи и плетени чорапи, и тоа било „индустрија во раце на жените.“[175]

По 1918 година, со консолидацијата на приликите во Кралството СХС, стопанскиот живот „добил нов полет.“ Во периодот 1918 – 1929 година, државата донела важни закони, уредби и правилници кои директно се однесувале на (развојот на) индустријата: *Уредба за правна ликвидација на состојбите создадени со војната 1914 – 1918* (1920); *Закон за заштита на индустриската сопственост* (1920); *Правилник за продолжување на работното време во индустриските претпријатија* (1924); *Закон за инспекција на трудот од 30.11.1921*; *Поделба на државата на 10 области за инспекција на трудот* (25.08.1922); *Организација на Министерството за*

[173] Драган Видаковић, „Економско привредне и финансике прилеке у Вардарској Бановни“, *Алманах Бановина. Вардарска Бановина (у додатку: Врбаска Бановина и Зетска Бановина)*, (Београд, 1929), 31.
[174] Милена Д. Лапчевић, „Кућна индустрија“, во *Јубиларни зборник живота и рада СХС 1. XII 1918 – 1928 издање матице живих и мртвих СХС*, 1928, Београд, 140.
[175] М. Д. Лапчевић, op. cit., 141.

*трговија и индустрија (30.04.1919); Уредба за работничките комори од 21.05.1921; Работно време во индустриксите и слични претпријатија (12.09.1919).*[176]

На државно ниво, развојот на индустријата може да се претстави низ следните бројки: во 1921 година од вкупно 11.684.767 жители, 1.157.758 (9,9%) биле активни и издржувани во групата на професии „Индустрија и занаети", од кои фактички активни биле 522.091 (8,6%), од лицата кои заработувале а по положба во професијата биле работници, најбројни биле токму во „Индустрија и занаети", 175.582 работници; во 1931 година од вкупно 13.934.038 жители, 153 052 (11%) биле активни и издражувани во „Индустрија и занаети", од кои фактички активни биле 717.082 (10,7%), од лицата кои заработувале по положба во професијата работници, повторни најбројни биле во „Индустријата и занаетите", 309.034 работници.[177] Бројот на индустриски работилници (неакционерски) во 1920 година изнесувал вкупно 413, а во 1929 година вкупно 3.309.

Индустриските работлиници во овој период најинтензивно се јавуваат на подрачјето на Загребската индустриска комора.[178] Бројот на индустриски претпријатија (акционерски друштва) во 1929 година изнесувал вкупно 247 и најмногу ги имало на територија на Савската бановина (98), а во 1939 година нараснал на вкупно 3.259 индустриски претпријатија, и најмногу ги имало на подрачјето на Белградската индустриска комора (712).[179] Според податоците на Народната банка на Југославија во последното тромесечје на 1936 година се забележала најинтензивниот перод на индустријата: вработеноста во индустриските претпријатија била за 10% поголема од четвртото томесечје од 1935 година, а близу 30% од состојбата во истотот томесечја на 1934 година; најголемо оправување се бележело кај шумската индустрија, млинската индустрија го зголемила искористувањето на капацитетите; производството во индустријата за пиво било во опаѓање; металната индустрија се развивала поволно и сите ливници работеле со полн капацитет; текстилната индустрија го зголемила бројот на вработувања за 14% во споредба со последното тромесечје од 1935 година.[180]

---

[176] Види подетално: Janko Bedeković, *Zbirka zakona, naredba I svih propisa državne uprave po abecednom i vremenskom redu*, (Zagreb: Tisak jugoslovenske štampe D. D., 1926).

[177] *Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju),* Sarajevo, 1940, VII-XII.

[178] *Статистички годишњак 1929*, кн. 1, Општа државна статистика, (Београд: Државна штампарија Краљевине Југославије, 1932), 178–179.

[179] *Статистички годишњак 1940*, кн. 10, Општа државна статистика, (Београд: Државна штампарија, 1941), 180–182.

[180] Детално за сите индустриски гранки види: *Народна привреда у четвртом тромесечју 1936 године,* Извештај гувернера Народне банке, бр. 4, (Топчидер, Народна банка Краљевине Југославије, 1937), 12.

Просечниот број на осигурани работници за првите два месеци на четвртото тромесечје од 1936 година изнесувал 651.631 и ги опфатило скоро сите индустриски гранки. Покрај значајното зголемување на вработеноста, во 1936 година повторно побројна била неквалификуваната работна сила. Во декември 1936 година бројот на пријавените невработени лица во Берзите на трудот бил најголем и изнесувал 22.069.[181]

Дефиницијата и критериумите за фабрика и индустриско претпријатие или работилница не биле воедначени во државата. Според состојбата на крајот од 1926 година, во Кралството имало вкупно 4.031 „индустриско претпријатие". Поимот индустриско претпријатие (индустриско предузеће), т.е разликата меѓу индустриска работилница и занаетчиска работилница, не бил единствено утврден/а за цела држава, заради тоа што ни стопанското законодавство (обртно законодавство) не било целосно изедначено. Дефиниција за индустриско претпријатие давал Членот 32/1 од *Законот за работилниците од 5.7.1931 година*, кој гласел:

„Како индустриски (фабрики) работилници во смисла на овој Закон ќе се сметаат, со оглед на начинот на производството, претпријатијата кои изработуваат, доработуваат, произведуваат во работилниците или на определено место со поделба на трудот и вработување на поголем број на работници, а работата редовно ја вршат со употреба на моторна сила и производите ги произведуваат за стоваришта или за порачки во поголем обем. Во случај на сомнеж дали во ваквите работилници се работи за фабрички начин на работа се одлучува по сослушување на заинтересираните, коморите, Банот."

Според тоа, она што во некои области се сметало за индустриско претпријатие, во други се сметало за занаетчиско претпријатие. На територијата на Србија за индустриски претпријатија се сметале оние во кои работеле повеќе од 15 работници и ученици, доколку се употребувала моторна сила. На територијата на Загребската индустриска комора за индустриски претпријатија се сметале поголеми претпријатија во кои со машините управувале најмалку 20 работници. На територијата на Љубљанската индустриска комора за индустриски претпријатија се сметале само оние кои имале значење на фабрика со машинско производство.[182] Според изворите, на

[181] *Народна привреда у четвртом тромесечју 1936 године...* op. cit., 13.
[182] Цветко Грегориħ, „Наша Индустрија", во *Јубиларни зборник живота и рада СХС 1. XII 1918 – 1928 издање матице живих и мртвих СХС,* 1928, Београд, 161.

подрачјето на Вардарска Македонија како индустриски претпријатија често се јавуваат и посложени мануфактурни работилници или посложени занаетчиски работилници.[183]

Индустријата на југот се сметала за „ризична и комплицирана гранка на стопанството“ заради пазарната борба и конкуренстоста на домашниот пазар на индустријата од поразвиените покраини кои веќе имале капиталистички развој. Државата во 1926 година го игнорирала барањето на стопанствениците од Јужна Србија за носење закон за потпомагање на индустриската дејност во Јужна Србија. Според Уредбата за издавање индустриски обврзници, било предвидено издавањето на обврзниците да можат да го вршат само акционерски друштва чиј уплатен капитал изнесувал најмалку 10 милиони динари. Бидејќи ниедно претпријатие во Јужна Србија не ги исполнувало овие критериуми и повеќето претпријатија биле неакционерски, јасно е дека при изработката на нацрт-законите не се водело сметка за состојбите во јужната покраина.[184]

Владан Јовановиќ на оваа тема заклучува дека понекогаш се чинело дека постои инертно или свесно уназадување на стопанските кругови и се заштитувале „караванот и дрвеното рало“ наместо државните официјални политики за нивно искоренување:

„Територијалната нерамномерност на индустријализацијата во југословенската држава била посебно видлива на подрачјето на Јужна Србија. Според некои пресметки од 1945 година, Територијата на Македонија (значи, делот од Јужна Србија) имала сразмерно на бројот на жители најмалку инвестиран капитал, погони (во КС) и работни места, после Црна Гора. Исто така “личната врзаност на капиталистите за своето место“ предизвикувала претпријатијата да се основаат во места кои немале оптимална сообраќајна локација („територијална неподвижност на новоформираниот капитал“).“[185]

Сепак, Никола Узунов успева да дефинира индустриски центри на соодветно ниво во Вардарска Македонија:

„Развитокот на индустријата (преработувачка и екстрактивна) на територија на денешна СР Македонија во периодот меѓу двете светски војни бил релативно брз ако

[183] Коста Сидовски прави соодветн критериумски соодност меѓу дефиницијата за индустриско претпријатие и капацитетите на индустриските претпријатија кои постоеле на територија на Вардарска Македонија, види: К. Сидовски, *Развитокот на индустријата…*, op. cit., 352–356.

[184] Нада Бошковска подробно ги објаснува начините на кои државата свесно или несвесно ги саботирала во обидите за индустриски политики на југот, особено политиките кон локалните стопански елити: „Everything needed was missing: primarily capital, a tradition of entrepreneurship, a qualified labour force, and not least, a minimal network of transport and communications. In this respect the state failed completely“, N. Boškovska, op. cit., 135–140.

[185] V. Jovanović, op. cit., 251–253.

се спореди со положбата пред овој период. Ако терминот индустиски центар се дефинира условно како град во чија индустрија се запослени вкупно повеќе од 1.000 лица или во кој се лоцирани најмалку четри индустриски препријатија ќе се констатира дека во 1940 година постоеле шест такви индустриски центри: имено Скопје, Битола, Велес, Куманово, Прилеп и Тетово, со преработувачка индустрија главно тутунска, и еден рударски центар – Радуша. .. Освен овие, во 1940 година постоеле преку 17 позначајни индустриски места (со помалку од 1.000 лица запослени во индустрија или помалку од четири индустриски претпријатија). .. Сепак за формирање на заокружени индустриски реони сé уште не може да се зборува, а уште помалку за формирањето на еден комплексен индустриски реон на ова подрачје."[186]

Соодветно на ова, но со мало поместување на тезата во корист на развојот на индустријата на подрачјето, изворите ги опишуваат индустријалците како

„народни луѓе кои немаат индустриски традиции, но го познаваат одлично својот пазар и неговата чисто трговска страна. Освен тоа, според своите психолошки особини, тоа се озбилни, трезвени, промислени луѓе. Таа резервираност претставува многу симпатична црта на стопанствениците од ова подрачје. Тие не се загреваат многу брзо, можеби немаат широки видици, но затоа се реални, добри економисти, штедливи. Наместо шуми од индустрикси оџаци, за организирање на големи производства, тие имаат смисла за реалност и способни се да се ограничат на она што е возможно."[187]

Индустријата се развивала главно во оние гранки на производството чии технолошки процес и организација условувале вработување на мал број квалификувана сила, а поголем број неквалификувана и биле сврзани со мали инвестициски вложувања. Првите индустриски претпријатија преработувале домашни суровини и се работи за производство во прехрамбената индустрија (млинска, мелничка, пиварска, за производство на зејтин, шарлаган, бомбони и чоколади), текстилна индустрија, кожна индустрија, графичка индустрија, електростопанство, индустрија на градежен материјал, метална индустрија, дрвна индустрија, хемиска индустрија, преработка на неметали, тутунска индустрија и рударство, од кои за последните две – тутунарството (тутунарските претпријатија и одгледни станици според економската методологија на

---

[186] Никола Узунов, *Индустриските центри во СР Македонија*, (Скопје: Економски институт, 1970), 13.
[187] Милан Чемерикић, „Трговина, занатство, индустрија, кредитне установе, од 1875 до 1937 године", во *Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937*, Алекса Јовановић (ур.), (Скопље: „Јужна Србија", 1937), 716.

државата не спаѓале во индустрија) и рударството – државата спроведувала посебни закони.[188]

Во овој труд ја прифаќам тезата за развојот на индустријата на подрачјето на Вардарска Македонија на Коста Сидовски, според која развитокот на индустријата меѓу двете светски војни, може да се подели на две фази: првата фаза, од 1918 до 1929 година, се карактеризира со извесна динамична изградба на индустријата; и втората фаза, од 1930 до 1941 година, кога се бележи поинтензивна индустријализација, особено засилена во перодот 1935 – 1940 година. Со изградбата на нови капацитети осетно се изменила и производната структура на индустријата и се јавиле нови гранки кои дотогаш не постоеле:

„Од вкупно 96 новоизградени индустриски претпријатија во периодот што се третира тука, во првата фаза се изградени 32 нови индустриски претпријатија, односно 33,6 %; а во втората фаза 64 претпријатија или 66,4% (во овој број не се земени во предвид седум ликвидирани и девет затечени претпријатија, кои функционираат до 1941 година). Првата фаза паѓа кога стопанството на НР Македонија се прилагодувало на новосоздадените услови и започнува да се консолидира од воените разурнувања. Од 32 индустриски претпријатија, колку што се изградија во оваа фаза, најголем број отпаѓа на тутуновата индустрија (11), прехрамбената (9) и електростопанството (7). Исклучувајќи ја тутуновата индустрија, во која е инвестиран државен капитал, најголеми инвестициони влагања бележи прехрамбената индустрија и електростопанството. .. Втората фаза на индустрискиот развиток започнува со избувнувањето на светската економска криза и трае се до Втората светска војна (1930 – 1941). Во оваа фаза, иако во периодот на светската економска криза се влоши општата економска ситуација, индустријата продолжи и натаму да се развива, но со побавно темпо. Така, во времето на траењето на кризата не само што успеаја да се одржат индустрски претпријатија што постоеја на територијата на НР Македонија, туку се основани и други индустриски претријатија...“[189]

Изворите од периодот 1918 – 1941 година конструираат поинаква слика за развојот на индустријата на подрачјето на Вардарска Македонија од востановените историографски гледишта од 50-те години на XX век. Може да заклучиме дека несинхронизираноста меѓу набројаните пропратни или причинителни процеси на индустриското производство е факт, но и постоењето на индустријата и

[188] Види примери кај: J. Bedeković, op. cit.
[189] К. Сидовски, op. cit., 11–12.

индустријализацијата на одреден степен, последиците од неа врз менталитетот, егзистенцијата и секојдневниот живот на населението исто така се видлива и реална историска категорија која од 20-те години на XX век, може понатаму да се проучува квантитативно и квалитативно. Конечно, изворите укажуваат на преголемата поедноставеност на скратена констатација за непостоењето на индустрија во Вардарска Македонија или терцијарното значење на индустријата, кои во секој случај, не се правопропорционални со последиците и промените од индустриското производство врз населението и создавањето на население вработено во индустриска дејност, како и создавањето домашна/локална елита во индустриското производство под влијание на државните политики.

### 3.1 Бројност и состојба на индустриските претпријатија (1918 – 1941)

Бројноста и состојбата на производствените и погонските капацитети на индустриските претпријатија во Вардарска Македонија може да се реконструира низ неколку, главно нецелосни во поглед на подрачјето, индустриски статистики, пописи и собрани податоци од Трговско индустриската комора во Скопје и извештаите од Скопската продуктна берза, како и посредно низ статистичките податоци во неколку објавени извори. Како други важни анкети и пописни извештаи корисни за реконструкција се: *Привредни алманах Југословенског Лојда* (Загреб, 1929), *Извештај Скопске продуктне берзе за 1939 године* (Скопје, 1940), *Извештај Инспекција рада и парних котлова Краљевине Југославије у 1931 године* (Београд, 1933) кој упатува на бројот на затворени индустриски претпријатија и работилници под услови на светската економската криза, *Индустриска статистика – Резултати индустриског пописа из 1939 година – Запослено особље* (Београд, 1946), *Статистика индустрије Краљевине Југославије за 1938 година* (Београд, 1941), особено важниот *Регистар са податцима индустријских предузећа Варадрске бановине* (необјавен архивски документ кој го користи Коста Сидовски), податоците од Централното „Прес-биро“ на Кралството Југославија, како и Пописот извршен од Државниот статистички уред – Статистичка дирекција за Македонија од 1945 година, заедно со пописните листи на Повереноството за народното стопанство на НР Македонија.

За дооформување на сликата на развојот на индустријата, користев необјавени архивски извори од собраните податоци за индустриските претпријатија на подрачје на Трговско индустриската комора во Скопје испратени до Министреството за трговија и

индустрија во Белград во 1935 година[190] и списоците со податоци кои се дел од Извештајот на Кралската банска управа за индустриските претпријатија на ниво на Вардарска бановина за 1939 година.[191] Сумирањето на сите овие податоци со различна периодизација во интегрална слика и функција на определувањето на бројот и капацитетите на индустријата, е направено со помош на анализите на Коста Сидовски.

Причината за нецелосноста на статистиките за индустријата како проблем во реконструкцијата на бројноста и движењето на индустриските капацитети во Вардарска Македонија во склоп на Кралството Југославија, се должи на состојбите со економската статистика во самата држава. Всушност, воведувањето на сеопфатна статистика во економијата на Кралството Југославија било по интернационална препорака на Друштвото на народите во 1927 година, по одржувањето на Меѓународната економска конференција каде се донела одлука за одржувањето статистики за националните индустрии т.е да се донесат договори во поглед на техничките изрази, рамки и методи при одржувањето на индустриските статистики.

На поле на индустриски катастри или статистики во Југославија, состојбите се менуваат во 1929 година, кога бил спроведен еден обид за попис на Јозо Лактош (Jozo Laktoš), кој го објавил познатиот „Стопански алманах на југословенког Лојд“ (Privredni almanah jugoslovenskog Llojda). Потоа следеле пописот на преработувачката индустрија од 1934 година и државниот попис на индустријата од 1938 година. Токму за време на овие пописи, одново се проблематизирало како да се дефинира индустриско претпријатие за да би можело да се вброи во пописот.[192]

При утвдрувањето на точниот број на индустриски претпријатија мора да се има во предвид и каков бил начинот на нивната регистрација: од една страна, дали едно претпријатие ќе било регистрирано за индустриско зависело од волјата на основачот, т.е. од бенефициите или издатоците кои би ги добил со регистрацијата, од друга страна, главно мислење при одлуката за регистрирање индустриско претпријатие давале индустриските комори кои материјално зависеле од коморските придонеси кои се зголемувале со бројот на регистирани претпријатија, па тенденцијата била да се регистираат повеќе претпријатија без темелна проверка на капацитетите.[193]

---

[190] ДАРСМ, Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија – Белград, 1.1039.2.3/6–22.
[191] Исто, 1.1039.2.5/24–76.
[192] S. Ђurović, op. cit., 15.
[193] К. Сидовски, op. cit., 353.

Поради набројаните причини, овде ќе биде користиена методологијата утврдена од Коста Сидовски за индустриски критериуми во прехрамбената, текстилната, кожната, графичката, хемиската, дрвната, металната индустрија, електростопанството, тутунарството и рударството.[194]

По воените разурнувања од Првата светска војна бројот на затекнатите индустриски претпријатија во Вардарска Македонија изнесувал 16, а една година пред отпочнувањето на Втората светска војна, во 1940 година бројот на претпријатијата изнесувал 111.[195] Во периодот 1919 – 1940 година бројот на претпријатијата прогресивно растел во зависност од условите и состојбите во економијата.[196] Во периодот 1935 – 1940 година се забележува најинтензивна изградба, кога биле подигнати 34 индустриски објекти:

---

194 За индустриски претпријатија во Вардарска Македонија се вклучувале: мелници со уред за прочистување на житото, пресејување и одвојување на мливото, без разлика на вработената работна сила и дневниот капацитет; Лушtилници на ориз чие производство било машинизирано без разлика на вработената работна сила, инсталираната погонска сила и дневниот капацитет; Претпријатија кои произведувале тестенини, конзервирани производи без разлика на вработената работна сила инсталираната погонска сила и дневниот капацитет; Претпријатија за производство на шеќерни производи кои вработувале над 10 работници и располагале со инсталирана сила над 15 кс; Пивари без разлика на вработената работна сила инсталираната погонска сила и дневниот капацитет; Фабрики за зејтин кои располагале со комплетни рафинерии, вработувале над 20 работници, имале вградена погонска сила над 20 кс; Ткајачници кои располагале со машински уреди; Предари кои имале *шпул*-машини со вретена; Трикотажни претпријатија кои располагале со комплет машини за трикотажа; Работилници за чорапи кои располагале со плетачки машини; Претпријатија за преработка на кожа кои располагале со уреди на машински погон без разлика на вработената работна сила инсталираната погонска сила и дневниот капацитет; Претпријатија на графичката индустрија (печатници, книговезници, картонажи) со вграден машински погон од најмалку 15 кс, кои вработувале најмалку 15 работници; Електрични централи спрема силата на нивните електрични генератори, без разлика на каков вид енергија се движени – дизел, гасни мотори, водени и др., а кои имале најмногу 30 кс; Индустриски тулани и керамидници кои располагале со рингови или печки т.н *швабери* и машинско производство од најмалку 10 кс, или рачно производство со вработени најмалку 50 работници; Каменоломи со висок број на вработени лица (Куманово); Претпријатија за обработка на метали чиј погон изнесувал над 15 кс, а бројот на вработени лица бил над 20 и располагале со најмалку 10 машини; Претпријатија на дрвна индустрија биле стругари кои располагале најмалку со еден брзооден или полн *гатер* чија димензија изнесувала 650/600 мм или поголема од наведената; Претпријатија на хемиската индустрија кои вработувале над 10 работници, а чиј погон изнесувал над 15 кс; во производство, оплеменување и преработка на неметали земени се сите претпријатија кои за своето производство ползувале машински погон над 20 кс со исклучок на индустријата на мермер која не го исполнувала овој услов, но според природата на дејноста (екстрактивна индустрија) се сметала за индустрија; Претпријатијата за тутун, огледните тутунски станици не спаѓале во индустријата, но Коста Сидовски ги зема како индустриски заради значајот за работната сила; Сите рударски претпријатија, обоени метали и јаглен, кои постоеле и работеле и биле затекнати на територијата на Вардарска Македонија во 1940 година се вбројуваат во анализите на индустриските претпијатија. Види: Ibid., 353–356.

195 Бројот се однесува на претпријатија кои перманентртно функционирале во периодот 1918 – 1940 година. Претпријатија кои престанале да работат во третираниот период не се земени во предвид. Ibid, 288.

196 Види детално за називот, потеклото и инвестициите на новоподигнатите претптијатија: В. Дукмеџиев, op. cit., 132–139.

**Табела 3: Динамичниот развој на индустријата според години на основаните претпријатија по индустриски гранки**

| Гранка на индустријата | Година на основањето | | | | | Вкупно капацитети по гранки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 119 | 1919-1925 | 1925-1930 | 1930-1935 | 1935-1940 | |
| Електростопанство | 1 | 1 | 9 | 3 | 5 | 19 |
| Јаглен | - | - | 2 | - | - | 2 |
| Обоени метали | - | - | 2 | 1 | 1 | 4 |
| Неметали | - | 1 | - | 2 | 2 | 5 |
| Метална | 1 | 1 | - | - | 2 | 4 |
| Хемиска | 1 | 2 | - | 1 | 2 | 6 |
| Градежен материјал | 1 | - | 1 | 3 | 8 | 13 |
| Дрвна индустрија | - | 1 | - | - | - | 1 |
| Текстилна | - | 2 | 1 | 2 | 7 | 12 |
| Кожна | 1 | - | 1 | - | - | 2 |
| Прехрамбена | 11 | 5 | 8 | 3 | 6 | 33 |
| Графичка | - | 2 | 1 | 1 | - | 4 |
| Тутуска | - | 11 | - | 1 | 1 | 13 |
| **Вкупно** | **16** | **26** | **25** | **17** | **34** | **118** |
| **Кумулативен раст** | **16** | **42** | **67** | **84** | **118** | |

*Извор: Коста Сидовски, Развитокот на индустријата во НР Макеоднија во периодот меѓу двете светки војни (1918 – 1941), (Скопје: Економски институт, 1960), 290.*

Динамичноста од периодот 1919 – 1925 година произлегувала од „повоениот просперитет“ и изградбата во стопанството; вториот период, 1925 – 1930 година, се одликувал со стабилизација на динарот, донесувањето на нова заштитна царинска тарифа и завршил со почетокот на стопанската криза; третиот период, 1930 – 1935 година, го опфаќа времето на светската економска криза; четвртиот период, 1935 – 1940 година го опфаќа времето на „позитивната предвоена коњуктура“.[197] Најголем број од претпријатијата отпаѓале на прехрамбената индустрија (33), потоа претпријатијата на електростопанството (19), претпријатијата на градежната индустрија (13) и текстилната индустрија (12) од кои, гранките на прехрамбената индустрија и текстилната индустрија абсорбирале најголем дел од ангажираната работа сила во индустриата на Вардарска Македонија (за што подетално ќе стане збор подолу).

Покрај бројките кои се резултат на анализи, сметам дека е важно да се прикажат и бројките од различни извори,[198] кои иако не се водат според зацртани критериуми за индустриска статистика, даваат приказ на стопанскиот амбиент во индустријата на Вардарска Македонија. Милан Р. Гавриловиќ во книгата „Привреда Јужне Србије“ од

---

[197] К. Сидовски, op. cit., 290.

[198] Види различни извори за бројноста: Алманах Бановина. Вардарска Бановина (у додатку: Врбаска Бановина и Зетска Бановина), Београд, 1929, 34–120 претрпијатија на цела бановина; Ј. Цветко Грегориħ, „Наша Индустрија“, во *Јубиларни зборник живота и рада СХС 1. XII 1918 – 1928 издање матице живих и мртвих СХС,* 1928, Београд, 161–186.

1933 година, дава листа од 94 индустриски претпријатија на подрачјето на Вардарска Македонија, заедно со информација за претпријатија кои биле основани пред 1912 година (Прилог 3).[199]

Следуваат и два досега необјавени документи: според потадоците кои ги собрала Трговско-индустриската комора од Скопје во 1935 година и ги испратила до Министерството за трговија и индустрија во Белград (Прилог 1), бројот на опфатените претпријатија кои одговориле на барањето на Комората изнесува 67, со забелешка за тешкотијата при спроведувањето на анкети за податоци заради стравот и ненавикнатоста на стопанствениците да бидат испрашувани.[200] Според пописот на индустриски претпријатија по барање на Банот на Вардарската бановина во 1939 година, за државни потреби, а спроведуван од полициските и административните власти (најчесто полициските престојништва или началништвата на срезовите) на подрачјето на Вардарска Македонија биле забележани 83 претпријатија (Прилог 2).[201]

Состојбата на индустриските капацитети за кои овде станува збор може да се следи главно низ следните критериуми. Соодветни за нивото на развојот и бројноста: инвестираниот капитал, инсталираната погонска сила, работната сила, производството и пласманот. Во пописните податоци за индустријата кои ги собирала државата во 1939 година на подрачјето на Вардарската бановина, состојбата на индустриските капацитети се определувала преку податоците за капиталот, капацитетите на производство, бројот на работната сила, како и важноста на претпријатието за државната или „народна одбрана“ во случај на вонредна ситуација (Прилог 2). Според податоците кои ги собирала Трговско-индустриската комора во Скопје за состојбата на индустриските претпријатија, важни биле бројот на вработените, состојбата и капацитетот на машинските уреди и технологијата која се користела и видот на производите (квалиетот и квантитетот) (Прилог 1).

---

[199] М. Р. Гавриловић, op. cit., 107–112.

[200] ДАРМ, исто, 1.1039.2.3/6-22: „Трговско индустриска комора бр. 10265/34, 1. Март. 1935, Скопље. Кон Министерството за трговија и индустрија, Белград. Во врска со актот на тоа Министерство III бр. 40584 од 20 ноември минатата година на Комората и е чест да ги достави во прилог податоците за индустриските претпријатија на своето подрачје до кои денес можела да дојде. Комората приметува дека приложените податоци не се потполни од причини што стопанствениците од нејзиното подрачје не се навикнати на ваков вид работа. Освен тоа ти се воздржуваат да ги дадат барните известувања во цел на собирање статистички податоци затоа што секогаш се сомневаат дека по среде постои испитување на нивниот начин на работа и општата состојба од страна на фискалните и други власти заради нови даночни оптоварувања и слично на тоа. Се надеваме дека во иднина ќе бидеме во состојба на министертсвото да му обезбедиме потполни податоци во овој поглед бидејќи сме убедени дека со истрајна работа во овој правец стопанствениците на подрачјето на Комората ќе ја сфатат користа на оваа установа по заштитата на нивните сопствени интереси и права, па ќе одговорат на барањата на Комората благовремено и точно, остануваме со одлично почитување...“

[201] ДАРМ, исто, 1.1039.2.5/24-76.

**Табела 4: Инвестираниот капитал, работните места и погонската сила на индустријата во Варадрска Македонија во 1938 година**

| Капитал (во динари) | Број на претприја тија | Работни места | Број на претприј атија | Погонска сила (во коњска сила/hp) | Број на претпријатија |
|---|---|---|---|---|---|
| До 300.000 | 12 | До 10 | 23 | До 5 | 0 |
| 300.001-500.000 | 12 | 11 – 25 | 21 | 6 – 10 | 3 |
| 500 001-1 мил. | 17 | 26 – 50 | 29 | 11 – 25 | 15 |
| 1-3 мил. | 42 | 51 – 100 | 31 | 26 – 60 | 20 |
| 3-5 мил | 5 | 101 – 200 | 5 | 51 – 100 | 38 |
| 5-10 мил. | 11 | 201 – 500 | 3 | 101 – 500 | 21 |
| 10-25 мил. | 13 | 501 – 1.000 | 0 | 501 – 1.000 | 9 |
| 25-50 мил. | 0 | 1.001 – 2.000 | 0 | 1.001 – 10.000 | 5 |
| 50-100 мил. | 0 | 2.001 – 3.000 | 0 | 10.001 – 100.000 | 0 |
| Над 100 мил | 0 | Над 3.000 | 0 | Над 100.000 | 0 |
| Без податоци | 0 | Без податоци | 4 | Без податоци | 5 |
| Вкупно | 116 | | 116 | | 116 |

*Извор: Ристо Христов, Трудбеничките слоеви..., стр. 10 (passim Статистика индустрије Краљевине Југославије: 1930, књ. II, 285; 1931, 250 – 251; 1932, 250, 251; 1933, 243-244; 1934, 231-233).*

Според податоците на официјалната државна статистика за 1938 година, бројот на индустриските претпријатија во Вардарска Македонија изнесувал 116. Додека бројот на основани претпријатија доживеал пораст во однос на предходните години што добро се одсликува во Табела 4, вредноста на инвестираниот капитал останувала во средните нивоа на инвестиции, каде најголем број на претпријатија (42) имале капитал од 1 милион до 3 милиони динари, а најмалку (5) располагале со капитал од 3 милиони до 5 милиони; бројот на работни места бил релативно низок и најголем број од претпријатијата (31) вработувале од 51 до 100 лица, а најмалку претпријатија (3) вработувале од 201 до 500 лица; во однос на погонската сила[202] со која располагале индустриските капацитети, најголем дел од претпријатијата ги следат средните нивоа од 101 – 500 КС (21 претпријатие) и 51 – 100 КС (38 претпријатија), а се јавуваат и 5 претпријатија кои располагале со погонска сила од повисоко ниво т.е до 10.000 КС.

Вредноста на инвестициите вложени во индустријата и рударството за недвижности и индустриски постројки во овој период се проценува на 500.062.000 динари, од кои на недвижнини отпаѓале 314.585.000 динари (62,9%), а на машински постројки 185.477.000 динари (37,1%). Инвестициите во преработувачката индустрија, со која повеќе ќе се окупираме во главата која следи, се проценуваат на 417.792 динари. Инвестираниот капитал во преработувачката индустрија бил во најголем процент домашен.[203]

---

[202] Според структурата на инсталираната погонска сила, индустриските капацитети ползувале најмногу електропогон, потоа воден погон, саугас, пареа, а најмалку дизел. К. Сидовски, op. cit., 323.
[203] Ibidem, 298–303;

Според анализата на инсталираната погонска сила за 1940 година по индустриски гранки, електростопанството го заземало првото место со учество од 68% од вкупната инсталирана погонска сила во индустријата. На второ место доаѓала прехрамбената индустрија со 18%, по неа следувала индустријата на обоени метали со 6,4%, па текстилната индустрија со 2,9%, меѓутоа овде станува очигледна несинхронизираноста на процесите со тоа што според бројот на претпријатија прехрамбената индустрија доаѓала на прво место пред електростопанството и тутуновата индустрија, а тутуновата индустрија иако по број на претпријатија го завземала високото трето место, во однос на инсталираната погонска сила доаѓала на последно место бидејќи во оваа гранка погонска сила воопшто не била инсталирана.[204]

Според достапните изворни статистики, стопанствениците пријавувале мали претпријатија со мали погонски капацитети, кои биле опслужувани понекогаш и од еден до двајца работници (види примери: Прилог 1; Прилог 2). Следствено, во периодот меѓу двете светски војни индустријата на подрачјето на Вардарска Македонија доживеала сериозни промени проследени со историски руптури во однос на навлегувањето на модернизацијата, воедно проследени со несинхронизираност меѓу процесите на деаграризација, урбанизација и индустријализација, што се огледува во развојноста во бројот на претпријатијата, работната сила која ја привлекувале, степенот на технологија и погонска сила кој го инсталирале како и диспаритет меѓу вложениот капитал и инвестиции и природните достапни суровини.[205]

Состојбата на индустријата пред 1912 година се одликувала со релативно ситни индустриски капацитети чиј карактер бил меѓу домашната индустрија и занаетчиството, за приватни или трговски цели. Капацитетите подигнати по Првата светска војна главно се насочиле кон локален карактер условен од домашниот пазар. Инвестираниот капитал бил акумулиран од локалните трговци, додека пак странскиот капитал бил главно заинтересиран за рударството, а државата ги монополизирала екстрактиванта индустрија и индустријата за манипулација и обработка на тутун, што придонело до колонијален карактен на развојот на оваа гранка, кој ја лишил од инсталирање на погонска сила и процесот се одвивал рачно се до крајот на истражуваниот период.

---

[204] Ibidem, 311.

[205] Борислав Благоев, *Монографски материјал за раѓањето и развитокот на индустријата во Македонија*, (Скопје: МАНУ, 1979).

Развојот на градот Скопје евидентно го прател развојот на индустријата во поглед на изградбата на објекти за живеење и работење, привлекување на население и конечно за етаблирање на градот како главен урбан центар, позиција која дополнително и агресивно ќе се засилува во декадите кои следат.[206] Авторите од консултираната литература се согласни дека индустријата на подрачјето на Вардарска Македонија во периодот 1918 – 1941 година е во почетна развојна фаза, технолошки примитивна, од капиталистички карактер според што подрачјето припаѓало во суровинска периферија за капиталистичкиот производствен центар, токму така и се условени развојните црти на индустрискиот развој.

## 3.2 Работна сила

Во овој дел, работната сила ме интересира како фактор на индустријата, конкретно како жив труд наспроти опредметнетиот или како фактор кој се инсталира и експолатира во производствениот процес. Важни извори за реконструкција на работната сила како фактор во индустријата во Вардарска Македонија се државната дефиниција, определувањето на бројноста, вработувањето според периоди во текот на 1918 – 1941 година, распореденост во индустриските гранки и структурата според стручност.

Во официјалните дискурси на политичката економија во Кралството Југославија, работната сила се разбирала како нестабилен, „флуктуирачки елемент меѓу селото и градот“,[207] според што државата и стопанството се стремеле да го „усовршат во постојано работништво“: „спремно, совесно, дисциплинирано индустриско работништво и виш технички персонал не може да се создаде преку ноќ и затоа е потребна стручна теоретска обука и долгогодишна пракса.“[208] Според истите извори, усовршувањето на стопанството неминовно водело кон „пролетаризација на масите“:

„Нацијата како целина чини една огромна работилница која своите производи ги праќа не само на домашниот пазар за задоволување на домашните потреби, туку и на меѓународните пазари заради размена на производи кои на своето поднебје не може да ги произведи. Усовршувањето на производството е општа потреба и поради

---

[206] „Во Скопје континуирано се наоѓаат 1/3 од вкупните индустриски центри на републиката“, Н. Узунов, А. Георгиев и М. Несторовски, op. cit., 31.

[207] Ц. Грегориħ, op. cit., 175.

[208] Ibidem.

физичкиот и културниот подем на самата нација, кој е условен со сé поголемо задоволување на културните потреби на широките народни маси; задоволувањето, пак на тие потреби, врзано е за што пониски цени на тие производи, а тоа пак за што поинтензивен начин на производство... Во тој натпревар сé повеќе заостануваат оние со примитивни средстава за производство и мал капитал. Ако имаат работник, тие со сé поголемото продолжување на работниот ден, пробуваат да ја надополнат техничката заостанатост и несовршеностите при изработката. .. Бројот на пролетерни егзистенции (*sic!*) се зголемува од година во година."[209]

За развојот на индустријата работната сила се гледала како еден од главните фактори:

„друг главен фактор за равој на индустријата е доволниот број на работна сила, и тој услов кај нас е исполнет: годишниот пораст на населението изнесува сега околу 15-18 илјади; вишокот на селско население, кое не може да најде доволно вработување во земјоделството расте од година во година. Освен тоа има региони каде неплодната земја не може да го храни своето население, кое или мора да бара заработка во други региони, односно вработување во индустрија или мора да се иссели: меѓутоа иселувањето во Америка, каде до скоро заминуваше поголемиот дел од нашето работништво, сега е ограничено на минимум. Нашето население особено во ридестите региони, ги има сите предуслови да се развие во добро фабричко работништво; Во целата држава бројот на работната сила во индустријата се движи околу 3 % од целокупното работништво."[210]

Односот меѓу трудот и капиталот државните извори го дефинирале како „рамноправен однос":

„На пазарот, работникот и капиталистот се јавуваат во формално рамноправен однос: работникот е слободен, капиталистот е слободен; а обајцата се упатени еден кон друг на правна нагодба: работникот ја продава својата работна сила за надница од која би можел да живее, а капиталистот наоѓа ракувач за неговите алатки, машини и средства за производство, значи [и работникот е, ИХ] средство за производство."[211]

Државата, а според тоа стопанството и стопанствениците, ги перцепирале, и правно ги врамувале работниците како работна сила која е всушност дел од средствата за производство, со што државата интервенирала меѓу цената на надницата и

---

[209] Богдан Крекић, „Наше радништво", у *Јубиларни зборник живота и рада Срба, Хрвата и Словенаца: 1918-1928 године* (Београд : Матица живих и мртвих Срба, Хрвата и Словенаца, 1928), 184.
[210] Ц. Грегорић, op. cit., 168.
[211] Ibidem, 185.

капиталистичката заработувачка која се јавува во форма на контрола на работниот ден, уредување на рабоните простории и објекти како „спас на средствата за производство“:

„Државата мора да се издигне над хоризонтот на личните интереси на заинтересираните поединци и со интевенцијата за заштита на работничката класа да ја спаси иднината и сегашноста на националното стопанство. Тоа државата мора да го прави низ своето заштитно работничко законодавство.“[212]

Според Членот 23 од Уставот, се одредувало дека „Работната сила стои под заштита на државата“.

Главен извор за определување на бројната состојба на работна сила за државата претставувале податоците со кои располагале социјалното осигурување, општините и берзите на трудот. Податоците за бројната состојба на работната сила на подрачјето на Вардарска Македонија, по истиот принцип, главно се добиени и анализирани од бројот на осигуреници за Јужна Србија ОУЗОР (Окружни уред за осигурување на работниците).

Според Раско Пуриќ, бројот на индустриски работници во Вардарска Македонија во 1936 година изнесувал 38.150, од кои најголем дел (8.482) биле во Скопје, а предничел и Прилеп, на второ место по бројност, со 2.333 осигурани работници, заради присуството на манипулацијата со тутун, за што мора сепак да се наведе дека била работа од сезонски карактер со нагласен флуктуационен елемент на работништвото.[213]

Појаснувањето на диференцијацијата меѓу релативно постојана индустриска сила и онаа со сезонски карактер наоѓаме во анализите на Коста Сидовски кој проценува дека бројката на запослената работна сила во 1940 година во Вардарска Македонија, вклучувајќи ја тутунската индустрија и рударството изнесувала 10.858 работници и службеници, а без тутунската индустрија (манипулација и ферментација, за која веќе во неколку наврати споменавме дека во современата методологија не се сметала за индустрија) изнесувала 3.643 работници и службеници, со што се констатира дека во меѓувоениот период индустријата располагала со многу мала работна сила,[214] а истовремено бројката видно се разликува од податоците за бројноста кои ги дава Растко Пуриќ во 1937 година.

---

[212] Ibid.

[213] Р. Пурић, *Работнички југ…*, op. cit., 25.

[214] К. Сидовски, op. cit., 324, *confer.* Ристо Христов, *Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1919 – 1941), (Скопје: Унија, 1994)*, 40 каде Ристо Хрисов ги критикува анализите на Сидовски и излегува со свои.

**Табела 5: Работната сила (со и без тутуновата индустрија и индустрија на обоени метали) распоредена по гранки на индустриксата дејност и инсталираната погонска сила во однос на просечно запослените на едно претпријатие во 1940**

| Гранка | Број на претпријатија | Погонска сила (КС) | Број на вработени работници | Работници на едно претпријатие | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Со обоени метали и тутунова индустрија | Без обоени метали и тутунова индустрија |
| **Електристопанство** | 18 | 11.129 | 217 | 12 | 12 |
| **Јаглен** | 2 | 242 | 55 | 27 | 27 |
| **Индустрија на обоени метали** | 4 | 1.118 | 1.185 | 296 | - |
| **Индустрија на неметали** | 5 | 231 | 133 | 27 | 27 |
| **Метална индустрија** | 4 | 210 | 162 | 40 | 40 |
| **Хемиска индустрија** | 6 | 366 | 110 | 18 | 18 |
| **Градежен материјал** | 12 | 267 | 411 | 34 | 34 |
| **Дрвна индустрија** | 1 | 81 | 80 | 80 | 80 |
| **Текстилна индустрија** | 12 | 497 | 434 | 36 | 36 |
| **Кожна индустрија** | 2 | 33 | 27 | 13 | 13 |
| **Прехрамбена индустрија** | 28 | 3.143 | 705 | 25 | 25 |
| **Графичка индустрија** | 4 | 85 | 124 | 31 | 31 |
| **Тутунова индустрија** | 13 | - | 7.210 | 555 | - |
| **Вкупно** | **111** | **17.402** | **10.853** | **98** | **26** |

*Извор: Коста Сидовски, Развитокот на индустријата во НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918 – 1941), (Скопје: Економски институт, 1960), 324, 331.*

Најголем дел од работната сила во Вардарска Македонија била сконцентрирана во тутунската индустрија (7.210), потоа следувала индустријата на обоени метали (1.185). Специфично за овие две гранки е одност меѓу бројот на претпријатијата, инсталираната погонска сила во нив, со бројот на работната сила сконцентрирана во нив: овие две гранки располагале со мал број на претпријатија чија погонска сила била незначителна во однос на вработената работна сила и „живиот труд преовладувал над опредметнатиот." Без овие две гранки, работната сила доминантно се концентрирала во прехрамбената и текстилната индустрија.

Во сите останати гранки, уделот на работната сила е помал во однос на бројот на претпријатијата и релативно приближен до уделот на инсталираната погонска сила. За електростопанството, прехрамбената индустрија и хемиската индустрија е карактеристично тоа што уделот на инсталираната погонска сила е поголем од уделот на работната сила.[215]

Просечно најмал број на работници отпаѓало на едно претпријатие во електростопанството, кожната и хемиската индустрија, а најголем просек покажувала

[215] К. Сидовски, op. cit., 324.

тутунската индустрија и индустријата на обени метали.[216] Во прилог на последново, според пописните податоци собирани од Трговско-индустриска комора во Скопје (Прилог 1) како претпријатија со поголем број на вработени се јавуваат: Текстилна индустрија Генералног Трговског Друштва, Скопје (350), „Треска“ А.Д. претрпријатие за трговија и преработка на дрва, Скопје (285) и Хромни Рудници Моис Асео, канцеларија во Скопје (150); истовремено се јавуваат и претпријатија со 3 пријавени како работна сила: Фабрика за сапуни и свеќи, „Лена“ Милан Петровиќ, Скопје (3).

Во пописните податоци собирани од административните власти во 1939 година (Прилог 2), интересно е дека за претпријатието „Треска“ се пријавени 120 работници, додека пак Фабрика за сапун и свеќи на Милан Петровиќ не доставила податоци за вработените како би можела да се направи компарација.

Најизразено зголемување на работната сила во меѓувоениот период се случило во периодот 1926 – 1930 година, кога се забележани 2.041 вработување во индустријата и периодот се сета за пресвртница на индустрискиот развој во Вардарска Македонија. Следен скок во зголемувањето на работната сила се случил во периодот 1936 – 1940 година, при што преовладувал живиот над опредметнатиот труд, истовремено, како што споменавме и во предходниот дел, овој период важел за период на интензивна индустриска изградба.[217]

Структурата на работната сила по стручност во претпријатијата на преработувачката индустрија, без работниците во тутуновата индустрија во 1940 година изнесувала: од вкупно 2.403 вработени во преработувачката индустрија, 514 биле квалификувани, 766 полуквалификувани, 919 неквалификувани, а 204 административен персонал. Најголем број од квалификуваните работници припаѓале во графичката индустрија, металната индустрија и електростопанството, а најголем број на неквалификувани припаѓале во прехрамбената индустрија, текстилната индустријта и индустријата на градежен материјал.[218]

---

216 Ibidem, 330–332.
217 Ibid., 328.
218 Ibid., 332–333.

„Slaves and tame animals with their bodies minister to the necessities of life.“

Aristotle, *Politics*, 1254б25

***

„Животни ваљак је сломио њихова пуста ходања,
Оне су девојке бачене на милост градским цестама.
Оне су примиле на себе венац људских страдања
И заробиле своју младост у мрачнини фабричких јамама.“

Војислав Илић-Најмлађи, *Аспекти*, Битољ, 1936, *passim* Луч, 1 (5) 1937, 189.

***

„Сваког јутра, радног дана и празника
Кад прођем улицом, најширом улицу града,
Не избегну ми молбени погледии широких очију радника
И гладна уста што затворена питају: има ли рада? “

А. Аксић, *Песме*, Скопље 1932, 8 *passim* Луч, 1 (5) 1937, 190.

## Втора глава: Раѓањето на индустрискиот работник во Вардарска Македонија

### 1. Урбанизација, индустријализација и пролетаризација на населението

Во овој дел ќе ја претставам сликата на развојните процеси кои го опфатиле активното земјоделско и неземјоделско население во Вардарска Македонија во насока на влијанијата од урбанизацијата,[219] вклучувањето во неземјоделските, индустриски гранки на стопанството и последично на тоа неговата пролетаризација.[220] За таа цел, посебно ме интересираат старосната структура, половата структура и етничката структура на населението (економски активно во индустријата и занаетите), кои понатаму во овој дел ќе бидат разгледани засебно.

Со текот на процесите, особено се интересни новите економски и социјални групирања кај активното население, како на пример, развивањето на слојот на работниците-селани кои лавираат меѓу двете гранки на стопанството и ја надополнуваат својата егзистенција од двете гранки, земјоделството и индустријата, но од друга страна се тешки за следење заради нецелосноста на статистиките т.е заради современите методи кои преовладувале при спроведувањето на пописите во 1921 и 1931 година, па нивното егзистирање може да се следи од второстепени извори, особено поврзани со урбанизацијата на населението.[221] Родовите аспкети на трудот и

---

[219] Важен процес директно поврзан со урбанизацијата на населението е самата деаграризација на населението во Вардарска Македонија, која овде ја гледаме како „опачина“ на процесот: „Во предвоениот период бидејќи задоци капиталистичкиот развиток и развитокот на индустријата, не се изврши ни модернизација на земјоделството, односно не се изврши модернизација и окрупнување на земјоделските имоти. Врз оваа основа не можеше да тече ни деаграризацијата. Толку колку што се напушташе земјоделието, толку тоа остануваше под влијание на други причини како што беа големата аграрна пренаселеност, произлезена од високиот природен прираст на населението и ниската опременост на трудот и др. Голем дел од земјоделското население не можејќи да обезбеди егзистенција во земјоделството побргу заминувало на печалба отколку да се преселува во градовите.“ Н. Узунов, А. Георгиев и М. Несторовски, op. cit., 64.

[220] Пролетаризација – процес на постепено осиромашување на ниските и средните слоеви од населението, при што тие стануваат наемни работници. Овде поимот е искористен во смисла на пролетаризација на земјоделското, а потоа и неземјоделското население во Вардарска Македонија (1918 – 1941). Во македонската историографија поимот е подетално користен кај Данчо Зографски (види пример: Данчо Зографски, „Формирањето на работничката класа и синдикалното дивење во Македонија“ во Македонското работничко и социјалистичко движење (Скопје: Наша книга, 1986), 7–13); Општо, во марксистичката традиција, пролетаризацијата во ваков контекст е анализирана од Маркс и тоа во неговото објаснување за допринсот на земјоделството во првобитната капиталистичка акумулација, со тоа, и положбата на земјоделецот во резервната армија на невработени во капиталистичките општества (Види подетално: Vladimir Stipetić, “Tendencije razvitka kapitalistićke poljoprivrede u marksistićkoj ekonomskoj teoriji”, *Politićka misao,* 3 (1968), 422–454.); Современи објаснувања и примери за пролетаризација во таа насока, види: Edward P. Thompson, *The Making of the English Working Class,* (New York: Vintage books, 1963).

[221] Во историографскиот опус за градското население во Македонија добар дел зафаќа Данчо Зографски со следните статии за „Економските и демографските промени и тенденции во градовите на територија

поделбата на трудот започнуваат појасно да се истакнуваат со оглед на растењето на бројот на жени економски активни во одредени гранки на индустријата.

Најпрво во овој дел, земајќи ја во предвид важноста на достапните статистики и пописни материјали, ќе биде направен краток методолошки осврт и критика на оние извори кои конкретно се однесуваат на социјалната и економската структура на населението во Вардарска Македонија. Потоа ќе следува разгледување на некои насоки на развојот на урбанизацијата на населението во Вардарска Македонија во меѓувоениот период, како важен вовед во подеталниот преглед на состојбите кај населението според економска и социјална положба.

Според меѓувоените статистики, населението на Кралството СХС/Југославија било распределено во пет големи групи на занимања (стопански дејности или според современата терминологија – класи): земјоделство, шумарство и рударство; 2. Индустрија и занаети; 3. Трговија, кредити и сообраќај; 4. Јавна служба, слободни професии и војска; и 5. Други професии, без професии и без ознака на професијата. Овие пет големи класи опфаќале 29 групи,[222] кои се делат на 152 подгрупи на дејности и професии. Мора да се спомене дека пописот извршен во 1921 година не нуди податоци за професиите на населението, туку населението „војничко и граѓанско,

---

на СР Македонија“: Данчо Зографски, „Економско-социјална ретроспектива“, *Одбрани дела*, кн. 2, (Скопје: Наша книга, 1986), 687–701; Данчо Зографски, „Промените на општествено-економските и етничките односи во Македонија во текот на и по Балканските и Првата свеска војна“, исто, 702–704; Данчо Зографски, „Социоекономските белези на градското население на Варадрска Македонија во светлината на податоци од 1921 година“, исто, 704–708; Данчо Зографски, „Стопанскиот развиток и структурните промени во Вардарска Македонија и нивниот одраз врз градското население до 1931 година“, исто, 708–719.

[222] Преглед на 29-те групи на професии во петте основни класи на занимања/професии (во пописот од 1931 година оваа класификација била дадена со податоци само на ниво на цело Кралство Југославија и поединечно за секоја бановина, па отежнато е приемнување на статистикте на ниво на национални, државни или етно-географски рамки): 1. Земјоделство, шумарство и рибарство: 1.1 Земјоделство и сточарство, 1.2 Пчеларство, свиластво и рибарство; 1.3 Риболов; 1.4 Шумарство, јаглен и лов; 2. Индустрија и занаети: 2.1 Рударство и топилници; 2.2 Индустрија и ковачки занети; 2.3 Фабрикување на машини, алати и елемнти; 2.4 Индустрија и занаети од камен, земја и стакло; 2.5 Индустрија и занаети од дрво и коски; 2.6 Индустрија и занаети за кожа, цврсти влакна и рогови; 2.7 Текстилна индустрија и занаети; 2.8 Индустрија и занаети за облека; 2.9 Индустрија и занаети за хартија; 2.10 Индустрија и занаети за храна; 2.11 Хемиска индустрија и занети; 2.12 Градежни занети; 2.13 Полиграфски занети и уметнички занети; 2.14 Гостилничарски занети; 2.15 Останати и недоволно означени занети; 3. Трговија, кредити и сообраќај: 3.1 Трговија; 3.2 Парични заводи; 3.3 Сообраќај; 4. Јавна служба, слободни професии и војска: 4.1 Јавна служба и слободни занимања; 4.2 Војска и морнарица; 5. Други занимања, без занимања, занимања без ознака: 5.1 Самостојно вршење на куќна служба; 5.2 Надничари и работници без ознака на дејноста; 5.3 Рентиери и пензионери; 5.4 Лица издржувани по заводите и ученици сместени вон своите семејства; 5.5 Останати занимања, без занимања и непознати занимања. Види повеќе: М. Исић, op. cit., 6.

трајно и минливо присутно" е разгледувано според "вероисповест, мајчин јазик и возрасни групи".[223]

Во поглед на социјалната положба, според меѓувоените статистички материјали, населението било поделено на следниве групи: самостојни и рентиери, чиновници и службеници, работници, надничари, слуги и чираци. Една од најдобрите критики во поглед на резултатите кои пописот можел да ги даде во социјална смисла, нуди Петар Милосављевиќ во својата анализа за положбата на работниците во Србија:

„Ваквата поделба се употребувала со намера, во поединечни групи да се сврзат сите оние кои во исто својство ги црпат своите приходи од одредени стопански гранки. Притоа се заборавало дека таквата класификација според својство не означувала иста мерка ниту можела да обезбеди иста положба во системот на општествено производство ниту во системот на општествена распределба. Затоа и се случило во иста група да се најдат самостојните и рентиерите без разлика на тоа што во општествено-економски поглед разликата меѓу нив би можела да биде огромна. Притоа поимите се слабо дефинирани. Под самостоен би можел да влезе и селанецот, занаетчијата или припадникот на некоја од слободните професии."[224]

Од друга страна пак, пописот од 1931 година нуди разгледување на населението според активни и издржувани лица, според дејностите, па така ни дава општа претстава за социјалната положба, првенствено на лицата кои заработуваат. Оние кои заработуваат се поделени на: 1. Самостојни и рентиери; 2. Чиновници и службеници; 3. Работници; 4. Надничари и слуги; 5. Чираци; 6. Помошни членови на домаќинството; и 7. Кујна послуга. Оние кое се издржувани се поделени на: 1. Издржувани од

---

[223] Види: *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануари 1921 година*, Сарајево, Државна штампарија, 1932.

[224] Види подетално за проблемите на социјалното групирање во меѓувоените пописи: Петар Милосављевић, *Положај радничке класе Србије 1918 – 1929*, (Београд: „Рад", 1972), 17–20. „Еден од најважните проблеми на оваа тема секако е проблемот со одредувањето на структурата на работничката класа. Притоа ја имаме во вид како професионалната така и старосната, квалификациона и национална структура. Тежината на проблемот се состоеше во тоа што во предвоениот период ни државните, а ни работничките институции, не собирале соодветни податоци, а уште помалце таквите податоци се обработувале и објавувале во некои посебни статистички публикации. Единствени извори кои можеле да пружат одредени соопштенија претставуваат статистиките на работничкото осигурување и податоците на Средишната инспекција на трудот. До некаде можеле да се користат и податоците од Работничката комора, но и тие биле прилично непотполни и прилично еднострани. Меѓутоа, при користењето на овие статистики требало да се води сметка за неколку многу важни моменти кои го намалувале нивниот значај. Во прв ред, треба да се спомене фактот дека сите овие статистики се водени дури од 1922 година, што значи дека од рамката на нашите истражувања испаѓа периодот од скоро 4 години. Второ, социјалното осигурување водело сметка само за осигурените работници, додека за неосигурените не постоеле било какви податоци, никаква евиденција, иако неосигурани работници, особено во првите години од воведувањето на работничкото законодавство, имало многу повеќе од неосигурани." Ibidem, 20.

самостојни и рентиери; 2. Издржувани од чиновници и службеници; 3. Издражувани од работници, надничари и слуги; и 4. Издржувани од останати лица кои заработуваат.[225] Една подобра критика на меѓувоените пописите во нивните социјални аспекти дава Мира Колар-Димитриевиќ. Според неа „анализирањето на население според групи и слоеви во временско движење е отежнато заради непостоење на адекватни демографски статистики. Тие наместо да ни овозможуваат проучување на социјално-класните структури, направени се така за да ни ги направат општествените односи што понејасни.“[226]

Следствено, Колар-Димитријевиќ упатува: доколку од пописните статистики сакаме да анализираме посебна социјална група на населението споеред професија/дејност (во нашиот случај населението активно во индустријата; а индустријата е дадена заедно со занаетчиството во пописите), тогаш е најдобро прво истражувачот да го позиционира својот објект низ социјална дефиниција или демографска дефиниција со која би дошло до појаснување на „социјалните граници“ меѓу групите на активно население:

„Работничкото население опфаќа стопански и вонстопански наемни слоеви: работници (во стопанството – работници, а вон стопанството административна („uredska”) и куќна посуга) и чиновници (стопанска и вонстопанска интелигенција). Наспроти работничкото стои граѓанското население кое во себе ги собира стопанската буржоазија, рентиерите, слободните професии и други професии во наемниот однос. Со таквата диференцијација многу општествени слоеви се недоволно класно одредени. Чиновниците, како хетерогена група, составени се од повеќе виши и нижи службеници, кои се разликуваат според плата, положба и низа специјални бенефиции. Додека првите, како бирократија се составен дел од управувачкиот општествен слој, нижите чиновнивници се многу поблиски до работниците според начинот и стандардот на живот. (...) Исто така, заради нивната самостојна положба во процесот на производство и ситните произведувачи со сопствени средства за производство ... не се социјално-класно чисто детерминирани. Многу селани работеле во исто време на своите окуќници и во фабриките, па според првата карактеристика припаѓале на граѓанското работничко население, а по втората на работничкото население. Кај занаетчиите е уште покомплексно. Делот на ситните занаетчии, кој работел без немна работна сила,

[225] За методолошкиот и аналитичкиот значај на различните димензии кои ги нуди пописот од 1931 година за социјанaта положба на населението види: М. Исић, op. cit., 7.
[226] M. Kolar Dimitijević, op. cit., 22.

постојано стоел на работ на пролетаризацијата и во секој момент бил можен премин на таквиот наетчија во групата на работничко население. Другиот дел со помош на обогатување и искористување на наемниот труд на чираците и помошниците сé повеќе се приближувал на стопанската буржоазија, односно тенкиот слој на капиталистичка класа. На основа на статистиките не е можно да се разликуваат таквите групи. Истакнувајќи ги тие недостатоци, напоменувам повторно дека се впуштив во таква квантитативна анализа на општествените структури на загребското општество заради важноста која ја има за целосната проблематика на овој труд. Без познавање на производствените сили не е можно да се анализираат производствените односи, па и работничкото општество останува донекаде безлично и анонимно.“[227]

Според статистичките анализи на Лазар Соколов за промените во структурата и движењето на активното население според социјални обележја, (кои патем секогаш ги дава заедно со компарација на состојбите на ниво на „ФНР Југославија и НР Словенија“), Соколов истапува со вид на главна подела на работниците, на:

„непосредни произведувачи или како што уште се нарекуваат физички работници и службеници, односно интелектуални работници. Оваа поделба сопред социјални обележја ја сметаме целисходна бидејќи постојат значајни разлики меѓу едната и другата категорија работници. Прво, кај првата категорија преовладува физичкиот труд, кој побарува поголемо трошење на енергија, а кај другите се потребни поголеми трошоци за оспособување. Потоа постојат значајни разлики во продуктивноста на трудот, и со тоа условување на стандардот на живеење, посебно во нашите услови помеѓу двете светски војни, па и денес.“[228]

**Табела 6: Структура на вкупното активно население според социјални обележја во 1931 година**

| **Социјални групи** | **Вардарска Македонија (бр. и %)** | | **Југославија (%)** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 392.027 | 100 | 100 |
| **Работници** | 57.045 | 14,6 | 17,1 |
| **Службеници** | 16.814 | 4,3 | 4,4 |
| **Самостојни** | 314.135 | 80,1 | 76,6 |
| **Вон положба** | 4.033 | 1,0 | 1,9 |

Извор: Lazar Sokolov, *Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja*, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962), 202

Табелата покажува дека на територијата на Вардарска Македонија во 1931 година имало релативно повеќе активно самостојно население и помалку активни работници и службеници во споредба со нивото на Кралството Југославија. Од

[227] Ibid., 23.
[228] L. Sokolov, op. cit., 182–183.

економски аспекет, концентрацијата на производството на територија на Вардарска Македонија била ниска и во процес било „сливање на населението во работници“, т.е. во секоја социјална група постоеле два извори за нова работна сила: сопствената репродукција и приливот од редовите на самостојните. Според уште еден податок од анализите на Соколов, просечниот годишен прираст на активни работници во периодот 1931 – 1948 година на територија на Вардарска Макеоднија изнесувал 986 лица, а на ниво на територијата на Југославија 12.898 лица. И Лазар Соколов промените во структурата на активното население според социјални обележја ги става во контекст со процесот на зголемување на градовите и нараснатите потреби на населението кои не можеле да бидат задоволени од занаетчиското производство.[229]

Во делот кој следува ќе се соочиме и со почесто среќавање и користење на поимот класа и во тоа неколку насоки: во изворите – во совремната смисла на општествената и државната политичка економија и во насока на класата сфатена низ марксистичката теорија и комунистичката акција („класна борба“) во истражуваниот период; и теоретски.[230] Авторите од првата генерација кои се занимавале со теми од социјалнта историја и историјата на работниците, вклучувајќи ги тука и македонските историографи од првата генерација, го користеле терминот „работничка класа“, додека пак авторите од втората генерација посочуваат на потребата од разграничувања на термините работничка класа кога станува збор за активното насление во Југсолавија

[229] Ibidem, 173.

[230] Историските анализи и социолошките истражувања за класата и класа на подрачјето на Југославија најчесто тргнувале од дефиницијата на Ленин за класите, а потоа се издифиренцирале надополнувања во зависност од специфичните историски особености на населението: „Според Ленин, класи се големите групи на луѓе кои се разликуваат според своето место во одреден систем на општествено производство, според својот однос кон средтсвата за производство, по својата улога во општествената организација на трудот, и, според тоа, по начинот на добивање и големината на оној дел од општественото богатство со кој располагаат. Класите се такви групи на луѓе од кои една може да го присвојува трудот на другата благодарение на разликата во нивното место во одреден систем на општетсвена стопанство. (V. I. Lenjin, „Velika Inicijativa“, *Izabrana dela* II, (Beograd, 1950), 167). Според Ф. Маунтер, работничката класа ги опфаќа сите луѓе кои се во работен однос, без разлика на местото, положбата, работата или функцијата.“ Mira Kolar Dimitijević, op. cit., 80. Поимот класа и неговото историско значење се менувало во теоријата на социологијата од XIX век до денес. Од марксистичкото сфаќање на општетсвената стратификација на две основни класи, владеачка и потчината, општествени групи чии членови имаат ист однос кон средствата за производство, стратификацијата на Макс Вебер (1864 – 1920), кој на стратификацијата според односот кон средствата за производство ги додава фалторите на политичките партии и моќта; Ерик Олин Рајт (1947 – 2019) ја продолжил марксистичката традиција со проширување на теоријата за контрола врз средната класа; Во социолошката теорија, особено во перодот на неолиберализмот во капитализмот во Евопа, САД и Австралија, се јавува ослабување на класниот концепт за стратификацијата на општетсвата, одбележано со делото на Jan Pakulski, Malcolm Waters, *The Death of Class*, (London: Sage, 1996), според кое теоријата за класите не може да ја објасне реалноста, бидејќи „класите се мртви“. Денес класите и класната теорија се актуелни за многу теоретичари, филозофи, социолози и историчари, дури може да се каже дека се во центарот на современите истражувања за економските, социјалните и историските појави, види повеќе: Slavoj Zizek, “From History and Class Consciousness to the Dialectic of Enlightenment... and Back”, *New German Critique*, 81 (2000), 107–123.

(1918 – 1941) и повеќе го користат терминот „класа во создавање“[231] или „работнички слоеви“/„трудбенички слоеви“, заради регионалните развојни разлики на економијата и производството, коиноселе различен стадиум на капиталистичката социјална диференцијација.

Диференцијацијата на населението на селско и градско во Кралството СХС/К. Југославија зависела во основа од развојот на индустријата, општествената поделба на трудот, концентрација на капиталот и работната сила, и од тоа во која мерка селанството во периодот на првобитна акумулација на капиталот и потоа, го напуштало земјоделството. Бидејќи сите овие процеси не можеле истовремено да следат заедничко развојно темпо, така и релативните односи меѓу вкупното и градското население на една страна и вкупното и неземјоделското население на друга страна не морале да попримаат исти нумерички вредности. Иако во принцип, поголем процент на неземјоделско активно население, бива пратено со поголем процент градско население, иако овие два односи во различни земји имаат различна вредност во зависност од низа чинители.[232]

Во рамки на развојот на капитализмот кога градовите ја добиле својата современа физиономија, како градска населба започнало да се дефинира оној поврзан, а компактен и густо населен простор во кој живее поголем број на население чии функции се развиени врз база на високо диференцирана поделба на трудот и во која претежно се развиени секундарните и терцијарните дејности.[233] Со оглед на големината на населбата и нејзината комплексност, во градовите започнале да се создаваат специфични комунални служби и уреди кои овозможуваат соодветен општествен и приватен живот. Меѓу урбано-неаграрните и големи населби, и рурално-аграрните и помали населби се наоѓаат многу преодни облици кои немаат ни од едниот ни од другиот карактер, но содржат некои заеднички карактеристики (на пример: мали

---

[231] Југословенското работништво „повеќе имало преоден карактер и притоа ги поврзувало одликите на аграрна селанска култура во распаѓање со одликите на граѓанско-варошкото долно општествено миље, и конечно постепено и бавно почало да ги интегрира атрибутите на индустриски професионализиран свет.“ Marie-Janine Calic, *Sozialgeschichte Serbiens 1815–1941. Der unaufhaltsame Fortschritt während der Industrialisierung*, (Oldenbourg-München, 1994), 257.

[232] Miloš Macura, *Stanovništvo I radna snaga kao činioci privrednog razvoja Jugoslavije*, (Beograd: Nolit, 1958), 77. Авторот уште дава интересни показатели за соодносот на градското и селското население во неколку земји: „Така на пример, Австралија има 68% неземјоделска работна сила, а 49% градско население, во Данска тие проценти изнесуваат 75% и 67%, Во Холандија 64% и 55%, во Норвешка неземјоделското активно население претствавувало 72%, а градското население 51%, во Швајцарија неземјоделската работан сила достигхнува 83%, а градското население 37%“ *passim* Demographic Yearbook, 1952 and 1955.

[233] За развојот на градовите во Југославија види и Cvetko Kostić, *Sociologija grada*, (Beograd: Centar za analizu i projektovanje prostornih Sistema, 1973); Cvetko Kostić, *Grad i vreme – osnovi sociologije grada*, (Beograd: Vuk Karadžić, 1982).

индустриски или рударски населби, пазаришта/„сајмишта“, административни центри со мал број на жители со релативно еднострана структура). Следејќи ги својствата на населбата каде што населението живее, може да се развива во населба од градски или селски тип или според одредени карактеристики, наслеба од мешовит тип. Притоа за одредување на овој тип на својства на населението не е битно со која дејност се занимава. За оваа поделба, првостепено значење има видот на агломерацијата, бидејќи таа во поголем дел ги одредува останатите својства на населението и неговиот начин на живот.[234]

Земјоделското население долго се задржувало на село (и на земјоделство како егзистенција), не можејќи да најде извори за живот по градовите, кои во одсуство на индустријализација споро растеле. Кога подоцна дошло до поинтензивен стопански развиток, ни тогаш не се раскинале врските меѓу земјоделското и неземјоделското население, кои се одржувале на тој начин што неземјоделската работна сила и понатаму многу често останувала на село. Во северозападните делови на Кралството СХС/К. Југославија каде селанецот релативно рано станал господар на сопствената земја, индустријата не била концентрирана само по градовите. Особено во раните периоди на индустријализација таа се ориентирала кон селото, каде инвестициските влогови можеле да бидат мали и каде капиталистот заради високата селска пренаселеност наоѓал евтина работна рака.

Бидејќи процесот на индустријализација бил во основа спор, а концентрацијата на капитал скромна, појавата на индустрија на село не доведувала до создавање на поголеми градски агломерации, туку населбите каде индустрија заживувала и била основана останувале со рурален карактер. Посебни облици на урбанизација се појавувале во Војводина,[235] која ја одликувале градови со големо учество на земјоделско население, и во Вардарска Македонија која во османлискиот период се одликувала со прилично развиени градови, чие население не се зголемувало на основа

[234] M. Macura, op. cit., 79.

[235] Војводина, со буквално значење – кнежевство, е лоцирана во најсеверните делови на Југославија. Во 1849-1860 конституирана како посебна провинција во рамки на Хабзбуршката империја. Овде биле значајни процесите на економско и политичко пресликување на развојот во Унгарија. Така, процесот на „унгаризација“ се поклопува со апликацијата на капиталистички принципи од унгарското земјоделство. Војводнина била „локомотивата на хабзбуршкото земјоделство“ од повеќе причини, а во новата југословенска држава станала житница на нацијата. Од 1929 година, со новата административна поделба, е форматив на Дунавската Бановина. Почвата е меѓу најплодните во Европа. Види подетално за овие прашања: Jozo Tomasevich, *Peasants, politics and economic change in Yugoslavia*, (Stanford: Stanford University Press, 1955), 3–139.

на индустриски развој, туку како резултат на латентна градска невработеност.[236] Во изворите наоѓаме ралативно потврдување на досега кажаното:

„Меѓутоа, селото во Јужна Србија дава работна сила не само за селото туку и на варошот. Некои 50 000 аргати од селото одат на печалба бидејќи не се врзани за земјоделието и не можат да преживеат од земјоделието. Истовремено, на толку излишна работна сила во селото, се колонизираат 10.650 семејства, жители од другите пасивни краеви, на 224.500 хектари земја. ... Целокупната изградба на Југот, во стопански и урбанистички поглед, се правела без план. Покрај бунииштата, валканите сокаци полни смет, изникнале палати, кои штрчат, како да се вештачки наместени. За ситниот работник, за економски слабиот човек, се направило малку или ништо не се направило. На него се насадува култура и цивилизација исто како што изгледа палатата покрај неговото ѓубриште. (...) Варошите се натрупуваат со население, претежно сиромашно. Стотици селани јурат кон варошот, притиснати од селските неволји, притиснати од малиот посед, делбата на задругите и прирастот. Индустриските производи, го потиснуваат занаетчиството, од масата занаетчии создаваат работници. Трговијата преживува целосни потреси, бидува лихварски менично кредитирана и мениците ја урнисуваат, а од многу трговци не останува ни името трговец, многумина од нив влегуваат во редот на работничката сиромаштија. Така се добива пренатрупаност на варошот, несразмерен број меѓу жителите на варошот наспроти селото. Од таа сиромаштија или економско слабо население се регрутира кадар за работништво, со онаа веќе постоечка работна сила. Од таквиот елемент многумина стануваат и питачи, заедно со бездомниците и обележаните.“[237]

Урбанизацијата на населението во условите на Кралството СХС/К. Југославија претставува долготраен процес кој може сеопфатно да се согледа доколку се прати во текот на неколку децении. Во Табела 7 дадени се податоци за порастот на градското население од 1921 до 1953 година:

---

[236] M. Macura, op. cit., 82.

[237] Р. Пурић, *Работнички југ*, op. cit., 8.

**Табела 7: Податоци за порастот на градското население на територија на кралство Југославија по години**

| Категорија на градови | Број на градови | Население во илјади жители за годините | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 |
| До 10.000 жители | 151 | 431 | 458 | 527 | 643 |
| 10.000 – 50.000 жители | 78 | 988 | 1.118 | 1.236 | 1.466 |
| Над 50.000 жители | 12 | 662 | 959 | 1.354 | 1.592 |
| Вкупно сите градови | 241 | 2.081 | 2.535 | 3.117 | 3.701 |
| Вкупно население | - | 12.473 | 14.431 | 15.772 | 16.927 |

*Извор: Miloš Macura, Stanovništvo I radna snaga kao činioci privrednog razvoja Jugoslavije, (Beograd: Nolit, 1958), 84*[238]

Во периодите разгледувани заедно, најголем вкупен пораст се забележува во категоријата на градови со над 50.000 жители, што упатува на големата гравитациска сила на градовите кои прераснувале во административни или индустриски центри. Најспоро растело населението во градовите од категорија до 10.000 жители што упатува на ниската гравитациска сила на градови кои имале скромна тенденција за привлекување на селското население. Заради динамичниот животен прираст учеството на градското население во вкупното население многу споро се зголемувало. Во 1921 година градското насление изнесувало 16,6 % од вкупното население на Југославија, а во 1931 година нараснало на 17,5%.[239]

Следствено на оваа „голема слика", надополнуваме со фокус за Вардарска Македонија: според Данчо Зографски бројот на ангажираните работници во сето стопанство како наемни работници изнесувал во 1931 година 57.045 работници,[240] додека пак бројот на работници во Скопје кои во 1932 година се пријавиле во Берзата

[238] Објаснување на авторот: „Во табелата се покажани податоци за градови дефинирани според состојбата од 1953 година. Тоа значи дека во сите периоди се посматрани ист број на градови , независно од тоа дали некои населби, на пример во 1921 година, не биле можеле да бидат сметани во категоријата градови. Овој метод кој можеме да го наречеме „метод на следење урбанизација на населението во континуиран број на градови" не дава можности за прикажување на тековите на урбанизација во целосност. Попрецизна мерка на урбанизацијата би се добила кога би се следел бројот на градското население и во оние населби кои со текот на времето се стекнувале со квалификација за градови според однапед усвоена дефиниција. Тогаш, освен прмената на бројот на жителите во градовите би се добила и промената на бројот на градски населби. Овој метод на следење целокупна урбанизација на наслението не би можел да се примени заради недостаток на потребните податоци за предходни периоди." M. Macura, op. cit., 84.

[239] Ibid., 85.

[240] Данчо Зографски, „Карактеристиките на економската состојба, социјалната структура и националното прашање во Македонија (1918 – 1941)", *Собрани дела*, кн. 1 (Скопје: Наша книга, 1986), 493.

на трудот изнесувал околу 31.000 лица, а Берзата можела да најде вработување само за 4.670 работници.[241]

Темпото на урбанизација во различни региони на Кралството СХС/К. Југославија зависело од тоа во колкава мера градските дејности можеле да абсорбираат работна сила, во кој обем градовите примале ново насление и на кој начин населението кое ја менувало својата дејност и од земјоделство преминувало во неземјоделски активности се интегрирало во урбаната средина. Постојат и прикази за новите интеграции од миграциите село-град:

„Селското насление во Јужна Србија се преселувало во градовите одсекогаш и непрестано. Тоа ги населило градовите со повеќе од 70%, освен муслиманските жители. Економскиот момент е секако најубедлив за селското семејство да слезе од селото во градот, каде е упатено на наемна работа. Земјопоседниците од непосредна близина доаѓаат на периферииите на градот, обработуваат земја и воедно работат некаква работа во градот. Особено по местата со поплодна околина има доста земјоделци кои живеат во градовите. На ова треба да се додаде и современиот бран на печалбари-повратници во чисто печалбарските краеви. Тие, носејќи нешто капитал од далечната печалба, отвориле по варошите, разни работилници и работилничиња и преку ноќ станале варошани. Од куќите на овие имотни селани-печалбари, машките деца не оделе во градот само за да аргатуваат, туку учеле и школи. ... Меѓу сите овие имотни селани имало и такви кои веднаш можеле да отрворат во градот приватен бизнис, а најмногу отворале работилници како: бакалници, народни кујни, анови или меани. Како што печалбарите се разотишле низ светот *трбухом за крухом* така и Југот примал нови жители од редовите на работништвото, доселени од разни краеви на Југославија. Тие најмногу заседнале по големите места, особено во Скопје. На придојдени работници отпаѓаат 12%. ... Јужна Србија немала стручни работници за многу струки па морала да ги увезува од странство.“[242]

Во најголем број од проучувањата за развојните карактеристики на урбанизацијата на населението конкретно на територија на Вардарска Македонија почетната теза е дека „урбанизацијата на населението се развивала несинхронизирано со стопанскиот, посебно со индустриксиот развоток“ и дека „појавата и развитокот на

[241] Ibidem, 495.
[242] Р. Пурић, op. cit., 22.

современите градови во СР Македонија долго време се острваруваше без индустриски развиток, повеќето под влијание на други фактори и причини.“[243]

Деаграризацијата и миграцијата се одвивале несинхронизирано со индустрискиот развиток. Според авторите Узунов, Георгиев и Несторовски, во македонските градови можат да се издвојат неколку фази на урбанизацијата на населението:

„Фаза на интензивна урбанизација на населението без индустријализација на стопанството (периодот на турското владеење од крајот на XIX век до почетокот на Балканските војни, токму во овој период се развиваат денешните градови на Македонија, во урбана смисла, иако повеќето од нив постоеа и предходно. Општествено-политичките услови влијаеле во овој период да се развиваат брзо градовите, т.е. во нив да се зголемува населението. Па некаде околу 1900 година на денешното подрачје на Македонија имало оклу 280.000 жители градско насление.[244] Фаза на стагнација на урбанизацијата поради отсуство на индустријализација. [Меѓувоениот период, Кралство Југославија, третиран од авторите на студијата како период на општа стагнација, а особено индустриска. ИХ] Фаза на интензивна урбанизација на населението и стопанството во услови на интензивна индустријализација. [Авторите ја сместуваат фазата непосредно по Втората светска војна се до 50-те години на XX век. ИХ] Фаза на посмирена динамика на урбанизација во услови на посмирена динамика на индустриајлизацијата. [Авторите ја сместуваат фазата во периодот 60-ти и 70-ти години на XX век.]“[245]

Најновите анализи за развојните текови и промени кај населението главно се фокусираат на етничките и демографските промени, но опфатени се и битни карактеристики на урбанизацијата, деаграризацијата и депопуларизација на градовите и градското населението:

„Пописот од 1921 година отсликува една од најважните демографски карактеристики на градовите во Македонија – значителното опаѓање на бројот на нивното население во периодот на балканските и Првата светска војна. Карактеристично е дека во некои градови, особено во оние што биле на линијата на македонскиот фронт за време на Првата светска војна, се бележи големо намалување на бројот на населението, а некои речиси ги снемало од географската карта. Најголем

---

[243] Н. Узунов, А. Георгиев и М. Несторовски, op. cit., 118, 150.
[244] Ibidem, 118, *passim* Васил Кнчов, *Македонија: Етнографија и статистика*, (Софија, 1900), 140–189.
[245] Ibid., 118, 126.

пад во бројот на градските жители во 1921 година, во однос на 1913 година, се бележи во Дојран, Битола, Крушево, Прилеп, Штип, Неготино, Гевгелија, Дебар, Тетово, Скопје, Ресен, Кичево, Радовиш, Кратово, Охрид, Струга, Кавадарци, и Кочани. Зголемување на населението во однос на 1913 се бележи во Берово, Св. Николе, Царево Село, Куманово, Крива Паланка и Гостивар. Од вкупното население во Вардарска Македонија во 1921 година 27%, а во 1931 година 28,3% живее во градовите. Ќе наведеме неколку карактеристични за депопулацијата што зафатила најголем дел од градовите и административните центри во Вардарска Македонија во периодот на Балканските војни и Првата светска војна. По завршувањето на Првата балканска војна на пописот спроведен од српските власти пролетта 1913 година во Битола биле евидентирани 48.370 жители, додека само по осум години, во 1921 година, како последица на војната градот, кој до 1912 година претставува значаен центар во балканските османски области со релативно развиена економија и седиште на голем вилает, бил само пограничен град отсечен од својата економска позадина и затворен кон Солун со само 28.420 жители."[246]

Од друга страна пак, воено ослабените и опустошени градови по Балканските војни и Првата светска војна на територијата на Варадрска Македонија во политичката и националната визија на новата држава претставувале бел *канвас* за остварување на новите политички и економски цели, а тоа директно влијаело врз урбанизацијата и пролетаризацијата на населението:

„Во текот на 20-те и почетокот на 30-те години на XX век, општествената структура на овие краеви започнала да се диференцира по слоеви за разлика од предходната диференцијација основана на феудално-завојувачки систем. Во меѓувоениот период ова раслојување требало да кулминира со ликвидирање на еснафот и старите занаети, „ситната и улична ориентална трговина и врева". Таквите амбициозни очекувања на државниот врв биле потхранувани со идејата за силен продор за крупниот капитал и индустријата, со што работничкиот општетествен слој би се издвоил од средниот, чиновнички и капиталистички слој. Работната сила била регрутирана од многу хетерогени општествени единици и слоеви, различни културни традиции. Покрај варошкото христијанско население, на пазарот на труд како непресушен извор се јавувале и варошки муслимани, христијани печлбари, муслимани паупери, постојано населени и времени работници од северните краеви на земјата,

[246] Б. Илиевски, *Демографските карактеристики…*, op. cit., 69–70.

селани и странски работници, работници селани и стални работници. Ваквиот социјален конгломерат бил „без работничка традиција“ па во текот на 30-те години споро се трансформирал во работничка класа, добивајќи обележја на дисциплинирана општетсвена групација. До 1918 година во Јужна Србија имало релативно мало варошко христијанско работништво, а жени работници и да немало, со исклучок на куќната индустрија (...) Фабричко работништво скоро и да немало, со исклучок на преработувачката на тутун, како и десетина работници во фабриките за „шарлаганско масло“ во Велес. Крајот на Првата светска војна и создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците овозможиле благ индустриски развој, особено со обновата на краевите опустошени со војната. Градежништвото особено било во подем, како стожер на изградбата на целокупната инфраструктура. Моќта на странските кредити поттикнала и развој на рударството, додека по сите поголеми места започнале да се подигнуваат застапништва на странски и домашни фирми. Наведените причини се почесто го наведувале економски слабото варошко население да „се јавува на работниот пазар“ и својот подмладок да го праќа во „работничката класа““.[247]

Во градовите настанувале процеси на крупни економско-социјални преобразувања, најтесно поврзани со структурните промени на градското население. Оживувањето на производството, трговијта и сообраќајот ја истакнувале важната улога и учество на градовите во стопанството на Вардарска Македонија. Во текот на периодот 1921 – 1931 година градското население на Вардарска Македонија се зголемило од 217.473 на 264.957 жители т.е. за 27,83% така што градското население во 1931 година сочинувало 28,3% од вкупното население спрема 27,2% во 1921 година. Најзабележливо бројно зголемување постигнал градот Скопје (од 40.668 на 68.334 жители односно за 67,94%), кон кој како главен стопански и административен центар на широко подрачје гравитирало населението од Вардарска Македонија, Јужна Србија и делови од Косово. Зголемувањето на населението на Скопје било главно механички растеж со доселувањето на голем број лица од другите краишта на Југославија. Извршениот попис покажал дека во 1931 година 13.289 или 19,4% од сето население на Скопје било доселено од други делови на Кралството Југославија. Исто така и за порастот на населението на Битола од 28.420 на 33.024, што изнесувало 16,19% придонеле доселените такви лица (10,5 % од вкупното население на Битола).[248]

[247] V. Jovanović, op. cit., 260.

[248] Данчо Зографски, „Карактеристиките на економската состојба, социјалната структура и националното прашање во Македонија (1918 – 1941)“, *Собрани дела,* кн. 1 (Скопје: Наша книга, 1986) 485–511, 492.

Повеќето градови во периодот 1921 – 1931 година бележеле пораст и заради миграцијата на дел од селското население предизвикана од аграрната пренаселеност. Такви градови се: Скопје, Струмица, Кичево, Кочани, Куманово, Гостивар, Прилеп, Гевгелија, Ресен и др.[249]

Уште еден клучен аспект за разбирање на процсите на урбанизација, индустријализацијата и пролетаризација на населението е разгледување на нивото на опременоста на градовите за комунални услуги на населението, сообрајќајот и железницата – како формативи на градови[250] или во спротивно – зафрлени паланки и слични придружни процеси.[251] Една од неповолните карактеристики на урбанизација била ниската комунална опременост на градовите: „Населнието се концентрираше во градовите, растеше бројот на населнието, па и бројот на становите, но паралелно со тоа не се зголемуваше и стандардот на станбеното-комунално живеење. Повеќето градови долго време, всушност немаа ни минимална комунална инфраструктура."[252]

Изворите за состојбата на општините на комунален план главно се однесуваат на постоењето или отсуството на општински електроцентрали, кланици и санитарни чворови. Според податоците за 1937 година, Берово било „варошица" (градче) без регулационен план, а општината поседувала кланица и недовршен водовод, индустриски постројки – немало;[253] Битола бил град со регулационен план, со водовод

[249] Б. Илиевски, op., cit., 84.
[250] Види пример за важноста на железницата за урбанизацијата на градовите и контролата врз модернизационите процеси: „Во српските политички кругови била развиена свеста дека, оној кој ја држи пругата Белград-Солун, е „господар на балканската трговија и сите железнички и царински тарифи на Балканот".V. Jovanović, op. cit., 281, *passim* ASANU, br. 10081/6, Makedonski problem, Izveštaj Beogradske radničke komore 1921-1926, Beograd, 1927, 35. Види и: V. Jovanović, op. cit., 281–301.
[251] Составен дел од процесот на урбанизација и пролетаризација на населението биле и неговото егзистирање во нови комунални услови и принципте/дисциплината на хигиената во/на грдаот. Пример користењето на поимите поврзани со немањето комунални градски услови: „помијара", мијазма, отворени канлизациски чворови; Види примери: Егон Бенеш, op. cit., 3; Хранислав М. Јоксимовић, *Основе здравствене и социјалне политике у Скопље*, (Скопље: Штампарија Јужна Србија, 1934); Хранислав М. Јоксимовић, Рад општинског санитета у 1930 године, (Скопље, 1931); „Скопска клима. Штом приликите ќе ги натераат нашите жители од горните граеви на Србија да се спуштат во овие наши долни, јужни краеви, веднаш започнуваат да се жалат на климата и да бараат назад. Има и такви кои уште во возот, штом во поминат Ристовец, ставаат марама на носот за да покажат како овој наш воздух ги гуши, и не ја симнуваат се до железничката станица. Има и многу од нив, кои веднаш по Ристовец почнуваат да голтаат кинин, а кога ќе пристигнат во Скопје прво нешто што прават е бараат лекарска помош. (...) Понатака, овој наш климат поволно градира со помош на општинската внимателност за одржувањена на хигиената. Да రечеме на пример, општината да ги калдрмисуваше нашите улици и да ја полеваше со вода силната улична прашина, ние сигурно немаше ни да знаеме дека општината воопшто постои. Вака, ние многу често се сеќаваме на својата општина и нема Скопјанец кој не ја споменува барем стопати дневни, било да е за калта, било да е за прашината. (...) Затоа се препорачува доселениците своите прекорувања од климата да ги пренасочат на друго место. (...)" Невен, „Скопска клима", *Финансиски гласник*, 1, 1 (1921), 15.
[252] Н. Узунов, А. Георгиев и М. Несторовски, op. cit., 143.
[253] „Споменица двадесетпетогодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912 – 1937"..., op. cit., 809.

во изградба, електрична централа во приватни раце, кланица и примитивна канализација, противпожарна чета со два автомобили за гаснење пожар, калдрмисани турски улици од 170.000 м² и повеќе неколку капацитети;[254] Велес бил град со регулационен план, водовод и кланица, електрична централа во приватна концесија, два парка, индустриски капацитети за зејтин и млинови;[255] Гостивар бил град со регулационен план, а општината подигнала хидроелектрична централа, купатило, кланица, касапница и општински парк од пет хектари;[256] Куманово бил град со одобрен регулационен план, а во сопственост на општината биле кланицата и водоводот, општината подигнала и сушилница за кожи, магацин за запаллив отпад, јавно летно купатило, два паркови и калдрмисала улици од 135.000 м²; Прилеп имал одобрен регулационен план, а општината подигнала електрична централа, кланица, парк од три хектари, калдрмисани улици од 400.000 м², подигнати биле два магацини за тутунската станица и одморалиште за работниците во Тутунската станица; Скопје бил град со одбрен регулационен и нивелационен план, а општината ги поседувала двете електрични централи (калорична и хидроелктрична), водоводот и канализацијата, општината изработила и катастарски премер, градска мрежа на трансформаторски станици, а градскиот водовод во Рашче дневно снабдувал со 6.500.000 до 10.000.000 литри вода, калдрмисани улици од 400.000 м². До крајот на 1936 година биле приватно подигнати 2.027 нови станбени згради во вредност од 240.000.000 динари. Според пописот од 1931 година, во Скопје имало 10.000 куќи, а 20% од населението во Скопје живеело во новите станбени згради.[257]

Одлична илустрација за промените во урбаниот простор како последица од пролетаризацијата и индустријализацијата е претставката потпишана од осум граѓани на Скопје и испратена до Министерот за индустрија и трговија во 1933 година. Станува збор за упатување жалба за „нарушување на секојдневиот живот од страна на работата на фабриката „Текстилна индустрија на Генералното трговско А.Д.“ на улица. „Генерал [нечитливо во изворот, ИХ]“ бр. 15 во Скопје, подигната во 1931 година, за изработка на чорапи со електричен погон врзан за општинската струја“:

[254] Ibidem, 808.
[255] Ibid., 809.
[256] Ibid., 810.
[257] Детално за бројот на жителите, буџетот, долговите и подигнатите инфраструктурни и комунални објекти во градовите на Варадрска Македонија од страна на општините види Ibid., 808–817. Види и Јасмина Дамјановска, op. cit.

„чадење, лупање, гареж од оџаците, а да не ги споменуваме двестоте работници кои се вработени во споменатото претпијатие, кои со својата галама нé вознемируваат од рани зори до мрак без мерка за починка."[258]

Изворот упатува на настанатите промени кај населението кое во големите радови со присутни индустриски капацитети се реструктуирало во работничко индустриско население, а настануваат и промени во секојдневниот живот во поглед на урбаните простор, навики и концепт за време кај целокупното население. Овде е интересно да се придодаде уште една забелешка на Растко Пуриќ за современите тенденции кои го зафатиле населението на Вардарска Македонија во меѓувоениот период: „Од времето на ситното газдинство и примитивната работа, паднаа во време на индустриски и технички чуда."[259]

### 1.1 Активни и издржувани лица во индустрија

Како основни извори за статистичко реконструирање на економската структура и социјалната положба на индустриските работници во Вардарска Македонија служат пописните резултати од 1931 година, заедно со статистичките годишници и публикациите на Социјален архив (*Socijalni arhiv*),[260] Извештаите на Инспекцијата за работа и парни котли (Izveštai Inspekcije rada i parnih kotlova), публикациите на Берзата за труд (Završni račun Javnih berzi rada i Centralnog odbora za posredovanje rada) како и сродна литература и истражувања кои произлегуваат од нив, кои нудат податоци за економската структура и социјалната положба на економско активното и издражувано население[261] во секторот на индустријата и занаетите, според главно занимање за

---

[258] ДАРСМ, исто, 1.1039.4.88/421-423 „До Господина Министра Трговине и индустрије, Београд", 22.09.1933, Скопље.
[259] Р. Пурић, op. cit., 18.
[260] Socijalni arhiv (ur. Mario Krmpotić), god. 1-6 (Beograd: Središnja uprava za posredovanje rada Beograd, 1935–1940). Социјален архив бил периодичник издаван од Средишната управа за посредување на работа во Белград, а излегувал во периодот 1935–1940 година. Податоците кои ги собирал и објавувал *Социјален архив* биле од големо значење и биле користени во Статистичките годишници на државата.
[261] Методологијата на Пописот од 1931 година ги дефинира овие две важни категории на следниот начин (стр. VI): „Првата категорија на лица, се оние кои се лично вработени во поединечни занимања, кои со сопсвениот труд го заработуваат својот приход, односно лица на кои приходот им се прилива непосредно и го чинат активното население. Многу е важно да се воочи односот на активното население наспрема издржуваните лива во поединечни подрачја и поединечни стопански гранки. Покрај стопанските општествени моменти кои го одлучуваат степенот на ефективна вработеност на населението, значи за уделиот на активното населени во вкупното население, од значај е овде во прв ред и структурата на населението според старосни групи. За ознака на активното население, т.е лицата кои заработуваат, кај нас се земени овие мерила: 1. Лица над 14 години; исклучнокот кај нив е двоен: лице над 14 години, без разлика од кој пол и старонска група за кое во пописот е изрично нагласено дека е издржувано; обратно е ако лицето под 14 години е вработено во земјодлество, но на туѓа земјоделски

територијата на интерес. Соодветни паралели, комплементарни категории и компарации меѓу регионите на ниво на Кралството Југославија може да се реконструираат и коментираат и од статистичките податоци кои се однесуваат на промени во структурата на населението според основните економски обележја класификација на населението според главната професија и социјалната структура на населнието според положбата во професијата, како и оптеретеноста на економски активните од издржуваните, соодветно.

Пред да бидат претставени и коментирани табеларните и статистички податоци кои следат, а се однесуваат на структурата на населението во периодот меѓу двата пописа од 1921 и 1931 важно е да се напомене начинот на кој е дојдено до тие бројки кои се однесуваат за територијата која ја опфаќа Вардарска Македонија, со оглед на веќе споменатите територијални промени на статистички испитуваните единици. Имено, во анализите на Лазар Соколов често се напоменува следото:

„За 1921 година бројот на население на територијата на НРМ (*sic!*) [Народна Република Македонија, И.Х.] е утврден на основа на пописните резултати за 29 околии на Вардарска Македонија издвојувајќи го од нив населението на општините Радовница, Стаевци и Трговиште, кои по 1945 година биле приклучени на НР Србија. Вкупното население на овие општини изнесувало 10 433 лица. Така изведениот број на население го претставува присутното население. Заводот за статистика на НРМ во Месечниот извештај бр. 9 за 1953 година (стр. 43) го проценува населението на територијата на НРМ во 1921 година на 797.346 лица, но не дава објаснување како се дошло до тој број; За 1931 година, бројот на постојаното население е утврден врз основа на пописните резултати од 29 околии на Вардарска Македонија со површина од 26.494 км$^2$ (Министерство за земјоделство на Кралство Југославија: Обработена земја и жетвен принос 1931, Београд, 1923, стр. 3) издвојувајќи го подрачјето (781 км$^2$) и населението на општините: Радовница, Стаевци и Трговиште (11.333), кои во 1945 година биле приклучени на НР Србија. После тоа била извршена корекција на бројот на стационираната војска на територијата на НРМ (...) Несразмерно големиот број на

имот со изрична ознака дека заработува; учениците на изучување зананет се смета дека заработуваат; 2. Жена во брак се смета како издржувано лице освен во случај да има свое засебно занимање надвор од куќата. Меѓутоа, во класата на занимања од земјоделството, шумарството и рибарството, ако воед но домаќинство има повеќе женски лица, само едно лице се зема како домаќинка, значи издржувано лице, а останатите женски лица се сметаат како активни (помошни членови на семејството). Вдовиците и разведените жени, кои го водат сопственото домаќинство, се сметаат за лица кои заработуваат и спред тоа влегуваат во активно население; 3. Војниците на отслужување на војниот рок се сметаат како активни лица. Тоа важи и за лицата кои се наоѓаат во заводите (болници, казнени установи итн).“

војска на територијата на НРМ (4.863) е одземен од неземјоделското население, бидејќи војската во пописите е вклучена во групата на јавни професии/служби.“[262]

**Табела 8: Активност на вкупното население според економски обележја за 1931 година**

| Група на дејности | Вардарска Македонија | | Југославија | |
|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % |
| Вкупно | 933.339 | 42,0 | 100 | 48,0 |
| Земјоделство, шумарство и риболов | 694.725 | 43,3 | 100 | 48,1 |
| Индустрија и занаети | 102.937 | 37,1 | 100 | 47,1 |
| Трговија, кредити и сообраќај | 52.354 | 31,7 | 100 | 40,6 |
| Јавни служби и слободни професии | 39.223 | 46,6 | 100 | 47,1 |
| Други занимања, без занимања и без ознаки на занимање | 44.100 | 41,0 | 100 | 59,5 |

*Извор: Lazar Sokolov, Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962, 233*

Активноста на вкупното население дава увид во стапката на активноста вкупно и за активните и на издржуваните од активните по главните дејности. На територијата на Вардарска Македонија стапката на активност на вкупното население според статистичките резултати од 1931 година, била пониска во сите групи на дејности во споредба со стапката на активност на вкупното население на ниво на цела држава. Кај земјоделското население активноста е пониска од онаа на ниво на Кралството Југославија за 4,8 поени. Од вкупното неземјоделско население на територијата на Вардарска Македонија активни биле 38,1%, а во Југославија 47,6%. Кај поединечни неземјоделски дејности постои разлика во стапката на активност на вкупното население: кај населението вклучено во групата на дејности „Индустрија и занаети“ на територија на Вардарска Македонија активноста е пониска во споредба со Кралство Југославија за 10,0 поени, кај групата дејности „Трговија, кредити, сообраќај“ е пониска за 8,9 поени, а кај групата дејности на “Јавни служби...“ за 0,5 поени, кај другите дејности активноста е пониска кај населението од Вардарска Македонија за 18,5 поени.[263] На територија на Вардарска Македонија вкупното население најмногу се активирало во групата на дејности „Земјоделство...“ (63,41%), а на второ место по број доаѓаат „Индустрија и занаети“ (11,02%). Кај неземјоделските дејности, без последната група дејности „Други професии...“, бројот на активно население во „Индустрија и

[262] L. Sokolov, op. cit., 30.
[263] Ibid., 233–234.

занаети“ бил поголем од бројот на активно население во останатите групи неземјоделски дејности. Според анализите, појавата на помала активност кај населението на територија на Вардарска Македонија било последица на: поголемиот број на население под 15 годишна возраст; бројна емиграција, релативно во поголем обем на население кое настрадало или емигрирало отколку во останатите области (кои станале дел од Кралството Југославија) во војните 1912 – 1918 година; општата економска заостанатост на Вардарска Македонија давала помала можност за економско активирање; тука се придодава и квалификациона некомпактибилност на работниците и доцнењето на модернизационите процеси.

**Табела 9: Односот на активното и издржуваното население во Вардарска Македонија 1931 година**

| Група на дејности | Вардарска Македонија | Кралство Југославија |
|---|---|---|
| | на 100 активни доаѓаат издржувани | |
| Вкупно | 138,1 | 108,5 |
| Земјоделство, шумарство и риболов | 130,9 | 108,1 |
| Индустрија и занаети | 160,9 | 112,2 |
| Трговија, кредити и сообраќај | 215,3 | 146,1 |
| Јавни служби и слободни професии | 114,7 | 112,2 |
| Други занимања, без занимања и без ознаки на занимање | 144,1 | 68,0 |

*Извор: Lazar Sokolov, Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962), 235*

Општата ниска стапка на активност кај населението на територијата на Вардарска Македонија доаѓа до израз во односот меѓу активното и издржуваното население во 1931 година. Како што може да се проследи од Табела 9, бројот на издржувани лица на 100 активни е поголем во сите групи на дејности во Вардарска Македонија, во споредба на нивото на Кралството Југославија. Најмногу издржувани лица на 100 активни има во групата дејности „Трговија, кредити, сообраќај“, потоа следува и групата дејности „Индустрија и занаети“. Слично е и на ниво на државата, каде издржуваното население е доминантно во однос на активното токму во споменатите групи на дејности, што укажува на процесите на урбанизација и пролетаризација на населението и согласно со тоа: социјални раслојувања, почетна фаза на модернизирање на концептот за семејството и домаќинството (особено се мисли на ниската економска активност кај женското население) и менталитети

поттикнати од капиталистичката економија. Ниската стапка на активност е индикатор за нискиот стандард на живот.

**Табела 10: Структурата на активното население по економски обележја во 1931 година**

| Група на дејности | Вардарска Македонија | | Кралство Југославија |
|---|---|---|---|
| | Бр. | % | % |
| Вкупно | 392.027 | 100 | 100 |
| Земјоделство, шумарство и риболов | 300.894 | 76,8 | 77,1 |
| Индустрија и занаети | 38.197 | 9,7 | 10,9 |
| Тргови, кредити и сообраќај | 16.602 | 4,2 | 4,1 |
| Јавна служба и слободни професии | 18.268 | 4,7 | 3,5 |
| Други занимања, без занимања и без ознаки на занимање | 18.066 | 4,6 | 4,4 |

Lazar Sokolov, *Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja*, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, *1962), 148*

За вкупно активно население овде се сметаат ефективно економски активните без издржуваните од нив. Од вкупното активно население во Вардарска Македонија најголемиот дел бил ангажиран во земјоделството, а останатите 23,2% во неземјоделските дејности. Во споредба со државното ниво, релативниот број на сите неземјоделски дејности е поголем во Вардарска Македонија за 0,3 поени. Посебно земено, од неземјоделското население само групата на дејности „Индустрија и занаети“ имаат помал релативен број од активното население на Кралството Југославија за 1,2 поени. Во неземјоделските дејности, процентот на активно население е најголем во „Индустрија и занаети“. Без групата на „Други професии...“, фактички активното население е поголемо во групата „Индустрија и занаети“ кај останатите неземјоделски дејности за 0,8 поени.

Преглед на издржуваното и активното население во групата на дејности „Индустрија и занаети“, според пол и вкупно, по околии на територија на Вардарска Македонија според пописот од 1931 година дава Табела 11. Во Прилог 4 компаративно и комплементрано може да се следат истите категории, за сите групи на дејности заедно, по околиите на територија на Вардарска Македонија. Ваквиот преглед дава можност да се следат тенденциите на пролетаризација на населението со фокус на групите дејности во „Индустрија и занаети“, а можните компарации меѓу околиите

можат да ги откријат економските специфичности и останатите фактори кои би можеле да влијаат врз поголемо или помало активирање на населението во индустријата.

Според бројност на вкупното население, во апсолутни броеви, во „Индустрија и занаети“, далеку пред останатите околии предничи Скопската околија (20.734), а во рангот на околии со поголема бројност на населението активно и издржувано во индустрија припаѓаат и Битолската околија (12.726), Прилепската околија (7.506), Долнополошката околија (6.588) и Жеглиговската околија (6.141). Во рангот на околии каде населението активно и издржувано во „Индустрија и занаети“ брои од 3.000 до 6.000 лица влегуваат Струшката околија (5.723), Велешката околија (5.275), Горнодебарската околија (3.938), Галичката околија (3.744), Штипска околија (3.672) и Струмичката околија (3.341). Во останатите околии (18), бројот на населението активно и издржувано во индустрија изнесува под 3.000, а најнизок е во Мариовската (128). Бројот на издржуваните лица секаде е поголем од бројот на активните, освен во Маровската околија (68 активни, наспроти 60 издржувани).

Според Прилог 4 видливо е дека во секоја од околиите најголем дел од населението е активно и издржувано во групата дејности „Земјоделство...“. Втора група на дејности која го впива вкупното население е токму „Индустријата и занаетите“. Тоа е така во најголем дел од околиите освен во следните околии (7): Царевоселска („Јавни служби..“), Дојранска („Јавни служби...“), Малешевска („Јавни служби...“), Мариовска („Јавни служби...“), Охридска („Други професии...“), Преспанска („Трговија,...“) и Велешка („Други професии...“). Бројноста на населението застапено во дејностите „Јавни служби...“ во околии кои во периодот на пописот не претставувале административни или градски центри е последица на државните кадри распоредени во околиите со политички и административи цели за државна контрола на регионот.

**Табела 11: Активни и издржувани лица во „Индустрија и занаети“ по околии во Вардарска Македонија, 1931 година**

| Занимање: Индустрија и занаети по околии | Пол | Вкупно активни | Вкупно издржувани | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Битолска** | М | 4.483 | 2.147 | 6.630 |
| | Ж | 443 | 5.653 | 6.096 |
| | Вкупно | 4.926 | 7.800 | 12.726 |
| **Царевоселкса** | М | 190 | 100 | 290 |
| | Ж | 15 | 254 | 269 |
| | Вкупно | 205 | 354 | 559 |
| **Дојранска** | М | 142 | 55 | 197 |
| | Ж | 8 | 133 | 141 |
| | Вкупно | 150 | 188 | 338 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Долнополошка** | М | 1.909 | 1.295 | 3.204 |
| | Ж | 175 | 3.208 | 3.384 |
| | Вкупно | 2.084 | 4.503 | 6.588 |
| **Гевгелиска** | М | 453 | 235 | 688 |
| | Ж | 36 | 505 | 541 |
| | Вкупно | 489 | 740 | 1.229 |
| **Галичка** | М | 701 | 922 | 1.623 |
| | Ж | 21 | 2.100 | 2.121 |
| | Вкупно | 722 | 3.022 | 3.744 |
| **Горнодебарска** | М | 929 | 928 | 1.857 |
| | Ж | 13 | 2.068 | 2.081 |
| | Вкупно | 942 | 2.996 | 3.938 |
| **Горнополошка** | М | 724 | 544 | 1.268 |
| | Ж | 18 | 1.323 | 1.341 |
| | Вкупно | 742 | 1.867 | 2.609 |
| **Кавадаречка** | М | 659 | 383 | 1.042 |
| | Ж | 35 | 693 | 728 |
| | Вкупно | 694 | 1.076 | 1.770 |
| **Кичевска** | М | 595 | 521 | 1.116 |
| | Ж | 24 | 1.093 | 1.117 |
| | Вкупно | 619 | 1.614 | 2.233 |
| **Кочанска** | М | 760 | 354 | 1.114 |
| | Ж | 100 | 819 | 919 |
| | Вкупно | 860 | 1.173 | 2.033 |
| **Кратовска** | М | 421 | 181 | 602 |
| | Ж | 16 | 414 | 430 |
| | Вкупно | 437 | 595 | 1.032 |
| **Кривопаланечка** | М | 402 | 258 | 660 |
| | Ж | 21 | 560 | 581 |
| | Вкупно | 423 | 818 | 1.241 |
| **Крушевска** | М | 498 | 432 | 930 |
| | Ж | 27 | 1.024 | 1.054 |
| | Вкупно | 525 | 1.456 | 1.984 |
| **Малешевска** | М | 270 | 143 | 413 |
| | Ж | 18 | 314 | 332 |
| | Вкупно | 288 | 457 | 745 |
| **Мариовска** | М | 67 | 22 | 89 |
| | Ж | 1 | 38 | 39 |
| | Вкупно | 68 | 60 | 128 |
| **Неготинска** | М | 266 | 125 | 391 |
| | Ж | 11 | 298 | 309 |
| | Вкупно | 277 | 423 | 700 |
| **Охридска** | М | 898 | 510 | 1.408 |
| | Ж | 51 | 1.138 | 1.189 |
| | Вкупно | 949 | 1.648 | 2.597 |
| **Овчеполска** | М | 322 | 123 | 445 |
| | Ж | 24 | 283 | 307 |
| | Вкупно | 346 | 406 | 752 |
| **Поречје** | М | 83 | 73 | 156 |
| | Ж | 2 | 131 | 133 |
| | Вкупно | 85 | 204 | 289 |
| **Преспанска** | М | 705 | 450 | 1.155 |
| | Ж | 21 | 992 | 1.013 |
| | Вкупно | 726 | 1.442 | 2.168 |
| **Прилепска** | М | 2.806 | 1.249 | 4.055 |
| | Ж | 211 | 3.240 | 3.451 |
| | Вкупно | 3.017 | 4.489 | 7.506 |
| **Радовишка** | М | 333 | 171 | 506 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ж | 18 | 370 | 388 |
| | Вкупно | 51 | 541 | 894 |
| **Скопска** | М | 8.004 | 3.243 | 11.247 |
| | Ж | 1.068 | 8.419 | 9.487 |
| | Вкупно | 9.072 | 11.662 | 20.734 |
| **Струшка** | М | 1.341 | 1.435 | 2.776 |
| | Ж | 21 | 2.926 | 2.947 |
| | Вкупно | 1.362 | 4.361 | 5.723 |
| **Струмичка** | М | 1.249 | 599 | 1.848 |
| | Ж | 132 | 1.361 | 1.493 |
| | Вкупно | 1.381 | 1.960 | 3.341 |
| **Штипска** | М | 1.333 | 592 | 1.925 |
| | Ж | 104 | 1.643 | 1.747 |
| | Вкупно | 1.437 | 2.235 | 3.672 |
| **Велешка** | М | 1.936 | 990 | 2.926 |
| | Ж | 150 | 2.199 | 2.349 |
| | Вкупно | 2.086 | 3.189 | 5.275 |
| **Жеглиговска** | М | 2.217 | 1.107 | 3.324 |
| | Ж | 233 | 2.584 | 2.817 |
| | Вкупно | 2.450 | 3.691 | 6.141 |

*Извор: Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju), Sarajevo, 1940*

Увид во бројноста на лица според положба во професијата работници и издржувани од работници во „Индустрија и занети“ по околии на територија на Вардарска Македонија според податоците од пописот од 1931 година, дава Табела 12. Во Прилог 5 компаративно и комплементрано може да се следи бројноста на лицата регистрирани како работнци во пописот и издржуваните од работниците во сите групи на дејности.

Односот меѓу активните работници и издржуваните од нив укажува на низок степен на активност на населението во групата „Индустрија и занаети“. Околија со најголема бројност на лица по положба работници во групата „Индустрија и занети“ е Скопската околија (3.791), а втора по ред е Битолската околија (1.493). Бројноста на работниците во „Индустрија и занаети“ во четири од околиите се движи помеѓу 600 и 900 лица: Прилепска околија (904), Жеглиговска околија (762), Струшка околија (744) и Велешка околија (668). Истовремено, во околиите со поголема бројност на работници во групата „Индустрија и занаети“, бројот на издржуваните од работниците, слугите и надничарите е секогаш поголем (Скопска околија (4.870), Битолска околија (2.660), Прилепска (1.596), Жеглиговска околија (1.166), Струшка околија (3.363), Велешка околија (1.153)). Во најголем дел од останите околии бројноста на овие лица е помала, се движи во помеѓу 100 и 500 лица; има околии каде бројноста е под 100 лица, додека пак најмала е во Мариовската околија (12). Во поглед на издржуваните лица од работници, слуги и надничари во околиите со помала бројност на работници во

„Индустрија и занаети“, интересна е констатацијата на помал број на издржувани (пр: Долнополошка: 75 издржувани на 542 работници; и Гевгелиската: 77 издржувани на 96 работници) или пак констатирани 0 издржувани лица, како во Царевоселската околија и Мариовската околија. Во околиите со помал број на работници во „Индустрија и занаети“ има и три околии каде бројот на издржуваните и вработените е скоро изедначен (Кочанската околија: 228 работници/229 издржувани; Кратовската околија: 132 работници и 134 издржувани; Малешевската околија: 44 вработени и 45 издржувани).

Од увидот во бројноста компаративно за сите класи на професии кој го нуди Прилог 5, може да се заклучи дека категоријата на работници по социјална положба во професијата, на активните во класите на дејности е доминантен во групата „Индустрија и занаети“ во 9 од околиите (Прилепска, Битолска, Галичка, Горнодебарска, Кичевска, Кратовска, Крушевска, Струшка, Жеглиговска), дека во останатите околии најголем дел од работниците се вработени во професиите од групата „Јавни служби...“. Прилепската околија се истакнува со доминантност на работниците во „Индустрија и занаети“ (904) наспроти останатите групи („Земјоделство,...“ (226), „Трговија,...“ (108), „Јавни служби,...“ (266), „Други професии,...“ (1)). Во Скопската околија, која во Табела 12 каде фокусот е само на групата „Индустрија и занаети“ го држи највисокото место по бројност на работници, во компаративниот пргелед во Прлог 5 каде се опфатени сите групи на дејности, се увидува изедначеност помеѓу бројот на активни по социјална положба работници во „Индустрија и занаети“ (3.791) и во „Јавни служби...“ (3 792).

Во поглед на бројот на издржуваните од работници, слуги и надничари во групата „Индустрија и работници“, компариран со останатите групи професии од Прилогот 5, заклучуваме дека во околиите со најголем број на работници во „Индустрија и занаети“ и бројот на издржуваните од работниците е најголем токму во оваа група (види Прилог 5: Скопска околија, Битолска, Велешка околија, Струшка околија, Горнодебарска околија, Галичка околија), освен кај Прилепската околија каде и покрај големиот број на работници во „Индустрија и занаети“, најголем дел од издржуваните од работнци, слуги и надничари се наоѓаат во „Земјоделство,...“.

Од овој увид кој се однесуваше и на економската активност по групи на професии и на социјалната положба работници и издржувани од работници, слуги и надничари, упатува кон неколку заклучоци: најголем дел од населението активно во групата дејности „Индустрија и занети“ се среќава во Скопската околија која

апсолутно предничи во останатите околии, со што укажува на процесот на конечно втемелување на Скопје и Скопската околија како центар на процесите на урбанизација и останатите комплементарни процеси; втората по ред околија со поголема бројност на активното насление во „Индустрија и занаети" и население по професија работници во „Индустрија и занаети" е Битола, која и покрај прогресивниот пад како урбан и административен центар по Балканските војни, ги задржува историските последици од периодот кога градот претставувал и економски центар поврзан со Солун; Прилеп и Прилепската околија се истакнуваат како „нова ѕвезда" во процесите на пролетаризација на наслението во новата држава, со тоа што Прилепската околија се одликува со голема бројност на население активно во „Индустрија и занаети", како и население на работници во групата на дејности „Индустрија и занаети". Причина за тоа наоѓаме во специфичноста која започнува да ја одликува стопански Прилепската околија во овој период, а тоа е местото на обласа и нејзините климатско-географски погодности во државната економија на монополизирано тутунско производство.

Слична е состојбата и со Велес и Велешката околија. Спротивно на овие примери за „нови мали ѕвезди" во процесите на индустриска транзиција, се примерите на околии како Галичката и Дебарската, кои во статистиките прикажуваат поголем број на неземјоделско население иако не претставувале самите градски центри или центри важни за државна експолација на одреден ресурс. Најголем дел од населението на споменатите области традиционално егзистирало од печалбарството, втемелено како егзистенција пред Балканските војни;[264] Иако активноста на наслението во „Индустрија и занаети" е ниска, сепак работниците во таа група на дејности стануваат видлива социјална категорија во пописните резултати и во економскиот живот во периодот меѓу двете светски војни.

[264] Б. Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија...*, op. cit., 65–66. Види и М. Исић, op. cit., 160: „Освен тоа, значаен процент на работници, па добар дел и надничари, во индустријата и знаетчиството се последица на раширеното печалбарство во овк крај. Како најдобар пример, од галичкиот срез, во кој најголем дел од наслеението живее од индустрија и знаетчиство, годишно на печалба заминуваат, спрема официјалниот извештај на Берзата на трудот, 4.080 лица, што е третина од вкупното наслеение." Коментар за сите останати положби во дејностите дава Ibid., 158–164.

**Табела 12: Број на лица според положба во професијата - работници и издржувани од работници во идустријата и занетите по околии на територија на Вардарска Македонија**

| Занимање: Индустрија и занаети по околии | Пол | Лица вработени по професија работници | Лица издржувани од работници, слуги, надничари |
|---|---|---|---|
| **Битолска** | М | 1.330 | 676 |
| | Ж | 163 | 1.984 |
| | Вкупно | 1.493 | 2.660 |
| **Царевоселкса** | М | 58 | - |
| | Ж | 3 | - |
| | Вкупно | 61 | 0 |
| **Дојранска** | М | 24 | 4 |
| | Ж | - | 13 |
| | Вкупно | 24 | 17 |
| **Долнополошка** | М | 506 | 14 |
| | Ж | 36 | 61 |
| | Вкупно | 542 | 75 |
| **Гевгелиска** | М | 84 | 28 |
| | Ж | 12 | 49 |
| | Вкупно | 96 | 77 |
| **Галичка** | М | 260 | 538 |
| | Ж | 2 | 1.295 |
| | Вкупно | 262 | 1.833 |
| **Горнодебарска** | М | 226 | 479 |
| | Ж | 5 | 1.071 |
| | Вкупно | 231 | 1.550 |
| **Горнополошка** | М | 143 | 134 |
| | Ж | 7 | 350 |
| | Вкупно | 150 | 484 |
| **Кавадаречка** | М | 105 | 42 |
| | Ж | 13 | 79 |
| | Вкупно | 118 | 121 |
| **Кичевска** | М | 169 | 234 |
| | Ж | 3 | 412 |
| | Вкупно | 172 | 646 |
| **Кочанска** | М | 186 | 79 |
| | Ж | 42 | 160 |
| | Вкупно | 228 | 239 |
| **Кратовска** | М | 130 | 41 |
| | Ж | 2 | 93 |
| | Вкупно | 132 | 134 |
| **Кривопаланечка** | М | 87 | 52 |
| | Ж | - | 113 |
| | Вкупно | 87 | 165 |
| **Крушевска** | М | 108 | 156 |
| | Ж | 3 | 301 |
| | Вкупно | 111 | 457 |
| **Малешевска** | М | 43 | 13 |
| | Ж | 1 | 32 |
| | Вкупно | 44 | 45 |
| **Мариовска** | М | 12 | - |
| | Ж | - | - |
| | Вкупно | 12 | 0 |
| **Неготинска** | М | 57 | 13 |
| | Ж | 2 | 40 |
| | Вкупно | 59 | 53 |
| **Охридска** | М | 192 | 116 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ж | 13 | 254 |
| | Вкупно | 205 | 370 |
| **Овчеполска** | М | 58 | 10 |
| | Ж | 3 | 36 |
| | Вкупно | 61 | 46 |
| **Поречје** | М | 17 | 30 |
| | Ж | - | 53 |
| | Вкупно | 17 | 83 |
| **Преспанска** | М | 200 | 181 |
| | Ж | 4 | 370 |
| | Вкупно | 204 | 551 |
| **Прилепска** | М | 798 | 425 |
| | Ж | 106 | 1.171 |
| | Вкупно | 904 | 1.596 |
| **Радовишка** | М | 68 | 28 |
| | Ж | 12 | 39 |
| | Вкупно | 80 | 67 |
| **Скопска** | М | 3.273 | 1.268 |
| | Ж | 518 | 3.602 |
| | Вкупно | 3.791 | 4.870 |
| **Струшка** | М | 741 | 1.110 |
| | Ж | 3 | 2.253 |
| | Вкупно | 744 | 3.363 |
| **Струмичка** | М | 473 | 201 |
| | Ж | 82 | 478 |
| | Вкупно | 555 | 979 |
| **Штипска** | М | 410 | 155 |
| | Ж | 30 | 481 |
| | Вкупно | 440 | 636 |
| **Велешка** | М | 588 | 362 |
| | Ж | 80 | 791 |
| | Вкупно | 668 | 1.153 |
| **Жеглиговска** | М | 705 | 346 |
| | Ж | 57 | 820 |
| | Вкупно | 762 | 1.166 |
| **Вкупно** | | 12.333 | 23.436 |

*Извор: Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju), Sarajevo, 1940*

## 1.2 Сатросна и полова структура

Сатросната и половата структура на населението се важни компоненти во анализата на економската активност на населението. Овие две демографски категории во голем дел го одредуваат природниот прираст и врз нивна основа се формираат работничките контингенти. Структурата на населението според старост и пол ги претставува „физиолошките рамки“ во кои се врши општествената поделба на трудот и диференцирањето на општеството со цел репродуцирање на разни економски и социјални функции. Одредена доба на старост, или припадност на еден или на друг пол за поделбата на трудот имаат одреден релативен, историски условен значај во зависност од постоечките општествено економски структури и соодветни институции, обичаи, правни норми итн.[265]

**Табела 13: Полова структура на вкупното население на територија на Вардарска Македонија и Кралство Југославија за 1921 и 1931 година**

| Полова структура на вкупното население | Пол | 1921 година | % | 1931 година | % |
|---|---|---|---|---|---|
| Вардарска Македонија | М | 396.349 | 49,65 | 467.697 | 50,11 |
| | Ж | 401.937 | 50,35 | 465.642 | 49,89 |
| | **Вкупно** | **798.286** | **100** | **933.339** | **100** |
| Кралство СХС/Југославија | М | 5.729.293 | 49,03 | 6.891.627 | 49,45 |
| | Ж | 5.955.474 | 50,96 | 7.042.411 | 50,54 |
| | **Вкупно** | **11.684.767** | **100** | **13.934.038** | **100** |

*Извор: Lazar Sokolov, Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962)*

На територија на Вардарска Македонија во 1921 година женското население било побројно од машкото население. Причината за таквиот однос се ефективните губитоци на машкото население за време на војните во периодот 1912 – 1918 година, придружени со политичките и економските емиграции, особено застапени на територијата на Вардарска Македонија. Пред Балканските војни, бројот на лица, мажи на возраст од 15 до 50 години, кои ја напуштиле територијата за „печалба“, се проценува на околу 70.000.[266] Во периодот меѓу двете светски војни, кога територијата е приклучена во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, печалбарското подрачје се намалило, а светската економска криза која уследила, предизвикала и

[265] M. Macura, op. cit., 102; Милош Мацура во својата анализа на старосната и половата струиктура на Југославија од 1921 до 1953 користи т.н „пирамиди на староста“ низ кои ги објаснуваи графички ги прикажува промените предизвикани од придодното и механичкото движење кај населението, воедните губитоци и особено промените во морталитетот и наталитетот. Види подетално: Ibidem, 103–105.
[266] L. Sokolov, op. cit., 43.

намалување на бројот на печалбарите општо. Сепак, една од главните последици на печалбарството и изнесувањето на вишокот труд надвор, е создавањето на економски пасивни региони, кои во статистиките се препознаваат по големиот број на женско население над машкото.[267] Во 1931 година на територијата на Вардарска Македонија соодносот се менува во корист на машкото население.

**Табела 14: Полова структура на активното население во класата дејности индустрија и занаети, Вардраска Макеоднија и Кралство Југославија, 1931 година**

| 1931 год./Пол | Вардарска Македонија | | | | Кралство Југославија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно (%) | | Активни во индустрија и занаети (%) | | Вкупно | | Активни во индустрија и занаети (%) | |
| М | 287.000 | 100 | 35.182 | 12,3 | 4.445.697 | 100 | 604.614 | 13,6 |
| Ж | 105.027 | 100 | 3.015 | 2,9 | 2.236.918 | 100 | 125.267 | 5,6 |

*Извор: Lazar Sokolov, Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962)*

Табела 14 се фокусира на половата структура кај населението активно во класата дејности „Индустрија и занаети“ на територијата на Вардарска Македонија и на ниво на државата. Разликата меѓу мажите и жените активни во „Индустрија и занаети“ изнесува 9,4% во Вардарска Македонија, додека пак истата разлика на државно ниво изнесува 8%. Активирањето на жените во оваа група на дејности се наоѓало на почеток. Постоењето на т.н. „земјоделска пренаселеност“ предизвикувало првенствено впивање на машката вишок работна сила во индустријата, а потоа и во останатите неземјоделски дејности). Во Прилог 6 може да се следат комплементарно истите категории за сите групи на дејности: населението е најактивно во „Земјоделство,...“, каде женското население е побројно од машкото за 17,8%. Во неземјоделските дејности, и двата пола се најбројни во „Индустрија и занаети“. Во споредба со поранешниот период, промени настанале и во поглед на застапеноста на трудот на жените. До 1918 година учеството на жените во стопанскиот живот на земјата, а особено нивното учество во неземјоделските дејности, било речиси незначително.

Погоре, во Табела 11 може подетално да се увидат бројките кои ја формираат половата структура во групата на дејности „Индустрија и занаети“ по околии. Во сите околии бројот на активни мажи е поголем од оној на активни жени. Во Скопската

[267] Види неколку примери со наведен вишок на женско население (1921 година): Кичевска околија (1.422), Галичка околија (1.688), Горнополошка околија (1.162), Долнополошка околија (2.356). L. Sokolov, op. cit., 48–49.

околија каде бројот на активните во оваа група дејности е видливо најголем, односот меѓу мажите и жените изнесува: 8.004 мажи, наспроти 1.068 жени. Во Прилепската околија, каде женскиот труд бил присутен особено во призводството и манипулацијата на тутун, односот изнесува: 2.806 мажи, наспроти 221 жени. Галичката околија е специфична по тоа што само 21 жена е регистрирана како активна во „Индустрија и занаети", додека пак 2.100 жени се издржувани во истата група дејности. Слично е и во Кичевската и Крушевската Околија, а таквиот однос се должи на печалбарството по кое биле претпознатливи овие пасивни региони, особено Галичката околија. Во Мариовската околија само 1 жена е регистрирана како активна во „Индустрија и занаети", а мажи 67.

Погоре, во Табела 12, може да се увиди подетално половата структура во поглед на социјалната положба во дејностите од „Индустрија и занаети" со фокус на лица по професија работници. Бројот на мажи по професија работници во „Индустрија и занаети" секаде е поголем од бројот на жени работници. Кај жените, бројот на жени работници е поголем само во Скопската околија која претставува исклучок во овој поглед со 518 жени, велиме исклучок, бидејќи во 20 околии бројот е помеѓу 0 и 15. Во комплементарниот увид за работници за сите класи на дејности кој го нуди Прилог 5, машкото население по професија работници, освен во „Индустријата и занаетите" често се јавува како бројно и во „Јавни служби...", додека пак женското население по професија работници, се јавува бројно, традиционално во земјоделски сектор, потоа во „Индустрија и занети", а скоро и да отсуствува во останатите неземјоделски групи на дејности, што укажува за културниот степен на развој и (не)присутноста на жените во јавната сфера, т.е. вклучувањето на женскиот труд надвор од традиционалните земјоделски дејности најпрво се случило во индустриските дејности и производството, тоа е видливо и во Прилог 6.

Во перидот меѓу двете светски војни настапил процес на поголемо вовлекување на жените во производството. Приходите на машките членови на семејството сé потешко можеле да го обезбедат опстанокот на семејствата. Зголемен интерес за трудот на жените покажале и самите работодавачи бидејќи трудот на жените бил многу пониско платен од трудот на мажите. Жените преовладувале во претпријатија за преработка на тутун и во претпријатија на текстилната индустрија. Во овие две индустриски гранки на жените отпаѓале преку 50% од вкупниот број на вработени во релативно многу помал број. Во определен број на индустриски гранки, како на пример металната, кожната индустрија, индустријата за градежни материјали и индустријата за

преработка на дрво, женската работна рака речиси воопшто не била застапена. Трудот на мажите преовладувал и во занаетчиството.[268]

Старосната структура на населението може да даде увид за „контингентот на работоспособно население“, бројот на лица обврзани за образование, обемот на население во фертилно доба, бројот на возрасни лица важен за одредување на социјалната грижа и слично. По Втората светска војна Обединетите нации (ОН) воспоставувиле рамка за класификација на државите според старосната структура, и тоа во три категории: „стари“ (над 7% од популацијата има над 65 години, кај економски развиени земји), „зрели“ (mature) (4% - 7% од населението е над 65 години, кај земји во индустриски развој и индустриска транзиција) и „млади“ држави (помалку од 4% од населението има над 65 години, кај земји во развој).[269]

Според пописот од 1921 година, 5,6% од населението на Кралството СХС било над 65 години, што го прави Кралството „зрела држава“ (*mature* state) која минува низ индустриска транзиција. По пописот од 1931 година, процентот на лица со возраст над 65 години, опаднал на 5,1%. Во другите возрасни групи исто така настанале промени: процентот на најмладото население од 34,8% во 1921 година се зголемил на 34,2% во 1931 година. Процентот на работоспособното население се зголемил од 59,9% на 60,7%. Регионално гледано, Дравската бановина (Словенија) имала најголем удел од возрасните лица (7,2%) со што статистички и демографски се оправдува нејзиното предводничко место во процесите на еконосмки развој. Териториите на Врбската, Дринската и Вардарската бановина ги населувале најголем дел од младото население, а бројот на возрасни лица се намалил, што ја објаснува ниската економска развиеност на југот од државата.

---

[268] Р. Христов, *Трудбеничките слоеви*… op. cit., 43.

[269] Jelena Rafailović, “Economic Structure of the Population in the Kingdom of SCS”, *Токови историје,* 3 (2019): 83–104, 88.

**Табела 15: Старосна структура на вкупното население на територија на Варарска бановина според пописите од 1921 и 1931**

| Старосни групи | Година | |
|---|---|---|
| | **1921** | **1931** |
| **Вкупно** | 100 | 100 |
| **0-14** | 39,4 | 39,0 |
| **15-19** | 8,8 | 9,7 |
| **20-29** | 9,8 | 17,0 |
| **30-39** | 10,1 | 10,4 |
| **40-49** | 11,4 | 8,1 |
| **50-59** | 9,4 | 7,0 |
| **60-64** | 3,9 | 3,1 |
| **65-69** | 2,3 | 2,1 |
| **70-79** | 3,1 | 2,4 |
| **80-и повеќе** | 1,8 | 1,2 |

*Извор: Lazar Sokolov, Promene u strukturi I stanovnistva na teritoriji NR Makedonije 1921-1953 godine kako odraz ekonomskog razvoja, (Skopje: Ekonomski institut na NRM, 1962), 54.*

Карактеристично за Вардарска Македонија е големиот удел на непродуктивното население под 15 години и над 65, кое сепак покажува тенденција на намалување во периодот од 1921 до 1931 година. Во 1921 година воочлив е малиот број на население во работоспособните старосни групи од 20 до 39 години (генерации родени во 1880/90 година), кој несомнено се должи на веќе неколку пати споменатите економски миграции и воени губитоци во периодот 1900 – 1918 година.[270]

Пред 1948 година не постојат податоци за старосната структура на населението во Вардарска Македонија во однос на економската структура и според тоа, уште помалце може да се фокусираме на старосната структура на населението активно во индустрија и населението според позиција работници во индустриските дејности. Но, користењето на индиректни податоци, особено извори за малолетните работници и болести (морталитет) најприсутни на работниците, може донекаде да ја реконструираат старосната структура на населението економски активно во индустрија. Статистичките годишници од 1929 до 1941 година нудат податоци за заштитата на работниците и работничкото осигурување на ниво на државата во сите гранки на индустриските дејности според пол и возраст, што е добар увид во општите тенденции (види Прилог 7 и Прилог 8). Иако вакви податоци не постојат поединечно за бановините или за регионите, сепак може да ни послужат за одредување на тенденциите на економска активност со фокус на индустријата кај одделни старосни групи.

Во Прилог 7 може да се согледа старосната структура на возрасните групи: под 14 години, од 14 до 18 години и над 18 години, според пол, по индустриски гранки за

[270] Повеќе за „половата деформација“, т.е несразмерниот однос меѓу машкото и женското население во сите старосни групи од 15 до 49 години, кај населението на Вардарска Македонија во 1921 година, види кај L. Sokolov, op. cit., 57.

1929 година, и вкупно за сите години од 1920 до 1928. Кај мажите, во старосната група до 14 години, во 1929 година регистрирани се вкупно 1.191 работник, распоредени по 25 индустриски гранки. Најмногу работници под 14 години (218) биле вклучени во „Индустријата на камен и земја“. Во периодот 1920 – 1929 година, оваа старосна група има најмал број во 1920 година (36), а бројот најмногу пораснал во 1924 година (1.373).

Бројот забележал повторно намалување во 1927 година (89), за во 1929 година повторно да се зголеми. Ова укажува на процесите за социјално регулирање и заштита на детскиот труд на почетокот од 20-те години и негова слаба регулација се јавува повторно во средината од 20-те каде повторно детскиот труд бил посакуван заради ниската платеност. Бројот на мажи работници во старосната група 14 – 18 години во 1929 година изнесувал 13.119, а највисок бил во дрвната индустрија (2.623). Во периодот 1920 – 1929 година, кај оваа старосна група се забележува прогресивен раст сé до 1925 година каде е најбројна (18.856), за во наредните години нејзиниот број прогресивно да опаѓа до 13.119 лица во 1929 година. Во сите возрасни групи, мажите во возрасната група над 18 години се најбројни во 1929 година (134.902), исто и во целиот период 1920 – 1929 година. Мажите од оваа старосна група се најбројни во гранката првобитна индустрија (19.679), а бројни се и во дрвната индустрија и во индустријата за храна. Во периодот 1920 – 1929 година, растот на оваа економски најпродуктивна старосна група е со прогресивен раст до 1926 година, кога од 109.136 паѓа на 99.543 лица во 1927 година, во најголем дел како последица на економските шокови предизвикани од светската еконосмка криза. Бројот на жените во старосната група до 14 години во 1929 година изнесува 871, а најголем е во текстилната индустрија (273).

Во периодот 1920 – 1929 година, користењето на женскиот труд во старосната група до 14 и од 14 – 18 години е помал во споредба со машкиот, но во текот на годините не доживува шокови на намалување и растење на бројот како кај мажите во истите старосни групи, иако во годините на економска криза има намалување и кај жените во наведените старосни групи, сепак нивниот раст е прогресивен, тоа е последица на поефтиниот женски труд во споредба со машкиот, токму во годините на криза. Кај жените во старосната група над 18 години во 1929 година бројот изнесувал 26.390. Жените од сите старосни групи најбројни се во текстилната индустрија и во оваа гранка секогаш се побројни од мажите. Слично е и во индустријата за облека. Во останатите индустриски гранки видна е доминантноста на мажите, а постојат гранки

каде жените воопшто не фигурираат (подвижна индустрија, металургија, парични заводи).

Во Прилог 8 може да се согледа старосната структура и половата структура во индустриските гранки за возрасните групи: под 14 години, од 14 до 18 години и над 18 години, за 1938 година, и вкупно за сите години од 1929 до 1937. Во периодот 1930 – 1935 година настанало големо намалување на бројот на мажи од старосната група до 14 години и бројот се движел од 100 до 250, за истиот период намалување е забележано и кај жените од истата возрасна група. Нагло зголемување на бројот на мажи во оваа возрасна група се забележува во 1937 кога се зголемиле на 4.182, за во 1938 да се намали бројот на 1.058. Намалување на бројот се забележува и кај мажите од возрасната група од 14 – 18 години во периодот 1931 – 1936 кога бројот се движи меѓу 5.000 и 7.000 лица. Доколку во 1929 година нивниот број изнесувал 13.119, во 1938 година изнесувал 7.530. Мажите во еконосмки најпродуктивната возрасна група над 18 години во 1938 година броеле 119.365, и кај нив во периодот 1932 – 1937 година настанале значајни намалувња на бројот (кој се движел помеѓу 80.000 – 90.000), земајќи во предвид дека во 1929 броеле 134.902. Единствено кај жените од возрасната група над 18 години се забележува зголемување на бројот: во 1929 година броеле 26.390, а во 1938 година, 37.306. Во периодот 1932 – 1936 година нивниот број се движел меѓу 24.000 и 27.000.

Од Прилог 7 и Прилог 8 може да извлечеме заклучоци за влијанието на светската економска криза[271] во Кралството Југославија, особено во поглед на работните места за мажи и жени во индустриските гранки, кои особено стануваат изразени во средината на 20-те и од 1932 до 1937 година. Влијанието на законите од областа на детската и работничката заштита влијаеле на поголема регулација на

[271] Големата економска криза, економската депресија, го претставува падот на поважните економски субјекти кој започнал во 1929 година и траел до 1933 година, најпрво во САД, во некои економски гранки, а понекаде низ светот, овој период бил подолг. Кризата се одликувала со голема невработеност и недостаток на капитал. Започнала во САД со падот на берзата на Wall Street во Њујорк и се проширила низ цел свет по принцип на „домино ефект“ и предизвикала бројни социјални немири, работнички штрајкови, а во некои држави и политички кризи. Светската економска криза започнала да се чувствува во Кралството Југославија нешто подоцна од останатите модерни држави во Европа заради земјоделската ориентираност на економијата и општетсвото, токму заради тоа се одразила специфично: започнала со пад на цените на земјоделските производи во текот на 1930 година, а во индустријата најголем удар се почувствувал во 1932 година. Соочувањето на власта со кризата предизвикало целосна етатизација на општетсвото. Види повеќе: Boris Kršev, *Finansijska politika Jugoslavije 1918.-1941,* (Novi Sad, 2007). За влијанието на економската криза врз територијата на Вардарскиот дел од Македонија види: Ристо Христов, „Влијанието на економската криза врз стопанството меѓу двете светски војни“, (докторска дисертација), (Скопје: УКИМ, 1986).

детскиот труд, но сепак не настанала забрана за детски труд во индустријата, освен во некои индустриски гранки каде тоа било експлицитно забрането од безбедносни и здравствени причини. Крајот на 30-те години го одбележува бавниот, но сигурен раст на женското население над 18 години ангажирано во индустриските гранки, особено доминантно во текстилната индустрија и индустријата за облека, проследени со присутност и на малолетни работници од двата пола во наведените две гранки.

Законот за заштита на работници од 14 јуни 1922 забранувал вработување на деца под 14 години. Но, каква била неговата примена на територијата на Вардарска Македонија и воопшто, која старосна група го составувала во најголем дел градското, неземјоделското, занаетчиско и индустриско население опишува раководителот на Берзата на трудот во Скопје Растко Пуриќ:

„Најбројното чисто варошко работништво од двата пола, припаѓа на генерацијата која станала работничка по ослободувањето, младината помеѓу 14 и 30 години.“ (...) „Во овој работнички слој на Ј. Србија голем удел земаат и многубројната војска од чираци, околу 11.500 – 12.000, според законот наречени ученици, чираци, ученици на занает. (...) Во голема мера вработени се и малолетници во стопанството и тоа на местото на работниците. Многу фирми употребуваат малолетници од двата пола како ефтина работна сила наместо работници. Деца од 10 – 15 години ги работат дејностите на возрасните работници, за надница од 3 – 10 динари дневно.“[272]

Во периодот 1921 – 1941 година на територија на Вардарска Македонија, забележани се промени во структурата на населението активно и издржувано во индустрија и во социјалната положба на работниците во групата „Индустрија и занаети“. Иако стапката на активност кај ова население останала ниска, заради големиот број на младо население и слабата ангажираност на жените во индустриксите гранки, сепак се забележува зголемување на ова население, особено во Скопската околија, а потоа и во Битолската, Прилепската и Велешката околија.

[272] Р. Пурић, op. cit., 20, 26.

### 1.3 Етнички белези на активните во индустрија

Етничките белези на економско активното население и на издржуваното население може да откријат кои фактори кои влијаеле врз урбанизацијата и пролетаризацијата на населението во модерната држава. Работната сила на просторот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Кралството Југославија се регрутирала во најголем дел од изразено хетерогени општествени слоеви со различни културни традиции, општествени привилегии и различна работна етика.[273] Тука се согласувам со констатацијата на Владан Јовановиќ дека токму хетерогеноста на овој социјален конгломерат била без „работничка традиција“ па во текот на 30-те години споро се трансформирал во работничка класа и споро ги стекнувал обележјата на општествено дисциплинирана групација.[274]

Жителите на мали градски населби (во изворите: „варошко градско население) и селското христијанство, градските муслимани, еврејското население, ромското население, странските работници, во меѓувоениот период се јавуваат со свои специфичности во економската активност во контекст на индустријата и занаетите, а истовремено со себе го носеле својот специфичен историски капитал во процесот на нивно активирање во новите економски гранки.[275]

Во однос на статистиките, пред 1948 година не постојат податоци кои систематски се занимаваат со етничката, ниту со националната структура, на населението според економските или социјалните обележја. Затоа, овде ќе се послужиме со статистичките податоци кои се однесуваат општо на етничките карактеристики на вкупното население, а потоа и извори кои дискурзивно или на микро ниво се занимаваат со прашањето за етничите белези на населението активно во индустријата.

Во првата глава ги споменавме причините зошто за бројноста на македонскиот народ може да се демонстрираат само приближни бројки, и според тоа во пописот од 1921 година влегуваат во графата Срби или Хрвати по мајчин јазик:

„Од вкупното население на територијата на Вардарска Македонија 546.013 жители или 68,44% во официјалната статистика се водат како Срби или Хрвати. Се

---

273 Види: Ивана Хаџиевска, „Малцинствата во Кралството Југославија како работна сила: факторизација на етничкото потекло, од земјоделските периферии до индустриските центри (примери, 1920-1230)“, *Историја*, 2 (2019), 95–113.

274 V. Jovanović, op. cit., 261.

275 Види за специфичностите на варошкото христијанско, мулсиманско, еврејско и ромско население кај Р. Пуриħ, op. cit., 5–20.

разбира дака оваа одредница во согласност со тогашната политика и став на државата и српското политичко водство кон Македонија и македонскиот народ не кажува ништо, односно не може да даде правилна слика за етничката структура во 1921 година. Во овој период колонизацијата тукушто започнала, така што само мал дел од попишаните Срби или Хрвати припаѓаат на оваа категорија. Во рамките на оваа група спаѓаат и административниот и воено-полицискиот кадар стациониран во Македонија по 1918 година. Слободно можеме да кажеме дека најголемиот број од регистрираните Срби или Хрвати се Македонци, односно приближно македонскиот народ претставувал околу 65% од вкупното население на Вардарска Македонија.

Втори по бројност биле Турците со 118.758 жители, или 14,83% од населението. Веднаш по Турците по бројност доаѓале Албанците во официјалната статистика водени како Арнаути со 110.650 жители или 13,87% од вкупното население. Според овие податоци во Вардарска Македонија живееле 9.026 Власи или 1,12%, а останатите етноси сочинувале 13.785 жители или 1,73% од населението. Споредувајќи ги податоците од пописот од 1921 година, со податоците за населението од пред Балканските војни се забележува дека во одредени области дошло до значајни етнички промени. Турското население веќе не било мнозинство во ниту еден град, а нивниот број значително се намалил.. (...) Евреите биле застапени со 5.047 жители или 0,63% во Вардарска Македонија.“[276]

Во однос на следниот попис, од 1931 година, сумираниот заклучок е дека бројот на православното население продолжил да расти, особено во поголемите градови како Скопје, Струмица, Прилеп, Куманово и др., додека градови како Кавадарци, Дебар, Крива Паланка и др. бележеле континуиран пад на своето население, бидејќи дел од населението се селел во поголемите градови, а дел од муслиманското население се селело во Турција. При оценката на порастот на градското население особено во поголемите градови треба да имаме предвид дека во нив се доселувале голем број на службеници, како и воено-полициски кадар, така на пример во Скопје во 1931 година, 19,4 % од жителите биле доселени од место надвор од тогашната Вардарска бановина, а само 5,7% биле доселени од околните.[277]

---

[276] Б. Илиевски, „Етничките и демографски промени..., op. cit., 117.

[277] Ibidem, 142; Види детално за етничкиот состав по околии во Вардарска Македонија: Б. Илиевски, *Демографските карактеристики на Вардарска Македонија...*, op. cit., 97–218.

Со менувањето на демографијата како последица на политичките престројувања во историскиот процес, се менувале и специфичностите од економски аспект кај секоја од етничките групи на територијата на Вардарска Македонија:

„До 1918 година во Јужна Србија имало релативно мал број варошки христијани работници, ... Поголемиот број од варошките христијани се занимавале со трговија на тутун, опијум, ориз, пченица и други производи, но бакалите, пиљарите, месарските, пекарските, штампарските, кројачките и берберските бизниси биле типични за нив. Фабрички работници скоро и да немало, со исклучок на преработувачите на тутун, како и околу педесет работници во фабриките за „шарлаган" во Велес. ... Меѓу муслиманското население на Јужна Србија преовладувале печалбарите. Со создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците дошло до реорганизација на целиот систем, заради што и муслиманите професионално еволуирале. Старите трговци ги задржале старите називи, но напредувале, вешто снаоѓајќи се во современите околности. Значаен дел од исламското население се иселил во Турција, додека пак занаетчиите се прилагодиле на новиот систем, занимавајќи се со старите занаети (кројачи, кафеџии, анџии, фесари, фијакеристи). Посебна муслиманска етничка група претставувале Ромите кои во најголем дел припаѓале на варошкото население, освен малиот број на „гурбетчии". Најмногу ги имало во Скопје, каде се доселиле од косовско-гњиљанскиот и врањско-кумановскиот крај. Нивниот број непрекинато се менувал, на пример во 1931 година од 68.000 жители на Скопје, 7.500 биле Роми. Традиционално, најчесто работеле како амали (носачи на товар), џамбаси (продавачи на коњи), чистачи на чевли и надничари, иако ги имало и занаетчии, меѓу потковичарите, ковачите, „решеткарите", додека нивните жени работеле како измеќарки (или „бединерски"), перачки и најпрости работнички."[278]

Според Коста Сидовски, во меѓувоениот приод во индустријата на подрачјето на Вардарска Македонија имало 211 квалификувани работници по народност Срби, Хрвати, Словенци и др. и 53 работници странци (иако авторот не наведува земја на потекло). Овие работници биле главно вработени како експерти во разни индустриски гранки со соодветно образование или технички раководители, мајстори, специјалисти во индустриски погодни и слично. Странските работници биле во привилегирана

[278] V. Jovanović, op. cit., 260–262.

положба заради недостатокот на домашна квалификувана сила.[279] Овој податок меѓутоа не е доволен за оформување на поголема слика. Овде ги додавам изворите кои сведочат за државно регулирање на одосите меѓу работодавците и работниците со странско потекло, еден извор од Судот на општината на Град Скопје од 14 октомври 1925 година порачува:

„Министерството за труд и социјална политика бара да се стопираат сите одлуки за протерување на странски работници сé додека не се донесе новиот Правилник за заштита на работниците.“[280]

Наредната година, одделението за социјална политика и Судот на општината на Град Скопје известуваат дека Правилникот за странски работници е донесен.[281] Состојбата со „протерување“ или недобредојденост на работниците од странски земји, но понекогаш се работело и за работници од различни региони на самото Кралство Југославија, било прашање кое се среќавало во сите големи градови, урбани и индустриски центри, а било покренувано од страна на работничките комори или на одделенијата за социјална политика заради „рушењето на надницата“ на домашните/локалните работници.[282]

Доколку демонстрираме примери од извори кои се однесуваат на микро ниво во форма на договори за регулирање на вработување склучени помеѓу работници и претставници на индустријата се манифестираат дискурзивните заклучоци кои сведочат за економско активирање на работници, кои може да ги разликуваме според етничките белези, но не и според социјалните бидејќи стануваат дел од истиот слој:

„Договор за привремена работа меѓу претставникот на Генералното Трговачко Акционерско Друштво и наведените лица (...), за работа во фабрика за чорапи, склучен на 13 март 1932, во Скопје.“ (наведени се 30 лица: женски типично христијански имиња)[283]

„Договор за привремена работа меѓу претставникот на Генералното Трговачко Акционерско Друштво и Зорица Паниќ, работничка, склучен на 3 септември 1932, во Скопје.“[284]

---

[279] К. Сидовски, op. cit, 338.

[280] Архив на град Скопје, Фонд Градско Поглаварство на Град Скопје 1918 – 1941, 6.1.40.49/231

[281] Исто, 6.1.42.217/1294: Правилник за вработување на странски работници од Минсистерството за труд и социјална политика со Судот на општината на Град Скопје, донесен на 16 февруари 1926.

[282] Види примери со проблеми од странски работници на територија на градот Загреб (*Наредба за присилен изгон на странци од подрачјето на Загреб*, 1920) и на територија на регионот Војводина: И. Хаџиевска, op. cit., 104–109.

[283] Архив на град Скопје, исто, 363-392/1037-1066.

[284] Ibid., 146.84/358.

„Договор меѓу Дано Теста, застапник на фабриката за чорапи и Драга Јовановиќ, работничка, склучен на 8 септември 1932, во Скопје.“[285]

„Договор меѓу Дано Теста, застапник на фабриката за чорапи и Алегра Јакимовиќ, работничка, склучен на 12 септември 1932, во Скопје.“[286]

„Договор за вработување склучен помеѓу сопственикот на фабриката за чорапи и Смиља Славиќ, работничка, склучен на 14 октомври 1932, во Скопје.“[287]

„Договор за вработување меѓу сопсвеникот на фабриката и Перса Арсиќ, работничка, склучен на 14 октомври 1932, во Скопје.“[288]

„Договор за вработување склучен помеѓу соспственикот на фабриката за чорапи и (...), на 14 март 1933, во Скопје.“
(наведени 29 лица: 28 женски типично христијански имиња и 1 женско типично муслиманско име).[289]

„Сопственикот на текстилната работилница Костиќ Ангел го пријавува вработувањето на работничката Бедрие Мемети, на 3 февруари 1934, во Скопје.“[290]

Наведените договори за работен однос дозволуваат заклучоци само на микро ниво, во однос на етничките белези на жените (вкупно 65 во сите договори) вработени во наведените текстилни индустриски работилници во периодот 1932 – 1934 година на подрачјето на Скопје. Од осумте договори парцијално може да се заклучи, според етничките белези на имињата во пријавните списоци, дека во текстилните фирми се вработувале во најголем дел жени христијанки, кои веројатно во најголем дел би припаднале во графата на српско и хрватско население според тогашната политика, а потоа и жени муслиманки, кои веројатно би припаднале во графата на албанско или турско население.

Овие извори се важни за прикажување и разбирање на постепените промени кои настанувале кај различните етнички групи на територијата на Вардраска Македонија, промената на навиките и семејните норими, а со тоа и предиспозиционирање на социјалната положба пред етничката припадност кај слојот на население кој започнувал да се активира во индустријата.

[285] Ibid., 146.83/357.
[286] Ibid., 146.104/480.
[287] Ibid., 147, 136/804.
[288] Ibid., 147, 137/805.
[289] Ibid., 404-433/1083-1113.
[290] Ibid., 159, 120-128/774-779.

## 1.4 Разместеност на работници по индустриски гранки

Бројноста на работниците во одредени индустриски гранки и групи на дејности, може да ги осветли карактеристиките на „пазарот на трудот“ во индустријата, економските особености на регионот, да одговори кои стопански гранки го апсорбирале најголемиот дел од активното население, како тоа се остручувало во тие рамки. Оттаму може да се разговара за специфични прашања како социјалните аспекти, здравствените аспкети и егзистенцијата на работниците во одредена гранка, кои стануваат специфични токму заради природата на трудот во таа гранка и заради односот меѓу работникот и трудот во таа гранка. Така, може да зборуваме за навиките, здравјето и егзистенцијата специфични за „тутунарите“, „рударите“, „текстилците“ итн.

Државата ги дефинирала и диференцирала индустриските гранки како дел од групата/класа на дејности „Инустрија и занаети“, која се делела на 15 главни групи и вкупно 89 подгрупи кои излегувале од нив, а во пописот од 1931 година, кој за првпат дава вакви статистички податоци, класификацијата се однесува на „главното занимање“ на населението како дел од општ попис на населението и не се работи за специјален попис на професиите (Berufszahlung, recensement professionnel).[291]

Диференцијацијата индустриските дејности на ваков начин се користела во разни статистички публикации или информативни содрживи од полето на социјалното и работничкото осигурување,[292] во економијата и сл. Пописот од 1931 година, како и статистичките годишници, заедно со изданијата на Социјален архив и слични публикации кои може да се користат во овој дел, даваат податоци на државно ниво и за секоја бановина поединечно, додека пак податоците само за територијата на Вардарска Македонија може индиректно да се реконструираат. Во меѓувоениот период не може да зборуваме за распределбата на работниците по индустриски гранки во смисла на чисто стручно работништво, врзано за само една струка, како што може да се види од поделбата погоре, не постои јасна дистинкција меѓу индустриските дејности и занаетите.

[291] Класификацијата на групи и подгрупи во рамки на класата на дејности „Индустрија и занаети“ е превземена од пописот од 1931 година, види стр. 4–17.
[292] Види пример: Заштита на работници. Преглед на претпријатија под надзор. *Статистички годишњак 1929*, кн. 1, op. cit., 425; Заштита на работници. Преглед на претпријатија под надзор. *Статистички годишњак 1940,* кн. 10, op. cit., 422.

Во Табела 12 може да се види бројот на активните во инудстрија според положба во професијата – работници, распределени по групите на класата дејности „Индустрија и занаети“ поред пописот од 1931 година, и тоа на ниво на државата и на ниво на Вардарска бановина. Вкупниот број на работници на ниво на државата бил 309.034, а работниците во истите дејности во рамки на Вардарска бановина чинеле 5,7% во државни рамки.

Во Кралството Југославија индустриска гранка или група на дејности која привлекла најголем број од работниците биле индустријата и занаетите на облека (68.943), потоа следувале и индустријата и занаетите на кован метал (36.649) и индустријата и занаетите на дрво и коста (36.730). Индустриска гранка која забележува најмала бројност (без „Останатите...“ со 1.346) е индустријата за хартија (2.556), а мала е и бројноста кај хемиската индустрија (3.945). Бројноста на мажите во индустриските гранки е секаде поголема од бројноста на жените освен во текстилната индустрија, каде жените се побројни за 2.924 работнички. На ниво на Вардарска бановина, имаме пресликување само во големата бројност во индустриската гранка за облека (5.102), а по неа следуваат гранката на градежна индустрија и занаети (2.969), каде отсуствува бројот на жени работнички и гранката на индустрија и занаети за храна (2.503).

Најмалку работници има во индустријата за хартија, што е уште едно пресликување со процесите на државно ниво. Во Вардарска бановина во седум индустриски гранки бројот на жени работнички е минорен или воопшто ги нема, а најбројни се во индустриските гранки за облека, текстил и храна. Во Вардарска бановина најголем дел од работниците се распределени или се наоѓаат во индустриски гранки каде доминантен е живиот труд наспроти опредметнатиот и нема голема бројност во гранките поврзани со индустрија на метал, железо, руда итн. за разлика од државното ниво каде се согледува поголема бројност во гранката за индустрија и занаети на кован метал.

Според анализите на Коста Сидовски,[293] кои ги користи и Ристо Христов,[294] бројот на работниците по индустриските гранки на територија на Вардарска Македонија во 1940 година бил следен: од вкупно 10.853 вработени работници и службеници (авторот не кажува како дошол до овој број), најголем дел биле во тутунската индустрија 7.210 (66,4%) и во индустријата за обоени метали 1.185 (11%), Потоа следувале прехрамбената индустрија 705 (6,6%), текстилната индустрија 434

---

[293] К. Сидовски, op. cit., 324.
[294] Р. Хртстов, *Трудбеничките слоеви...*, op. cit., 40.

(4,0%), индустријата за градежен материјал 411 (3,8%), електростопанството 217 (2%), металната инудстрија 162 (1,5%), индустријата на неметали 133 (1,2%), графичката индустрија 124 (1,1%), хемиската индустрија 110 (1%), дрвна индустрија 80 (0,7%), индустрија за јаглен 55 (0,5%), кожна индустрија 27 (0,2%).

Во бројките кои ги дава Коста Сидовски може да забележиме одредено следење на тенденциите со оние на ниво на Вардарска бановина, особено во бројноста кај прехрамбената индустрија и текстилната индустрија што се должи на економската состојба и политика кон самиот регион. Специфичните аспекти на трудот и егзистенцијата во овие индустриски групи, најмногу поврзани со специфични здравствени и хигиенски состојби и сл. „професионални деформации“, во меѓувоениот период станувале дел од работничките „идентитет во формирање“ и проблеми на најголем дел од работниците, во делот кој следи ќе се фокусира токму на тие прашања

**Табела 16: Разместеност на работниците по индустриски гранки во Кралство Југославија и Вардарска Бановина во 1931 година**

| Класа и групи на дејност: Индустрија и занаети | | Лица вработени во професијата како работници во 1931 г. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Кралство Југославија | | | Вардарска Бановина | | |
| | | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| Б. 6 | Индустрија и занаети | 264 421 | 44 613 | 309 034 | 15 817 | 1 805 | 17 622 |
| 7 | Рударство и топилници | 20 384 | 400 | 20 784 | 274 | 1 | 275 |
| 8 | Индустрија и занаети на кован метал | 36 156 | 493 | 36 649 | 1 607 | - | 1 607 |
| 9 | Производство на машини, алати и инструменти | 23 923 | 968 | 24 891 | 635 | - | 635 |
| 10 | Индустрија и занаети на камен, дрво и стакло | 8 807 | 783 | 9 590 | 414 | 1 | 415 |
| 11 | Индустрија и занаети на дрво и коска | 35 564 | 1 166 | 36 730 | 1 369 | 5 | 1 374 |
| 12 | Индустрија и занаети на кожа, влакна и рогови | 4 436 | 429 | 4 865 | 199 | 3 | 202 |
| 13 | Текстилна индустрија и занаети | 6 510 | 9 434 | 15 944 | 781 | 515 | 1 296 |
| 14 | Индустрија и занаети за облека | 50 274 | 18 671 | 68 945 | 4 482 | 620 | 5 102 |
| 15 | Индустрија и занаети за хартија | 1 389 | 1 167 | 2 556 | 15 | 5 | 20 |
| 16 | Индустрија и занаети за храна | 26 688 | 4 082 | 30 770 | 2 046 | 457 | 2 503 |
| 17 | Хемиска индустрија и занаети; производство и пренос на механичка сила | 3 196 | 749 | 3 945 | 94 | 17 | 111 |
| 18 | Градежни занаети | 33 038 | 104 | 33 142 | 2 969 | - | 2 969 |
| 19 | Полиграфски и уметнички занаети | 3 823 | 1 530 | 5 353 | 109 | 12 | 121 |
| 20 | Гостилничарски занаети | 9 438 | 4 086 | 13 524 | 766 | 166 | 932 |
| 21 | Останати недоволно означени занаети | 795 | 551 | 1 346 | 57 | 3 | 60 |

*Извор: Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju), Sarajevo, 1940, 41-42, 69-70*

## 2. Правни аспекти

При создавањето производи од човековиот труд, луѓето стапуваат во врски и односи кои се општествени и низ нив се остварува односот на луѓето кон природата и производите на човечкиот труд. Овој дел е посветен на правните аспекти на трудот на индустриските работници во Вардарска Македонија низ развојот на трудовото право во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/К. Југославија.

Развојот на трудовото право ќе биде разгледуван од аспект на: внатрешните политички фактори и чинители важни за дефинирањето и поттикнувањето на државното законодавство кон развивање на трудовото право; важните интернационални процеси на креирање и контролирање на заживувањето на трудовото право, законодавството за работничка заштита и социјално осигурување на работниците низ развојот и улогата на Меѓународната организација на трудот (МОТ) како еден од најважните политички чинители меѓу двете светски војни *vis a vis* правните политики кон работниците во Кралство СХС/К. Југославија, респективно и нејзиното влијание во Уставот на државата; и конечно, во овој дел ќе се задржиме на преглед на законодавството во однос на индустриските работници, правните дефиниции, законските и подзаконските акти, регулативата и практиките во државните институции, предвидените мерки за заштита и тоа низ анализа на следните документи: Уставот, *Законот за работилници од 29 јуни 1910*, *Законот за заштита на работниците од 14 јуни 1922*, Уредбите за работно време, *Законот за инспекција на трудот од 30 декември 1921*, *Законот за осигурување на работниците од 30 мај 1922*, како клучни законски документи, а ќе бидат наведени и останати наредби, уредби и закони важни за темата. При оваа анализа фокусот ќе биде поставен на воспоставувањето и заживувањето на трудовото право на територија на Вардарска Македонија.

Предмет на изучување на трудовото право е, пред сé, трудот, чија основа, е работниот однос, што се воспоставува меѓу работникот, кој го отстапува (изнајмува) својот труд (работни активности), за да може да обезбеди средства за лична и семејна егзистеница, и сопствениците на средствата за работа (капиталот) – работодавачите.[295]

[295] Андон Мајхошев, Војо Беловски, *Трудово право*, (Штип: Правен факултет, УГД, 2012), 2, 6.

Во понатамошниот развој на трудовото право се забележува поголема интервенција на државата во областа на заштитата на правата на лицата во работен однос, со што се јавуваат елементи од јавно – правен карактер, кои постепено го пренесуваат трудовото право во доменот на јавното право (одличен пример за ова е развојот на заштитното работничко законодавтсво во Кралство Југославија, изразени низ *Закон за заштита на работниците од 14 јуни 1922*). Оттаму и забелешката на современикот Карл Ренер (Karl Rener) дека државите по Првата светска војна живееле во доба на „нагло преминување на граѓанското право во социјално право“.[296]

Кога станува збор за трудовото право, во современите извори од Кралството СХС/К. Југославија, а со тоа и во дискурсот, се среќавало низ термините: најпрво како *фабричко* или *индустриско право*, предмет на неговото проучување биле работните односи кои се засновани во областа на индустриските дејности, во фабриките, а неговите правни норми се однесувале на работниците вработени во дејности од областа на индустријата; потоа како *социјално право* или *работничко заштитно право*, назив кој се раководел од фактот што одредени услови за работа би можеле да имаат штетни последици врз безбедноста и здравјето на работниците, како од потребата за спречување на нивното настанување, или барем нивно намалување, со превземање на соодветни мерки; понатаму се среќава и како *работничко законодавство*, каде нормите сé повеќе се фокусирале на самите работници.

## 2.1 Политички фактори во развојот на трудовото право во Кралство СХС/К. Југославија

Изворите на правото[297] се органски поврзани со политичките фактори и историски процеси во чиј контекст се јавува самата развојност на трудовото право. Според тоа, во овој дел ќе биде направен пресек на главните политички фактори кои биле значајни за иницирање, воспоставување на новите и напредни институции на национална благосостојба и нивно контролирање во Кралството СХС/К. Југославија.

---

[296] L. Petrović, op. cit., 121 *passim* Karl Rener, *Socijalna funkcija pravnih instituta, Prilog kritici građanskog prava*, (Beograd, 1997), 22.

[297] Извори на трудово право во Кралство СХС/К. југославија овде ги дефинираме според класификацијата на правните извори на домашни извори (нормативните акти на државата: Уставот, законите, другите прописи, толкувања и сл; општите акти: актите на деловните субјекти односно на работодавачот; и колективните договори) и меѓународни извори (актите на меѓународните организаци и на специјализирани меѓународни организации (како на пример, актите на Меѓународната организација на трудот (МОТ)). Види подетално за поимот извори на трудово право: А. Мајхошев, op. cit., 30–31.

Меѓу тие фактори како ќе бидат издвоени и ќе биде прикажана нивната дејност и учество во социјалните политики важни за работниците во индустријата (со посебен фокус на нивните ефекти на територија на Вардарска Македонија): Меѓународната организација на трудот, институциите за социјална политика во Кралството СХС/К. Југославија, партиско-политички чинители, синдикалното работничко организирање и Работничката комора во Белград.

За воведување и развој на трудовото право, важно, ако не и историско пресудно значење имале меѓународните институции основани на темелите на Версајскиот мировен договор. Меѓутоа, важно е да се нагласи дека работничкото и социјалното законодавство било можно да се внесе во државниот систем дури во време кое го одликувале меѓународни побуни и политички превирања, време на општествен дисконтинуитет и реконструирање, какво што настапило по Правата светска војна.

Основна институција преку која требало да се надгледува спроведувањето на трудовото право и да се усмерува неговиот развој била Меѓународната организација на трудот (МОТ),[298] основана на темел на тринаесеттиот оддел на Версајскиот мировен договор, како дел од Друштвото на народите. МОТ делувала преку своето основно тело – Генералната конференција која се одржувала еднаш годишно. Заклучоците на Конференцијата немале моќ на меѓународни закони, но државите членки на организацијата биле должни да ги применуваат проект-конвенциите и нејзините препораки да ги поднесат во рок од година дена на претрес кај своите законодавни тела.[299]

---

298 Меѓународната организација на трудот (МОТ) (International Labor organization, ILO) [29 октомври 1919 година, Вашингтон – денес, Женева], е производ на долгогодишната интернационализација на социјално-политичкото законодавство и има своја предисторија која датира од 1900 година кога во Париз е основан Интернационалниот сојуз за законска работничка заштита и Интернационална канцелари на трудот во Базел. Со Версајскиот договор заклучен во јуни 1919 година се предвидувало основање на светска интернационална организација на трудот и унапредување на социјалното и трудовото право на глобално ниво. На 29 октомври 1919 година, во Вашнгтон, била одржана основачка конференција на МОТ. Во периодот меѓу двете светски војни МОТ функционирала во рамките на Лигата на народите, предходник на Организацијата на Обединетите нации. Во овој период МОТ се фокусирала на проблемите на заштита на мајките работнички, социјалната заштита, невработеноста, работните услови и условите за работа на жените и младите луѓе. По формирањето на Обединетите нации во 1946 година, МОТ била првата специјализирана организација која се приклучила кон системот на ОН, со посебна одговорност околу социјалните и трудовите прашања. Мото: *Si tu veux la paix, cultive la justice* (Ако сакаш мир, негувај ја правдата). Официјална страница: International Labor Organization, Достапно online: [https://www.ilo.org/global/lang--en/index.htm, пристапено на 17.04.2020].

299 Јелена Рафаиловић, „Примена западног законодавства на Балкану: упоредна анализа увођења радничког законодавства у Краљевини СХС и Бугарској", *Годишњак за друштвену историју* 1, 2014, 75–97, 76.

Во 1920 година, во Кралството СХС била формирана специјална владина служба формирана за соработка со МОТ и за спроведување на одлуките.[300] Во периодот 1920 – 1929 година, во Женева престојувале и учествувале во работата на конференциите на МОТ претставници на Кралство СХС/К. Југославија. Членот на владината служба Живко Топаловиќ,[301] се смета за најзаслужен за унапредувањето на комуникацијата меѓу МОТ и југословенските работнички организации и синдикати. Во 1923 година во Белград бил отворен Централен секретаријат на работничките комори, со што системот на работничка заштита бил директно вклучен во работата на МОТ. Во текот на 1927 година, Народното собрание на Кралство Југославија усвоило и ратификувало дванаесет конвенции на МОТ. Тоа била листа на ковенции прифатена од пратениците на Југославија во МОТ на 26 ноември 1926 година.[302]

Во првата половина на 1919 година во Министерството за социјална политика било формирано одделение со три отсека: одсек за работничко право, одсек за посредување на работа и одсек за инспекција на труд.[303] Министерството за социјална политика и народно здравје (Minisitarstvo socijalne politike i narodnog zdravlja, (МСПНЗ, понатаму скратено МСП)) било формирано на 27 јуни 1929 година. Во надлежноста на МСПНЗ спаѓале сите дејности за социјална политика, здравствени управи и служби, надзор над сите социјални и здравствени установи и надлежности како и припремање на законски предлози. Било врховен орган за социјална политика и здравствена заштита во Кралството Југославија.[304]

Како политички фактор кој штетно влијаел врз работничките права, примената на трудовото право и особено работничкото организирање, во литературата[305] често се наведува и анализира влијанието на *Обзнаната* од 29 декември 1920 година,

---

300 Види современ извор за односите меѓу МОТ и Кралство СХС/К. Југославија: Despot Ostoić, *Međunarodna organizacija rada*, (Beograd: Globus, 1937).

301 Живко Топаловиќ (Живко Топаловић) [Ужице,15/27 март 1886 – Виена 9 февруари 1972], српски правник и политичар. На почетокот на својот политички активизам бил дел од синдикалното и работничкото движење и член на Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти), која подоцна ја напуштил поради идеолошки причини за да формира нова партија – Социјалистичка партија на Југославија (СПЈ) во 1921 година. Активно учествувал во носењето на социјалното законодавство во државата.

302 Toma Milenković, "Privremeno radnicko zakonodavstvo u Jugoslavlji (od kraja prvog svetskog rata do donošenja Vidovdanskog ustava)", *Zbornik Odsjeka za povijesne znanosti Zavoda za povijesne i društvene znanosti*, vol. 11 (Zagreb: Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti, 1982), 41–47. Види и: Ружица Гузина, *Историја на државите и правата на Југословенските народи*, (Белград: Савремена администрација, 1972), 464; Владимир Картов, *Историја на државите и правата на народите на Југославија*, (Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј", 1991), 261.

303 П. Милосављевић, op. cit., 164.

304 Љ. Петровић, op. cit., 120 *confer.* Nikola Žutić, "Ministarski savet Kraljevine Jugoslavije", *Istorija 20. veka,* 1998/1, 27–41.

305 П. Милосављевић, op., cit., 236, 242; Р. Хистов, op. cit., 149–152.

потпишана од министерскиот совет и Министерот за надворешни работи. Најголем удар за работничкото организирање сепак донеле полициските власти врз основа на *Обзнаната*, кога ги укинале сите работнички организации со предзнак на класна борба, а меѓу нив и синдикалните, со тоа синдикалното движење во Србија како важен општествен фактор, било угушено.

Подоцна, со Законот за заштита на државата (*Zakon o zaštiti javne bezbednosti i poretka u državi od 2. avgust 1921*) се зголемила контролата над организации и политички партии кои имале комунистички предзнак на каласна борба, а со Законот за дополување на тој Закон од 6 јануари 1929 година, Законот бил проширен на сите дејности кои би можеле да доведат до промена на политичкиот и социјалниот поредок. Врз основа на тој Закон биле поништени комунистичките мандати во Народното собрание за 1921 година, комунистите и претставниците на Хрватската републиканска селанска партија (Hrvatska republikanska seljačka stranka) биле прогонувани.

Програмите на политичките партии во обласата на социјалните прашања биле или израз на идеолошкиот идентитет на партијата (најизразено кај комунистичката партија) или пропаганда за собирање на политички гласови без сериозно планирање за квалитативни промени. Успешната комунистичка агитација меѓу пауперизираното население довела до завиден изборен успех на Комунистичката партија на Југославија на изборите за Конституентата во 1920 година со околу 200 000 гласа и 58 пратенички места со што се етаблирала како четврта политичка сила во државата.[306]

Во Програмата и Статутот на Југословенската радикална заедница на чие чело се наоѓал Милан Стојадиновиќ се нудело решение на отворените прашања на социјалното законодавство, регулирање на нерешените прашања за социјално осигурување за изнемоштеност, старост и невработеност, а се продолжувало со ширењето на мрежи на превентивниот здравствен систем. Според оваа партија работниците биле сметани и наречени „носители на движењето“. Во 1936 година, Драгиша Цветковиќ[307] и Миха Крек[308] го основале Југословенскиот работнички сојуз

[306] Љ. Петровић, op. cit., 122 *passim* Branislav Gligorijević, *Parlament i političke stranke u Jugoslaviji 1919–1929*, (Beograd: Institut za savremenu istoriju, 1979).

[307] Драгиша Цветковиќ (Драгиша Цветковић) [Ниш, 15 јануари 1893 – Париз, 18 февруари 1969], премиер на Кралство Југославија (5 февруари 1939 – 27 март 1941). Бил член на Народната радикална партија и Југословенската радикална заедница, како и претседател на Југословенскиот работнички синдикат (Југорас). Со хрватскиот политичар Владимир Мачек – лидер на Хрватската селанска партија и потпретседател на владата на Драгиша Цветковиќ, постигнал договор за основање на Хрватската Бановина во 1939 година, а на 25 март потпишал пристапување на Југославија во Тројниот пакт. Бил симнат од власт со воениот пуч од 27 март 1941 година.

(Jugoslovenski radnički savez (JUGORAS)) со обединување на работничките секции веќе организирани во Југословенската радикална заедница. Главно ветување на овие политичари било законско регулирање на минималната надница. Идеолошки се барало работниците да не се насочуваат кон „странски идеологии“, туку да ја прифатат идејата за работничко движење со национален предзнак.[309]

Најважен фактор за развој на трудовото право во државата претставувало синдикалното и работничко движење во државата, работничките органиизации, Работничката комора и орагнизираните штрајкови и тарифни движења кои носеле различен белег во различен дел од државата.[310] На територија на Србија работничкото и синидкалното организирање имало свој развој од 1875 година, а токму работничките организации биле заслужни за носењето на Законот за работилниците од 1910 година во Србија. По 1928 година се обновиле повеќе стручни работнички сојузи според индустриска гранка.[311]

Синдикалното движење се развивало во пет различни идеолошки правци и начини на дејствување, изразени низ посебни синдикални групации: Слободни синдикати - Обединет работнички синдикален сојуз на Југославија (Уједињени Раднички синдикални савез Југославије (УРССЈ)), членка на Интернационален Синдикален Сојуз во Амстердам, со 33 организации и 36.000 членови, се определувале за класна борба; Независни синдикати - Централно работничко синдикално собрание на Југолавија (Централно радничко синдикално вече Југославије (ЦРСВЈ)), членка на Црвената Синдикална Интернационала во Москва, со 18 организации и 15.000 членови, се определувале за класна борба; Неутрални синдикати – биле организации кои се издвоиле од слободните и независните синдикати, имале околу 10.000 членови, се

---

308 Миха Крек (Miha Krek) [Лесковица Крајнска , 28 септември 1897 – Кливленд Охајо 18 ноември 1969], словенечки правник и политичар, член на Словенската народна партија. Во владата на Драгиша Цветковиќ бил министер за образование (26 август 1939 – 27 март 1941). По нападот на Југославија во април 1941 година, заминал заедно со Владата во егзил во Лондон.

309 Види: Љ. Петровић, op. cit., 127–130.

310 Работничкото движење на просторите на Кралството СХС/К. Југославија се јавило низ дејноста на германските, австриските и унгарските занаетчии и работници кои економски мигрирале или од домашни работници кои дошле до допир со социјалистички идеи. Во 1872 година во Хрватска настанале првите работнички здруженија, а во 1890 година било формирано синдикалното движење. Првата Социјалдемократска партија на Хрватска и Славонија била основана во 1896 година, а во 1896 година фузирала со словенечките другари во Југословенска социјалдемократска партија. Српска социјалдемократска партија била основана во 1903 година. Види повеќе: Ретар Petrović, *Pregled istorije međunarodnog radničkog pokreta*, Knjiga 1, (Beograd, 1978), 9–19; Јован Манасиевић, Хранислав Ракић, *Хронологија радничког покрета и социјалистичке революције у јужноморавском региону 1903-1945*, (Лесковац, 1979), 17.

311 Види детално за развојот на синидкалното движење и организирање во Србија: П. Милосављевић, op. cit., 226–229. Види и: Josip Cazi, *Nezavisni sindikati 1921 – 1929,* (Zagreb: Institut za historiju radničkog pokreta, 1964).

определувале за класна борба; Верски синдикати – *Jugoslovenska strokovna sveza,* членка на Христијанска синдикална интернационала во Утрехт), со 4.000 членови, се определувале за христијански солидаризам и биле против класна борба; и Национални синдикати - ЈУГОРАС, биле блиски до власта, броеле 3.000 членови и биле експлицитно против класна борба.[312]

Во некои случаи синдикатите имале големо влијание врз начинот на спроведувањето на законите за работничка заштита, на пример, во изворите за вработувањата во монополската станица во Прилеп наоѓаме на директни интервенции. На 20 декември 1939 година Поверенството на Скопската Работничка комора поднела претставка до Тутунскиот монополски институт во Прилеп, каде бара:

„врз основа на член 37 од Законот за заштита на работниците, а во интерес на редот, мирот и поредокот и во интерес на Југословенскиот работички сојуз „ЈУГОРАС“, како и во интерес на самата установа која го носи името наведено горе [Тутунски монополски институт во Прилеп, ИХ], да врши прием на работници и работнички кои се членови на “ЈУГОРАС“ (...) и да не прима на работа стари и невработени работници и работнички кои припаѓаат на II и III интернационала на Москва и Шпанија и се припадници на странски централи од други земји, што работниците и работничките ќе го докажат со прикажување на своите членски синдикални организациони книшки од националниот работнички синдикат на Југославија, работничкиот сојуз „ЈУГОРАС“. Повереник: Драган И. Живоиновиќ“[313]

Сличен е примерот со Барањето на Работничката комора од Скопје од 24 јули 1938 година до градското поглаварство и организаторите на настанот за свечено пуштање во работа на електричната централа „Матка“, „за време на коктелот да бидат вработени келнери кои се невработени“.[314]

Во периодот 1918 – 1928 година во Србија биле водени 790 тарифни движења[315] и организирани биле 330 штрајкови, како и организација на работниците за учество во прославите за Први мај како празник на трудот. Најголем штрајк кој обединил околку 50.000 работници низ цела држава бил генералниот штрајк на железничарите во 1920

---

[312] Б. Крекић, op. cit., 184–196. Бројките на синдикалното членство се однесуваат на периодот 1919 – 1929 година и го истакнуваат државното гледиште на состојбата.

[313] Архив на град Прилеп, Фонд: Тутунска опитна станица Прилеп (1924 – 1941), *Поверенство Скопске радничке коморе бр. 14, 20.12.1939, Битољ*, 5.521.8.367/524.

[314] Архив Скопје, исто, 1918 – 1941, 213.1/1.

[315] Тарифни движења се работнички организирања со цел зголемување на надницата и подобрување на техничките услови за работа. Произлегува од тарифните договори (Tarifvertragen), вид на колективен договор од почетоците на работничкото движење кој бара нормирање на еквивалентот за извршената работа. Б. Благоев, op. cit., 60–66.

година.[316] Консеквентно, државата вовела мерки за милитаризација на железницата поради обемот на социјален немир кој би можеле да го создаде генералниот штрајк на голема и значајна институција како државата железница, соодветно на тоа, врз основа на членот 6 од *Уредбата за постапување во случај на неред, штрајк и побуна на железниците во Кралството* (*Uredba o postupanji u slučajevima nereda, štrajka i pobune na željeznicama u Kraljevini*).[317]

Работничка организација која се стекнала со институционално значење за развојот на трудовото право во Кралството СХС/К. Југославија била Работничката Комора. Комората била формирана на 31 декември 1910 година, врз основа на одредбите на Законот за работилниците. Професионалните работнички организации на Србија, собрани околу Главниот работнички сојуз (ГРС)[318] формирале привремена работничка комора со седиште во Белград (*Закон о радњањама 29 јул 1910*, чл. 117 – 133, Оддел 5, Професионални организации). Комората била создадена за да ги штити економските, социјалните и културните интереси на работниците на територијата на Србија (*Статут Радничке коморе од 31 децембра 1910*). За време на Балканските војни и за време на Првата светска војна дејноста на Комората во Србија била прекината. Во новата држава, дејноста на Комората била провизорна, особено во периодот по 1920 година и Обзнаната, па сé до 1923 година. Работата на Комората се возобновила по 24 февруари 1924 година.

---

[316] Види повеќе за генералниот штрајк на железничарите од 1920 година: Marija Sentić, Narcisa Lengel – Krizman, *Revolucionarni Zagreb 1918 – 1945. godine - Kronologija*, (Zagreb: Školska knjiga, 1979), 15–16; Todor T. Trpkov, „Podrška naroda štrajku", *Četrdeset godina, Knjiga prva: 1917 – 1929, Zbornik sećanja aktivista jugoslovenskog revolucionarnog radničkog pokreta*, (Beograd: Kultura, 1960), 78–79; Andrija Sneperger, "Veliki štrajk železničara 1920. g", *Zbornik Sto godina železnica Jugoslavije*, (Beograd: Izd. Red. Stamparskog Preduzeća Jugosl. Zeleznica, 1951). Srećko Ignjatović, Vremeprov: Dan željeznica/željezničara u ex-Jugoslaviji, Istorija željeznice kroz fotografiju i arhivsku građu, [достапно Online: http://photogalerija.com/?p=1741, пристапено на 20.04.2020].

[317] Divna Albulj, *Građa za istoriju radničkog pokreta u KPJ u Vojvodini*, 1918 – 1929, (S. Karlovci, 1966), 63–65.

[318] Главен работнички сојуз (Glavni radnički savez) – работничка организација формирана на 30 мај 1903 година во Србија со економски и политички цели со предзнак на класна борба. Во април 1904 година пристапил кон Меѓународниот синдикален сојуз и станал член на Меѓународниот синдикален секретаријат во Берлин. По Правта светска војна ГРС е една од првите работнички организации кои се обновува на територија на Србија (23 мај 1921 година). Во внатрешните политичко-идеолошки диференцирања на синдикалното движење во Србија по 1918 година, движењето се дели на два центра ГРС – идеолошки насочени кон Москва и Интернационалата (т.н. центрумаши) и Централно радничко синдикално веќе Југославије (ЦРСВЈ) – идеолошки насочени кон Меѓународниот синдикален сојуз во Амстердам. Види: Петар Милосављевић, op. cit., 225–244; Malden Vukomanović, *Sindikalni pokret u Srbiji 1903 – 1914 knj. 1: Glavni radnički savez*, (Beograd: Institut za istoriju radničkog pokreta Srbije, 1979).

Спротивно на Работничката комора стоеле бројните организации на работодавци во индустријата[319] кои ги користеле правните механизами како и својот социјален и политички капитал да влијаат на успорување на воведувањето на социјалните политики за работничка заштита и работнички права воопшто. Пример може да се најде во записникот и извештајот од Четвртата конференција на занаетчиските комори на Кралство Југославија, одржана во Скопје на 8 и 9 април 1934 година, во точките од дневниот ред: 4. Ревизија на работничкото законодавство и 5. Новелација на Законот за работилниците. По овие точки во дискусијата се забележиле следните ставови.[320] Во ставовите од дискусијата често е мислењето дека „Законот за зштита на работниците бил драконски кон работодавците" и се бара "рационално штедење во сите правци" и „да се олесни тешката положба на работодавците":

„Целокупното наше повоено законодавство носи обележја на еднострани мерки за заштита на работниците во облик на наметнувања на силни обврски на нашето мало стопанство. Оваа заштита е резултат на овие немирни времиња (...) Социјалната политика мора да биде инспирирана со желба за унапредување на стопанството, неговиот опстанок и просперитет."[321]

## 2.2 Привременото трудово право, до 28 јуни 1921

Под привремено трудово право, или почесто во изворите и литературата – привремено работничко законодавство, го подразбираме законодавството кое било во употреба на територијата на Кралството СХС од крајот на Првата светска војна до усвојувањето на Видовденскиот устав на 28 јуни 1921 година. Тоа е период кога работничката заштита и осигурување биле законски парцијално и различно регулирани на различни делови од државната територија, со правни норми наследени или донесени пред војната или за време на војната, а по војната, со законските прописи на

---

[319] Организации кои го штителе интересот на работодавците во индустријата, а имале облигаторен и предвиден законски карактер биле: Индустријска комора у Београду; Трговачко Обртничка Комора у Загребу; Трговачка и Обртничка комора у сарајеву; Зборниза за трговино, обрт ин индустрија уЉубљани; Трговачко-Обртничка комора у Осјеку; Трговачко-обртничка комотра у сплиту; Трговачко-обртничка комора у Дубровнику; Трговачко-индустријска и занатска комора у Новом Саду; Банатско-трговачко-индустријска и занатска комора у Великом Бечкереку; Трговачка и индустријска комора у Скопљу; Трговачка-Индустријска Комора Краљевину СХС у Солуну; Мешовите коморе са посебним осецима; Индустриске организације: Централна Индустрисјка корпорација Крањевини СХС у Београду у кој су удружени Индустријске коморе; како и бројни стручни сојузи на индустријалци со делокруг за цела државна територија. Преглед според поединечни иднустриски гранки види: Ц. Грегорић, op. cit., 177–183.

[320] ДАРМ, исто, Занаетчиство: Занаетчиска комора у Скопљу, Записник IV Конференције претсавника занаетчиских комора наше Краљевине, 1.1039.3.4/31 – 55.

[321] Ibid.

поединечни покраински нижи органи на власта, и на крај со одредбите на централната власт на Кралството СХС.[322]

Во овој дел, ќе бидат анализирани клучните домашни извори на привременото трудово право во Кралство СХС: *Законот за работилниците од 29 јуни 1910*; *Уредбата за работното време во индустриските, занаетчиските, рударските, трговските и сообраќајните претпријатија од 23 септември 1919* (*Уредба о радном времену у индустријским, занатским, рударским, трговачким и саобраћајним предузећима од 23 септембра 1919*), вклучувајќи го и Видовденскиот устав како крај на етапата на привременото трудово законодавство, бидејќи предвидува уредување на закони со кои детално и унифицирано ќе се уредува заштитата и осигурувањето на работниците од 1922 година. Главниот фокус ќе биде поставен на ефектите на привременото трудово законодавство на територија на  Вардарска Македонија.

Развојот на трудовото право на територијата на Кралство СХС/К. Југославија има своја предисторија која може да се трасира уште во XIX век, а се огледувала во членовите на законите поврзани со материјалната сопственост, економијата, рударството, подоцна и со фабричкото законодавство, а основна карактеристика на работничкото законодавство на земјите кои подоцна го формирале Кралство СХС била хетерогеноста и влијанието на различни општествени, политички, правни и законодавни подрачја од законодавството на поранешната Австро-Унгарска држава и Германија.

На територијата на Словенија и Далмација важело австриско законодавство, кое се заосновало на *Служански ред од 1810 година, Законот за осигурување од несреќи од 1887 година* и на *Законот за осигурување во случај на смрт од 1888 година*; Во Хрватска, Славонија и Војводина преовладувало унгарско законодавство. Со Хрватско-унгарската *нагодба* од 1868 година, било предвидено и заедничко законодавство во областа на занаетчиството и трговијата; на територија на Босна и Херцеговина осигурувањето на работниците во случај на болест било воведено на почетокот на 1910 година врз основа на *Законот за осигурување на раб во случај на болест од 1909*. Во Србија можеле да се најдат работилнички правилници (Радионички правилник) кои ги регулирале техничките, хигиенските и работно-договорните услови во некои индустриски сектори уште во XIX век.[323] Останати регулации на прашања од областа на работничката заштита или осигурување може да се најдат и во *Закон о*

[322] T. Milenković, op. cit., 109.
[323] П. Милосављевић, op. cit., 163–164.

*потпомагању индустриских предузеча од 31.12.1873* и во *Закон о потпомаганју домаће радиности (индустрије) од 16 јуна 1989 године.*[324]

Зачетоците на социјалното осигурување, работничко, пензиско и инвалидско осигурување, во Србија се јавиле уште во втората половина на XIX век, како дел од *Уредба о занатима из 1847. године, Рударски закон из 1866. године, Правилник болесничког и потпорног фонда из 1895. године* и *Уредба о пензијама чиновника из 1841, 1861. и 1871. године.* Ако се изземат териториите на Македонија, Косово и Санџак (области кои влегле во состав на Србија во 1912 година) и Црна Гора како самостојна држава, кои до Првата светска војна немале целосно дефинирани прописи или немале воопшто прописи за работничка заштита и осигурување, Србија била последна југословенска земја во која со закон се регулирала општата положба на работниците. *Законот за работилниците од 29 јуни 1910 година* бил конечно усвоен од Народното собрание на Кралство Србија по здружената упорност на Српската социјалдемократска партија, Главниот работнички сојуз и прогресивниот министер за народно стопанство Јаша Продановиќ.[325]

Кога станува збор за наследствата на територија на Вардарска Македонија, првите законски акти, со кои поблиску биле регулирани одредени прашања со работните односи, биле донесени дури во 1909 година, по Младотурската револуција, кога биле објавени *Законот за здруженијата* и *Законот за прекинување на работата.*[326] Со Указот од 30 јуни 1919 година проширен бил Уставот на Кралство Србија од 1903 со сите српски закони (почнувајќи од 15 август 1919 година) и на Косово, Санџак, Македонија и окрузите пљевалски, белополски и бернаски, во денешна Црна Гора. Министерството за социјална политика на 11 септември 1919 ги известило надлежните власти во споменатите краеви дека и кај нив стапил на сила *Законот за работилниците од 29 јуни 1910.* Со оглед на воената состојба која следела

---

[324] *Ми Александар I по милости Божјој и вољи народној Краљ Србије Проглашавамо и објављујамо свима и свакоме, да је Народна скупштина решила, и да смо ми потврдили и потврђујемо: Закон о потпомаганју домаће радиности (индустрије), 16 јула 1989 у Нишу.*

[325] Јаков Продановиќ – Јаша (Чачак, 23 април 1867 – Београд, 1 јуни 1948), српски политичар и книжевен критичар, бил министер за просвета во Кралство Србија, а во 1910 година, како Министер за народно стопанство, го спровел низ Народното собрание Законот за работилниците од 19 јуни 1910 г. Бил еден од основачите на Демократската партија во 1919 година, а подоцна се идвоил со групата која ја основала Републиканската партија, која се залагала за промена на државниот поредок. Подоцна се изјаснувал против на воведувањето на диктатурата на кралот Александар Караѓорѓевиќ.

[326] Р. Христов, op. cit., 145.

подоцна Законот не заживеал во Србија, уште помалку услови за тоа имало во *Стара Србија* и *јужните краишта*.[327]

*Законот за работилниците од 29 јуни 1910 година*[328] се состоел од вкупно девет оддели кои не се однесувале целосно на работниците, туку во најголем дел ги регулирале многубројните и сложени односи помеѓу стопанските и работодавачки групи и организации (индустриски, трговски и занаетчиски), само неговиот трет и четврт оддел (вкупно 40 членови) се однесувале исклучиво на работниците и нивниот труд; во следните пет оддели се среќава уште по некоја одредба која се однесува на работниците. Овие одредби може да се поделат во две групи: со едните се регулира заштита (работен договор, отказ, состојба на штрајк, работно време, породилно отсуство, работилнички правилници, чираци, Судови на добри луѓе, Берза на трудот, невработеност), а со другите, осигурување на работници (задолжително: болест и повреда, незадолжително: изнемоштеност, старост и смрт).[329] Во општиот дел на Законот, законодавецот го дефинирал поимот работништво (radništvo) и помошни вработени/пероснал (pomoćno osoblje), одредувајќи дека тука спаѓаат „сите оние лица, без разлика на пол, кои постојано се занимаваат, во работилниците, дали заради изучување на некој вид на работа или за награда, дали заради работа во локалите на сопственикот на работилницата или во својот дом за сметка на работодавачот." Законот не ја опфаќал куќната послуга, слугите и земјоделските работници.

Законодавецот сметал дека индустријата претставува нешто специфично и посебно ја третирал. Законот добил посебен оддел за индустриски работилници (чл. 66 – 69). Според овој дел од Законот, за индустриско претпријатие на прво место се сметала секоја работилница и претпријатие во кое работат повеќе од 15 работници со употреба на моторна сила, или 25 работници, вклучувајќи овде и чираци, ако не се употребува моторна сила и ако работата се одвива на едно место, односно во една работилница. Со оглед на тоа што трудот во индустријата се сметал за потежок и поопасен од трудот во занаетчиството и трговијата, Законот оставал слободен простор на Министерот за народно стопанство да предвиди дали воопшто и кога може да дозволи работа на мажи помлади од 16 години и жени во одредени индустриски претпријатија.

---

327 T. Milenković, op. cit., 182.
328 *Закон о радњама од 29 јун 1910 године, (Београд: Државна штампарија Краљевине Србије, 1910).*
329 T. Milenković, op. cit., 121.

Ноќната работа во индустриските претпријатија во никој случај не смеела да биде подолга од десет часа. На родилките им била забранета работа шест недели пред и по породувањето. Сопствениците на фабриките биле должни да изработат и да истакнат на видно место работилнички правилници, кои требало да ги содржат сите општи и посебни одредби од Законот за работилниците кои важат за нивното претпијатие. Правилниците биле потврдувани од работничките и индустриските комори.

Одредбите кои се однесувале на работното време останале на сила на територија на Србија до 12 септември 1919 година, кога МСП ја издало *Уредбата за работно време во индустриски, занаетчиски, рударски, трговски и сообраќајни претпријатија* (*Уредба о радном времену у индустријских, занатским, рудрским, трговачким и саобраћајним предузећима, 12 септембар 1919*, „Службене новине", 23 септембар 1919). Со оваа уредба во сите делови на државата било воведно осумчасовно работно време. На 8 април 1921 година, под притисок на словенечки и останати комори на занаетчии незадоволни до Уредбата, МСП донела *Наредба за измена и дополнување на уредбата за работно време од 12 септември 1919 година*. Според тоа, во малите занаетчиски работилници времето можело да продолжи од осум на десет часа дневно, до 60 часа неделно.[330]

Законот за работилниците посебно и детално го регулирал однос помеѓу работодавачот и ученикот/чиракот (чл. 71 – 79). Со оглед на фактот што до 1910 година, трудот на чираците воопшто не бил законски заштитен, а животните услови во работилницата им биле на најниско ниво,[331] Законот точно им ги одредил меѓусебните права и обврски.

Институција која произлегувала од Законот била Судот на добри луѓе, а била прецизирана со посебен оддел (чл. 80 – 82). Законот предвидувал задолжително бирање на Судовите во секој варош и индустриско место. Нивна цел била да судат во споровите помеѓу работодавачите, помошниците, чираците и работниицте во односите опфатени со Законот. Судот се состоел од по еден претставник на работниците и работодавачот, бирани со тајно гласање според прописите на Уредбата за Судот на добрите луѓе (*Уредба о Суду добрих људи 16 април 1922*). Судењето било бесплатно. Материјалните издатоци за судот паѓале на терет на општинскиот суд. Судот на

---

330 П. Милосављевић, op. cit., 134–135.

331 Види примери за третманот на чираците на подрачјето на Вардарска Македонија: Р. Пурић, *Наличја Југа,* 29–31.

добрите луѓе судел спорови чија вредност не преминувала 200 динари и неговите пресуди биле извршни. Минстерскиот совет за овој предлог прифатили чл. 81 од Законот за работилниците да биде изменет со специјална уредба со која надлежноста на судот достигнала сума од 1.000 динари. Подоцна, заради паѓањето на вредноста на динарот, вредноста на споровите се кренала за 3.000 динари.[332]

Берза на трудот (Berza rada) била уште една сосем нова и модерна институција која ја предвидувал Законот (чл. 83 – 84). Берзи на трудот требало да основаат организациите на работодавачите и на работниците по меѓусебен договор со цел „подобро распоредување на работната сила“. Според Законот имало општински берзи на трудот, основани од општините кои им обезбедувале просторија за работа и останати потреби. Постоела и Централна берза на трудот која била издржувана рамноправно од организациите на работодавачите и работниците. Во управата на берзите двете страни биле рамноправно застапени. Законот им давал право на невработени работници при патување во друго место заради барање на работа да се служат со државните железници, бродови или други превозни средства по пола цена (чл. 142), при што им биле издавани работнички книшки или легитимации. Предвидено било создавање на Средишна берза на трудот во Белград и месни (окружни) берзи по сите поголеми градови во внатрешноста на Србија.[333] Берзите биле финансирани од коморите, а просториите им ги обезбедувала општината на чие подрачје биле отворени.

Статистиките кои биле должни да ги водат Берзите денес се извор од значење бидејќи даваат преглед во состојбите на пазарот на трудот. Нацрт Уредба за Берзите на труд изработило МСП и се предвидувало создавање на централна берза во Белград и главни берзи во Загреб, Љубљана, Нови Сад, Сараево и Сплит.[334] Берзата на трудот во Белгард имала своја експозитура во Скопје,[335] а во 1936 година се отворила експозитура и во Битола.[336] Освен бенефиции за превоз, берзата на невработените работници требало да им обезбеди и подигни работнички азили, културно-просветни установи и стручни установи каде невработените би можеле да се усовршуваат во одредена професионална спрема.[337]

---

[332] П. Милосављевић, op. cit., 124.
[333] T. Milenković, op. cit., 174.
[334] Ibid., 84.
[335] В. Миловановић, op. cit, 46.
[336] Архив на Битола, Фонд: Градско поглаварство на град Битола, 1921 – 1941, Уступљење земјишта за Берзу рада, Одлука по 7. У вези одлука бр. 1919 од 3-1-1936 г., 2.1.58.6/34-37.
[337] Р. Пурић, op. cit., 39–44.

Инспекцијата на трудот била уште една институција која потекнувала од Законот за работилниците, а подоцна Нацрт уредба за неа изработило и МСП на Кралство СХС во 1919 година која започнала да работи на 21 април 1920 година. Со решение на МСП од 10 јули 1920 цела Југославија била поделена на 18 надзорни области, а со новите наредби постепено се унифицирала и централизирала службата за инспекција на трудот. Инспекцијата на трудот не ги опфаќала железниците (зошто не ги опфаќале прописите за осумчасовно работно време), рударството (важеле посебни безбедносни прописи и посебни Рударски надзорни области) и домашната индустрија.[338] По почетокот на функционирањето на Средишната инспекција на трудот во Белград, се востановиле и обласните инспекторати, а подрачјето на Скопје припаѓало во делокругот Белград I (за североисточна Србија, каде биле опфатени: Ниш, Велики Бечкерек, Нови Сад; но и: Љубљана, Сплит, Целје, Сараево, Тузла и Бања Лука). Дефинитивна форма на Инспекцијата на трудот дала Уредбата за инспекција на трудот од 21 мај 1921 година.[339]

Институцијата на осигурувањето на работниците била опфатена во четвртиот дел на Законот. Се предвидувало осигурување во случај на болест, повреда, изнемоштеност, старост и смрт, со тоа што првите две врсти на осигурување требало да бидат задолжителни, а останатите доброволни. Меѓутоа и доброволното осигурување можело да стане задолжително доколку за тоа решат заинтересираните комори или по барање на мнозинство работници на одредена стопанска гранка и кога тоа ќе го одобри Министерот за народно стопанство (чл. 86). Осигурувањето на работилниците се вршело во месните задруги за работничко осигурување[340]

На територијата на Вардарска Македонија социјално осигурување било заведено дури од 14 мај 1922 година.[341] МСП превземало чекори за изедначување на осигурувањето на цела теритоија. Била предвидена Централа за работничко осигурување, уредувана на самоправен начин, како и локални судови за осигурување. Уредбата за уредување на осигурувањето во случај на болест и несреќа од 27 јуни 1921 година (*Уредба о уређењу осигурања у случају болести и несреће 27 јуна 1921, „Службене новине“ бр. 184/1921*), подоцна била надополнета со одредби за

[338] П. Милосављевић, op. cit., 132.
[339] J. Bedeković, op. cit., 43.
[340] Законот детално ги предвидувал случаите за осигурување на работникот, работничкото семејство и децата, во случај на различен вид на повреда, потреба од лекар и лекови, болничко лечење и посета на здравствена институција, хранарина итн. во чл. 85, 88, 90, 93, 95. *Закон о радњама од 29 јуна 1910* године. T. Milenković, op. cit., 221–222.
[341] В. Миловановић, op. cit., 44.

осигурување во случај на изнемоштеност, старост и смрт, а Законодавниот одбор на Народното собрание на седница од 3 декември 1921 година ги прифатил измените на Уредбата како Закон за осигурување на работниците. *Законот за осигурување на работниците од 14 мај 1922* на 30 мај бил објавен во „Службене новине“ бр. 117/1922 со што бил изедначен за цела територија.[342]

Уставот, како највисок и најважен правен акт, ги содржи основните начела на општествено-економското уредување. Во рамките на предвидените социјални и економски одредби, во оддел III, на Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година (чл. 22 – 44) (*Ustav Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca - Vidovdanski ustav* (“Službene novine Kraljevine SHS”, od 28. juna 1921. godine)) биле установени следните права: надоместок на работниците во случај на несреќа, посебна заштита на женската и детската работна сила, заштита при болест, безработност, работна неспособност, старост и смрт; право на организирање заради остварување на подобри работни услови; права на воените инвалиди и другите жртви од војната, за специјална заштита и сл. Заради остварување на овие права се предвидувало формирање на посебен совет – Стопански совет, кој требало да функционира како советодавна установа за изработка на социјално и стопанско законодавство.[343] Уставот бил ставен вон сила со настапувањето на *Шестојануарската диктатура* од 6 јануари 1929 година.

Во Уставот[344] се огледува големо влијание на соработката со МОТ и развојот на трудовото и социјалното законодавство како последица на одредбите на Версајскиот договор. Тоа се огледува во чл. 23 каде се утврдува заштита на работната сила и посебно на жените и децата кои се дел од неа. Членот предвидува понатамошно уредување со закон на работничка заштита како и регулација на работното време. Во чл. 27 државата гарантира дека полага посебна грижа за народното здравје општо, за мајките и децата посебно, но и за здравјето на сите граѓани. Подолу во членот се споменувата и експлицитно „сиромашните граѓани“. За заштита на народното здравје државата утврдува дека ќе се грижи за подобрување на хигиенските и социјалните услови, а во членот се предвидува бесплатно лекување:

*„Член 23*

Работната сила стои под заштита на државата. Жените и недораснатите посебно ќе се заштитуваат од штетните по нивно здравје дејности. Законот ќе одреди посебни мерки

---

342 П. Милосављевић, op. cit., 165–166.
343 А. Мајхошев, op. cit., 30.
344 *Ustav Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca - Vidovdanski ustav, “Službene novine Kraljevine SHS”, od 28. juna 1921. godine.*

за безбедност и заштита на работниците и ќе пропише работно време во сите претпријатија.

*Член 27*

Државата се грижи: 1) за подобрувањето на општите хигиенски и социјални услови, кои влијаат на народното здравје; 2) за посебната заштита на мајките и децата; 3) за чување на здравјето на сите нејзини граѓани; 4) за спречување на акутни и хронични заболувања како и во спречување на алкохолизам; и 5) за бесплатна лекарска помош, бесплатно давање лекови и други средства за чување на народното здравје на сиромашните граѓани."

Во истата насока на државно превземање на грижа во социјалните политики кон работната сила е и членот 31 кој предвидува уредување на работничко осигурување; чл. 44 за изработка на социјално стопанско законодавство, како и чл. 33 кој гарантира работничко организирање. Како што може да сега да се види, Уставот во повеќе случаеви не дефинира, ниту препознава што се поимите работа сила, работничка заштита, работничко осигурување и сл., туку упатува на нивно понатамошно регулирање (и дефинирање) со соодветен закон. Притоа, интересно е како во чл. 44 каде упатува на востановување на посебниот Стопански совет со цел изработка на „социјално стопанско законодавство", притоа социјалното законодавство е поврзано со стопанското законодавство иако социјалните политики на државата се често во противречност со стопанските политики:

„*Член 31*

Обезбедување работници во случај на несреќа, болест, невработеност, неспособност, старост и смрт, ќе се уреди со посебен закон.

*Член 33*

Правото на работниците за организирање заради постигнување на подобри работни услови е загарантирано.

*Член 44*

За изработка на социјално стопанско законодавство се востановува Стопански Совет. Детални одредби за составот и надлежноста ќе му се одредат со закон."

Во одделот кој се занимава со социјално-економските одредби на Уставот, меѓу останатите загарантирани и заштитени од државата права, стои и заштитата на бракот (чл. 28), што припаѓа во целината на државната заштита на „народното здравје" и приватната сопственост, за чија одржливост, заштитата на бракот се јавува како нужност, претпоставувајќи дека бракот и семејствата кои произлегуваат од бракот – во

конзервативниот морал на модерната држава сфатени како „основната економска клетка на нацијата“, се витални за државната економија. Оттаму и посебната заштита на мајките и децата во чл. 27 и заштитата на жените работнички и малолетните работници во чл. 23, првите се заштитени како дел од „народното здравје“ и идеологијата за „здрава нација“, а другите како дел од „работната сила“ и потребата од здрава работа сила во дејности опасни по здавјето, што бездруго и примарно се однесува на индустријата.

Уставот го гарантирал правото на државна заштита и уживање во државното признание на воените инвалиди и нивните семејства (чл. 32), што не било новитет, но претставувало важен социјален проблем и дел од последиците на Првата светска војна, па и потреба од ширење на социјалните политики кон населението. Жените и децата овде се јавуваат како „вдовици“ и „сираци“, додека пак мажите „воени инвалиди“ се среќаваат како лица кои за да пристапат на работната сила треба да бидат „оспособени“. Уредувањето на прашањето за воените инвалиди како дел од работната сила се упатува на понатамошно решавање со закон.

Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година претставувал општ акт, чиишто гаранции од полето на социјалните и економските права во најголем дел се упатувале да бидат преточени и детално разработени во закони. Законите кои се однесувале на работниците (во индустрија) ќе бидат претставени во следниот дел, во контекст на развојот на трудовото законодавство во државата до 1941 година.

### 2.3 Трудовото право во Кралство Југославија, 1922 – 1941

Периодот 1922 – 1941 година во поглед на состојбата на трудовото право во Кралство Југославија се одликувал со унификација на законите за работничка заштита и осигурување, прифаќање на проект-конвенциите потпишани помеѓу државата и МОТ, новелација на Законот за работилниците од 1910 и проширување на споменатите закони со уредби и наредби за: до-регулација на работното време, условите за осигурување, територијалната распростанетост на одреден закон и слично. Овој период, за разлика од периодот на привременото трудово законодавство, не се одликувал со масовна раздвиженост на работничките организации во јавниот дискурс, особено не на работничките организации со класната борба како предзнак. Клучна одлика е суспендирањето на Видовденскиот устав и носењето на т.н. Октроисан устав од 3 септември 1931 година, чии социјални и економски одредби подетално ќе бидат

разгледани. Во овој дел ќе бидат разгледани најважните аспекти од наведените закони[345] и нивниот ефект на територијата на Вардарска Македонија.

На 25 октомври 1921 година, МСП на основа на член 25 од *Уредбата за инспекција на трудот од 21 мај 1921 година*, пропишало Правилник за хигиенски и технички заштитни мерки во фирмите. На донесување и објавување на Правилникот биле обврзани сите претпријтија кои имале над 30 работници. Како прилог на овој правилник биле дадени два обрасци по кои морало да се сочинети соодветните правила во работилници или претпријатија од различна дејност. Првиот образец важел за работилници кои работеле дење, а другиот за работилници со непрекинато работно време. Одредбите се однесувале на заоснoвањето на работниот однос, составување на работнички списоци, податоци за вработените, школска спрема на малолетните работници и чираците, начинот на пресметка и исплата на плати и надници, правта и должностите на надзорните вработенни, осигурување во случај на болест и несреќи, одржување на машините и алатите, општи правила за однесување на работниците и видови на казни, разрешување на работниот однос, предвремени откази и истапување од работа, работнички повереници и задолжителноста на работниот ред.[346]

*Законот за инспекција на трудот од 31 декември 1921 година* (*Zakon o inspekciji rada od 31 decembra 1921 godine*)[347] го утврдил основањето на Инспекција на трудот при МСП, за непосреден надзор над извршувањето на законите, уредбите, правилниците и министерските наредби, кои се однесувале на социјалната и животната заштита на работниците во работилниците и претпријатијата од индустриски, занаетчиски, трговски и сообрајќаен карактер, без разлика дали се државни или приватни (чл. 1); Инспкецијата на трудот се делела на Средишна Инспекција на трудот, Обласна инспекција на трудот и Специјална инспекција на трудот (чл. 3); Територијата на Кралството била поделена на 10 Обласни Инспкеции на трудот, а седиштата им ги одредувало МСП со закон (чл. 8); Под осмата (VIII) Обласна Инспекција на трудот со седиште во Ниш, припаѓале областите: нишка, тимочка, врањска, косовска, скопска,

---

[345] Сумирано, во овој период се донесени: Законот за инспекција на трудот од 31 декември 1921 година (Zakon o inspekciji rada od 31 decembra 1921 godine), Законот за заштита на работникот од 28 февруари 1922 (Zakon o zaštiti radnika od 28 fevruar 1922 godine), Закон за осигурување на работниците од 14 јули 1922 година (Zakon o osiguranje radnika od 14 jula 1922 godine), Уредбата за отворање и затворање на трговските и занаетчиските работилници (претпријатија) и за работното време на помошниот персонал од 9 мај 1928 година (Uredba o otvaranju i zatvaranju trgovačkih i zanatskih radnja (preduzeća) i o random vremenu pomočnog osoblja od 9 maja 1928 godine), Законот за претпријатијата од 5 ноември 1931 година (Zakon o radnjama od 5 novembra 1931 godine), а во Уставот од 1931 година направени се промени во смисла на намалување на делот посветен на економско-социјалните одредби.

[346] П. Милосављевић, op. cit., 102–122.

[347] *Radničko zakonodavstvo. Zbirka zakona* (priredio Gojko Niketić), kn. I, sv. 14, Beograd, 1927, 1–8.

брегалничка и битолска;[348] Во одделот за Инспекција на Парни котли, Вардарска Македонија била опфатена во седмата (VII) Испекција на Парни котли со седиште во Белград, а ги опфаќала скопската, брегалничката и битолската област.

МСП во рамки на Законот за инспекција пропишало Правилник за хигиенски и технички заштитни мерки во претпријатијата во текот на 1922 година кој ги регулирал подетално прашањата за сигурност при работа. Во 1925 година Правилникот бил дополнет со додаток специјални одредби за хигиенски и технички мерки, според кои фабриките биле обврзани да обезбедат за работниците купатила, умивалници, гардероби и места за одмор, кујни и мензи, тоалети и работнички станови. Суштински, за овие одредби се погрижиле мал дел од големите фабрики, а во најголем дел од претпријатијата не се ни знаело за одредбите.[349]

Под *Законот за заштита на работникот од 28 февруари 1922* (*Zakon o zaštiti radenika od 14 juna 1922 godine*)[350] потпаѓале сите занаетчиски, индустриски, трговски, сообрајќајни, рударски претпријаија на територијата на Кралството СХС, во кои бил вработен помошен персонал, без разлика дали припаѓале на приватни лица или јавни тела (чл. 1). Законот имал пет оддели. Во вториот оддел на Законот се регулирале работното време, одморот, ноќната работа на жените и децата и работата на жените шред и по породување. Работното време било озаконоето со членовите 6 – 10, каде се предвидувало работното време на наемните работници во индустриските и рударските претпријатија да не може да се подолго од осум часа дневно, односно 48 часа неделно, притоа за индустриски претпријатија биле сметани само оние каде работеле повеќе од 15 работници во тек од три месеци.[351] Во останатите претпријатија работното време можело да трае до 10 часа. Податоци за работното време во индустријата на Кралството СХС се наоѓаат во извештаите на Средишниот уред за осигурување на работници (Средишњег уреда за осигурање радника (СУЗОР)).[352]

---

[348] Архив на Скопје, исто, Распис во врска со работата на Инспекцијата на трудот и Инспекцијата на парните котли доставен до Судот на општината на град Скопје од МСП. Прилог: Уредба за поделба на Кралство СХС на 10 инспекции на трудот, 8 инспекции за парни котли и 8 инспекции за пловидба, 3 декември 1927, 6.1.63.1/1-2.
[349] Ј. Рафаиловић, op. cit., 87.
[350] *Radničko zakonodavstvo…*, op. cit., 16–19, 22, 25–26, 28, 30–33, 47–48, 61 – 63.
[351] Врз основа на Законот, подоцна биле донесени*: Уредба за отворање и затворање на трговски и занаетчиски работилници од 1931 година (Уредба о отварању и затварању трговачких и занатских радњи (1931)), Правилник за работниците во државните и сообрајќајните установи од 1933 година (Правилник о радницима државних и саобраћајних установа (1933)), Уредба за забрана на ноќната работа во пекари од 1934 година (Уредба о забрани ноћног рада у пекарама (1934)).*
[352] Ј. Рафаиловић, op. cit., 76–78.

Законот за заштита на работникот во чл. 26 утврдувал подигнување на детски престојувалишта (dečija skloništa) во сите индустриски претпријатија каде работеле повеќе од 100 работници, од кои барем 25 биле со мали деца, а да немаат каде да ги остават. Според Законот, сопствениците на претпријатијата биле должни да се грижат за безбедноста при работата, осветлувањето, редот и моралот (чл. 31). Сопствениците чии претпријатија се наоѓале оддалечени најмалку 3 км од населено место – градче (варош) или град, а за нив работеле најмалку 100 работнци, биле должни на свој трошок да подигнат амбуланта, работнички станови и кујна (чл. 32).

Законот во третиот оддел ги регулирал и Работничките берзи кои ги дефинирал како „класни претставници на работнциние на територијата на Кралството СХС (чл. 36). Имало осум седишта на Работничката комора: Белград, Скопје, Загреб, Подгорица, Сплит, Љубљана, Сараево и Нови Сад.

Четвртиот оддел на Законот бил посветен на Берзата на трудот. Средипната Берза на трудот за цело Кралство била со седиште во Белград, додека пак Месни Берзи на трудот можело да се основаат во сите индустриски развиени места на територијата (чл. 70).

Петтиот оддел бил посветен на Работничките претставници (Radenički poverenici). Работнците од претпријатијата опфатени со Законот можеле да изберат претставници кои би ги застапувале нивните права и интереси (чл. 108). Чл. 109 ги дефинирал задачите на оваа институција.[353]

Законот за осигурување на работниците од 14 мај 1922 година (Zakon o osiguranju radnika od 14. maja 1922. godine)[354] претставува унификација на законодавството за работничко осигурување во Кралството Југославија, до тогаш постоеле различни облици на работничко осигурување на различни делови од територијата на државата.[355] Законот уредувал осигурување во случај на: болест,

---

[353] Бројот на претставниците зависел од бројот на работници во претпријатието и се утврдувал според следиот клуч: претпрјатија со 20 работници бирале 1; од 21 до 50 работници – макс. 3; од 51 до 100 работници макс. 4; од 101 до 150 работници, макс. 5; од 151 до 450 работници, макс. 6; над 451 работници, бирале на секои 50 работници по еден претставник, но не смееле да изберат повеќе од 16 претставници. Во одредени случаеви, ако во едно претпријатие имало и над 10 службеници, тие можеле да изберат засебен претставник. За својата работа претставниците не добивале никава награда, а работата ја вршеле надвр од работното време. Детално за инстиуцијата Работнички претставници види кај П. Милосављевић, op. cit.,113–124.

[354] *Zakon o osiguranju radnika od 14. maja 1922. godine,* (prir. Emilo Gojković), (Beograd: „Gece Kona", 1936). Види и: *Zakon o osiguranju radnika od 14. maja 1922: sa objašnjenjem Vilima Helebranta*, (Zagreb: Sredisni ured za osiguranje radnika, 1925).

[355] Законот за осигурување на работниците од 14 мај 1922 година според експертите важел за прилично модерен и напреден. Современ правен експерт на тоа поле бил Милан Гласер. Види повеќе: Milan Glaser, „Kratak prikaz našeg osiguranja radnika", *Radnička zaštita, socijalno-politička revija, službeni glasnik*

изнемоштеност, старост, смрт и несреќа, а се предвидувало и дополнително уредување на осигурување во случај на невработеност (беспослица). Врз основа на Законот на 1 јули 1922 година било заведено спроведување на одредбите поврзани за осигурување од болест и несреќа на цела територија на државата, но одредбите поврзани со изнемоштеност, старост и смрт не биле спроведувани до почетокот на Втората светска војна.

Според Законот, спроведувањето на осигурувањето било во надлежност на Средишпниот уред за осигурување на работници во Загреб (СУЗОР) (Средишњи уред за осигурање радника у Загребу). СУЗОР бил единствен носител на осигурувањето, а негови месни органи преку кои се вршело осигурување на работници биле окружните уреди за осигурување, благајни за осигурување на работници на сообраќајни претпријатија и братимски каси при рудниците.[356]

Со стапување на Законот на сила, во Белгард бил основан Окружен уред кој ја имал надлежноста над територијата на Србија, а низ своите експозитури спореведувал осигурување низ цела територија до 31 декември 1924 година; Од 1 јануари 1925 година бил основан Окружен уред со седиште во Скопје, а заради полесно делување и спроведување на осигурувањето биле отворени експозитури и претставништва.[357]

*Законот за претпријатијата од 5 ноември 1931 година* (*Zakon o radnjama od 5 novemvra 1931 godine*)[358] претставува новелација на *Законот за работилниците од 29 јуни 1910 година*. Законот сега ги опфаќал не само физичките работници вработени најмногу во индустриски и занаетчиски работилници, туку и умствените работници и дејности. Законот не се однесувал само на службодавачот и службопримачот, туку и на условите во кои може да се заснова и одржува едно претпријатие. Уредбите кои настанувале врз основа на Законот за работилниците од 1910 година, сега се унифицирале во Законот за претпријатијата од 1931 година.[359]

Важни акти за трудовото право до крајот на деценијата претставувале и Законот за пензиско осигурување на службениците од 12 декември 1933 година (важел на

---

*Središnjeg ureda za osiguranje radnika*, IX, 9 (1927), 431; Милан Гласер, *Социјално осигурање у Краљевини Срба, Хрвата и Словенаца – Средишни уред за осигурање радника у Загребу 1922–1926*, (Загреб, 1928).

356 Ј. Рафајловић, op. cit., 89–96.

357 Експозитури (9): Куманово, Велес, Пеќ, Приштина (1922); Битола, Штип (1925); Косовска Митовица, Тетово, Прилеп (1926). Претставништва (22): Кочани (1927); Призрен, Нови Пазар, Гњиљани, Кичево, Ѓаковица, Гостивар, Охрид, Струга, Дебар, Урошевац, Беране, Радовиш, Крушево, Кавадарци, Неготино, Струмица, Гевгелија, Ресен (1928); Бујановац, Крива Паланка, Кратово (1929). В. Миловановић, op. cit., 44–45.

358 *Zakon o radnjama (obrtni zakon) od 5 novembra 1931 godine*, (prir. Miroslav Festetić), (Zagreb: Tisak "Tipografije", 1933).

359 Ivo Politeo, *Uvod u radno parvo*, (Beograd: Napredak, 1940), 10.

подрачјето на Словенија и Далмација), кој со Уредбата од 25 ноември 1937 година бил проширен за цела држава; и Уредбата за утврдување на минимални надници, заклучување колективен договор, помирување и арбитража од 12 февруари 1937 година, која направила надополнувања во сите досега споменати закони.[360]

Овој период е одбележан и со суспендирањето на Видовденскиот устав, и носење на нов Устав во 1931 година. Уставот на Кралство Југославија од 3 септември 1931 година[361] бил донесен со еднострани кралски акт, без соработка со Народното собрание, зашто се смета за експлицитен пример во категоријата на т.н. *октроисани* устави, низ литературата е познат и како *Септемвриски устав* или *Окторисан устав*.

На носењето на Уставот предходела диктатурата на кралот Алексадар Караѓорѓевиќ од 6 јануари 1929 година, од која „излегол" со воведување на ограничена уставност. Во истата идеолошка насока на надополнувањето на Законот за заштита на државата, направено на денот на носењето на окторисаниот Устав, било и носењето на Законот за државниот суд при Касациониот суд во Белград, пред кој се изведувале сите оние кои би го загрозиле новиот поредок, како „непријатели на државата и кралот", а особено на удар биле работничките организации со предзнак за класна борба и со комунистичка идеологија.

Клучен домашен настан кој предходел, било стрелањето на хрватскиот политички лидер Стјепан Радиќ во Собранието, како кулминација на политичката криза. Интересна е фразата со која кралот ја претставил одлуката за превземање на власта во печатот: „Настапи момент кога не смее да има посредник меѓу кралот и народот". Уставот останал на сила со две ревизии: првата од 1939 година, кога бил донесен актот за создавање на Бановина Хрватска и втората од 1941 година, кога со државниот удар биле симнати од власт Намесништвото и Владата, а малолетниот крал бил прогласен за полнолетен, се до распадот на Кралство Југославија за време на Втората светска војна, односно оружаниот германски напад од 6 април 1941 година.[362]

Уставот од 1931 година имал 12 оддели и ги реципирал скоро сите уставни одредби од Видовденскиот устав, но едно поголемо разликување се јавува токму во делот кој нас не интересира, Одделот III: „Социјални и економски одредби" (чл. 21 – чл. 24), каде што од предходниот Устав биле превземени многу малку членови (4) и тоа: за заштита на бракот, семејството и децата (чл. 21), за заштита на приватната

---

[360] I. Politeo, op. cit., 10–11.

[361] *Устав Краљевине Југославије* (Београд: Државна штампарија Краљевине Југославије, 1931).

[362] Anita Blagojević, Branka Radonić, "O Ustavu Kraljevine Jugoslavije iz 1931.", *Pravni vjesnik*, god. 28, br. 1 (2012): 123–143, 124–125, 127.

сопственост (чл. 22), за слобода на работа и договор во стопанските односи (чл. 23) и одредбата за востановување на Стопаски совет како советодавно тело при носењето закони поврзани со социјалните и стопанските прашања (чл. 24).

Во споредба со Видовденскиот устав, кој имал 18 членови кои се однесувале на социјалните и работничките права, во Уставот од 1931 година тие биле многу стеснети. Во Одделот VII: „Народно претставништво", во чл. 55 кој се однесувал на одредбите за Народното собрание и правото на глас, се утврдува дека „со закон ќе се решава за женското право на глас", но до 1941 година тоа прашање не било решено.

Современиот правен експерт Иво Политео во 1937 година говорел за потребата од територијална и формална унификација на сите закони поврзани со работниците во единствен закон кој би го опфатил цело трудово право во државата.[363] Во неговите анализи на трудовото право во државата се наоѓаат и одлични коментари за поврзаноста помеѓу предметот на трудовото право и состојбите на домашната и светската политичка сцена. Тој го дели периодот на развој на трудовото право и социјалното законодавство на два периоди: закони донесени од парламентарните влади и закони донесени од непарламентарните влади на Југославија.[364]

Според Иво Политео, клучното историско прашање на XX век било токму прашањето за уредувањето на односите помеѓу трудот и капиталот. Тоа го објаснувал низ последиците на решавањето на ова прашање и појавата на италијанскиот фашизам и германскиот нацизам од една страна, и социјализмот во СССР од друга страна. Политео, или точно научно анализирал или можеби луцидно предвидел, кога го нарекол XX век „социјален век".

Ефектите од трудовото законодавство, и развојот на трудовото право во Кралството Југославија сé до распадот на државата, на територијата на Вардарска Македонија се отсликувале повеќе формално отколку суштински. Институции кои поактивно започнале со своја дејност на територијата биле Берзата на трудот во Скопје, Работничката комора во Скопје и Инспекцијата на трудот.

---

[363] Ivo Politeo, *O potrebi kodifikacie radnog prava*, (Beograd: Privrednik, 1937), 5.
[364] Ivo Politeo, *Uvod u radno parvo*, (Beograd: Napredak , 1940), 11.

## 3. Социо-економски аспекти

Социо-економските аспекти ја расветлуваат дистрибуцијата на ресурсите[365] и тоа на повеќе нивоа: национално, регионално и помеѓу различни класи и групи на население во општеството и државата. Социо-економските аспекти и дистрибуцијата на ресурсите во оваа смисла, а во контекст на администрирањето на Кралство Југославија со Вардарска Македонија (или покоректно според изворите – со *Јужна Србија*), обично не се земани во предвид во современата историска анлиза на националното и етничкото конституирање на населенито на територијата на Вардарска Македонија иако социо-економските фактори се важен дел од акумулацијата на колективни можности за солидаризација и политичка акција.[366]

Во овој дел, реконструкцијата на социјалната и економската положба на индустриските работници во Вардарска Македонија ќе биде прикажана низ четири целини (тука во вид на поглавја), кои во себе опфаќаат неколку различни групи социо-економски фактори:[367] индустриските работници во јавната и приватната сфера

[365] Во историските анализи поврзани со формирањето на класите и историјата на трудот (labor history), редистрибуцијата на ресурсите се јавува како точка на фокус при анализата на социо-економските аспкети. Пример за тоа е Едвард Томпсон и неговото истражување за создавањето на англиската работничка класа: „Кога разгледуваме мерливи квантитети, се чини дека во периодот 1790 – 1840 националниот бруто производ (БДП) растел рапидно и побрзо од популацијата. Но, ограмна е тешкотијата да се дојде до сознание како овој раст бил распределуван. Дури и да ги оставиме останатите аспекти настрана (колку од растот заминал извозот, за трговијата, за капитални инвестиции), повторно не е лесно да се додјде до податоци колку од растот заминал кај различни групи од населението.“ (Edward P. Thompson, op. cit., 314). По таа анлогија, во Кралство Југославија за време на раководството на Милан Стојадиновиќ, просечната стапка на раст на БДП по куповната моќ во периодот 1935 – 1939 година изнесувал 4,9%, па оттука се поставува прашањето за распределба на ресурсите. Во југословенските историски наративи, јазот во распределбата најмногу се гледал помеѓу регионите (Види пример: Kiril Miljovski, *Ramnopravnost naroda*, (Skoplje: Ekonomski institut, 1973)), а потоа помеѓу класите. Види и: Michael Palairet, *The Balkan economies c. 1800-1914 Evolution without development,* (Cambridge, Cambridge University Press, 1997).

[366] N. Boškovska, op. cit., 78–83, 129–160 *confer* Vladimir Gligovor, “Jugoslavija i razvoj: Korist i troškovi – ključna tema sporenja”, *Jugoslavija u istorijskoj perspektivi* (ur: Latinka Perović, Drago Roksandić, Mitja Velikonja, Wolfgang Hoepken, Florian Bieber), (Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji, 2017), 383–413. Историографијата во социјалистичкиот период во поголем дел се занимавала и со прашањето на поврзаноста на социо-економските фактори со политичките и националните фактори, иако тоа главно се правело низ теоријата на научниот марксизам и низ историјата на комунистичката партија и работничкото и комунистичкото движење на територија на Југославија.

[367] Социо-економски фактори се економски фактори кои се во зависност од општеството, меѓусебно поврзани и влијаат едни врз други. Според поширока дефиниција, се однесуваат на професијата, заработката, капиталот и образованието на едно лице. Социо-економските фактори може да бидат различни во зависност од испитуваната општествена релација. Како социо-економски фактори кои влијаат врз положбата на работниците како општествена класа, овде се разгледани: семејната продукција и репродукција, институционалната видливост, (не)вработеноста, сиромаштијата, слободното и работното време, институционалната и политичката видливост и синдикалното организирање кај работниците.

(промените во секојдневието[368] и создавањето „нова“, „модерна“ или типична за општествата во индустриска транзиција, во XIX и XX век) дистинкција меѓу поимите за јавно/јавност и приватно/приватност и сопственост, во контекст на индустриската реалност на територија на Вардарска Македонија.

### 3.1 Индустриските работници во јавната и приватната сфера

Социо-економските аспекти опфатени во оваа целина се однесуваат на социјалните и економските фактори кои произлегувале од индустриската реалност и влијаеле врз сферата на јавното и приватното и создавањето дихотомија меѓу нив во контекст на егзистенцијата, положбата и животните услови на работниците во индустријата. Како фактори или подобро кажано простори или точки на разгледување (заради недоволноста на податоци и статистики за да би можеле да се анализираат како фактори во класична социо-економска аналитичка смила) каде настанале промени, овде се земени: семејството, времето, стамбените услови, транспортот и комутацијата, јавното значење на невработеноста и сиромаштијата кај работниците и претпоставките во создавањето на посебна работничка култура (степенот на организација, солидаризација, едукација/освестување и политичко дејствување/видливост во јавниот и институционалниот простор).

Дистинкцијата јавно/приватно е една од „големите дихотомии“ во западната мисла. Оваа дихотомија има комплексна историја низ која се генерирале бројни формулации за опозицијата помеѓу јавното и приватното, што значи дека не постои единствена дефиниција. Според Емил Диркем,[369] дистинкцијата е манифестација на промената на образците на моралот во општеството, поврзани со зголемувањето на комплексноста на поделбата на трудот, а дистинкцијата се реализира низ образци на ритуализирана јавна комуникација.[370]

---

[368] Се мисли на секојдневие во контекст на историјата на секојдневниот живот (како истражувачка област/историска гранка), во смисла на претставување и анализа на примери од историјата на секојдневниот живот на работниците во индустрија во Вардарска Македонија.

[369] Емил Диркем (Émile Durkheim) [15 април 1858 – 15 ноември 1917] француски социолог и европски основач на социолошките истражувања и академското формирање на социологијата како наука. Неговите истражувања се фокусирале на стабилноста и кохезијата на модерните општества. Докторирал на темата за поделбата на трудот во општеството. Ги истражувал појавите на општествена аномија, самоубиството, религија, социјалните патологии и криминал, како и причините зошто се јавуваат на голема скала.

[370] Во западната филозофија и политичка теорија постојат различни дефиниции за дихотомијата јавно *v.s.* приватно: според германскиот гилозоф Георг Ф. Хегел, приватното е гледано како сфера каде се одвива „материјалната нужност“, а јавното е сфера на „слободата која е сепак оградена од јавното знаење (public knowledge)“ низ кое се одвиваат процесите на одлучување и политичко принудување.

Во политичката теорија постојат две широки традиции за определување на дистинкцијата помеѓу јавното и приватното – класична и либерална традиција, кои суштински се разликуваат. Во либералните дискурси, дистинкцијата се става во функција на дистинкција помеѓу државата и пазарот. Нео-класичните економисти стандардно ја интерпретираат како дистинкција помеѓу владиното и невладиното, грижејќи се да постават демаркациона линија помеѓу сферата на „јавниот" авторитет на државата и сферата на доброволни релации помеѓу „приватните" чинители и индивидуи на пазарот. Спротивно, според класичната традиција дистинкцијата е во функција на опозицијата помеѓу *oikos* – домашната (приватната, што се одвива во домаќинството) сфера на продукција и репродукција, населена од жени и робови (во контекст на историскиот развој) и *polis* – каде јавното е изедначено со политичкото, но не само со политиките на државата која администрира (како кај либералната традиција), туку со политиките на дискусијата, политичката дебата, учевството во одлучувањето и акцијата.[371]

Во контекст на модерната доба и индустриската транзиција на општествата, дистинкцијата јавно/приватно главно е во функција на рационализација на принципите врз кои функционира приватната сопственост и „слободниот" договор, при што, ако го користиме маркистичкиот жаргон, класата на сопственици поседува приватен имот, „средства за производство", а пролетаријатот бидејќи е лишен од таква сопственост, „колку повеќе создава, толку повеќе се обезвреднува". Овде ја поимаме дистинкцијата јавно-приватно во контекст на индустриската транзиција, конкретно во промените кои

---

Според Карл Маркс, поделбата помеѓу јавното и приватното делува кај индивидуа во буржоаското општество, така што ја одделува нејзината социјална моќ од политичката моќ, и превземањето на акција се отуѓува од индивидуата заради воспоставувањето на шизмата помеѓу „јавниот живот" и „приватниот живот". Маркс гледал посебна идеологија во опозицијата јавно/приватно и предлагал концептот за двете различни сфери да се замени со „социјална пракса" (social praxis). Во теоријата на Маркс тоа се препознава и поврзува со неговото свртување кон истражувањето на политичката економија и теоријата за „исчезнувањето на државата", што всушност е сугестија за одбивање на „политичкото" и негова замена со „социјалното"/„сферата на социјалното", каде политичкото битие на индивидуата се појавува во идеалот на „социјализираниот човек". Хана Арент сметала дека акциите кои се од доброволна природа и од здружување, по својата природа се повеќе јавни отколку приватни акции, иако се вршени од индивидуи вон власта. Nancy L. Schwartz, "Distinction between Public and Private Life: Marx on the Zōon Politikon", *Political Theory*,7, 2 (1979): 245–266, 245, 246. Види и: Otto A. Davis, Andrew B. Whinston, "On the Distinction between Public and Private Goods", *The American Economic Review (Papers and Proceedings of the Seventy-ninth Annual Meeting of the American Economic Association)*, 57, 2, (1967): 360–373; Craig Calhoun, "Facets of the Public Sphere: Dewey, Arendt, Habermas", in *Institutional Change in the Public Sphere. Views on the Nordic Model* (ed. Fredrik Engelstad, Håkon Larsen, Jon Rogstad, Kari Steen-Johnsen, Dominika Polkowska, Andrea S. Dauber-Griffin, Adam Leverton (De Gruyter, 2017), 23–45; Gerald Turkel, "The Public/Private Distinction: Approaches to the Critique of Legal Ideology", *Law & Society Review Special Issue: Law and Ideology*, 22, 4, (1988): 801–823.

[371] Judith Squires, "Public and private", in *Political concepts* (ed. Richard Bellamy, Andrew Mason), (Manchester: Manchester University Press, 2003), 131–144, 131.

ги предизвикала во јавното и приватното како реалност кај работниците во индустрија.[372]

Ова конкретизирање е потребно заради честото користење на дистинкцијата јавно/приватно во контекст на буржоаското семејство, положбата на жените (особено историјата на жените од средната класа, чии искуства се различни од искуствата на жените работнички) и за процесите во граѓанското општество по Француската револуција. Во анализите посветени на социо-економски теми или социјална историја, дистинкцијата јавно/приватно се јавува како клучна за дефинирањето и следењето на продукцијата и репродукцијата на производи и луѓе, и особено репродукцијата во економска смисла, која се случува во приватната сфера (во семејството и домаќинството, низ женскиот домашен и неплатен труд).[373]

### 3.1.1 Работно време и контрола на времето на работниците

Концептот за времето, минувањето или користењето на времето и активностите во деноноќието, радикално се променил на преминот во модерната индустриска ера, и е различен кај различни класи и различен за мажите и жените во класите; доколицата, слободното време, времето за учење, времето за работа доживуваат промена во теоријата и во праксата.

Од XIV до раниот XIX век (а во Кралство Југославија сé до првата половина на XX век), легислативата имала тенденција да го зголемува работниот ден, а да го намалува времето за оброци и рекреација. До почетоците на XIX век, работниот ден и часовите за работа биле продолжени до бришење на границите воспоставени од „моралот и природата, возраста и полот, денот и ноќта.“ Фабричкото производство успеало да ја хомогенизира продуктивната активност на работнците до степен виртуелно тотално да го контролира нивното време во трудовиот процес, со што се изгубиле демаркационите линии помеѓу приватното време и времето на работа.

Како последица на контролата врз времето на работниците, се намалило времето кое можеле да го искористат за сопствена рекреација и развој, за она што Маркс го нарекувал „исполнување на социјалните функции во јавната сфера“.[374]

[372] N. L. Schwartz, op. cit., 247, 248, 253.
[373] Види повеќе за репродукцијата во семејството и општетсвото во развојот на капитализмот и индустријализацијата во Европа: Silvia Federici, *Caliban and the Witch: Women, the Body and Primitive Accumulation*, (Brooklyn, NY: Autonomedia, 2004).
[374] G. Turkel, op. cit., 808.

Конечно, во каузалноста на историските настани во историјата на работничнките движења се јавила и идејата за времето на работниците поделено на осум часа работа, осум часа одмор и осум часа култура.[375]

Во Вардарска Македонија, во меѓувоениот период, горната граница на работниот ден просечно изнесувала 12,5 часа. Хронолошки гледано, според Извештаите на Инспекцијата на трудот, работното време во низа претпријатија изнесувало: во Скопје во текот на 1919 и 1920 година вообичаениот работен ден изнесувал над 10, а некаде и над 12 часа, додека во приватните работилници редовно над 10 часа. Инспекцијата на трудот во текот на 1921 година интервенирала во 66 случаи, додека во Скопје во 1922 година биле поднесени од страна на работодавачите 40 барања за продолжување на работното време.

Нарушувањето на Уредбата за работното време (*Уредбата за работно време во индустриски, занаетчиски, рударски, трговски и сообраќајни претпријатија 12 септември 1919* и *Наредба за измена и дополнување на уредбата за работно време од 12 септември 1919 година*) на територија на Вардарска Македонија била спомената од самиот Извештај на инспекцијата за труд во 1921 и 1922 година и во печатениот орган на Независните сидикати во 1921 година „Организран работник“.

Според една анкета на Централниот секретаријат на работничките комори, од анкетираните 240 работници во Скопје, во 1926 година 156 работници работеле по осум часа. Сите други над осум часа, на најголемиот дел од нив работниот ден им изнесувал 10 часа. Податоците биле потврдени и во друга анкета според која работното време во осум градови на територија на Србија и Вардарска Македонија изнесувало во 50% од случаите од 8 до 15 часа.

Податоците на Поверенството на работничката комора во Скопје за работното време на различни категории работници убедливо потврдуваат дека работниот ден во Вардарска Македонија во овие години насекаде се движел на најгорната граница, градежните работници во Битола и Скопје работеле од 10 до 15 часа; дрводелските работници во Скопје до 10 часа, во Прилеп над 10 часа, во Велес и Охрид 10 до 11 часа, во три металски работилници во Скопје со вкупно 60 работници – 10 часа.

[375] Мотото „Осум часа работа, осум часа сон и осум часа рекреација“ (“8 Hours of Sleep, 8 Hours of Work, 8 Hours of Entertainment”) потекнува од времето на индустриската револуција во Англија, а подоцна станува дел од реториката на работничките акции за намалување на работното време на осум часа. Поделбата на денонокието на осумчасовни периоди произлегува од човечката потреба за балансиран живот, развивање на индивидуалните капацитети и грижа за здравјето.

Браварските работници во Битола и Велес од 10 до 11 часа, печатарските работници во Битола изјавиле: „работиме колку ќе ни наредат, на сите црковни празници и во неделите исто така.“ Работното време законски одредено на осум часа било почитувано само во поголемите работилници и во државните претпријатија.[376]

Организирање на работата во ноќни смени станало масовно. Ноќни смени биле воведни во сите текстилни фабрики, електрични централи и млинови во Скопје, Битола, Куманово, Велес, Штип, Тетово. Според Инспекцијата на трудот во ниедно претпријатие на работниците не им се давал платен годишен одмор, тоа го имале само квалификуваните работници експерти, кои во најголем дел биле странци.

Најголем број поплаки во Вардарска Македонија доаѓале од пекарската индустрија каде работното време било од 14 до 18 часа дневно, а неделниот одмор до 12 часа дневно, а заради природата на пекарскиот бизнис, ноќната работа била неизоставна. Поради тоа, Банската управа на Вардарска бановина донела специјална наредба со која работата во пекарите се забранувала по законски утврденото работно време: работното време на пекарата требало да завршува помеѓу осум часот навечер и шест часот наутро, а на работниците да им се обезбеди задолжителен одмор од шест часот наутро во недела до 20 часот навечер во понеделникот, или 36 часа непрекинат одмор. Банската управа уште еднаш донела Специјална уредба (*Посебен акт за работно време*), овој пат за работното време во градежништвото, каде се надминувала гормата граница: во градежни претпријатија од 6 до 12 часот и од 14 до 18 часот, значи 10 часа со одмор од два часа. Се забранувала работа на деца под 14 години, а оние на возраст од 16 до 18 години не смеело да се задржуваат на работа повеќе од осум часа дневно. Во недела и празници се забранувала работата.[377]

Дискусиите за должината на работниот ден биле многу присутни во јавниот дискурс и во јавните дискусии водени во печатот. Во периодот на нагло растење на невработеноста кај индустриските работници во почетокот на 30-те години, се форсирале предлозите, превземани од социјалните мерки во западните земји за

---

[376] Р. Христов, op. cit., 50–53, *passim* Sergije Dimitrijević, *Privredni razvitak Jugoslavije 1918 – 1941,* (Beograd: Visoka škola političkih nauka, 1961), 89–90; *Извештај, Инспекције Рада Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца о њеном пословању у г. 1922,* (Београд, 1923), 84–85, Извештај београдске радничке коморе, 1921 – 1926, (Београд, 1927), 53, Извештај београдске радничке коморе, 1926 – 1931 (Београд, 1932), 74, 288–289, 421–422, 488.

[377] Р. Христов, op. cit., 55–56, *passim Извештај, Инспекције Рада Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца о њеном пословању у г. 1922,* (Београд, 1923), 35, 96; Петти конгрес радничке коморе, (Београд, 1933), 26; *confer* Р. Пурић, *Наличја југа...,* 16; Архив на град Скопје, Фонд Градско поглаварство на град Скопје 1918 – 1941, 6.1.37.194/917-919: Наредба на Инспекцијата на трудот до Судот на општината на градот Скопје од 27 јуни 1925, во врска со почитувањето на работното време во недела.

воведување четириесетчасовна работна недела.[378] Нормализацијата на десетчасовниот работен ден е видлива во судирот помеѓу сопствениците во индустријата и проектите во социјалното законодавство.[379]

### 3.1.2 Индустриските работници и промената во семејството

Како последица на воените конфликти и револуции во XIX и особено во XX век, воената и индустриската моблизација го нарушила семејниот живот, а во исто време ги ослободила политичките и општествените сили способни да ја обновуват семејната структура. Со мажите на фронтот, татковата улога на воспитувач и хранител на семејството ја презела државата. Покрај тоа, смртта на огромен број на мажи во Европа и економските миграции на мажи (печалбарите во контекст на Кралство Југославија и особено Вардарска Македонија), го свртиле вниманието кон политички движења и демагогии на наталистите, фамилијалистите и хигиенистите.[380] Нивната цел била нова демографска политика, многу често поврзана со националните идеи, каде семејството и улогата на мајката (во јавниот дискурс позната била фразата *жена-мајка-татковина*) биле ставени во центарот, улогата на мајката се однесувала на „прокреацијата" кај граѓанската и средна класа.[381]

Кон пониските општествени слоеви се однесувале други мерки од демографските политики на државата или демагогијата на независни идеолози, кои во XX век сé почесто се поврзуваат со терминот раса (во и вон нацистичката употреба на расната терминологија, повеќе во смисла на народ и народна виталност, наспроти „дегенерација").[382] Кога станува збор за работничката класа или конкретно за

---

[378] „Четириесетчасовна работна недела", *Вардар независтан привредно-културни лист*, бр. 26, год. 1, 23.10.1932, 5.

[379] „Уредба о отварању и затварању радњи", *Јужни привредник – лист за индустрију, трговину, привреду, занатство и културу*, бр.108, год.1, 6.2.1927, 1; „Огранчење радног времена и затварање радњи у Скопљу", *Јужни привредник – лист за индустрију, трговину, привреду, занатство и културу*, бр. 72, год. 2, 30.05.1926, 1.

[380] Франсоаз Тебо, „Големата војна и триумфот на половата поделба", *Историја на жените на западот. 5, Кон културниот идентитет на дваесеттиот век* (ур. Франсоаз Тебо), (Скопје: Филозофски факултет, 2018), 21–79, 52–53, 54.

[381] Види: Ivana Hadjievska, "National Reproduction with (Un)Disciplined Bodies: Women Moving to the Politically Possible in pre-Yugoslavian Societies (Examples from Serbia, Bosnia and Croatia)." *AM Journal of Art and Media Studies 18* (2019): 17–31; Ивана Хаџиевска, „Нацијата и класата во женските движења од 19 век: Србија и Бугарија, компаративен преглед", во *Списание Историја,* год. LIII, бр. 2 (2019): 5–21.

[382] Види пример: „Кажавме дека најголем дел од абортусите се вршат заради социјални причини, па затоа и решавањето на овој проблем треба да се бара во нивно сузбивање. Буржоазијата заради економски причини започнала да го намалува бројот на нероденитe деца, за да би го зголемила капиталот на родените деца. (...) Работничките слоеви пак, наоѓајќи се во тешки економски прилики денес кога надницата е сведена на минимум и додека индустријата од ден во ден им станува конкурент

работниците во индустрија, важел поинаков морал за работничкото семејство, различен од оној за „светоста на граѓанското семејство и дом“ каде жените можат да работат (но, и не мораат: „идеологија на домаќинството“, „доктрина на одвоените сфери“) само краток период од животот сé додека не се омажат, а абортусот бил многу почест токму кај работничките.[383]

Во Уставот на Кралство Југославија од 1931 година, Одделот III: „Социјални и економски одредби“ (чл. 21 – чл. 24), бил составен од членовите за заштита на бракот, семејството и децата (чл. 21) и за заштита на приватната сопственост (чл. 22).

Во историјата е воспоставен консензус според кој со индустриската револуција започнал и процесот на префрлување на производството од домаќинството во фабриката, од фармата во фабриката, од домашното производство во работилницата, од ситното занаетчиство и комерцијалните активности во големите претпријатија, со што жените кои станувале активни во индустријата ја менувале локацијата на својата работа од семејните обврски кон работното место надвор од домот. Мажот се истакнал како примарен работник во семејствто, додека пак кај работничките демографската структура во однос на семејството била поинаква: во женска работна сила доминирале младите и немажени жени, како во „потрадиционалното“ поле на домашните услуги така и во растечката област на текстилната мануфактура и други индустриски сектори каде се групирала женската работа сила.[384]

Според логиката на политичката економија и поврзувањето на „женската работа“ со ефтин труд, машките работнички примања биле првенствено за семејството,

---

на занаетчиите, принудени се да го ограничат бројот на децата. (...) На работништвото треба да му се помогне институционално во подмирувањето на основните животни потреби за да се зачува и порасне неговиот пород. Абортусот извршен од материјално моќните и обезбедените, со цел да се задржи животниот комфор, телесната линија и убавина и за да се зголеми имотот на родените деца, требда најстрого да се казнува. Напредокот и иднината на еден народ лежи во телесната, душевната и морланта сила на целината. Затоа државата треба за свое добро да ги прехранува оние кои денес се во колевка, адури потоа во интерес на народот да поводи сметка за т.н. евгенички индикации т.е. да оневозможи пород на оние кои имаат наследни предиспозиции кон умствени патологии, душевна заостанатост, идиоти, кретени (*sic!*), со цел одржување на здравиот пород и расата. Додуша (*sic!*), меѓу остнатите раси, славјанската раса има најмалку луѓе со наследни пореметувања. Телесните, умните, моралните и наследните особини на славјанската раса и даваат за право да верува дека таа е способа за да создава вистински човек, т.е. човек кој е способен за високо образование и има волја да живее во паметно уредено општество.“ Антоније Чакмаковић, „Социјална хроника: Побачај као социјално зло“, *Луч*, год. 2, бр.5 (1938): 209–212, 212; „Потребно е едно осмислено и артикулирано сондирање на селото, кое би допринело во следното: 1. Земјоделецот да се спречи од пролетарозација и пауперизација; 2. Да се создадат хигиенски услови за живот, како прв услов за одржување на расата; (...)“. Р. Пурић, *Наличја југа...*, 21.

[383] А. Чакмаковић, op. cit., 209–212.

[384] Џоан В. Скот, „Работничката“, *Историја на жените на западот. 4, Појавувањето на феминизмот од Француската револуција до Првата светска војна*, (ур. Жорж Диби и Мишел Перо), (Скопје: Филозофски факултет, 2018), 419–447, 420, 421, 424, 425.

да ги покријат трошоците на репродукцијата; женските примања биле дополнителни, за покривање на џеповите на недостаток или за обезбедување пари за основниот опстанок. Платата на мажот работник имала двојно значење: таа била надоместок за неговиот труд, и истовремено му давала статус на творец на вредности во семејството, во платата на таткото било израчунато издржувањето на семејството и така се воспоставила како единствена легитимна заработка. Домашните активности или надворешната заработувачка на мајката не биле толку видливи. Но, тоа не ги исклучило жените од вработувањето во индустрија, ниту силно ги врзало за домашното огниште (како на пример кај граѓанската класа), зошто кога работничкото семејство имало потреба од пари, жените оделе да заработат, но нивната заработка, повторно, била определена од теориите кои го дефинирале женскиот труд како поевтин од машкиот. Без оглед дали станувало збор за мажени жени или самици, дали биле единствени хранителки во семејството, на деца, стари родители и сл., нивните плати биле утврдувани како дополнение на заработувачката на другите членови на семејството.[385]

Модернизационите процеси поврзани со индустријализацијата предизвикале промени во семејството кои се огледувале и надвор од него, вон приватноста на домот и не само на пазарот на труд, туку и во јавната сфера, најчесто опишувани низ излегувањето на жената во јавниот, политичкиот или активистички простор, што бил различен процес за жената од средната класа и за работничката.[386]

---

[385] Џ. В. Скот, op. cit., 431–432. Види и: М. Чалић, *Историја Југославије...*, 122–124.

[386] „Набрзо земале замав и во јавните настапи, предавања, а редовни биле и состанувањата по домовите или надвор под изговор дека се организираат дневни излети. До нив биле достапни многуте брошури, весници, списанија и книги. Во 1938 г. спореведе и акција за потпишување на петиција од сите жени за добивање право на глас, еднаквост, право на соодветни надници и сл. Била формирана и организација Женско движење. Позитивни резултати се постигнале преку Женската набавно-продажна задруга во Битола формирана во февруари 1941 г. каде жените и девојките се стекнувале со основните познавања на комунистичкото движење и значење. Заедничкото дружење, излетите, игранките, образовните предавања и сл., биле само дел од начините на полесно запознавање, стекнување на разни информации за полесно надминување и соочување со тогашното секојдневие и одржување на семејството. Во задругата членувале многу еманципирани и образовани битолчанки, како лекарката Марија Попадиќ, која покрај предавањата за хигиената, за одгледувањето на децата и др., еднаш неделно понудувала и бесплатни прегледи во својата ординација за членките на задругата. (...) Вакви групи од млади активистки ќе се формираат и во другите градови, меѓусебно соработувајќи. На интелектуалното подигнување влијаело многу и најактуелното списание „Жена данас", каде статиите за работничкото движење се разработувале со големо внимание на заедничките состанувања. (...) Организирани во многубројни читачки групи разработувале многу илегални партиски материјали, одржувале предавања, организирале многу излети, вечеринки, матинеа, како и масовни посети и прославувања по повод Осми март во околните места на градовите во близина на реките, црквите, манастирите, селата и сл. (...) Жените во КПЈ, скоевки, формирале организација Женско движење која издала петиција за женско право на глас во 1938 година." Ј. Дамјановска, op. cit., 293–311.

### 3.1.3 Домување и работнички живеалишта

За да се прикажат, а особено за да се разберат, карактеристиките и модерните специфичности на приватните или јавните простори, станбени блокови или гета, или воопшто живеалиштата на работниците во општество во индустриска транзиција, потребно е стојалиште кое излегува вон архитектонско урбанистичката сфера и се обидува да ја види станбената политика кон различни класи и групи на населението.[387]

Во Кралство Југославија станбените политики кон работништвото и сиромашните слоеви често потпаѓале во заедничка категорија. Според истражувањата, работничкото и домување е резултат на општествената и економска ситуација и одраз на класните разлики кои станувале сé поизразени под дејство на индустрискиот развој и урбанизацијата.[388] Оттаму, често се споменуваат сламови и гета на „урбаната периферија",[389] индустриски павиљони или бараки подигнати од работодавачите во поголемите претпријатија, работнички азили за преноќување во склоп на Берзите на трудот,[390] стамбени павиљони изградени од поголемите градски општини, станови на хуманитарци и добротоврци кои бесплатно ги издавале на сиромашните.[391]

Кога станува збор за станувањето и живеалиштата на индустриските работници во Вардарска Македонија во меѓувоениот период, станува збор за импровизирани

---

[387] Според меѓународно прифатена дефиниција од XX век која се однесува на урбанизацијата, се смета дека „стамбениот простор е адекватен доколку на своите станари им пружа сигурност и им гарантира правна заштита од принудно иселување и рушење на домот; доколку неговите станари имаат вода за пиење, соодветни хигиенски услови и енергија за готвење, греење и осветлување; доколку неговата цена не ги загрозува останатите потреби на неговите станари; доколку гарантира конструктивна стабилност, обезбедува соодветен простор и заштита од студ, влага, дожд и други опасности по здравјето; доколку во обзир ги зема специфичните потреби на луѓето; доколку не е оддалечен од работните места, здравствените служби, школите и останатите општествени установи; доколку не е лоциран на загадено и опасно подрачје; и доколку го почитува и зема во обзир културниот идентитет на луѓето." Zlata Macura-Vuksanović, *Život na ivici: stanovanje sirotinje u Beogradu 1919 – 1941*, (Beograd: Orion art, 2012), 10.

[388] Ljubomir Petrović, "Problemi stanovanja u Kraljevini Jugoslaviji 1918 – 1941", *Istorija 20. Veka*, 1 (2000): 49–64.

[389] „Масата градско население живеела во услови на најголема беда, во приземни, селански куќички. Стамбениот простор бил прескап, запуштен, без вентилација и санитарно неопремен. Едно истражување од 1906 г. напоменува како постои врска меѓу живеењето во вакви станови и трите најголеми непријатели на народното здравје: туберкулоза, алкохолизам и венерични болести. Само една мала, богата елита, живеела во конфорни градски куќи. (...) Не беа оџаците од кои се виел џад и пролетреската беда печат на градот, туку трошните куќи во кои се сместиле некогашните жители на селата, ситните трговци и занаетчиите, како и армиите надничари во потрага по работа. Многумина во овие предградија обработувале земја, држеле живина, свињи и крави. Ова е можеби клучната карактеристика на југоисточно-европската историја на урбанизација пред Втората светска војна: многу градови всушност не биле ништо повеќе од огромни села, а единствено центрите како Љубљана, Загреб, Белград и мал број од средните по големина градови поминале низ европската метаморфоза." М. Чалиќ, op. cit., 38–40.

[390] Работничките азили или преноќувалишта биле израз на новата и модерна форма на социјална политика. Stefano Petrungaro, "Hostels for Jobless Workers in Interwar Yugoslavia (1921–1941)", *International Review of Social History*, Vol. 59, No. 3 (2014): 443–471.

[391] Z. Macura-Vuksanović, op. cit., 10.

нелегални живеалишта, а во помалку случаеви за легално подигнати куќи и евтини станови. На територијата на Вардарска бановина не постоеле функционални работнички азили/засолништа во склоп на Берзата на трудот, иако законите ги предлагале и тие биле подигнати во Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Сплит, Нови Сад, Дубровник, Ниш, Бања Лука, Осјек, Славонски Брод, Суботица, Мостар и Котор.

Во поглед на стамбените решенија, постоеле три типа на работнички станови: прво, работници сопственици на куќи, тоа биле градски семејства кои станале работници по Балканските војни или биле од „мештанско-староседелски вид“ (според зборовите на Растко Пуриќ) и веќе повеќе генерации биле сопственици на куќа во градот; второ, паупери и други економски слаби слоеви, кои во градовите подигнувале импровизирани живеалишта; и терто, работници станари и потстанари во градски куќи. Ваквото типизирање при анкетите давало резултат дека

„работништвото и сиромаштијата во Јужна Србија е сопственик на кров над главата повеќе од работништвото и сиромашните во другите краеви. Станува збор за куќички кои се „подигнати на јуриш“, карабини, непатосани, со плетена трска по ѕидовите од ќерпич, со шуплини во функција на прозор. Градежниот материјал за овие куќи се состои од осум до 20 греди, бруќа, низок кров од ќерамиди (воендо и најскапиот градежен материјал за ваква куќа) или плех од стари канти, расковани сандуци, трски и кал. Тоа се куќи кои се подигнуваат од страна на три-четири лица за ден-два. Во овој простор има најмногу два оддели. Се спие на земја, над постелена рогозина и партали. Од прибор во куќата може да се наполни еден мал сандук. Огнот се ложи на сред куќата. Ретко каде има оџак, но затоа има многу пукнатини. Каде што има печка од плех, оџакот е пробиен низ „ѕидот“. За постела, понекаде имаат сламени перници, простирки од партали, кои се иделано легло за инсекти; прекривките се исто така од партали и остатоци од јорган. Ретко каде се наоѓа подобра куќна опрема, а некаде може да се најде дури и масичка и столче. Сокаците кои минуваат низ овие куќи се врзани меѓусебно, неосветлени ноќе, кривулести, полни смет и нечистотија. Нема канализација и водовод. Куќите се влажни и кровот прокиснува. Дворови нема, а онаму каде што ги има полни се со смет, отпадоци, пепел, бара и јама за „клозетот“ (*sic!*). Куќите се многу трошни. Станува збор за куќички подигнати по ослободувањето [се мисли по Балканските војни, ИХ]. Во овие куќи нема електрично осветлување, ни доколку го има во варошот [градот, ИХ].“[392]

[392] Р. Пурић, *Работнички југ...*, 51.

Берзата на трудот во Скопје во периодот 1930 – 1937 година извршила неколку анкети за стамбената положба на работниците на територија на град Скопје и во неколку други градови, според резултатите

„Скопје имало импровизирани живеалишта  насекаде, освен во новиот дел, Буњаковец. Во самиот центар на градот, околу хипермодерните палати на Окружниот уред, Народната банка, Домот на трговската комора, се наоѓаат бедни импровизирани куќи. Во улиците „Војвода Мишиќ" и „Поенкареова" и околу нив, прегледани се 25 најбедни куќички. Уште 15 прегледани се околу Железни мост, од двете страни на Вардар. Куќите се ронат, прокиснуваат, ѕидовите се влажни, дрвенаријата е полна со штетници, болви и други инсекти, а некои жители признаа дека имаат и скорпии, стоногалки, јата комарци, муви. Тука во најголем дел стануваат работнички семејства на надничарки, работнички и водвици. Во сите 40 куќи стануваат вкупно 237 станари. Во една од нив, во истиот оддел, стануваат две семејства, со седум членови, една вдовица со три мали деца и брачен пар со дете. Во две куќи, во исто одделение, семејства со по четири члена држат уште и самици. Семејствата плаќаат: едното по 45 другото по 60 динари месечно за „стан". (...) Во три куќи не можевме да анкетираме заради заразна болест, од две куќи не истераа бидејќи мислеле дека се работи за рушење на куќа или за бркање на станари од општински доделеното место, а во три куќи спиеа работници заради ноќна работа."[393]

Според податоците од анкетите на Берзата на трудот во Скопје, работниците на територија на Вардарска Македонија станувале во најголем дел во станови со еден оддел, а постоеле, иако поретко, станови со два, три и четири оддели. Во работничките станови станувале најмалку пет лица. Воздушната кубатура на едно лице во живеалиштата со еден оддел се движела од 7,25 до 9,8 кубни метри, притоа минимумот одреден од здравствените експерти изнесувал 15 кубни метри по лице. Сопствениците на становите се јавувале како рентиери или изнајмувачи на простор од станот на потстанари.

Интересни се родовите аспкети кои ги доловува анкетата, опишувајќи ги жените „самици" во работничките семејства како „вишок кој се чува дома", а од друга страна пак, кај работнички семејства кои се јавувале како сопственици-рентиери на стан, како потстанари се јавуваат работнички, надничарки, веројатно станува збор за млади немажени жени кои сезонски работеле во градот.

---

[393] Р. Пурић, op. cit., 52–60.

Што се однесува на цената на становите во контекст на работничкото население, нејзината вредност секако ги расветлува социо-економските аспекти, но и урбанизационите процеси. Во Скопје, во 1926 година, во некои градски населби нагло се зголемил бројот на жители, а заради недостигот на станови се зголемила цената на станарините. Една соба изнесувала 300 динари, две – 600 динари, три – 750 динари, 4 – 1.000 динари. Повеќечлените работнички семејства живееле во една соба.[394]

Според анкета на Централниот секретаријат на работничките комори во Белград, за стамбената положба на работниците во Скопје, од 240 анкетирани, најголем дел одговориле дека располагаат само со една соба, мал дел со соба со кујна и предсобје, а најмал дел со помошна просторија.[395] Анкета за стамбената површина со која располагале работничките семејства во Прилеп покажала дека од 25 анкетирани семејства, 11 располагале со една просторија, 11 со две простории, три живееле во три простории. Истата положба ја потврдила анкета спроведена во Кочани.[396]

„Ако работничко семејство сака да станува во Скопје во релативно хигиенски стан треба да плати сума до 500 динари. Тоа е пристоен стан, без купатило, без вода внатре, без канализација. Работниците не можат да си ги дозволат, наместо тоа стануваат во преполни, влажни и тескобни станови кои ги плаќаат од 100 до 300 динари месечно. Пристоен стан во Скопје, во нова зграда со три оддели чини од 700 до 900 динари. Во иста положба се и работниците кои се самци и самици, дојденци и без свои семејства и куќи. Тие најчесто стануваат како потстанари и плаќаат 30 до 120 динари месечно. Во овие куќи и аранжмани на живот се јавуваат семјени препреки, скверанавење на семејниот живот и неморал.“[397]

Во социјалните институции поврзани со работничката заштита во Вардарска бановина, а поттикати од примерите од другите бановини, се појавиле иницијативи за спроведување на законските мерки кои предвидувале отворање на работнички азили:

„Јасна е потребата од работнички азили во Скопје на прво место. Тоа најдобро се покажа минатава зима. Една солидна зграда која би нудела преноќување на барам 30 до 40 работници и работнички, со детски престој за работничките деца (...) без која не

[394] Р. Христов, op. cit, 98 *passim* Живко Топаловић, *Привредни проблеми Југа*, (Београд, 1927), 54.
[395] Р. Христов, op. cit., *passim Извештај о раду Централног секретаријата радничких комора*, (Београд, 1926), 237.
[396] Ibid. *passim* „Социјани архив“, бр.8-9 (1936): 257–258.
[397] Р. Пурић, op. cit., 58.

може да се замисли еден град од 70.000 жители (...) и барем 10 азили по другите градови.“[398]

Потребата од работнички азили не се разгледувала посериозно сѐ до појавата на поголема неработеност кај работниците, што во Вардарска Македонија се почувствувало најмногу во периодот на 30-те години. Општинските управи кои според законот биле одговорни да ги подигнуваат засолништата во Вардарска бановина имале најмалку можност, време и материјали да го направат тоа:

„Не постои ни едно работничко засолниште од Белград до Гевгелија. Во цела Србија (освен во Белград), во Јужна Србија и во Црна Гора, т.е на просторот од скоро 1/3 од цела наша држава, не постои ни во еден варош засолниште во кое нашето невработено работништво, изложено на невољите на сиромаштијата и барањето работа би можело да најде преноќувалиште (...) чиста постела, дезинфекција на облеката, вечера или ручек, капење. (...) Неопходно е подигнување на азили во: Ниш, Крагујевац, Скопје, Пеќ, Подгорица, Велес, Прилеп и Битола. Несомнено, најголема е потребата во Скопје.“[399]

### 3.1.4 Сиромаштијата и невработеноста кај работниците како јавен проблем

Кога домино ефектот на светската економска криза достигнал до Кралство Југославија (1931 – 1933 година) сиромаштијата генерално, сиромаштијата кај работниците конкретно и невработеноста кај индустриските работници станале јавен и државен проблем, кој бил главна тема при разгледувањето политички и социјални мерки, во дискусиите помеѓу експертите во печатот и во политичката мобилизација на работниците.

И покрај тоа што невработеноста и сиромаштијата кај работниците (два различни, но поврзани проблеми) овде главно ги разгледувам од аспект на светската економска криза, таа не е нивни единствен извор, а причинителите за состојбата се разликувале од регион во регион и од бановина до бановина. Од голема важност да се истакнат како јавен и државен проблем, а не само како економски, бидејќи годините кои се одликувале со голема невработеност кај работниците имале за последица

---

[398] Раско Пурић, „Работнички азили во Варадрска бановина“, *Вардар независни –привредно-културни лист*, год. 1 бр. 28, 3.11.1932, 9.
[399] Р. Пурић, *Наличја југа...*, 39.

клучни промени во социјалните политики кон работниците, но и врз формирањето на јавната слика за работниците како различна група и класа.

Во Вардарска Македонија изворите исто така укажуваат на третирањето на невработеност и сиромаштија кај работниците како јавни проблеми, при што може да се набљудува главно од два аспекти: прво низ теориите, политиките и мерките на социјалните институции и општините; второ, низ одразот на невработеноста во културата и начините на активирање на пазарот на труд, барање работа и периодот на невработеност кај самата целна група, работниците. Во овој дел, ќе го прикажам движењето на невработеноста и побарувачката на работа, начинот на посредување за вработување, претставките на граѓаните до општините, мерките за сузбивање на невработеноста и перцепциите за невработеноста на работниците во јавноста.

Застојот на индустријата настапил во периодот 1925 – 1929 година, а во 1927 година бројот на новоподигнати претпријатија се намалил. Најголем застој доживеала млинската индустрија. Настапил бран на отпуштања. Понудата на работна рака кај Берзата на трудот во Скопје била во постојан раст, а Поверенството на Работничката комора било принудено да издава поголем број на легитимации за повластено патување на невработените. Во 1927 година издале 3.770 легитимации, а во 1928 – 5.654 легитимации.[400]

Современи теории за решавање на проблемите на невработеноста и неподвижен пазар на труд кај земји како Австралија и САД, вовеле државни институции за решавање на овој проблем, кои организирале изградба на државни објекти, преориентација на пазарот на труд со враќање на работниците кон земјоделие во т.н. „работнички колонии" на ниви околу градовите и „доброволна работа" на работни места каде рабтниците би земале помала плата. Уште една популарна предлог-мерка на експерите била и намалувањето на работното време од 48 на 40 часа неделно, кое би отворило можност за повеќе вработувања.

Во Кралство Југославија неколку години се употребувала мерката јавни градежни работи, врз основа на државни кредити за патишта и јавни објекти, со цел отворање нови вработувања. Кралство Југославија во 1934 година ја издало Уредбата за изведување на јавни работи (*Уредбе донете ради олакшање економских прилика. Уредба о извоџенју јавних радова*, Београд 1935, чл. 1, 5–6). Јавните работи пред сé требало да имаат стопанско и општествено значење. Од покрупните активности

[400] Р. Христов, *Трудбеничките слоеви...,* 104–106.

превземени во Варадрска Македонија се издвојуваат болници во Битола, Охрид, Кичево и Штип, подигање на 25 здравствени домови (амбуланти) во различни места, регулација на речни корита во повеќе градови и изградба на патишта за јавен сообрајќај во должина од 2 843 километри. Фондот за изведување и дотирање на финансиските средства за јавни работи изведени на територија на Вардарска бановина, се наоѓал во филијалата на Државната хипотекарна банка во Скопје. Од 1933 до 1935 година, Вардарска бановина за изведување на јавни работи од Министерството за финасии добила вкупно 8.445.100 динари.[401] Во 1933 година во Кралство Југославија бројот на работници кои останле без работа/невработени, изнесувал околу 300.000 лица.

Во Вардарската бановина според статистиката на Банската управа, во 1933 година имало 40.000 работници, сметано заедно со членовите на нивните семејства. Според Берзата на трудот во Скопје во 1933 година пријавени биле 17.240 невработени (или 52.180 сметано со нивните семејства). Во Битола според статистиките на битолската експозитура на Берзата на трудот имало околу 10.000 пријавени лица, заедно со нивните семејства.[402] Проблемот со невработеноста избил на врвот на социјалните проблеми во јавниот дискурс:

„За да може практично да се реши прашањето со невработеноста додека поедници влечат и по три плати, додека многумина пак собираат храна по шумите и ливадите. Прашањето за невработеноста на работниците и интелигенцијата станува актуелно и во Битола. Градската општина и остнатите надлежни установи денес ги посетуваат многу невработени, понекогаш сами со молба в рака, а понекогаш во придружба на своите „протектори" – градските татковци. Изгледа дека многу градски татковци, во последно време станале професионални протектори, па дури и самиот претседател на градската општина и сам не знае како да се отараси од овие знајни и незнајни молители и просители. Меѓутоа, прашањето за незапосленоста и социјалната беда може да се реши на лесен и коренит начин: по законодавен пат да се забрани некој да може да биде и поп, и прохор и чиновник. Да се забрани на лекарите да вршат по неколку служби со постојани месечни хонорари и конечно, на пензионерите да им се забрани паралелно со своите пензии да вршат дневничарска служба. Ограничувањето на еден извор на приходи, би овозможило вработување на другите и така на

[401] Ibid. 113.
[402] Р. Пурић, *Наличја југа...*, 19, 20.

поединечни административци платите не би им биле за купување на ружи, пудри и останти луксузни производи.“[403]

Статистиките за движењето на пријавените, понудените и посредуваните работни места за невработени укажуваат на невработеноста и мигрирање заради невработеност кај работниците. На ниво на Вардарска Бановина податоците за 1930 година укажуваат на мигрирање заради невработеност, при што интересно е што миграцијата е најголема кај жените работнички за кои не се посредувало за работа иако нивниот број е далеку помал од бројот на мажи баратели на работа (Табела 17). Паричната помош издвоена за невработени во периодот 1 јануари – 31 декември 1930 изнесувала 81.811 динари.

**Табела 17: Движење на барателите на работа во Варадрска бановина во 1930 година**

| **Невработени во период 1 јануари – 13 декември 1930** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Барале работа** | 2.454 | 377 | 2.831 |
| **Понудено** | 973 | 49 | 1.022 |
| **Посредувано** | 803 | 35 | 838 |
| **Отпатувале/мигрирале** | 1.200 | 301 | 1.231 |
| **Се отпишале** | 426 | 33 | 459 |

*Извор: В. Миловановић, „Социјално стање и социјални односи у Вардарској бановини“, Алманах Варадрске бановине... 44–46, 45.*

На ниво на Вардарска Македонија, бројот на невработените во берзите на трудот, пресметан вкупно, во Скопје и во Битола во периодот 1930 – 1936 година бил во постојан раст:

**Табела 18: Број на невработени во Берзата на трудот во Вардарска Македонија (1930 – 1936)**

| **Година** | **Број на пријавени** |
|---|---|
| 1930 | 3.863 |
| 1931 | 4.833 |
| 1932 | 10.804 |
| 1933 | 18.518 |
| 1934 | 20.901 |
| 1935 | 25.546 |
| 1936 | 33.694 |

*Извор: Ристо Христов, Трудбеничките слоеви.., 107*

Бројот на барателите на работа кои се пријавиле во берзите на трудот на територија на Вардарска Македонија за седум години пораснал за 29.831 пријавени лица, а најголем број на баратели на работа се пријавиле во 1936 година – 33.694 лица. Според податоците кои се однесуваат само на пријавените баратели на работа во Берзата на трудот во Скопје, во периодот 1929 – 1939 година, вкупно се пријавиле

---

403 Коста Договић, „Проблемот со незапосленоста“, *Нови сјај – културно привредни преглед* год. 3 бр. 28 (1936), *sp.*; Види и: *Глас незапосленика – независан раднички лист* (Битољ) год. 1 бр. 1. (1934) (ур. Коста Договић).

217.250 лица, а им било посредувано на 29.302 од пријавените. Издвоено само во 1933 година, во Берзата на трудот во Скопје се пријавиле 17.002 лица, а им било посредувано на 956 лица. Во експозитурата на Берзата на трудот во Битола во 1933 година побарале вработување вкупно 1.278 лица, а им било посредувано на 34 лица.[404]

Додека растела невработеноста, буџетот на Берзите на трудот за работа и делување бил следен: двете берзи на трудот во периодот 1929 – 1938 издвоиле средства за помош на невработени во вкупен износ од 6.499.342 динари. Издвоено за 1933 година, приходите во Берзата на трудот во Скопје изнесувале 878.226 динари, а доделената помош кон невработени лица изнесувала 106.896 динари. Истата година, доделената помош од страна на експозитурата во Битола, изнесувала 93.760 динари. На територија на Вардарска Македонија, според податоците на Поверенството на Работничката комора во Скопје, во периодот 1929 – 1933 година, меркота повластено патување ја користеле 171.500 лица.[405] Во годината со најголем број на невработени – 1936 година, според статистикита од бројната состојба на осигурените во ОУЗОР (нема податоци за осигураните во приватната компанија „Меркур“), по места на територија на Вардарска Македонија, освен Скопје со пријавени 1.430 невработени и Битола со 1.100 невработени, по бројот на невработени се истакнувале и Штип (600), Струмица (400), Куманово (400) и Велес (340).[406] Притоа, мора да се има во предвид видот на индустриското производство каде била распоредена најголем дел од работата сила (на пр. тутунските станици), и постоењето на „мртва сезона“ (6 месеци на редуцирана работа на претпријатијата – во Битолската тутунска станица од 280 работници биле отпуштени 250 во март 1933 година).[407]

Во текот на 1932 и 1933 година во печатот се среќаваат поголем број на информации поврзани со невработеноста кај работниците и тие се јавуваат како баратели на работа според пол и вид на професија:

„Во подружницата на Јавната берза на трудот во Скопје, пријавени се за вработување од 1 септември до 26 октомври 1932 година, вкупно 557 лица (278 мажи, 279 жени): тројца рудари, шест бравари, тројца ковачи, еден колар, два електричари, тројца машински бравари, еден механичар, еден монтажер, тројца столари, шест обучари, 18 обични работници, двајца стругари, двајца портири, двајца аптекари, 215

[404] Р. Христов, op. cit., 112 *passim* Растко Пурић, *Установе за социјално старање у Јужној Србији*, (Скопље, 1932), 10.
[405] Р. Христов, op. cit. 112 *passim* „Социјални архив“, бр. 34 (1935), 2.
[406] Р. Пурић, *Раднички југ...,* 25.
[407] Р. Христов, op. cit., 109 *passim* „Социјални архив“, бр. 1-2 (1935), 19.

монополски работници; 31 монополска работнчка, една кројачка, 11 куварки, 15 служавки, три обични работнички; Од овој број подружницата нашла вработување за вкупно 23 лица (17 мажи, 6 жени).“[408]

„Состојбата на берзата на трудот од 28 септември до 4 октомври 1932 година. Во Берзата се наоѓаат вкупно 354 работници (282 мажи и 72 жени) од кои се вработени преку Берзата само 45 лица; Од 1 октомври 1932 состојбата на невработени изгледа вака: барале работа – 5.685 мажи, 1.939 жени, вкупнок: 7.624 лица; со работа биле понудени 1.491 лице, за колку и било посредувано. Мажи [по професии. ИХ]: осум рудари-минери, 14 бравари-ковачи, пет електромеханичари, пет столари, 12 обучари, еден месар, четири пакари, два слаткари, 67 обични работници; Жени [по професии. ИХ]: 14 куварки, 10 слугинки, 18 обични работнички.“[409]

Невработеноста кај работниците предизвикала носење на законски решенија за нејзино контролирање и воведување мерки за невработените низ надлежните институции, од кои примарно значење за овој проблем имала јавната Берза на трудот.[410] Првата Берза на трудот во Вардарска Македонија бил отворена во Скопје во 1928 година. До 1931 година бил експозитура на Белградската Берза на трудот, по што била издигната на ниво на подружинаца. Пролетта 1933 година почнала да работи експозитура на берзата на трудот во скопје во Битола.[411] Една од популарните мерки била и легитимацијата за повластено возење на невработените работници со цел наоѓње работа:[412]

---

[408] „Состојба на работниот пазар“, *Вардар независни привредно-културни преглед,* год. 1, бр. 28 3.11.1932, 4.

[409] „Сосотојба на работниот пазар*“, Службени лист Варадрске бановине,* год. 3, бр. 150, 9.10.1932, 1.

[410] Р. Христов op. cit., *passim Законодавство о збрињавању незапослених у Југославији,* (Београд, 1939), 47. Види и: Архив на град Скопје, Архив на град Скопје, Фонд Градско поглаварство на град Скопје 1918 – 1941, 6.1.32.90/1077, „Известување до Судот на општината на градот Скопје од Министерството за социјална политика, во врска со мерките кои треба да ги превземат општините за намалување на невработеноста кај населенито, 20.11.1924, Скопје“.

[411] Архив на Битола, Фонд: Градско поглаварство на град Битола, 1921 – 1941, 2.1.34.9/21-22 „Друга седница одбора општине града Битоља одржана на 17.3.1933 у судској згради. Дневни ред: 9. Канцеларије за Берза рада у Битољ:“ „9. Бидејќи овие дена во Битола, е отворена експозитура на јавната Берза на трудот, која ќе биде од голема корист на општината и граѓанството, одборот на предлог на претседателот ја донесе следната одлука: Во случај на потреба за канцеларии на експозитурата на јавната берза, да се плаќа од општинската каса, за потреба на кирија до 250 динари месечно на име кирија.“ На 30.3.1936 година Општината на молба на експозитурата на Берзата на трудот во Битола отстапила земјитште за подигнување на канцеларии, кои служеле и како работнички азили. Исто, 2.1.58.6/34-37.

[412] Архив на град Скопје, исто, 6.1.52.26/131-132, Предлог на Поверенството на Работничката комора на јужна Србија до Судот на град Скопје за извдавање на легитимација за повластено возење на невработените, 2.12.1926 во Скопје; Архив на Скопје, исто, 6.1.61.86/517-518: Објаснување за уверенијата што им се издаваат на неврабитените членови за повластен превоз од страана на Работничката комора за Јужна Србија на барање од Судот на опш на град Скопје.

„Со членот 101 од Закон за заштита на работникот овластени се самоуправните власти, во сите места каде не постои Берза на трудот ниту нејзини експозитури, да издаваат на невработените работници, кои патуваат заради наоѓање на работа, легитимации за повластено возење во половина од цената, на сите државни патишта и со државно субвенционирани сообрајќајни средства. Сите месни Берзи на трудот може да издаваат посебни дозволи за патување во пола цена на своите членови (...) Во местата каде нема месни Берзи на трудот или експозитури, овие дозволи ќе ги издава месната самоуправа власт.“[413]

Претставниците на власта барале спроведување на мерките за јавни изгрдби и претпријатија со цел вработување на населението во Варадрската бановина:

„Барање на Претседателот на општината до Банот на Вардарската бановина во Скопје да се отворат работилници за производство на воена облека и чевли со што делумно ќе се реши проблемот на поголемиот број на невработени поради големата економска криза.[414]

Урбаната невработеност ги носела во судир градските работници во Скопје и работниците-селани од околните места, особено во контекст на сезонските вработувања во Тутунската станица:

„По интервенција на Работничката комора, Судот на општината на град Скопје бара Тутунската станица (стовариште на непреработен тутун) да вработува првенствено невработени граѓани од град Скопје, а не селани од околните села;[415] (...) „Барање до управата на Државната тутунска станица да не вработува селани од околните села туку невработени граѓани од Скопје.“[416]

„Тутунската станица во Скопје испраќа списоци на квалификувани и неквалификувани работници за производство на тутун до градското поглаварство со цел истите да бидат распределени на работа.“[417]

Невработеноста на работниците поттикнала хуманитарни иницијативи и посистематизиран пристап кон трудовите и социјалните прашања од страна на општината, но и од приватни чинители.[418]

---

[413] Ibid., 6.1.52.26/131-132, „Поверенството Радничке коморе за Јужну Србију бр. 687, 29.11.1926, Скопје. Суду општине Града Скопља.“

[414] Ibid., 1.6.138.55/157, Барање на Претседателот на општината до Банот на Вардарската бановина во Скопје...

[415] Ibid., 6.1.100.62/266-269, 9.3.1931, Скопје.

[416] Ibid., 6.1.102.84/348-353, 10.7.1931, Скопје.

[417] Ibid., 1.6.137.144/623-628, 17.11.1938.

[418] Извори за хуманитарни иницијативи: „Одлука на одборот на општината на град Скопје за основање на Општинска установа „Капка млеко“ и прифаќање на Правилник за работа.“ Ibid., 1.6.173.11/344;

Во периодот на зголемена невработеност, граѓаните се обраќале со претставки или со молби до општината и институциите со цел да станат корисници на социјалните мерки и помош:[419]

„До Судот на општината на Град Скопје, 20.8.1926. Го молам Судот да ми издаде уверение за следното: дека мојата жена Милица, на ден 14 август, роди едно машко дете; дека немам никаков недвижен имот во оваа, како ни во другите општини, дека мојата жена Милица не е вработена ни во државна ни во приватна служба; дека е со мене во домаќинска зедница и дека јас ја издржувам само од својата заработувачка. Уверението ми е потребно за прием на помош од Уредот за осигурување на работници. Од Јордан Стојковиќ, чевлар, ул. 172, бр.40, Скопје.[420]

Состојбата со невработеноста кај работниците и јазот од социјалната нееднаквост, се одразиле и надвор од експертските и политичките дискусии, во културата, творештвото и поезијата, како вентил на незадоволството и критика. Пишувањето и печатењето на литература со социјални мотиви било својствено на левичарските весници и публикации, меѓутоа важно е да се нагласи уште едно значење во тој процес, имено постепеното „кристализирање“ на класна слика и заедничко работничко секојдневние со специфични обележја. Меѓудругото, во оваа модерна книжевност и нејзините анализи, се среќава голема општествена критика каде се

31.7.1934; „Одобрување на материјална помош за сиромашните.“ Ibid., 1.6.183.19/295-298, 8.3.1935; „Известување дека Социјалниот одбор за помагање на сиромашните и невработените граѓани на Скопје ќе одржи годишно собрание, со барање да му се обезбеди простор за истото.“ Ibid., 1.6.224.88/317-319, 25.5.1939; „Акција на хуманитарниот одбор за собирање на прилози за сиромашните и невработените во град Скопје.“ Ibid., 1.6.138.44/120-130; Хуманитарен одбор... ,13.1.1932; „Барање од Министерството за социјална политика до органите на власта да соработуваат во работата на Уредот за осигурување за работници согласно Законот за осигурување, доставено до Судот на општината на град Скопје.“ Ibid., 1.6.63.81/345, 21.12.1927; „Одлука на Градскиот совет на општината на град Скопје за формирање на одбор при Градскиот совет – Трудов совет (со одсеци: финансиско-статстисички, градежен, административно-правен, социјално-санитетски).“ Ibid., 1.6.196.55/499, 18.10.1936.

[419] Види повеќе извори од молби и барања на граѓаните во Скопје: „Кусумовиќ Нухо бара да му се издаде работничка легитимација за невработени, бидејќи е отпуштен од работа.“ Ibid., 1.6.174.21/42-43, 15.1.1935; „Барање на Марија Џ. Мировевиќ за добивање на еден метар дрва за ограв. Одлука: Општината да издаде за употреба еден метар дрва за огрев кон молителката.“ Архив на Битола, исто, 2.1.15.16/28-32, Молба до општината... 12.12.1923; „Решение на Одборот за управата на град Скопје, со кое на лицето Исаковиќ Кадри Исак му се издава уверение дека е сиромашен.“ Архив на град Скопје, исто, 6.1.12.60/271-272, Решение..., 3.3.1922; „Стојан Цветковиќ бара да му се издаде уверение за сиромаштија бидејќи работи како надничар и издржува седум члено семејство.“ Ibid., 6.1.103.39/90-91, 9.7.1931; „Никола Јовановиќ бара да му се издаде Уверение дека тој е кројачки надничар – работник и дека нема свој дуќан.“ Ibid., 6.1.103.148/419-428, 27.6.1931; „Уверение издадено за семејната и материјалната положба на Драгољуб Матевиќ, што му е потребно за да добие помош од Берзата на трудот.“ Ibid., 1.6.157.191/514, 12.12.1934.

[420] Ibid., 6.1.48.65/690-691, 20.8.1926.

зафатени и прашања од областа на промените во патријархалното селско семејство со урбанизацијата и влечењето на младите кон градот и урбаната заработувачка.[421]

Просјачењето и бедата на работниците исто така нашло место во поетските претстави. Во нив сликата за жената во градот е мрачна, небезбедна: „Ако не се по кафаните и улиците, тие [жените. ИХ] се во фабриките!“ Се наоѓа и поезија посветена директно на невработените штитеници на Берзата на трудот:

*Сваког јутра, радног дана и празника*

*Кад прођем улицом, најширом улицом града,*

*Не избегну ми молбени погледи широких очију радника,*

*И гладна уста што затворена питају: има ли рада?*[422]

*(А. Аксиќ, „Песме“ (Скопље, 1932), 8)*

### 3.1.5 Организирање, солидаризирање и политичко активирање на работниците

Во екот на општествената мобилизација донесена на крилјата на модернизацијата во XX век, се бележи силно умножување на организациите на цивилното општество, политичките организации и социјални здруженија. Тоа се огледува и на просторите на Кралство Југославија. На пример, гимнастичките друштва биле организирани по углед на оние од Германија, каде телесното зацврстување се поврзувало со националното освестување, а чешките словенско-патриотски спортски друштва биле урнек за создавањето на Соколарското движење.[423]

Организирањето помеѓу граѓанската класа често било во допир со активирање на одредени општествени групи, на пример жените, младината, студентите, етничките

---

[421] Видое Обрадовић, „Селанецот и работникот во денешната вардарска лирика“, *Луч*, год. 1 бр. 5 (1937), 185–191, 188 *passim* Владимир Парлић, *Леш*, (Скопље: Сонце, 1931), 9.

[422] „Криза. Безработица. А последица на тоа е преполниот пазар на работна сила, која се нуди во бесцена. Не се прашува што се работи и колку се плаќа, само се бара работа.“ Видео Обрадовиќ, op. cit., 185–191.

[423] Соколството, соколарското движење, претставува националистичко, патриотско движење кое настанало на територијата на Австро-Унгарија во XIX век, помеѓу чешката буржоазија поттикната од идеите за панславизам и создавање пансловенско витештво. Филозофијата на соколството претставувала неформален образовен систем со развиена организација и гимнастичка методика („соколски гимнастички систем“). Во движењето членувале и мажи и жени, но сепак се работи за националистичка и конзервативна идеологија. Движењето во XX век се проширило низ Европа и во САД. Локалните организации ги пренесувале традициите и имале свој печат, соколани (простории за одржување гимнастички вежби) и активности. Во Кралство Југославија во 1929 година била основана организацијата „Soko Kraljevine Jugoslavije“ (иако движењето имало корен пред XX век), чија цел била да пропагира „морално, телесно и национално силни и свесни граѓани“. Соколарските дружини знаеле да играат улога во националистичките пресметки во кралството како еден вид на „пара-војска“. На територија на Вардарска Македонија за прв пат се формирало соколско друштво „Dušan Silni“ во 1908 година.

малцинства, но и останати групи, во активности од обласа на националните прашања, патриотизмот, образованието, бизнисот и професионалните комори, културата, уметноста итн. Организациите биле поврзани со локалната или националната реалност или биле домашни претставници на поголеми (светски) движења. Иницијативноста и активирањето на групите од цивилното општество, значело и нивно присуство во јавниот и политички дискурс, без разлика на областа каде се активирале и организирале, притоа, организирањето помеѓу претставниците од одредна група значело и поголемо солидаризирање и видливост или претставување на одредената заедница, дури и можност за влијание и учество во процесот на политичко одлучување.[424]

Во историјата на Кралството Југославија, а особено гледано и во континуитет со социјалистичка Југославија, историјата на работничкото движење и органиизрање е од голема важност и се јавува како еден од клучните наративи. Во историографијата пак, во социјалистичкиот период особено, работничката историја е многу блиска, а по некаде и целосно изедначена со историјата на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ).[425] Специфична е и поврзаноста помеѓу работничкото движење и националното прашање.[426]

Во контекст на територијата на Вардарска Македонија во овој дел ќе се осврнеме на работничкото органзирање, солидаризирање и политичко активирање од аспект на создавање на работничка култура и видливост во јавноста на работниците како посебен историски субјект. Тој процес може да се набљудува од следните аспекти: организирање на работниците од економски, политички и културно просветен

---

[424] Според Хана Арент „да се дејствува, значи да се превземе иницијатива ." Делувањето (action) според неа, е невозможно во изолација (приватност). Делувањето зема простор во јавноста и пред другите, пред нивните одговори и реакции. Затоа кога Арент зборува за „животнот процес" ("life processes"), таа мисли на економската активност и на политичките напори во менувањето на економската состојба. Според Арент специфичното социјално дејствување се јавува по индустријализацијата, во „статистичкиот свет" на пазар и бирократија, каде е воспоставена површна еднаквост која нуди широки, но меки права. Craig Calhoun, "Facets of the Public Sphere: Dewey, Arendt, Habermas", in *Institutional Change in the Public Sphere. Views on the Nordic Model* (ed. Fredrik Engelstad, Håkon Larsen, Jon Rogstad, Kari Steen-Johnsen, Dominika Polkowska, Andrea S. Dauber-Griffin, Adam Leverton (De Gruyter, 2017), 23–45, 33, 34 *passim* Arendt, 1958, p. 177, 188.

[425] Во тематот на работничката историја на Југославија историограски се покриени следните теми: создањето на работничката класа, создавањето ан социјалистичките партии, создавање на работничко движење, создавањето на комунистичката партија, илегалната организација и активности, пароли, создавањето на антифашистичкиот народен фронт, народноослободеителната и револуционерна борба, народноослободителното движење, Информбирото, работничкото самоуправување, животот на работниците во социјалистичкото самоуправување. Види примери: *Преглед историје Савеза комуниста Југославије* (Београд: Институт за изучавање радничког покрета, 1963); *Hronologija radničkog pokreta i SKJ 1919—1979. (u III toma),* (Beograd: Narodna knjiga; Institut za savremenu istoriju, 1980).

[426] Види пример: Dušan Lukač, *Radnicki pokret u Jugoslaviji i nacionalno pitanje 1918 – 1941,* (Beograd: Institut za savremenu istoriju, 1972).

карактер; учество на работниците во институционалниот, политичкиот и партискиот живот; и позначајните личности, движења и настани кои го одбележуваат меѓувоедниот период од аспект на работничкото организирање.

Државата го гледала организрањето на работништвото од аспект на негова едукација, квалификуваност и обликуваност во „дисциплинирана индустриска сила“. Начинот на кој државата и/или некои институционални претставници генерално гледале врз работничкото организирање бил следен:

„Спремно, свесно и во професијата совесно и дисциплинирано индустриско работништво и виш технички персонал не може да се создаде преку ноќ (...) Во државата постојат следните стручни школи во кои може да се школува среден и виш технички персонал како и квалификувани индустриски работници: Технички факултети на универзитетите во Белград, Загреб и Љубљана; Државни средни технички школи во Белград, Сараево, Љубљана, Загреб и Сплит; Државна текстилна школа во Лесковац; Приватна средна текстилна школа во Орославље (кај Загреб); поголем број на стручни знанетчиски школи, женски стручни училишта и куресеви.“[427]

„Работништвото во Јужна Србија ослободувањето го затекнало во патријархално организационен-службенопримачки однос (*sic!*). Не постоело никакво работничко движење. Дури и печалбарите кои лутале низ цел свет додека цветало работничкото движење, не биле привлечени од него. Тие воопшто не пристапувале кон работничко-синдикалните организации, нити земале учество во еманципацијата на работништвото која се случувала во Европа, иако ја сведочеле. Работничко движење не можело да постои ни за време на турската управа, кога тешко се добивала дозвола за школување, а за здружувањето на работништвото, тогаш претежно занаетчиско, турската управа немала воопшто разбирање, нити работницте биле дораснати за тоа.“[428]

Организирањето на работниците од Вардарска Македонија од економски карактер може да се следи низ синдикалното организирање, тарифните акции и штрајковите. Во Вардарска Македонија сидикално неорганизирани биле околу 90% од работниците. Во 1920 година се бележат 20 сидикални подржуници на територијата и 2.359 организирани членови во Скопје, Велес и Прилеп, во 1922 година, како

[427] Ц. Грегорић, op. cit., 176.
[428] Р. Пурић, *Работнички југ...*, 17.

последица на Обзнаната, останале само осум подружници со 439 членови, а оние во Прилеп и Велес се укинале.[429]

Во 1932 година се забележува обновување и раздвижување на работничкото организрање во синдикати.[430] Во однос на тарифните акции и штрајковите, тие хронолошки може да се следат од 1919 година. Прва тарифна акција на шивачките работници е забележана во почетокот на април 1920. Се барало осумчасовно работно верме, подобри хигиенски услови, зголемување на надницата на 40%. По 10 дена преговори бил потпишан колективен договор со работниците, прв од таков вид на територијата на Вардарска Македонија, а во печатот било објавен натпис „Блескав успех на шивачките работници" („Социјалистичка зора", бр. 12 од 10.3.1920).

Прв повоен штрајк на шивачките работници во Скопје бил забележан на 16 мај 1920 година, заради непочитувањето на колективниот договор од страна на мајсторите. Завршил по неколку дена, по договор за враќање кон решенијата од колективниот договор. Втор штрајк бил забележан на 25 ноември 1920 година. Со барање за дестчасовното работно време да се намали на осумчасовно раб време, учествувале 120 работници. Забележан е штрајк на шивачките работници од 7 до 14 јануари 1939 година, а резултирал со зголемување на надницата за 25% и деветчасовно работно време. Повеќе тарифни акции биле забележани во периодот 1939 – 1940 година.[431] Инспекцијата на трудот во Скопје во 1933 година забележила четири штрајка, предизвикани заради продолжување на работното време.

Во Резолуцијата на Конференцијата на монополските работници од 1934 година, се барало шестчасовен работен ден, за да се создадат работни места за невработените од страна на Берзата на трудот. Во Резолуцијата на скопските работници одржана на собир во просториите на Поверенството на работничката комора во Скопје во 1934 година, се барало укинување на прекувремената работа, утврдување минимални плати, ажурност на Инспекцијата на трудот, работничко осигурување во случај на невработеност, внесување ставки во општинските буџети за невработените, зголемување на буџетите на јавните берзи на трудот.

---

[429] Состојбата на синдикалното организирање по дејности во Скопје во 1920 и 1922 година била: транспортни работници 800 (1922 год – растурено), Монополски 200 (1922 растурено), Металски 40 (1922 – 30), Дрводелски 60 (1922 – 45), Печатарски 30, (1922 – Растурено), Пекарски 80, Чевларски 200 (1922 – 50), Кројачки 137 (1922 – 52), Угостителски 200 (1922 – 190), Берберски 40 (1922 – 22), Трговски 96 (1922 20) Вкупно 1883, 1922 – 439. Р. Христов, op. cit., 151–152.

[430] Ibidem, 155. *confer* С. Фиданова, op. cit., 302.

[431] Детално за штрајковите и тарифните акции види кај Б. Арсовски, op. cit.

Работничкото организирање во поглед на неговите политички карактеристики, може да се следи низ собирите, акциите и иницијативите на организираните членови за време на изборните процеси или во потикнување на локални политички кампањи. Сите иницијативи кои имале политички карактер повторно биле тесно поврзани со синдикалното организирање. Со обновувањето на социјал-демократската партиска организација во Скопје, на 19 февруари 1919 година, се формирал и Месен синдикален совет. Во почетокот на јуни 1919 година се започнало со формирање на струкови синдикални организации, биле формирани шест такви. На пример Синдикалниот пододбор на шивачките работници во Скопје, бил поврзан со Централниот шивачки синдикат во Белград од каде добивале упатства. Биле користени просториите на Хотелот „Атина" во Скопје.

Урсовите синдикати во Скопје биле формирани во 1925 година во Кралство Југославија, а во Скопје во 1927 година. Синдикатите биле дел од Работничката комора, а во Скопје ги предводел социјал-демократот Коста Стефановиќ – Ерсеновски. Комунистичките активисти кои работеле во склоп на Урсовите синдикати го обновиле работничкото КУД „Абрашевиќ", а била формирана и Синдикална подружница на шивачките работници при Урсовите синдикати. Урсовите сидикати биле сместени на улица „Железничка", близу до железничката задруга. Меѓу имиња на некои од најактивните активисти биле Цане Трајковски, Ацо Петровски, Благоја Червaровски – Бела, Трајан Јовчевски, Ганчо Тодоровски и Коста Солев *alias* Кочо Рацин.[432]

Помеѓу позначајните активности и настани од политички карактер во периодот 1931 – 1936 година се: Голем работнички собир во организација на Месниот синдикален совет на тема скапотијата на животните намирници (15 мај 1932); Масовна работничка конференција во органзиација на Менсиот синдикален совет, на тема невработеност на работнците и решенија за сузбивање безработица (1.1.1933); Работнички собир и предавање на тема „Положбата на работничката класа" (10 јули 1933); Масовен работнички собир со барање да се решава безработицата на работниците (23 јули 1933); Избори за Работничка комора одржани во ноември 1933

432 Коста Апостолов Солев – Кочо Рацин [Велес, 22 декември 1908 - Лопушник, 13 јуни 1943], македонски книжевник, социјалист, комунистички активист, поет. Се смета за еден од основоположниците на современата македонска книжевност, во поголем дел посветена на социјалните мотиви кои го опишуваат работничкото секојдневие. Неговата стихозбирка „Бели мугри" (Загреб, 1939) претставува едно од најзначајните дела во современата македонска поезија. Освен со поезија, Рацин се занимавал и со проза, а напишал и неколку значајни трудови од областа на историјата, филозофијата, книжевната критика и теоријата на марксизмот. Прекарот Рацин самиот си го наметнал, инспириран од љубовта кон Рахилка Фирфова – Раца.

година; Протестен митинг на 20 март 1934 предизвикан од сиромаштијата кај работниците; Голем работнички собир на 3 јуни 1934 со барање за почитување и воведуваљ ена социјално осигурување и работничка заштита; Организирана целодневна прослава на 1 мај во 1936 година, кај месноста Козле од страна на КУД „Абрашевиќ“.[433]

Некои автори, интензивниот политички живот и изразувањето на јавното мислење, го поврзуваат со дејноста на КПЈ, чии ограноци најнапред ќе се формираат во Скопје, Велес и Битола, а за краток временски период и во Штип, Куманово, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Прилеп и Охрид. Полетот во левичарското делување најмногу ќе се забележи на општинските избори во 1920 година.[434]

Работничкото организирање солидаризирање и создавање заедничка „работничка култура“, најдобро може да се следи низ културно-просветните карактеристики на организирањето. Различни собири за „алтернативна работничка култура“ биле излетите, жур, вечеринки, организарање на првомајски прослави (во Скопје познати првомајски места за излет биле: Козле, Бирарија, Кисела Вода, Пролет и др.).

Организација значајна за генерирање на работничка култура и солидарност било КУД „Абрашевиќ“. Најзабележителна била активноста на друштвото „Коста Абрашевиќ" во Куманово формирано во текот на 1926 година кое имало свои правила на делување, а било и одобрено од општинската управа. Била предводена од активни младинци како Страхил Бајловски, Љубица Живковиќ-Мијалковиќ, Трајко Илиевски и др. Дрштвото имало хорска, драмска, рецитаторска секција и тамбурашки оркестар. Членството активно работело на поврзување со активистите од другите градови, така што се обидувало и да престојува во одредени градови како Скопје и Велес. Доста добро членовите се снаоѓале во драмските изведби, преку кои сакале да го прикажат реалниот живот. Напоредно со ова друштво работело и спортското друштво „Работнички“ кое било еден вид замена во моментите кога членовите на друштвото „Абрашевиќ“ биле оневозможувани во своите активности. Во 1929 година многу активисти биле апсени за ширење комунистичка агитација. Според сведоштвото на активистот Ацо Петровски, во 1930 година, 55 активисти биле спроведни пред суд, а од нив 35 осудени. По ударот и забраната со дикатурата, работата на друштвото ќе се обнови во текот на 1935 година работејќи на политичко и теоретско издигнување на

[433] Б. Арсовски, op. cit., 39, 61, 64.
[434] Јасмина Дамјановска, op. cit., 95.

локалното население. Во овој период друштвото организирало и посета на многу села, посветувајќи внимание на подигнување на културно забавниот живот. Друштвото водело свои записници, имало свој печат, членски карти, а во својата архива и многубројни фотографии од членството.).

Дел од авангардата на КУД „Абрашевиќ" бил и Кочо Рацин. Во 1932 – 1933 година во синдикалното организирање се вклучиле и студенти од Филозофскиот факултет во Скопје. Според усните кажувања на современикот Коце Златевски во Работничкиот дом на улица „Пашиќева" доаѓале и студентите од Филозофскиот факултет, а со нив бил и Кочо Рацин. Тие помагале во развивањето на културно-уметнички активности за солидаризирање помеѓу работниците. Биле организирани и курсеви на теми: важноста на работничкото организирање, описменување на членовите, дејноста на синдикатите, улогата на Работничката комора и сл.

Засилувањето на синдикалното движење и солидарноста се вршело низ забавно-културни средби и собири: хор, музичка секција, шаховски натпревари, драмска секција, забави во салата на Поштенскиот дом. Во 1938 година имало околу 200 активни членови во КУД „Абрашевиќ" и низ разните секции на синдикалното движење.[435] Во културно-просветните карактеристики на работничкото организирање значајно место има работничкиот и левичарски печат: „Радничке новине", „Радник", „Раднички тједник", „Радничке новине", „Социјалистичка зора", „Искра", „Луч" и др.
Солидаризацијата и чувството на припадност во заедничка, посебна општествена група кај работниците се огледува и во локалната соработка помеѓу културно-просветни или спортски друштва на работници:

„Тоа [велешкото работништво, ИХ] се поврза и со работништвото од другите македонски градови, токму преку гостувањето на нивните културно-просветни и спортски друштва. Доста познато, во периодот непосредно пред почетокот на Втората светска војна, било гостувањето на работничката младина во Прилеп во 1936 година, каде било масовно пречекано од прилпското граѓанство, во соработка со монополските работници од градот и оркестарот на прилепското работничко, културно-уметничко друштво „Коста Абрашевиќ", била организирана приредба проследена со пиесата „Крадливци", рецитации, настап на велешкиот оркестар, како и говори значајни за нивната животна средина, односно моменталната состојба на работништвото.

---

[435] Детално за активностите на КУД „Коста Абрашевиќ" види кај Б. Арсовски, op. cit., 125–132; и кај Ј. Дамјановска, op.cit., 98–99.

Соработка, заснована на посетата од овие културни друштва, била остварена и со градови од другите делови на Кралството.“[436]

Монополските работници вработени во Тутунската опитна станица во Прилеп основале културно-просветно друштво, а функционирал и фудбалски клуб на работниците.[437] Во библиотеката која се наоѓала во склоп на тутунската станица во Прилеп можеле да се најдат публикациите поврзани со работничката заштита: „Радничко законодавство, кн. 1“ и „Радничко законодавство кн. 2“, „Упатство заработниците“ и „Гласник на централниот хигиенски завод“.[438]

Значајни личности во историјатот на социјалистичкото, комунистичкото и синдикалното работничко движење во меѓувоениот период кои овде ги издвојуваме се: Кочо Рацин, Роса Плавева,[439] Илија Плавев,[440] Цветан Димов,[441] Јордан Николов – Орце.[442]

Во културата, особено во книжевноста и во поезијата, во овој период како последица на модерната реалност се јавуваат автори кои се инспирирани токму од

---

[436] Ј. Најдовска, op. cit., 172, 177.

[437] Архив на Прилеп, Фонд Тутунска опитна станица во Прилеп (1929 – 1941), 5.521.7.212-260/252-307, „Преписка од Управата на државните монополи – Белград до Тутунската опитна станица – Прилеп во врска со: основањето на културно-просветно друштво на монополски работници“.

[438] Архив Прилеп, исто, 5.521.6.53/603-608: „Каталог на книгите кои с е наоѓаат во библиотеката на О. С. Прилеп, 1929“.

[439] Роса Плавева (Велес, 1878 – Белград, 1970) македонска социјалистка, активистка за женското право на глас и меѓу првите жени политичари во отоманскиот период. Својот активизам за еманципација на жените го продолжила во Кралството Југославија, подоцна и во социјалистичка Југославија. Нејзината куќа претставувала место за средби на македонските и турските активистки кои заговарале за феминистички теми и за женската еднаквост. Во 1917 година на нејзина иницијатива, околу 100 жени потпишале писмо кое повикувало на ослободување на Роза Луксембург, со која воедно и се допишувале како идеолошки современички. Во 1920 година ја основала Организацијата на жени социјалистки во Скопје.

[440] Илија Плавев, (Велес, 1867 - Белград, 1940) македонски социјалист и комунист, еден од првите социјалисти во Македонија. Во 1905 година со сопругата Роса Плавева се преселиле во Скопје и станале членови на раководството на социјалдемократската група. По Младотурската револуција учествувал во штрајкувачкото движење и раководел штрајкот на скопските чевларски работници. Бил член и на Народната федеративна партија. Бил потпретседател на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. По донесувањето на Обзнаната бил прогонуван од власта и повеќепати затворан. Поради материјална криза, принуден е да го напушти Скопје и да се пресели во Белград. Таму умрел во 1940 година.

[441] Цветан Димов *alias* Целе Чаирчанец (Скопје, 5 март 1910 – Скопје, 9 јули 1942) македонски комунист, синдикалец, и учесник во НОБ. Работел во шивачката индустрија и станал истакнат организатор на работничкото и комунистичкото движење во Скопје помеѓу двете светски војни. По Ослободувањето, на 26 јули 1945 година, бил прогласен за народен херој на Југославија.

[442] Јордан Николов – Орце (Скопје, 7 јануари 1916 – с. Тумба (Србија) 4 јануари 1942) македонски комунист, еден од организаторите на работничкото движење во Скопје и член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија во 1939 година. Ги организирал работничките на политички демонстрации при прослави на Илинден во 1940 година. Со активизам започнал како шивачки работник и член на Урсовите синдикати. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година.

работничкото секојдневие и творат поезија и проза со социјални мотиви, а објавувале најчесто во левичарскиот печат.[443]

### 3.2 Надници

Номиналната надница претставува парична сума која работникот ја добива од работодавачот како накнада за својот труд кој го продава за одредено време. Количината на животни намирници кои работникот може да ги купи со номиналната надница ја претставуваат реалната надница. Таа зависи од номинална надница и висината на цените на призводите. Истата номинална надница може да претставува различни количини животни намирници. Според тоа, номиналната надница не покажува сама по себе колкав е делот на работниците во распределбата на трудовиот производ и колкав е животниот стандард кај работничката класа, тоа може да го покаже дури реалната надница. Во контекст на економијата на Кралство Југославија, за да расте животниот стандард на работницте, номиналните надници мора да растат побрзо од пазарните цени на основните животни продукти.[444]

Во овој дел ќе го прикажеме движењето на номиналните надници кај работниците во некои индустриски гранки на територија на Вардарска Македонија во меѓувоениот период и ќе бидат приложени податоци за цената на основните животни продукти, при што донекаде ќе може да се (ре)конструира куповната моќ на населението економски активно во индустрија. Под куповна моќ овде подразбираме куповна моќ на работничката надница, притоа овде нагласуваме дека не се работи за детална анлиза, заради сезонската природа на индустриските вработувања (особено кај монополските работници) и заради постоењето на категорија работници-селани кои остварувале одредени приходи вон активноста во индустрија.

Висината на надницата во индустријата е најдобар показател на економската положба на работниците. Постоеле два вида на надници – временска и акордна. Временската надница била надница по час и не ја земала во предвид количината или

---

[443] Пример за поезија за работниците:
„*Ние децата на градот и гладот,*
*Со раце в искинати џебови,*
*Си ги допираме ладните и валкани нозе*
*Гледајќи како некој врви по афалтот*
*И низ псовка гази сé што е наше.„* Цеко Стевановиќ, „Асфалт“, (Скопје: Документи, 1933), 15. *passim* В. Обрадовиќ, op. cit., 189.

[444] Mira Kolar-Dimitrijević, *Radni slojevi Zagreba od 1918. do 1931.*, (Zagreb: Institut za historiju radničkog pokreta Hrvatske), 188.

квалитетот на производот на работникот. Акордната надница претставувала плаќање според ефект, по парче или на метар, каде не се гледал само изработениот предмет, туку и неговиот квалитет.[445] Во рамки на двата вида на надници можело да постојат и премии. Акордните надници исто така можеле да бидат колективни, доколку се однесувале на еден вид на дејност во склоп на фабричкото производство или индивидуални. Најчесто, помошниот персонал, портирите, чуварите, магационерите, градинарите, шоферите имале надница на час, додека работниците, особено во текстилната индустрија, уште повеќе ако станува збор за предачи/-чки, ткајачи/-чки, имале акордна надница. На ниво на Кралство Југославија акордните надници биле помали во однос на временските, а односот изнесувал 7:10.[446]

Работничките надници, освен издатоците одредени за работничкото осигурување, биле дополнително оданочувани со 2% на целокупната заработка, инвалидски данок до 2%, коморски данок (за воената комора) до 1%, одбивања за самоуправен или општински данок. Што значело дека, на пример за работникот кој работел во текстилна индустрија, доколку земал дневна надница од 30 динари, а на годишно ниво 9.000 динари (за 300 работни дена), му се одбивале 385 динари за данок (poreze i prireze).[447]

Уште еден фактор кој треба да се нагласи во овој воведен дел е постоењето на голема разлика во надниците во зависност од регионот и подрачјето. Разликата со себе носела нееднаквост во продукциските трошоци, конкуренција, разлика во куповната моќ на работничката класа и во создавањето капитал. Во одредени региони имало стопанска неразвиеност и поголем дел земјоделско население, и просечната надница била пониска; во индустриските центри со поголем број на квалификувани работници просечната надница била поголема.[448]

Границите во кои се движела заработувачката на одделни категории работници може да се определи преку надничните оддели според кои биле групирани осигурените работници. Законот за осигурување познавал 12 оддели:

---

[445] Примери за акордни надници од Вардарска Македонија: „Посредници кои работеле со материјалите на занаетчиите по домовите, а користеле и свои ситни репро-материјали. (...) Најмногу во кожрско-преработувачката индустрија: за женски чевли, 20–25 динари за пар, а мајсторот ги продавал по 160–200 динари од пар; за машки чевли, 25–30 динари за пар, а мајсторот ги продавал 180–200 динари за пар." Р. Христов, op. cit, 89.

[446] Јелена Рафаиловић, „Индустријски развој на Балкану 1919 – 1929. године – компаративна анализа текстилне индустрије Бугарске и Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца", докторска дисертација, (Београд: Универзитет у Београду, Филозофски факултет, 2015), 268 *passim* Oblici nadnice u industriji", *Indeks*, 5, 3 (1933), 18, 20.

[447] Ј. Рафаиловић, op. cit., 274 *passim* „Порез на наднице, минимум за егзистенцију и стварне наднице", *Радничке новине*, број 29, 17.6.1925, 2.

[448] *Ibid.*

**Табела 19: Надничнi оддели според Законот за осигурување на работници**

| Надничен оддел | Дневна заработувачка (во динари) |
|---|---|
| 1 | до 8 |
| 2 | 8 – 9,60 |
| 3 | 9,60 – 11,60 |
| 4 | 11,60 – 14 |
| 5 | 14 – 16,80 |
| 6 | 16,80 – 20 |
| 7 | 20 – 24 |
| 8 | 24 – 28,80 |
| 9 | 28,80 – 34 |
| 10 | 34 – 40 |
| 11 | 40 – 48 |
| 12 | 48 |

*Извор: Zakon o osiguranju radnika od 14. maja 1922. godine, (prir. Emilo Gojković), (Beograd: „Gece Kona”, 1936)*

Просечната обезбедена дневница во Кралство Југославија во периодот 1923 – 1939 година, припаѓала најмногу во седмиот (20 – 24 динари) и осмиот (24 – 28,80 динари) надничен оддел.

**Табела 20: Просечна осигурана надница во Кралство Југославија, 1923 – 1939 година**

| Година | Просечна надница (во динари) |
|---|---|
| 1923 | 20,24 |
| 1924 | 22,21 |
| 1925 | 23,37 |
| 1926 | 24,11 |
| 1927 | 25,04 |
| 1928 | 25,82 |
| 1929 | 26,32 |
| 1930 | 26,56 |
| 1931 | 26,19 |
| 1932 | 24,58 |
| 1933 | 23,22 |
| 1934 | 22,24 |
| 1935 | 21,65 |
| 1936 | 22,68 |
| 1937 | 22,71 |
| 1938 | 23,64 |
| 1939 | 24,27 |

*Извор: Статистички годишњак 1938-1939, 428; и 1940, 409*

Просечната осигурана номинална надница покажувала незначително колебање, ромеѓу 1923 и 1931 година таа стално се покачувала, но растот бил незначаен. Од 1931 година таа стално била во опаѓање до 1935 година, а во 1938 година ја достигнала висината која ја имала во 1925 година. Притоа населението се зголемувало и секоја година пристигнувале нови работници кои барале работа. Според економскиот историчар Мијо Мирковиќ, шест години бројот на вработените кои биле осигурани воопшто не се зголемувал, дури и се намалувал, што укажува на постоењето на

„резервна армија работници“ кои биле принудени да работат во слаби услови и за слаба надница.[449]

Просечните надници на работниците во различни индустриски дејности на ниво на Кралство Југославија во 1922 година најчесто се движеле од првиот до петтиот надничен оддел. Притоа најниски биле надниците во индустриските дејности кои привлекувале најмногу работна сила, на пример текстилната индустрија (со движење на надниците од 6 до 20 динари).

**Табела 21: Надници на работниците во различни индустриски дејности во Кралство Југославија (1922)**

| Дејност | Дневна заработувачка (во динари) |
|---|---|
| Индустрија за кожи | 25 – 100 |
| Метална индустрија | 18 – 40 |
| Индустрија за производи од камен и земја | 16 – 40 |
| Дрвна индустрија | 15 – 50 |
| Индустрија за стакло | 15 – 20 |
| Електро-индустрија | 12 – 16 |
| Прехрамбена индустрија | 12 – 45 |
| Графичка индустрија | 12 – 45 |
| Индустрија за облека | 10 – 30 |
| Хемиска индустрија | 7 – 35 |
| Текстилна индустрија | 6 – 20 |

*Извор: Извештај, Инспекције Рада Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца о њеном пословању у г. 1922, (Београд, 1923)*

Според податоците на Окружното биро за осигурување во Скопје за периодот 1930 – 1937 година, просечната осигурана надница во најголем дел припаѓала во петтиот и шестиот надничен оддел.

**Табела 22: Просечната осигурана надница на работниците во Вардарска Македонија (1930 – 1937)**

| Година | Просечна заработувачка во динари |
|---|---|
| 1930 | 23,96 |
| 1931 | 21,68 |
| 1932 | 19,90 |
| 1933 | 19,54 |
| 1934 | 18,70 |
| 1935 | 16,75 |
| 1936 | 15,50 |
| 1937 | 16,64 |

*Извор: Статистички годишњак 1938-1939..., 428*

Една споредба помеѓу просечната надница кај Средишното биро во Белград и онаа кај Окружното биро во Скопје покажува дека просечната заработувачка на работништвото

[449] Branko Petranović, Momčilo Zečević, op. cit., 400 *passim* Mijo Mirković, *Ekonomska historija Jugoslavije*, (Zagreb: Informator, 1968), 326, 331.

во Вардарска Македонија била значително пониска од просечната надница на ниво на државата. Паѓањето на надницата кај Средишното биро траела до 1935 година, а кај Окружното биро до 1936 година. Додека кај Средишното биро надницата во 1935 година паднала во однос на 1930 година за 4,91 динари, дотогаш кај Окружното биро во 1936 година е забележано паѓање во споредба со 1930 година за 8,46 динари.[450]

Падот на надницата од 8,46 динари помеѓу 1930 и 1936 година претставува елиминирање на работништвото како потрошувач за свои потреби, освен за одржување на егзистенција.[451] Со прегледот на надничните оддели од скалата на ОУЗОР поединечно, може подобро да се види надницата за поединечни професии, почнувајќи од чираците до самоуправо-приватните хонорарци (месечничари, дневничари) и подобро платените струки. Статистиките од сите Окружни уредни на државата покажувале дека работништвото со падот на андницата се преместувало во пониските платежни оддели, а тоа поместување станало највидливо во податоците на Окружниот уред во Скопје (Прилог 9).

Најголем дел од работниците во Вардарска Македонија припаѓале во ниските наднични оддели. Бројот на осигурени во првиот оддел (до 8 динари дневно) во 1932 година изнесувал 4 492 лица или 19,6% од вкупниот број на осигурани (22 823).[452] Просечна надница во Вардарска Макеоднија се движела под државното ниво: во 1926 година кога просчената надница во државата изнесувала 24,21 динар, кај Окружното биро во Скопје била пресметана на 23,36 динари. Во Вардарска Македонија постоеле значајни разлики во надниците во различни градови:

---

[450] Р. Христов, op. cit., 83.
[451] Р. Пурић, *Работнички југ…*, 46.
[452] Р. Христов, op.cit, 83.

**Табела 23: Движење на надницата кај индустриските работници во различни градови во Вардарска Македонија (1926 – 1936 година)**

<table>
<tr><th colspan="3">За период 1926 – 1931 година</th></tr>
<tr><th>Работници во дејност</th><th>Место</th><th>Надница во динари</th></tr>
<tr><td rowspan="3">Метална индустрија (лимари и бравари)</td><td>Велес</td><td>9 – 14</td></tr>
<tr><td>Битола</td><td>7 – 14</td></tr>
<tr><td>Скопје</td><td>10 – 45</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Дрвна индустрија (дрводелци и изработки од дрво)</td><td>Прилеп</td><td>3 – 24</td></tr>
<tr><td>Велес</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Охрид</td><td>3 – 20</td></tr>
<tr><td>Скопје</td><td>35 – 50</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Текстилна индустрија (кројачи)</td><td>Велес</td><td>12 – 13</td></tr>
<tr><td>Битола</td><td>10 – 12</td></tr>
<tr><td>Прилеп</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Битола</td><td>10</td></tr>
<tr><th colspan="3">За период 1930 – 1936 година</th></tr>
<tr><td rowspan="4">Тутунски опитни станици (монополски работници)</td><td>Скопје</td><td>10 – 20</td></tr>
<tr><td>Прилеп</td><td>10 – 20</td></tr>
<tr><td>Куманово</td><td>10 – 20</td></tr>
<tr><td>Струмица</td><td>5 – 10</td></tr>
</table>

*Извор: Извештај београдске радничке коморе, 1926 – 1931 (Београд, 1932), 74, 288–289; Бранимир Храбел, „Радништво бановиских средишта. Радништво града Скопља“, Радничка заштита, 1937, 687 - 691*

Како што може да се види од Табела 23, разликите во минимумот и максимумот на надница која можела да се заработи во одредена индустриска дејност (земени се за пример металната, дрвната, текстилната и тутунската индустрија), се значајно различни во Скопје каде се многу повисоки одколку во останатите градови за кои има статистики. Кај работниците во металната инустрија во Велес и Битола надницата се движела од 7 до 14 динари. Во Скопје во истата дејност заработувале од 10 до 45 динари. Разликата во минимумот кој можел да се заработи била три динари, а во максимумот 31 динар.

Во дрвната индустрија работниците во Скопје заработувале од 35 до 50 динари, а во другите градови најчесто од 3 до 24 динари. Разликата помеѓу Скопје и останатите градови во минимумот изнесувала околу 32 динари, а во максимумот 26 динари. Малку поразлично е во тутунската индустрија каде генерално надниците изнесувале од 10 до 20 динари, скоро во сите тутунски станици, веројатно заради регулацијата на надниците во овие државни претпријатија од Управата на монополот во Белград.

Изворите и статистиките за надниците го издвојуваат случајот на монополските работници како посебен заради бројноста  на вклучената работна сила од една страна и заради државниот монопол и државните претпријатија од друга страна, особено во контекст на домино ефектот кој се почувствувал во и по 1931 година како последица на светската економска криза.

Според податоците анализирани кај Ристо Христов, минималната дневна надница на монополските работници се движела од 14 до 30 динари за мажи и од 14 до 18 динари за жени. Дневната надница за монополски работници во Штип била до 14 динари. Во тутунските станици во Гевгелија, Кочани, Радовиш, Велес и Битола надницата се движела од 14 до 30 динари. Во 1935 година, Берзата на трудот во Скопје интервенирала кај Банската управа на Вардарска Македонија за последната да се обрати до Управата на државните монополи за зголемување на надниците на монополските работници, меѓудругото и со ослободување на работниците од плаќање придонес за осигурување, а тој товар да падне на Управта, но без успех.[453]

Според податоците на Тутунската опитна станица во Прилеп, просечните надници во 1940 година кај сталните работници (квалификувани и експертски кадри) се движеле од 36 до 59 динари, а кај сезонските работници од 27 до 35 динари. Според овие податоци (Табела 25), во 1940 година, највисока надница редовните работници оствариле во месец ноември (59,98 динари), а сезонските во јануари (35,40). Во ноември 1940 година, разликата помеѓу надницата на редовните и сезонските работници била најголема и изнесувала 25,11 динари. Кај двете групи најниски надници се забележуваат во месец август.

**Табела 24: Просечните надници во Тутунската опитна станица во Прилеп во 1940 година**

| **Месец** | **Стални/Редовни** | **Сезонски/нередовни** |
|---|---|---|
| Јануари | 49,77 | 35,40 |
| Февруари | 50,47 | 35,22 |
| Август | 36,96 | 27,39 |
| Октомври | 53,60 | 34,51 |
| Ноември | 59,98 | 34,87 |
| Декмеври | 50,15 | 34,92 |

Извор: *Архив на Прилеп, Фонд Тутунска опитна станица во Прилеп (1929 – 1941), Статистички прегледи за движењето на надниците на постојаните и нередовните работници 5.521.2.116-122/195-201*

„Зумирано“ на месец ноември, како издвоен пример од 1940 година, подобро може да се воочат разликите во надниците помеѓу сезонските работници, односно во видовите на надници кај сезонските/нередовните работници. Кај сталните работници (експерти, квалификувани, административен кадар), кои во ноември месет биле пет на број, и им биле определени пет различни надници кои се движеле од 43 до 59 динари, вкупно биле исплатени 3 670 динари. Кај сезонските/несталните работници, кои во ноември месец биле 107 на број, надниците се движеле од 26 до 44 динари; еден работник најчесто работел од 25 до 30 работини дена во месецот. Најбројни биле работниците кои земале надница од 32 динари (42 работници на број) и за нив во ноември месец

[453] Р. Христов, op. cit., 85.

биле исплатени вкупно 25 776 динари; 14 вработени земале надница од 36 динари; Највисоката надница од 44,50 динари кај сезонските/несталните работници ја земал само еден вработен, кому во текот на месецот му биле исплатени 30 надници или вкупно 1.335 динари. Најниската надница кај сезонските/несталните изнесувала 26 динари, а ја земале двајца вработени. Доколку претпоставиме дека Станицата ги почетувала законите и уредбите за осумчасовно работно време, тогаш кај сезонските/нередовните работници, вработениот со највисока надница, земал 5,56 динари на час, вработените со најмала надница земале 3,25 динари на час, а најголемемиот број на вработени земале 4,5 динари на час.

**Табела 25: Видови на надници во Тутунската опитна станица во Прилеп, ноември 1940 година**

| Стални/редовни работници | | | | Сезонски/нередовни работници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид надница во динари | Бр. на работници | Бр. на исплатени надници | Вкупно исплатено во динари | Вид надница во динари | Бр. на работници | Бр. на исплатени надници | Вкупно исплатено во динари |
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* | *8* |
| 59,30 | 1 | 26 | 1 541,80 | 44,50 | 1 | 30 | 1 335 |
| 52,40 | 1 | 30 | 1 572 | 44 | 3 | 83 | 3 652 |
| 46,40 | 1 | 12 | 556,80 | 43 | 4 | 92 | 3 956 |
| 43,40 | 1 | - | - | 41 | 4 | 97 | 3 977 |
| 46,40 | 1 | - | - | 40,50 | 3 | 41 | 1 660,50 |
| Вкупно | 5 | 68 | 3 670,60 | 38,50 | 6 | 100 | 3 850 |
| | | | | 38 | 3 | 72 | 2 736 |
| | | | | 36,50 | 1 | 23 | 839,50 |
| | | | | 36 | 14 | 293 | 10 548 |
| | | | | 35 | 3 | 66 | 2 310 |
| | | | | 34 | 5 | 94 | 3 196 |
| | | | | 33,50 | 1 | 25 | 837,5 |
| | | | | 33 | 12 | 194 | 6 402 |
| | | | | 32,50 | 1 | 20,1/2 | 666,2 |
| | | | | 32 | 42 | 805,50 | 25 776 |
| | | | | 27,50 | 1 | 25 | 712 |
| | | | | 28,50 | 1 | 23 | 632 |
| | | | | 26 | 2 | 47 | 1 222 |
| | | | | Вкупно | 107 | 2131 | 74,30 |

*Извор: Архив на Прилеп, Фонд Тутунска опитна станица во Прилеп (1929 – 1941), Образац бр. 2: Кретање наднице за месец новембар 1940, 5.521.2.119/198*

Како последица на шоковите во цените на производите и висината на надниците, во втората половина на 1930-те, се појавиле иницијативи за воведување минимална надница кои доживеале и законска разрешница. Во 1937 година се донела Уредба за утврдување на минималните надници, заклучување на колективни договори, помирување и арбитража (*Уредба о утврђивању минималних надница, закључивању*

*колективних договора, помирењу и арбитражи*, „Социјални архив", 1-2 (1936): 7–9) со која требало да се постигне законска заштита на минималната надница.

Најзначајното што го донела Уредбата се состоело во утврдувањето основа од два динари по работен час за утврдување на минимална надница. Спуштањето на утврдената основа можело да изнесува само до 10%, т.е. до 1,80 динари. За неквалификуваните работници помлади од 18 години минималната надница не смеела да биде пониска од 1,50 динари на час. Уредбата не се однесувала на градежните работници и помошните работници во занаетчиството.[454] По реакцијата на Трговско-индустриската комора и Занаетчиската комора биле направени промени во Уредбата: минималмната надница важела само за неквалификувани работници постари од 18 години во места со над 5.000 жители; за помлади од 18 години во места со над .000 жители – 1,50 динари, а во места под 5.000 жители – 1,35 динари.[455]

### 3.2.1 Куповна моќ за животни намирници

Во овој дел ќе ќе го прикажам движењето на цените на основните животни намирници и производи за секојдневна употреба во три декади во постоењето на Кралство СХС/К. Југославија, со компаративен статистички преглед на цените на производите просечно во една година на државно и локално ниво во Вардарска Македонија.

Извори од кои може да се реконструираат цените на основните намирници се општинските судови или одбори за цени на животните намирници, анкетите спроведувани од социјалните институции, Работничката комора или работнички синдикати и службениот градски печат кој ги објавувал промените на цените. Освен квантитативните извори за цените на намирниците, ќе бидат коментирани и квалитативните извори за куповната моќ кај работниците од аспект на организираната работничка исхраната, категориите на работници според куповна моќ, некои аспкети на просечната годишна потрошувачка кај работниците и куповната моќ за производи како облека и обувки.

Карактеристика на цените на основните животни намирници и куповната моќ на населението по Првата светска војна во Кралство СХС биле скоро секојдневните

---

[454] Р. Христов, op. cit., 87 *passim* Богдан Крекић, *Радничка надница*, (Београд: Летопис задужбине Николе Спасића, 1936), 88.
[455] „Служебни лист Вардарске бановине", бр. 785, 1940, чл. 1-5, стр. 1

промени и ценовни-шокови во цената на брашното и лебот. Во тој период биле донесени Уредби за регулирање на цените: *Уредба за сузбивање на скапотијата на животните артикли и несоодветната скапотија од 27 јуни 1921* (објавена на 22 јули 1921 во „Службене новине"). Уредбата предвидувала основање на судови во секоја општина со овластување да ги максимизираат цените на најважните продукти на своето подрачје (види пр. во Битола, Прилог 8). Министерството за социјална политика со акт од 3 декември 1921 година ги укинало овие судови.[456]

Нестабилна и често променлива била цената на лебот. Во Скопје во текот на 1923 година биле утврдени девет различни цени на лебот од кои најниската била 3,75, а највискотата 6,60 динари;[457] во Битола во 1923 година биле утврдени најмалку три цени на лебот од кои најниската изнесувала 5,50, а највисоката 7, 30 динари. (Прилог 10).

Според податоците на Меѓусојузниот синдикален одбор кои ги прикажувале просечните цени на животните намирници на месечно ниво, производите го Кралство Југославија во 1920 и 1921 година типично ги имале следните цени:

**Табела 26: Просечни цени на животните намирници во Кралство СХС./К. Југославија во 1921 и 1922 година (месечно ниво)**

| Производ[458] | Цени во динари на месечно ниво во годината | |
|---|---|---|
| | I – 1921 | VIII – 1922 |
| Леб | 3,50 | 6 |
| Сол | 2 | 3,50 |
| Месо | 6 | 12 |
| Маст | 12 | 40 |
| Млеко | 2 | 3,50 |
| Грав | 2 | 5 |
| Шеќер | 13 | 23 |
| Огревно дрво | 70 | 140 |
| Вкупно | 110,50 | 233 |

*Извор: Положај радничке класе у Југославији (Београд, 1923)*

Збирот на цените на горенаведените податоци во јануари 1921 година изнесувал 110,50 динари, а во август 1922 година 233 динари. Средниот пораст на цените изнесувал 12%, додека работничката дневница изнесувала околу 20 динари.[459]

На локално ниво, во Скопје, според податоци од Извештајот на Белградската работничка комора објавени во 1920 година, цените на основните животни намирници

456 Ibid., 93. Види и: Архив на град Скопје, исто, Судски спорови за контрола на цените, 2.2.1920, 6.1.1.185/357-661; Исто, Решение донесено од страна на Министерството за социјална политика со кое се укинуваат Судовите за сузбивање на скапотијата, а нивната работа ја превземаат редовните судови, од 12.12.1921, 6.1.10.240/686-688.
457 *Ibid.*, 95.
458 Изворот не ја наведува количината на производите.
459 *Ibid.*, 94.

во 1919 и 1920 година следните цени (изворот не забележува на кое временско ниво се направени пресметките, па претпоставуваме дека се работи за типичните цени во текот на 1919 и 1920 година, имајќи ги во предвид честите промени на цените):

**Табела 27: Цени на животните намирници во Скопје во 1919 и 1920 година**

| Производ | Цени во динари за година | |
|---|---|---|
| | **1919** | **1920** |
| Леб | 1,80 | 1,80 |
| Сол | 2 | 2,4 |
| Месо | 7 | 14 |
| Маст | 12 | 16 |
| Млеко | 3 | 3 |
| Грав | 3,50 | 5 |
| Шеќер | 10 | 12 |
| Компир | 1,50 | 2 |
| Кафе | 10 | 12 |
| Газија | 13 | - |
| Јајца | 0,60 | 0,40 |
| Сапун | 15 | 25 |
| Вкупно | 79,4 | 81,6 |

*Извор: Извештај радничке коморе 1914 – 1920, (Београд, 1920), 11.*

И во Скопје, како и во целата држава, се забележува зголемување на цените. Во периодот 1919 – 1922 година, цената на лебот на државно ниво била генерално поголема од цената не лебот во Скопје, за разлика од цената на месото која генерално била повисока во Скопје. Слични останале цените на солта, млекото и гравот. Во Битола во 1920 година, цената на лебот се движела од 3 до 3,30 динари, што е за 1,2 до 1,5 динари повисока од цената во Скопје. Во 1920 година месото во Скопје просечно изнесувало 14 динари, а во истата година во Битола, најевтиното месо можело да се купи за девет динари за килограм, а најскапото за 22 динари за килограм (Прилог 9).

Инспекцијата на трудот во Скопје во 1925 година направила пресметка за односот на заработувачката и на животните трошоци за 1924 година на своето инспекционо подрачје. Во првото тромесечје заработувачката на еден работник можела да го обезбеди опстанокот на просечно 1,4 членови на семејството; во второто тромесечје куповната спсобност на работничката надница останала на исто ниво. Во третото тромесечје пораснала за да обезбди опстанок на 1,5 члена; во четвртото опаднала за 1,2 члена. Просечно за четирите тромесечја можела да обезбеди опстанок за 1,4 члена.[460]

Според податоците кои се однесуваат на цените на производи и услуги вон животните намирници, во Битола во текот на 1920-те години цените во кафеаните „од прв ред“ изнесувале: за едно кафе, за еден чај, за еден локум по 0,40 динари; во

[460] Ibid., 95.

кафеаните од „втор ред“ истите услуги чинеле по 0,30 динари. Цените на престој во хостели од „прв ред“ изнесувале: соба со еден кревет – 10 динари од вечер, соба со два кревети, од една вечер за 15 динари; во хостели од „втор ред“, соба со еден кревет за вечер – 8 динари, соба со два кревети од вечер – 12 динари.[461] Цената на електричната енергија во 1925 година била определена во работилниците по 10 динари за еден kW/h, а во приватните станови по осум динари за еден kW/h.[462] Во 1928 година цената на електричната енергија била определена за приватни станови – пет динари за еден kW/h, за работилници 6 динари, за институции седум динари, за банки и менувачници по осум динари.[463]

Според анализите на Инспекцијата на трудот во Скопје кои се однесуваат на периодот 1930 – 1933 година, еден работник можел да го обезбеди опстанокот на просчено 3,4 членови на семејството. Во 1933 година на едно четиричлено семејство во Скопје за опстанок месечно му биле потребни минимум 600 до 700 динари. Во градовите во внатрешноста овој минимум бил нешто понизок и изнесувал 430 до 550 динари. Во Скопје просечната заработувачка во месецот изнесувала 450 до 540 динари, а во внатрешноста околу 330 динари. Во 1934 година можел да обезбеди просечно опстанок на 1,7 членови. Според анкета за положбата на работничките семејства во монополската дејност изработена од Работничката комора во Скопје, семејствата можеле да си допуштат месечно да потрошат 1 414 динари или 82,8 динари по член, односно дневно по 13,80 динари, т.е. за еден член дневно по 2,76 динари. Искази на работници за таа состојба често имало во печатот, а еден чевларски работник во 1932 година изјавил:

„Принуден сум да работам пар чевли за пет динари. За таа сума купувам еден килограм пченично и еден килограм пченкарно брашно од што добивам три килограми леб и така живееме на сув леб. Само маката е кога секој ден не се добива пар чевли за работа. “[464]

---

[461] Архив на Битола, Фонд Градско поглаварство на општина Битола (1921 – 1941), „Кн. 1: Записник Одборних седница за регулисање цена..., Састанак из 28 јула 1920., (...) Цена хостела...“, 2.1.1.3/2-3.
[462] Архив на Битола, исто, Одлука донесена на 21 октомври 1925 година во Битола: „точка 12: Одлука: До Друштво Електроиндустрија Битољ...“, 2.1.15.72/169-171.
[463] Исто, „Записник из 11. јануари 1928. Утврђивање цена електричног осветљења за 1928 годину. Одлука: Да цене електричног осветљења у варошу Битољ почев од 1. Јануара 1928. до 31. децембра 1928. буду следеће...“ 2.1.18.1/1.
[464] Р. Христов op.cit.

Според податоци од „Скопски гласник“ и годишните извешаи на Скопската продуктна берза, цените на некои од основните животни намирници во периодот 1931 – 1933 изнесувале:

**Табела 28: Цени на животни намирници во Скопје (1931 – 1933)**

| Производ | Цена во динари за година | | |
|---|---|---|---|
| | **1931** | **1932** | **1933** |
| Брашно | 3 | 3 | 3 |
| Месо | 16 | 18 | 14 |
| Компир | 2 | 3,50 | 1,50 |
| Маст | 13 | 12 | 15 |

*Извор: Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918 – 1941), (Скопје: Унија, 1994), 99*

Во периодот на првите години од 30-те, карактеристични за последиците од „домино-ефектот на економската криза“, се забележува раст на цените на производите споредено со цените во 1920-те. По десет години од издавањето на Уредбата против скапотија апровизацискиот одбор при скопската општина можел само да констира дека „состојбата со цените на животните продукти е ненормална, а цените се високи и целосно нестабилни“.[465]

Во текот на 1939 година како последица на воената тензија, а подоцна и воената состојба во Европа, цената на суровините и увозот се зголемила, а со тоа следувал скок на цените. Била воведена Уредба за спречување на скапотијата и несовесната шпекулација во 1939 година. Подоцна под сила на ситуација се донела нова уредба од страна на Банската управа *Уредба за контрола на цените на животните продукти и на земјоделските и индустриските производси, донесена во февруари 1940 година* (објавена во „Службени лист Вардарске бановине“ бр. 985 (1940), 1–2).

**Табела 29: Цени на производите во Скопје во 1939 и 1940 година**

| Производ | Цени во динари објавени на датум | |
|---|---|---|
| | **1.9.1939** | **1.9.1940** |
| Леб бел | 3 | 4,50 |
| Леб црн | 2,50 | 4 |
| Пченица | 148 | 250 |
| Пченка | 117 | 200 |
| Ориз | 5,96 | 12 |
| Маст | 14,35 | 24 |
| Зејтин | 9,55 | 46 |
| Грав | 2,90 | 6 |

*Извор: Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918 – 1941), (Скопје: Унија, 1994), 102 passim „Наша реч“, 2.9.1940*

465 Ibid., 100.

Во 1940 година се забележува најголем раст на цените споредбено со целиот досега разгледуван период и тоа станува најосетливо во цената на пченицата и пченката. Во 1940 година Работничката комора во Скопје побарала од Централниот секретаријат на работничките комори во Белград да се обрати до Министерството за социјална политика за донесување на уредба за максимизрање на цените и за утврдување на минималните надници, кои би биле зголемени за 3,50 динари по работен час.[466] Во 1941 година започнале да зачестуваат уредбите за контрола на цените на производите особено на месото и брашното.[467]

Експертите во областа на социјалните политики кога ги разгледувале прашањата за куповната моќ на работниците освен за цените на основните животни намирници, зборувале и земале примери и за други аспекти поврзани со куповната моќ, како хранарината, облеката и сл. Растко Пуриќ, според куповната моќ работништвото во Вардарска бановина го поделил на три категории:

„Да издвоиме три типа на работници за кои сакаме да го разгледаме начинот и можноста за исхрана: стално вработени, повремено (сезонски) вработени и невработени работници. Ќе се здржеме на нивната положба во Вардарска бановина и во Скопје. Во Вардарска бановина има околу 56.000 работници и работнички, односно работништвото во Вардарската бановина брои околу 170.000 жители. Овде не ги броиме печалбарите. (...) Првата група, на постојано вработените, секако припаѓаат во најповолна положба. Меѓу нив има добар број квалификувани работници, подобро платени или такви надничари кои во дејноста (во семејството каде работат или на положбата во претпријатието каде работат) добиваат храна, па нив ќе ги издвоиме. За нив претпоставуваме дека постои задоволување на физиолошкиот минимум во поглед на исхрана. Кај работниците кои не можат солидно да се хранат, а во предвид се земени и нивните семејства, просечната надница им изнесува 12 до 14 динари дневно, нето. Со 14 динари дневно, тоа се 84 динари седмично (шест работни дена) треба да се живее седум дена. Како и да се прави пресметката, за стан и намирници, на пазар во бакалница, само за најнеопходното, без употреба на месо, без тутун, без одело (иако овие работи не се луксуз), на едно работничко семејство, со три члена, за опстанок им се потребни 19 динари дневно или 114 динари седмично. За книги и весници, за

---

466 *Ibid.*

467 „Применување на Уредбата за контрола на цената на животните намирници, на земјоделските и индустриските производи како и на останти екстрати кои произлегуваат од овие гранки.“ *Службени лист Варадрске бановине,* год. 12, бр. 985, 1.3.1941, 1.

школски потреби за децата, за кино и театар, за облека и веш, за сите тие и такви луксузи, не може да стане збор. (...) Во Скопје, минимално потребно за едно работничко семејство месечно се потребни 640 до 700 динари ако нема повеќе од четири члена. Денешната работничка заработувачка изнесува 456 до 540 динари месечно. Вон Скопје, во Вардарската бановина потребно е за едно семејство минимум месечен приход од 435 до 550 динари, а денешната работничка надница дозволува заработка од најмногу околу 336 динари просечно. Колку е несразмерен падот на надницата во однос на падот на животните намирници, особено кон индустриските производи, се гледа најмногу кај работниците кои ја немаат таа среќа да бидат вработени во текот на цела година. Такви работници заработуваат годишно просечно по 2 736 динари. Еден работник кој има жена и едно дете, годишно би требало за тројцата да купи: по едно одело за сите ќе ги чини 800 динари, обувки и чорапи за тројцата годишно ќе ги чини 600 динари, веш годишно за 300 динари. Од заработката му останале 1.036 динари за година дена или 88 динари на месец, т.е помалку од три динари дневно. За третата група работници, невработените работници, ни за исхрана не може да се расправа, ни за животни намирници, бидејќи се работи за сиромаштија."[468]

Претпријатијата кои ангажираат поголем број на работници, најчесто воведувале систем на исхрана во сопствена режија, но притоа секој работник бил обврзан да прими „менажа", во менза во која работодавачот ќе го упатил:

„Во тие кујни работништвото добивало јадење, кое по квалитет и квантитет не е доволно за одржување на организмот, а го плаќа несоодветно скапо. Еден изведувач на пат, на работниците им плаќал од осум до 12 динари, а им наплатувал за доручек, кој се состоел од чај и парче леб по четори динари."[469]

Според анкетите за квалитетот на исхраната правени по домовите на работничките семејства, оброците кои ги внесувале најчесто се состоеле од „пола литар боза и леб од еден динар, или пола литар кисело млеко и леб од еден динар", производите како чоколада и зачини претставувале луксузна роба.[470]

---

[468] Р. Пурић, *Наличја Југа...*, 12.
[469] Р. Пурић, op. cit., 16.
[470] Р. Пурић, *Работнички југ...*, 62–69.

Анкета спроведена во Скопје во 1935 година, врз 237 испитаници работници, во однос на облеката и обувките, покажала дека работничките семејства се снабдувале од пазарите за стара облека:

„Работниците не се снабдуваат од конфекционерските магацини, уште помалку во продавниците, туку се снабдуваат со роба од втора рака и од старинартници. Од анкетите е утврдено дека од 40 семејства на надничари во Скопје, за последните четири години, три семејства набавиле зимски капут и тоа половен; кај 237 жители на Скопје, во нивните семејства за цела 1935 година купени биле вкупно 12 пара нови чевли и девет школски деца добиле вкупно 12 пара нови чевли и по еден комплет облека во очи на Божиќ; 92 пара чевли се купени од старинар, по цена од 12 до 13 динари за пар; децата под седум години главно не носат обувки; жените во куќите и во дворот или одат боси или носат налани и зима и лето. Гумените опинци кои ги произведува конфекцијата „Бата“ стануваат сé многу популарни и кај селаните и кај работниците по варошите, тоа е евтина и здрава обувка. Жените се облекуваат пристојно, но во најевтини материјали. Мажите носат изветвени одела, со бројни крпеници стари и по 5 години. (...) Според податоците од ОУЗОР Скопје една работничка осигуреничка купила по пар долна облека и нецелосни комплети облека за себе и за своите две деца од посмртнината која ја добила за својот сопруг. Женските деца во работничките семејства и жените работници се подобро снабдени во поглед на долна обека, чорапи и капи. Сите 237 испитаници на анкетата од 1935 година купиле 89 кошули, 74 парчиња долна облека, 124 пара чорапи итн. Целокупните издатоци за овие 237 испитаници кои прават 40 семејства, изнесуваат вкупно 9.566 динари за 1935 година. На еден жител годишните издатоци за облека изнесуваат околу 43 динари. Доколку еден жител сака солидно да се облече од глава до пети, годишно би му биле потребни 850 или 900 динари, тука влегуваат следните прозиводи: обувки, чорапи, долна облека, одело, палто, зимска долна облека и зимско палто. Работничките семејства не се во можност за своите членови да издвојуваат по 200 динари годишно. Кај подобро платените работнички семејства каде има квалификувани и стални работници годишно се издвојува до 98 динари, и тоа во семејства со четири члена; кај семејства со најдобро платени стални работници кои издржуваат два до три семејни члена, годишните издатоци изнесуваат над 130 динари.“[471]

---

[471] Р. Пурић, op. cit., 67–68.

### 3.3 Работничко осигурување

Работничкото осигурување во Кралство Југославија било унифицирано и регулирано со *Законот за осигурување на работниците од 14 јули 1922 година* (*Zakon o osiguranje radnika od 14 jula 1922 godine*). Месни органи на Централниот уред за осигурување биле 24 окружни уреди и три приватно-општествени благајни за осигурување на приватните службеници. Окружниот уред во Белград со своите експозитури во вардарскиот дел на Македонија, спроведувал социјално осигурување на работниците од 1922 до 1924 година. Почнувајќи од 1 јаунуари 1925 година, експозитурата во Скопје започнала да функционира како самостоен Окружен уред за осигурување, водно, бил територијално најголем во обем во државата. Имал ингеренции во четири области од кои три на територија на Вардарска Македонија (Скопската, Битолската, Брегалничкта и Косовската област).[472] Територијално опфаќал 49 срезови, а заради полесно делување и спроведување на осигурувањето биле отворени 31 експозитура и претставништа.

Во овој дел ќе се фокусираме на примената на Законот за работничко осигурување на територија на Вардарска Македонија во индустриската дејност низ статистики и реконструкција на апликацијата на законот низ архивски извори, во смисла на деловите од содржината на законот: пријавување и одјавување работници, пријавување несреќи на работно место, плаќање на придонеси, обезбедување заштитни направи, издавање документација и сл.

Како што веќе видовме во делот посветен на надниците, височината на придонесот за осигурување зависела од големината на обезбедената дневна заработувачка - надницата, а се определувала според 12 наднични оддели во кои биле групирани осигурените работници (Табела 19); ако заработувачката не била определена на ден, туку на некое друго подолго работно време, големината на дневната заработувачка се определувала според шестиот работен ден од неделата, двесет и петтиот дел од месечнината или тристоттиот дел од годишната заработувачка. Ако наемнината се определувала на некој друг начин, на пример на парче (акорд), височината на заработувачката се определувала од ден, недела, месец и сл. Лицата кои

[472] Надежда Цветковска, „Социјалното осигурување во Вардарскиот дел на Македонија (1918 – 1929)“, *Гласник на ИНИ,* 48, 1-2 (2004): 121–126, 122.

за својот труд не добивале никаква надница припаѓале кон најнискиот надничен оддел.[473]

Законот предвидувал простории за бесплатна лекарска помош секаде каде што имало биро за осигурување, на територија на Вардарска Македонија имало во Скопје, Битола, Штип, Куманово, Тетово и Велес. Лекарите работеле само два часа дневно.[474] Во Скопје, во амбулантата во Воената болница, биле ангажирани четири лекари (оториноларинолог, специјалист за венерични болести, кожни болести и стоматолог).[475]

**Табела 30: Број на осигурани членови во ОУЗОР Скопје и СУЗОР, 1925 – 1939**

| Година | Број на осигурани членови на крајот од годината | |
|---|---|---|
| | ОУЗОР Скопје | СУЗОР |
| 1925 | 11.307 | 466.629 |
| 1926 | 15.362 | 474.610 |
| 1927 | 13.733 | 511.493 |
| 1928 | 21.701 | 565.794 |
| 1929 | 30.522 | 605.065 |
| 1930 | 32.675 | 631.181 |
| 1931 | 25.799 | 609.190 |
| 1932 | 24.364 | 535.917 |
| 1933 | 22.403 | 520.980 |
| 1934 | 24.105 | 543.559 |
| 1935 | 23.903 | 564.287 |
| 1936 | 24.600 | 616.209 |
| 1937 | 20.719 | 680.011 |
| 1938 | 25.146 | 715.186 |
| 1939 | 22.868 | 721.604 |

*Извор: Статистички годишњак 1932, књ. 4, Општа државна статистика, (Београд: Државна штампарија, 1934), 412; Статистички годишњак 1940, кн. 10, Општа државна статистика, (Београд: Државна штампарија, 1941), 409*

Според податоците од статистичките годишници, најголем број на осигурани членови во Средишниот уред за осигурување на работници (СУЗОР) е забележано во 1939 година (721.604 лица), а во ОУЗОР Скопје тоа е во 1930 година (32.675 лица). Кај

[473] За секој вид осигурување се наплатувал посебен придонес. Процентот на осигурување во случај на болест се определувал со статутот на Средишното биро и не можел да биде понизок од 4%, ниту повисок од 7% од дневната обезбедена заработувачка. Една половина од придонесот ја плаќале работодавачите, а другата работниците. Придонесот за несреќа при работа го плаќале работодавачите, а се определувал според височината на обезбедената надница и процентот на ризик на нивната работа. За ризик на работа од 100%, придонесот изнесувал 6%. Процентот на ризик на работното место бил определен со посебна „таблица на ризикот". Сите дејности биле групирани во 14 групи во кои биле вклучени 19 видови дејности со вкупно 863 занимања. Во првата група прпајѓале најмалку опасните занимања (изработка на капи, шешири, чадори); во 14-та група биле занимањата кои носеле најмногу ризик (работа на парни машини, машини со бензисnка и електрична енергија, товарење и истоварување на вагони, работа во рударски окна). Р. Христов op. cit., 141 passim *Радничко законодавство књ.2, Закон о осигурању радника, чл. 21, чл. 23*, 25-26, 29.

[474] „Лекарите во секој работник гледале симултатнт, а работнicте се жалеле дека лекарите постапуваат со невнимание." Ibid., 145.

[475] Н. Цветковска, op. cit., 124.

СУЗОР од 1925 година се забележува раст на бројот на осигураните кој трае до 1930 година кога започнува пад на бројот до 1933 година, веројатно како последица на последиците од економската криза. Од 1934 бројот на осигураните бил во константен раст. Кај ОУЗОР Скопје, константен раст се забележува од 1925 до 1930 година главно заради јавните работи субвенционирани од државата, по што следува опаѓање на бројот на осигурани работници, иако може да се заклучи дека и покрај новитетот и предрасудите кон осигурувањето, и непријавувањето и одјавувањето на работници од страна на работодавачите, особено на територија на Вардарска Македонија, забележлив е напредок на тоа поле.[476]

Како пример за состојбите на бројот на осигураните работници во некои градови во Вардарска Македонија може да се земат податоците за 1928 година, според кои бројот на сосигурени работници бил следен: Скопје – 8.244, Битола – 1.769, Куманово – 1.051, Прилеп – 1.048, Тетово – 905 и Велес – 1.048.[477]

Законот за осигурување предвидувал неколку вида на осигурителни потпори: хранарина, болничко лекување на осигуреник, болничко лекување на член на семејство на осигуреникот, лекови за осигуран член, лекови за членови на семејството на осигуреникот, погребнина, лекарски трошоци, бањи и санаториуми, забна нега, потпора за родилки осигуренички, потпора за родилка сопруга на осигураник, потпора за опремување на новороденче на родилка, потпора за опремување на новороденче во семејството на осигураник, потпора за доилки осигурани членки.[478]

Судот на општината на град Скопје во 1925 година побарал детално објасување од страна на ОУЗОР Скопје за правата кои произлегуваат од осигурувањето.[479] На 24 септември 1927 година великиот жупан испратил барање до Судот на општината на град Скопје, со кое барал да се спроведе одлуката на Министерството за социјална политика за задолжително осигурување на работниците.[480] На 21 декември 1927 година

---

[476] Види повеќе статистички податоци за осигураните работници во Вардарската бановина и на територија на ОУЗОР Скопје: В. Миловановић, op. cit., 45; Ристо Христов, „Прилог кон прашањето за социјалното осигурување на работниците во Македонија во периодот на стара Југославија“…, 240; Н. Цветковска, op. cit., 121–126.

[477] Н. Цветковска, op. cit., 123 passim *Окружни уред за осигуравање радника у Скопљу у 1935. године, Годишни извештај Управе*, (Скопље, 1936), 1.

[478] Ibid., 125. Види детално за секоја од потпорите: В. Миловановић, op. cit., 45.

[479] Архив на град Скопје, исто, 6.1.37.53/246, 1925 јуни 15, „Осигурување работници: Преписка меѓу Судот на општината на град Скопје и Заводот за осигурување на работници во врска со правата за заштита на работа што призлегуваат од осигурувањето...“

[480] Исто, 6.1.60.102/564, 24.09.1927, Скопје.

Министерството за социјална политика поднело барање до органите на власта во Вардарската бановина да соработуваат во работата на Уредот за осигурување на работници, согласно Законот за осигурување.[481]

Од воспоставувањето на ОУЗОР Скопје, граѓаните започнале да се обраќаат до Судот на општината на град Скопје со различни претставки поврзани со нивните права како работници, од молби за докажување на нивниот социјален статус како би станале корисници, до барања за надокнади или издавање потребни документи:

„Барање од 11 јуни 1921 година, на лицето Евгеније Прелиќ, магационер, да му се додели отсуство од работа за лекување на неговата жена.“[482]

„Барање од 9 септември 1925 година од страна на Окружниот уред за осигурување на работници да се достават податоци за висината на платата на работникот Шљаков Михајло и од општинската каса да му се исплати надокнада за инвалидитет.“[483]

„Уверение за семејната и материјалната положба на лицето Јордан Стојковиќ, издадено во Скопје од Судот на општината на град Скопје на 20 август 1926 година заради добивање парична помош од Уредот за осигурување на работниците.“[484]

„Барање од 3 март 1931 година од страна на Окружниот уред за осигурување на работниците, Општината да не му ги исплати примањата на Гавриловиќ Димитрије, претприемач од Скопје, доека тој не уплати доприноси за осигурување на рабоитнците кои работат за него.“[485]

„Одговор од 20 октомври 1931 година на барањето на Окружниот Уред за осигурување на работниците во Скопје во врска со евиденцијата што треба да му ја издаде на семејството на лицето Костиќ Панче кој загинал на работа.“[486]

„Уверение за семејната и материјалната положба на лицето Јордан Стојковиќ издадено од Судот на општината на град Скопје заради добивање на парична помош од Уредот за осигурување на работниците.“[487]

---

[481] Исто, 6.1.63.81/345, 21.12.1927, Скопје.
[482] Исто, 6.1.7.227/810-911, 11.06.1921, Скопје.
[483] Исто, 6.1.39.29/102-104, 9.09.1925, Скопје.
[484] Исто, 6.1.48.65/690-691, 20.08.1926, Скопје.
[485] Исто, 1.6.138.33/73-74, 03.03.1931, Скопје.
[486] Исто, 1.6.104.183/668-673, 20.10.1931, Скопје.
[487] Исто, 6.1.48.65/690-691.

„Уверение од 13 март 1934 година за семејната и материјалната положба на Тома Неќиќ што му е потребна заради доказ и пријава кај Болничката благајна „Меркур“ според Законот за осигурување на работниците.“[488]

Тутунската опитна станица во Прилеп (ТОС Прилеп) претставувала претпријатие кое вработувало голем дел од работната сила во Вардарска Македонија во текот на работната сезона. Комуникацијата на претпријатието со Министерството за социјална политика и институциите за работничко осигурување главно се однесувала на одредбите на Законот за работничко осигурување.[489] Во Прилог 11 пренесувам документ од препсиката помеѓу Министерството и станицата, кој укажува на честите неправилности при спроведувањето на Законот (Прилог 11). На слична тема се и прписките помеѓу ОУЗОР Скопје и ТОС Прилеп.[490] Од 1 септември 1937 година стапила на сила Уредбата за спроведување на осигурување на работници во случај на изнемештеност, старост и смрт, па ТОС Прилеп добила детални упатства за спроведувањето од страна на ОУЗОР Скопје.[491] Вработените работници се обраќале до управата на станицата со молби и барања за материјална поткерпа според законските одредби. Во периодот 1939 – 1940 година имало вкупно 88 такви молби.[492]

Во врска со спроведувањето на осигурувањето можеле да се користат правните механизми, но не ретко биле повикани и општините и полицијата:

„Тужба од Окружниот уред за осигурување на работниците против Крсте Биќановиќ заради неуплатено осигурување на неговите работници.“[493]

„Окружниот уред за Осигурување на работници во Скопје му го доставил на ова Министерство [Министерство за социјална политика, ИХ] актот под број 7100 од 3 – XII – 1927 во кој го известува дека се наоѓа во многу тешка положба во соработката со полициските власти во однос на спроведувањето на Законот за осигурување, заради нивната или премногу спора или премногу лабава помош (...) Чл. 188 од Законот за

[488] Исто, 161.267/691-692, 13.03.1934, Скопје.
[489] Архив Прилеп, Фонд Тутунска опитна станица во Прилеп (1929 – 1941), 5.521.8.156/215-222 „Преписка Министарства социјалне политике и народног здравља Београд и ТОС Прилеп: Важније одредбе Закона о осигурања радника за случај несреће.“
[490] Исто, “Окружни уред за осигурање радника у Скопљу Бр. 25350/31 У предмету пријаве и одјаве радника исплатним листима – Упутство“
[491] Исто, 5.521.8.324/446-450, 21.9.1937, Прилеп „Окружни уред за осигурање радника у Скопљу, Бр. 14862/37, До опитну станицу државнига монопола у Прилепу.“
[492] Исто, 5.521.6.71-89/646-660 „Потпорен фонд на работниците при ТОС. Записник од одржаната седница на Потпорниот фонд во 1939 година.“
[493] Архив Скопје, исто, 1.6.213.175/639-651, 25.06.1938.

осигурување на работниците од 14 мај 1922 година објавен во „Сложбене новине“ бр. 117 од 30 мај 1922 година, одредува дека сите јавни/државни судски, градски, општински власти, уреди и заводи итн. се должни на постапат на барање на Средишниот уред за осигурување работници, и нивните локални органи и градски судови се должни да помагаат во неговото делување (...).“[494]

Се забележуваат и случаеви на несреќи по кое не било можно докажување и утврдување на работниот однос на работниците: „Уверение од 9 август 1930 година дека работилницата за бојадисување на шамии, сопственост на Никола Арвентис, изгорела во 1928 година и притоа изгореле сите документи што се оденсувале на осигурани работници.“[495]

### 3.4 Детски труд. Малолетници во индустрија

Во овој дел ќе ги прикажам основните карактеристики на користењето на детски труд во индустријата во Кралство Југославија со главен фокус врз детскиот труд на територија на Вардарска Македонија. Карактеристиките на користењето детски труд може да се реконструираат главно низ изворите кои се однесуваат на законодавството, чираците во занаетчиството, училишниот систем, статистиките на вработени во индустрија според возраст, здравствените аспекти, инспекцијата на трудот и низ развојот на социјални институции и организации за детска грижа. Како показател на застапеноста на трудот уште од раното дество кај децата во Вардарска Македонија, освен во историските извори, може да се најде и во народното, битовото, книжевното и уметничкото творештво од XX век.[496]

Историјата на детството укажува на различните функции кои ги имале децата во општеството и на различните начини на кои придонесувале за зедницата. Врз основа на тоа, општеството се однесувало кон децата и концептот за детство на различни начини. Во XIX и XX век концептот за детство доживеал радикални промени кои биле различни во различни класи. Додека детството кај децата во средната и високата класа во Европа уште од XVII век ги познавало праксите за слободно време, доколица и образование (иако различно за момчињата и девојчињата), индустриската револуција

[494] Исто, 6.1.63.8/345, 21.12.1927, Скопје „Окружни уред за Осигурање раденика у Скопљу доставио је овоме министарству под број 7100 од 3–XII–1927 акт у коме извештава...“.
[495] Исто, 92.227/892-893, 9 август 1930, Скопје.
[496] Види примери: сликарското творештво на Никола Мартиноски; поетското творештво на Кочо Рацин; битово-социјалните драми на македонските автори помеѓу двете светски војни.

кај децата од работничката класа значела внесување на детскиот труд во индустријата и трудова експолатација без разлика на полот.[497]

Слично било со концептот за детство во Кралство СХС/К. Југославија.[498] Децата во селата помеѓу двете светски војни биле изложени на суровост, работа од рана вораст, грижа околу стоката, па дури и орањето на нивите доколу умрел едниот родител. На Балканкот, во Европа и во најголем дел од светот, мобилизирањето на деца и младинци до 17 години во војни исто така било честа пракса во XX век, сé до меѓународните конвенции донесени во 2000 година. За девојчињата од дванаесеттата до петанаесеттата година заедниците најчесто сметале дека се спремни за брак. Непросветените селски средини, нехигиената и трудот од мала возраст придонесувале за морталитетот кај децата во Србија помеѓу двете светски војни.[499]

Трудот од мали нозе не бил ништо поразличен за децата во селото или во градот. Во градот, детскиот труд најмногу се исполнувал низ пуштањето на децата да бидат чираци или ученици на занает кај некој занаетчија, во неговата работилница, но и во неговиот дом или на неговиот имот. Овој труд не бил плаќан со било каква надница. Детскиот труд во Кралство Југославија започнал да се купува т.е да се експолатира и во индустријата, а долната граница на вораста за примање деца на работа била 12 години. Според законот на Кралство Југославија за полнолетно лице се сметало она кое има навршено 18 години со што можело да гласа и да располага самостојно со одредениот корпус на приватни и граѓански права, додека жените се сметале за малолетни во оваа смисла.

Според законите за ученици во занает, повеќе познати како чираци, не смеело да се примаат лица под 14 годишна возраст, но по исклучок, можеле да бидат со наполнети 12 години со лекарски преглед кој утврдувал дека се доволно развиени. Тоа го опредеувал Законот за работилниците од 1910 во чл. 71. Многу работодавачи можеле да извадат дозволи од општинските амбуланти. Сепак, органите на Инспекцијата на трудот го толерирале тоа, особено на територија на Вардарска

[497] P. D. Anthony, op. cit., 58.
[498] Милан Ристовић, Дубравка Стојановић, *Детињство у прошлости 19-20. век. Помоћни наставни материјал*, (Веоград: Удружење за друштвену историју, 2001).
[499] Види детално: Momčilo Isić, “Dete i žena na selu u Srbiji između dva svetska rata”, *Žene i deca 4. Srbija u modernizacijskim procesima XIX i XX veka* (ur. Latinka Perović) (Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji, 2006), 131–159.

Македонија бидејќи не постоле многу занаетчиски училишта и како можност „малолетниците да не бидат испуштени на улиците“.[500]

„Законска заштита на децата, доколку постои не се почитува. Децата се примаат во претпријатија, спротивно на законот, од десет години старост; работат десет до 15 часа дневно, а се гонат да работат и домашни работи. Од ваков подмладок природно е дека не може да се очекува здрава и способна младина.“[501]

На подрачјето на Скопската занаетчиска комора во 1933 година бројот на калфите изнесувал 6.021 лице. На подрачјето на Вардарска бановина во 1934 година биле регистрирани вкупно 19.000 лица. За големото значење на помошната работничка сила во знаетчиството зборува и податокот што од вработените во занаетчиството на подрачјето на Скопската занаетчиска комора во 1933 година на помошен персонал отпаѓале 74,1%, од нив 37,6% биле калфи, а 37,4% чираци, преостантите 25% ги претставувале мајсторите.[502] Доказ за несоодветната распределба на трудот во занаетчиството било и донесувањето на *Уредба за регулирање на соодносот помеѓу бројот на чираците со бројот на помошниците во трговските и занаетчиските работилници од 1936 година* (*Уредба о регулирању сразмера ученика према броју помочника у трговачким и занатским радњама*, „Социјални архив“, бр.4-5, (1936), 55). Која предвидувала следен соднос: доколку работилницата има еден помошник (калфа), може да има еден ученик (чирак); доколку има два до пет помошника, може да има два ученика; доколку има шест до десет помошника, може да има три ученика; и ако има над десет помошника, може да има четири ученика. Повеќе од четири ученика никој не смеел да вработи. Договорот за работа помеѓу работодавач и ученик т.е. неговиот старател требао да биде писмен, составен во рок од осум дена, но во пракса договорот бил усен.

Работното време кај чираците било регулирано според Законот за работилниците од 1910 година, подоцна и во новелацијата од 1931 година, кој утврдувал работен ден од осум часа, со можност за негово продолжување до максимум десет часа. Врз таа основа подоцна била доднесена *Уредбата за отварање и затворање на трговските и занаетчиските работилници и за работното време на*

[500] Р. Христов, op. cit., 121–122 passim *Извештај Инспекције рада и парних котлова Краљевине Југославије у њиховом пословању у год. 1928, 1929 и 1930,* (Београд, 1934), 14.
[501] Ibid., *passim Алманах југословенске привреде,* (Београд, 1930), 188
[502] Ibid., 123.

*помошниот пресонал од 1933 година* (*Уредба о оварању и затварању трговачких и занатских радња и о радном времену помочног персонала*, Београд, 1933, чл. 22-23, 23-24). Уредбата пропишувала работно врме до максимум десет часа за помошниот персонал. Во пракса времето било подолго од десет часа: калфи кројачи во Куманово работеле од десет до 14 часа. Чираците работеле од 12 до 14 часа.

Како извори од каде што може статистички да се реконструира бројката на малолетници вклучени во индустрија може да се користат статистичките годишници на Kралство Југославија, конкретно статистичките податоци за работничката заштита на работници во индустриските дејности според пол и три категории на возраст (од 14 години; од 14 до 18 години; и над 18 години) во временски распод од 1920 до 1939 година.[503] (Види Прилог 7 и Прилог 8) Според овие податоци, децата од машки пол во двете малолетнички возрасни категории вкупно се побројни од децата од женски пол.

Кај момчињата вработени во индустрија во возрасната категорија до 14 години, во 1929 година најголем е бројот на вработени во дрвната индустрија (184), а потоа во текстилната индустрија (146); најмалку биле вработувани во хемиската индустрија и електричните централи; оваа возрасна категорија од вкупно 25 сектори на индустриската дејност, воопшто не била вработувана во осум сектори. Вкупно момчиња вработени во 1929 година во индустрија биле 1.191. Во временскиот распон помеѓу 1920 и 1929 година, најмногу момчиња до 14 годишна возраст биле забележани во 1924 година (1 373), а најмалку во 1920 година (36); Кај момчињата вработени во индустрија во возрасната категорија до 14 години во 1938 година најголем е бројот во индустријата за облека (222), потоа во индустријата за обоени метали (196). Најмалку ги има во индустријата за производи од каучук, при што е забележано само едно лице. Оваа ворасна категорија не била забележана во пет индустриски сектори. Во 1938 година вкупно момчиња од оваа возрасна категорија биле забележани 1.058 деца, или 133 помалку од 1929 година. Во временскиот распон од 1930 до 1938 година, најмногу момчиња од оваа возрасна категорија биле забележани во 1937 година – 4.182, што е најмногу за целиот период, а најмалку во 1931 година (118).

Кај девојчињата вработени во индустрија од возрасната категорија до 14 години, во 1929 година најмногу се забележани во текстилната индустрија (273), потоа

[503] *Статистички Годишњак 1929. година, књ. 1* (Београд: Државна штампарија Краљевине Југославије, 1932), 424–425; *Статистички Годишњак 1938 – 1939. године*, књ. 9 (Београд: Државна штампарија Краљевине Југославије, 1939), 422–423.

во индустријата за облека (241), а најмалку во производството на машини (2). Од вкупно 25 сектори на индустриска дејност, девојчиња воопшто не се забележани во 13 сектори. Во 1929 година во оваа возрасна категорија се забележани вкупно 871 девојче. Во временскиот распон од 1920 до 1929 година, девојчиња од оваа возрасна категорија најмногу се забележани во 1929 година, а најмалку во 1920 година (37); Кај девојчињата вработени во индустрија во 1938 година, нема поголеми промени, освен што во најголем број биле забележани во индустријата за облека (346), потоа и во индустријата за текстил (241), дури една била забележани во индустријата за производи од каучук. Повторно ги немало во 13 од 25 сектори. Вкупно во 1939 година биле забележани 686 девојчиња или 185 помалку од 1929 година. Во временскиот распон од 1929 до 1938 година, девочињата до 14 години најмногу биле вработувани во индустријата во 1929 година, а најмалку се забележани во 1931 (10). Во периодот 1931 – 1934 бројот кај девојчињата е многу мал, а тоа веројатно се должи на сиромаштијата и безработицата кај возрасните категории работници, заради последиците од економската криза, но како додатен фактор за намалувањето на бројот на вработувањата кај девојчњата може да било и зголеменото запишување во училиште (барем во бановини како Дравската и Савската), како и новите социјални политики. Она што се истакнува во статистиките е присуството на женските деца во „типично женски“ професии како текстилната индустрија и индустријата за облека, што е приказ и за постепената феминизација на тие индустриски сектори, но и малата платеност на женскиот труд токму бидејќи бил типизиран како „женски“.

Инспекцијата на трудот во Вардарската бановина забележала вработување на малолетници во претпријатијата (во 1933 година, десеттина случаеви); но истовремено констатирала дека тие „работници“ и „работнички“ од 12 до 14 години биле примени на работното место по молба на родителите.[504] Искористување на малолетнички труд бил забележан во велешката Ложилница, и тоа најчесто на сиромашни деца или сираци. Истите покрај задолжителните обврски, после работното време останувале, чистејќи ги машините или извршувајќи ги домашните задачи на работодавачите, како носење вода, јаглен, дрва, копање и сл.[505]

Можеби најкарактеристичен аспект кај детскиот труд претставува нивната положба кај занаетчиите и работодавците. Нивниот работен однос всушност се базирал

[504] Р. Пурић, *Наличја југа...*, 31.
[505] Ј. Најдовска, op. cit., 158.

на амбивалентните обичајни еснафски правила во форма на усни договори, кои веќе биле корумпирани од времето и економските промени. За чираците немало награда, бидејќи во усните договори не се предивувала, а писмен договор со детално определување на правта и обврските не постоел. Неграда или надница најчесто не постоела, а во некои случаеви изворите известуваат за симболична сума од еден динар на ден. Според пример од Куманово, чираци работеле две години без пари, а на третата година добиле пар чевли, на четвртата – одело.[506]

Според податоците кои ги собирал експертот за социјални прашања во Вардарска бановина, Растко Пуриќ, на територијата имало околу 19.000 чираци, а нивната положба не била многу различна од положбата на чираците во другите делови на државата, но имала доста влијанија од отоманскиот систем:

„Положбата на чиракот во Јужна Србија не се разликува многу од неговата положба во другите региони на Југославија, совен ако понекогаш не е и полоша. Доколку работодавачите не ги еманципираат чираците од старите методи на нивен третман, а тоа е како стока, толку и чираците споро и слабо ја чувствуваат современата заштита и современиот живот. Социјалното законодавство им посветило внимание и донело прописи за заштита на чираците (...) Одредени мајстори и газди ја извршуваат цела своја дејност со помош на чираци, за да не вработуваат работници. Други, ќе вработат по два до три работници, а по четири до шест чираци. Така ја одржуваат работилницата која реално би требала да има барем четири или пет работници.“[507]

Последиците од користењето на детски труд често биле фатални за децата. Современите експерти и граѓанското општество често го користеле терминот „дегенерирање“ и „закржлавување“ на детското тело кај младите работници:

„Пред десет месеци, еден земјоделец од Сингелиќ, срез скопски, го довел својот син и го предал на занает и одгледување на занаетчија од Скопје, кој има работилница во сутерен, 1,15 метри под земја. По седум месеци таткото дошол да го посети синот. Го нашол како лежи, болен, во еден ќош на работилницата, на асура [рогозина, сламена постела. ИХ], со сандук под главата покриен со партал. По месец дена бил повикан да си го земе болното дете: „За него не е занаетот, не може да работи, не му одговара воздухот во Скопје...“ Всушност, момчето станувало во четири часот, а легнувало во 23

[506] Р. Христов, op. cit., 125.
[507] Р. Пурић, op. cit., 29.

часот, и за сето тоа време немало одмор и слободно време. Или продолжувало во куќата на мајсторот каде добивал шамари или слушал и работел во работилницата и пак добивал шамари. А храната на тоа момче се состоела во најголем дел од сув леб (...) Заради слабата исхрана и напорната работа чираците често оболуваат од стомачни болести, а влажните станови се причина за нивните чести проблеми со ревматизам. Работно време за чираци непостои бидејќи тие имаат должности, колку во работилницата толку и во куќата на мајсторот, каде често ги извршуваат и најгрубите работи, па така не им останува време ни за учење на школските предмети, ни за посета на вечерни училишта, кои во Јужна Србија на број ги има 35."[508]

Во 1922 година бил донесен посебен Закон за општите трговско-занаетчиски училишта. По донесувањето на овој закон започале во Вардарска Македонија да се отвараат општи занаетчиски и занаетчиско-трговски училишта. Во 1923 година постоеле три занаетчиско-трговски училишта во Скопје и по едно во уште 14 градови на територијата (Велес, Гостивар, Гевгелија, Кавадарци, Куманово, Кичево, Охрид, Струга, Прилеп, Тетово, Штип, Кочани, Битола, Берово). Законот за работилниците од 1931 година ги задолжил бановините, во секое место каде има најмалку 50 ученици во занетчиство, да отвори стручни занаетчиски училишта задолжителни за учениците помлади од 18 години.

Во Вардарска бановина во 1931 година постоеле 31 стручно-занаетчиско училиште. Во Скопје постоеле пет стручни знаетчиски училишта (четири машки и едно женско). Истата година вкупниот број на ученици кои посетувале настава бил 2 941. Во 1936 година – 3.659 ученици. Наставата се одржувала во вечерни часови од 16 до 20 часот, за да може да се посетува по работното време. Школарината за учебната година 1937/1938 изнесувала 120 динари. Ако не можеле да ја платат родителите, задолжени биле да ја платат работодавачите. За скапа се сметала школарината во Скопското трговско училиште (100 динари за помладите ученици, 200 за постарите), па го посетувале само 220 ученици. Управителите на училиштата од сите градови често се поплакувале кон Минситерството за индустрија и трговија бидејќи работодавачите ги саботирале учениците да посетуваат настава. Добивањето на калфински и мајсторски

[508] Ibid., 29, 30.

испит одело многу бавно и многу ретко кој добивал со оглед на состојбата. Многу ученици не ги ни завршувале куресвите.[509]

Интересни се податоците за социјалното потекло на учениците во занаетчиските и другите училишта, односно за можноста за посетување училиште на децата од работнички семејства. Во учебната 1923/1924 година од вкупно 44.365 ученици, 10.859 (24,48%) биле ученици од семејства на трговски, занаетчиски, гостилничарски или индустриски работници; во учебна 1924/1925 година, од вкупно 42.341 ученици, 9.362 (22,45%) биле од наведените работнички семејства; Во учебната 1928/1929, од вкупно ученици: 59.882 ученици, 12.883 (21,51%) биле од наведените работнички семејства. Најголем број на учениците во овие народни училишта биле од земјоделски семејства, а најмал број на ученици биле од семејства на интелектуалци, чиновници и свештеници, кои ги запишувале своите деца најчесто во гимназиите кои ветувале подобра иднина.[510]

Детскиот труд во градот, односно излегувањето на децата од семејството за заработка, често било поврзувано со сиромаштијата, незгриженоста и ситниот уличен криминал во кој често се регрутирале „испуштените чираци". Во општинските статистики за незгрижени деца од 1936 година на територија на Вардарска бановина имало 1.672 деца, сите под 15 години, од нив машки биле 942, а женски 730.[511] До општинските власти доаѓале и молби и барања од страна на малолетници кои барале згрижување, на 3 јануари 1933 година до Судот на општината на град Скопје малолетниот Слободан Стоилковиќ барал да му се најде некаква работа бидејќи бил незгрижен.[512] Социјалните институции за згрижување напуштени и незгрижени деца биле бански установи и на терет на банскиот буџет. Во Вардарската бановина имало две установи за згрижување деца, еден дом во Скопје и еден во Битола, според државниите податоци од 1929 година тие имале вкупно згрижено 121 дете.[513]

---

[509] Р. Христов, op. cit., 127.
[510] М. Јовановиќ, op. cit., 345.
[511] Р. Пурић, *Раднички југ...*, 34.
[512] Архив на Скопје, исто, 1.6.151.8/18-19.
[513] В. Миловановић, op. cit., 46.

## 4. Санитарни и здравствени аспекти

Во овој дел ќе ги разгледаме санитарните и здравствените аспекти на трудот на работниците во индустријата во Вардарска Македонија, низ приказ на правните и социјалните состојби во работилниците, дефинирани како технички услови во работилницата и нивниот одраз врз здравјето на работниците. Хигиенските и техничките услови на трудот се одраз на општата економска и културна положба на работничката класа во општеството. Тие укажуваат на значајните промени во обласа на работничката заштита во склоп на капиталистичкото општество.

Анализата на санитарните и здравствените аспекти се врши низ два фактори: материјално-техничкиот како основен – претставува скоп на најелементарните средства нужни за одржување на хигиената на трудот како, условите во работилницата, купатила, гардероби, мијалници, кујни, трепзарии, станови, нужници, оддленија за одмор, работнички оддели, работни оддела, средства за укажување прва помош; втор фактор е културно-воспитниот како производствен и последичен на индустриската култура – го одразува постепеното формирање на специфична работна култура кај работничката класа – работнички навики, наследства, организирање итн.[514]

Во овој дел фокусот ќе биде ставен на состојбите во работничкото секојдневие во Вардарска Македонија во поглед на главните проблеми од санитарен и хигиенски аспект и создавањето на специфичен јавен однос кон хигиената и здравјето на работниците. Понатаму, ќе биде претставено создавањето на посебен јавен дискурс, од страна на експертите, политичарите, санитарните институции и граѓанското општество, низ кој се третирало работничкото здравје и работничките тела, како подложни на „дегенерација", „професионална деформација" и на болести особено раширени помеѓу работниците, без да се преиспитуваат класните фактори.

Главни извори за реконстукција и анализа на техничките, санитарните и здравствените аспекти во контекст на работниците во индустријата претставуваат годишните извештаи на Инспекцијата за трудот, градските физикати, одлуките на санитарните одделенија или инспекторати при општинската и банската управа, официјалните здравствени статистики издавани од надлежните министерства, а објавувани во статистичките годишници, службениот печат, работничкиот печат и

[514] П. Милосављевић, op. cit., 204.

публикациите на граѓанските друштва или лиги посветени на одредено здравствено прашање (на пр. Лига против туберкулозата во Белград).

### 4.1 Хигиенски и технички услови во работилницата

Хигиенските и техничките услови во индустриските работилници ја претставувале состојбата во која се одвивал трудот на работниците и производството во индустријата. Заради специфичноста на индустриското производство, зголемувањето на физичкиот агрегат на работници на едно место и изложеноста на разни (понекогаш штетни) суровини, гасови и машини, за одржувањето на работилниците во хигиенска и техничка смисла се развиле и посебни закони поврзани со трудовото и индустриското право.

Хигиенските и техничките услови во Кралство Југославија и на територија на Вардарска Македонија може да ги следиме низ легислативата и низ состојбата во пракса. Во овој дел ќе ги разгледаме развојот на законите – со фокус на установувањето на Обласната Инспекција за труд во Скопје, примената на законите на територија на Вардарска Македонија, придружени со примери од Извештаите на Инспекцијата на трудот и архивски извори кои ја прикажуваат работничката реалност во поглед на условите во работилниците.

Законот за работилниците од 1910 година ги задолжувал работодавачите да ги обезбедат неопходните хигиенски и технички услови за работа. Сопствениците на претпријатијата и работилниците биле должни да се грижат за одржување на работилниците, за осветлување, вентилација, снабдување со противпожарни средства и сл. Законот особено инсистирал на соодветна заштита на оние машини и машински делови кои при допир би можеле да бидат опасни за здравјето и животот на работниците. За потребите на работниците, работодавачите биле должни да обезбедат купатила, мијалници и соблекувални. Сопствениците на индустриски претпријатија оддалечени најмалку два километри од најблиското населено место, биле должни да подигнат потребен број на станови, кујна за исхрана и амбуланта за обезбедување на основна и истна здравствена помош.

Законот за заштита на работниците од 1922 година претставувал чекор напред во однос на барањата за хигиенско-техничка заштита. Законот ја забранувал работата во простории кои би можеле да бидат штетни за здравјето и опасни за животот на

вработените. За работните простории се предвидувало да бидат добро осветлени, чисто одржувани, проветрувани и снабдени со противпожарни апарати. Просториите не смеело да бидат пренатрупани со предмети и луѓе. Во фабричките згради, каде постоеле простории за исхрана на работниците, сопственикот бил должен да обезбеди посебни простории за одржување на хигиената, одбвоено за мажите и жените, и според прописите за хигиенско-техничка заштита. Првата медицинска помош била под товар на претпријатиетио; цената на становите за работа и храната ја определувала надлежната испекција на трудот во согласност со општинаката власт. Се забранувало малолетници до 18 години да ракуваат со штетни материјали. Стручен орган го утврдувал нивото на опасност на работното место според скала за опасност.[515]

Од голема важност биле Правилниците за техничките и хигиенските мерки неопходни за заштита при работа. Законот за работилниците од 1910 година предвидувал Правилник кој детално ги пропишувал мерките. Врз основа на чл. 25 од Уредбата за инспекција на трудот од 21 мај 1921 година и договорот помеѓу Министерството за трговија и индустрија и Министерството за социјална политика бил усвоен Правилник за хигиенски и технички заштитни мерки во претпријатијата.

Голем исчекор на ова поле се случил на Првата конференција за инспектори на труд на национално ниво, од 17 до 20 август 1921 година каде бил изработен детален Правилник со општи, технички и специјални одредби за градежништво, индустрија и примена на олово, за претпријатија во кои се работело со еликтрицитет, со загаден воздух и штетни гасови. Изработени биле правилници за работа во претпријатија каде работата била непрекината. На конференцијата биле усвоени и неколку формулари и образци со што се создал унифициран државен образец за преглед на состојбата на работниците на работното место и за водење на работничките списоци. Овие документи како образци ги усвоило Министерството за социјална политика на 25 октомври 1921 година.[516]

Инспекцискиот надзор како посебен облик на управна функција и Инспекцијата на трудот како надлежна институција за надзор на состојбата и спроведувањето на законите и правилниците за работничка заштита и техничко-хигиенски мерки при работа, претставува најважна институција, а нејзините годишни извештаи еден од

[515] Р. Христов, op. cit., 61. *confer* П. Милосављевић, op. cit., 206–233. *passim Закон о радњама од 29 јун 1910 године*, (Београд: Државна штампарија Краљевине Србије, 1910), чл. 41-45; *Закон о заштити радника* чл. 30-34, *Radničko zakonodavstvo. Zbirka zakona* (priredio Gojko Niketić), kn. I, sv. 14, (Beograd, 1927).

[516] П. Милосављевић, op. cit., 205.

најважните извори во овој поглед.[517] Законот предвидувал основна задача на Инспекцијата за трудот да претставува заштита на работниците без разлика на големината и карактерот на претпријатието. Биле иземени железницата и рударството бидејќи за нив важеле различни инспекциски закони заради специфичноста на трудот и безбедноста во овие два сектори.

Делувањето на инспекцијата на трудот се протегало на сите гранки за работничка заштита: „телесна заштита во работилницата, хигиена во работилницата, стамбени прилики, правни односи, економска положба на работниците, културна и хуманитарна положба и припрема за социјално-здравствена ренесанса на работништвото.“ (*sic!*)[518]

Надзорниот округ во Скопје и Обласната Инспекција на трудот во Скопје била основана на 3 септември 1920 година, а за шеф на инспекторатот во Скопје бил поставен Живоин Ст. Видаковиќ (Жив. Ст. Видаковић). Обласната Инспекција на трудот започнала службено да функционира од 20 септември 1920 година. Подрачјето на инспекцијата се состоело од 16 административни единици, а во изворите на Инспекцијата се водело како „подрачје на Македонија и Санџак“: Кумановски, Скопски, Брегалнички, Тиквешки, Битолски, Охридски, Тетовски, Призренски и Пријепољски округ. Оваа Инспекциона област била најголема во државата и имала 51.000 км$^2$.[519]

Според Извештајот на Инспекцијата за труд од 1920 година, во првата година на делувањето на Обласната Инспекција на трудот во Скопје, биле извршени инспекциски прегледи во градот Скопје (вкупно 57 работилници), а потоа во поголемите индустриски места, а биле забележани 21 интервенција. Во поглед на работничката заштита, состојбата на котларите и работничката хигиена во работилниците извештајот дава најниска оцена и укажува на незнаење и неприменување на мерките предвидени со законите и правилниците. Се наведува дека работилниците се ѕидани од слаб материјал, ложниците и машините не се безбедносно осигурани, а на парните котли не постојат инструменти кои го мерат притисокот, за хигиената на казаните и машините скоро да не се водело сметка, што предизвикувало чести експлозии. Освен на две до три места во Скопје, не се забележани апарати за гаснење пожар.

---

[517] Види повеќе за историскиот и правниот развој на Инспекцијата на трудот и надзорот над трудот: Александра Арсић, „Овлашћења инспекције рада у заштити права из радног односа“ (мастер рад), (Ниш: Универзитет во Ниш, Правни факултет, 2019).
[518] *Извештај Инспекције Рада Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца о њеном пословању у г. 1920.* (Београд: Штампарија Супек-Јовановић и Богранов, 1921), 10.
[519] Ibid., 103.

Во однос на хигиената, извештајот забележал голема пасивност кај претпријатијата и сопствениците да набават хигиенски сретства. Во истиот извештај се напоменува дека од Београд до Сплит „само најмодерните претпријатија со фабрички значај обезбедуваат хигиенски мерки, па дури ни големите фабрики за цемент низ државата не им обезбедувале работнички одела на работниците.“[520] Во еден од описите за изгледот на работилниците се споменува дека биле „орентално валкани“:

„Во цела Јужна Србија има едвам десеттина вистински индустриски претпријатија. (...) [С]ите други претпријатија не одговараат на основните хигиенски мерки. Овде не мислиме на оние деликатни барања, како модерна вентилација, механичко впивање на прашината, светлосни зраци под т.н. конторски агол, секојдневна дезинфекција на работничките купатила, туку мислиме на оние без кои не може да се замисли човечкиот живот во затворен простор. Работилниците се мрачни и мали, влажни и ориентално валкани, со скршени прозорци, под од цигли или набиена земја, често во подрум. Полни се со чад и нездрави испарувања. (...) По пекарите и кај лебарите владее вистински ужас, и за оние кои тука работат и за оние кои купуваат намирници. Просторот каде се меси лебот секогаш е со прашина, влага, неваросан и полн со пајажини. Садовите за мешање брашно и држење вода се валкани или со наслаги од мувла, зеленило или нечистотија. Во истите одделенија работниците обично преспиваат.“[521]

Во Скопје 90% од пекарите не ги исполнувале хигиенските услови.[522] Во следните извори може да се проследат одлуки на Судот на општината на град Скопје и надлежните тела во периодот 1925 – 1931 година, кои се однесуваат на санитарни и хигиенски проблеми во работилниците:

„Известување од шефот на Санитетскиот оддел дека најстрого ќе биде казнет секој сопственик на дуќан за прехрамбени производи доколку во рок од три дена не го вароса својот дуќан.“[523]

„Решение со кое лицето Стојановиќ Петар се обврзува во најкраток можен рок да ја поправи и исчисти фурната на ул. „Караѓорѓева“ бр. 43, во спротивно истата ќе биде затворена.“[524]

---

[520] Ibid., 103, 104.
[521] Ibid., 105.
[522] Р. Христов, op. cit., 66.
[523] Архив на Скопје, исто, Санитарна заштита, август 1925, Скопје, 6.138.108/45.
[524] Исто, 22 јули 1927, Скопје, 6.158.218/1122–1123.

„Барање да се казни лицето Стојановиќ Марко заради нехигиена во просториите во кои работи.“[525]

„Барање трговците и занаетчиите да одржуваат хиегиена во своите продавници и работилници.“[526]

„Барање да се казни фурнаџијата Блаже Станчевиќ заради нехигиена во неговиот дуќан.“[527]

„Решение да се казни Генадије Жунголовиќ заради нехигиена во неговиот дуќан.“[528]

Во текстилната индустрија, работните простории биле ниски, мали, сместени во подруми, влажни, недоволно осветлени и непроветрени, со неваросани ѕидови, а разбоите биле набиени во просторот. Работниците ја вдишувале прашината што се создавала со испавтувањето на преѓата при ткаењето и масовно доаѓало до боледување од туберкулоза.[529]

Најмногу од пријавените несреќи биле заради незаштитени машини, незаштитени оски, запчаници, помали електрични мотори. Како типичен пример во извештаите се јавува ложилницата на скопската железничка станица, која е опишана како „вистинска гробница за работниците“. Во 1922 година биле пријавени девет несреќи од кои пет смртни. Во 1931 година за прв пат не дошло до експлозија на парните котли на територија на Вардарска Македонија. Пријавени несреќи кај ОУЗОР Скопје од 1931 – 1935 година имало вкупно 1.536.[530]

Болестите како туберкулозата и несреќите на работно место се поврзувале со нехигиената во работилниците:

„Хигиенските услови за работа во Јужна Србија постепено се подобруваат. Кога би ги спoредиле со минатото, би констатирале големи успеси. Сепак, сé уште постојат работилници во кои би подлегнало битие многу поиздржливо од човечкото. По разни шупи и визби, оронати куќариња и останати ќумези, некои работодавачи особено оние од внатрешноста на Јужна Србија, дозволуваат работниците непрестано да работат по 12 до 15 часа дневно. Работничкиот подмладок, чираците, оттаму излегуваат редовно со „работничката“ болест – туберкулозата. Државата досега не можела, и покрај толкавото подигнување на Југот, да го реши прашањето за хигиената во објектите на својата администрација. Во Јужна Србија и чиновниците работат во целосно

525 Исто, 29 јули 1927, Скопје, 6.1.59/33/139.
526 Исто, Санитетско одделение – Инспекција, 25 јануари 1929, Скопје, 6.1.74.183/788.
527 Исто, Санитетска инспекција, 4 март 1929, Скопје, 1.6.77.10/41–43.
528 Исто, Санитарна инспекција, октомври 1929, Скопје, 1.6.84.168/1013–1015.
529 Р. Христов, op. cit., 62 *passim* Социјални архив, 9–10 (1937), 290–291.
530 Ibid., 65–73 *passim* Radnička zaštita Zagreb, 10 (1937), 794–795.

несоодветни хигиенски згради (типичен пример се оние вработени во поштата, телефонот и телеграфот во Скопје), тогаш може да се замисли какви се пропустите во приватните претпријатија. Какви се тие простории и каква е во нив безбедноста на работата се гледа според податоците за Вардарската бановина од 1933 година, според кои имало осум смртни случаи, над 60 тешки повреди на работно место и 180 полесни повреди и инвалидизирања, за кои се знае, што е најмногу од сите бановини.“[531]

Според податоците од годишните извештаи на Инспекцијата за труд, експертските публикации во однос на хигиената на трудот и други релевантни извори, заклучуваме дека во периодот помеѓу двете светски војни, трудот во инустријата се одвивал во најголем дел во нехигиенски и технички слабо обезбедени услови во работилниците. Условите во работилниците придонесувале за развивање на болести и нарушување на здравјето специфични и најраширени токму кај работниците во индустријата.

## 4.2 „Дегенерирани тела“: здравјето и болестите кај работниците

Здравјето и болестите кај населението генерално и кај работниците особено, во Кралство Југославија биле адресирани и третирани од државата од аспект на економската и пазарната логика.[532] Помеѓу експертската јавност која се занимавала со овие прашања биле присутни разни теории за прашањата поврзани со човековото тело, болести и здравје, меѓу кои имало и расни, евгенички, религиски и други теории кои не биле научни. Причината за формирањето на силен интерес во јавноста и печатот за здравјето како „национално прашање“, веројатно лежи во појавата и раширеноста на неколку болести како туберкулозата, маларијата, тифусот, колерата и сипаниците, кои

[531] Р. Пурић, *Наличја...*, 17–18.

[532] Види пример: „Работниците се, покрај доенчињата и шкоските деца, трета група во општетсвото која бара особена здравствена заштита. Ова е целосно под водство и надзор на Министерството за социјална политика и Законот за осигурување на работниците. Законот за заштита на работниците е напреден и одговара на барањата на за модерна грижа кон работничката класа. Особено внимание им е посветено на мајките, а опфатени се сите мерки од социјален карактер кои одат во корист на заштитата на овој моќен и продуктивен дел од народот. Законот носи правилно сфаќање за значењето помеѓу капиталот и работниот дел од народот. На капиталот со право им се поставуваат во должност и во интерес заштитата за оние кои придонесуваат за одржување и зголемување на капиталот.“ Б. Константиновић, „Народно здравље“, *Јубиларни зборник живота и рада Срба, Хрвата и Словенаца: 1918-1928 године* (Београд: Матица живих и мртвих Срба, Хрвата и Словенаца, 1928), 118–140, 136.

во одредени периоди во постоењето на Кралството Југославија претставувале големи здравствени проблеми.[533]

Статистиките[534] укажуваат дека уште од 1919 година низ државата главна опасност за популацијата претставувале акутните заразни болести како големите сипаници и пегавиот тифус, а понатаму како најголем здравствен проблем се забележува туберкулозата, за која во статистичките и останати државни публикации се зборува и низ милитаристички речник како „борба“ или „војна“ со туберкулозата.[535] Се проценувало дека од туберкулоза годишно умирале околу 40.000 лица, од нив најголем број (89%) заболувале од туберкулоза на белите дробови, а како дел од популацијата каде болеста најмногу се ширела, во изворите најчесто ги наведуваат „сиромаштијата“ и работниците.[536]

Во дискурсот за здравјето на нацијата, често се среќава уште еден тремин кој дистинктивно се употребува во контекст на работниците, а тоа е терминот „дегенерирани тела“ – термин за опишување на комплексните здравствени проблеми кои се развивале кај работниците како „професионална деформација“ на трудот во индустријата.

Министерството за народно здравје, според чл. 2 од Уредбата за организација на хигиенска служба, било задолжено да се грижи за здравствените прилики во фабриките, рудниците и работилниците. Централниот хигиенски завод се наоѓал во Белград, а Хигиенски заводи имало и во Загреб, Скопје, Љубљана, Ниш, Нови Сад, Сараево, Цетиње и Сплит.[537]

---

[533] Види примери: Костић, „Познавање, лечење и чување од маларија“, *Календар Ратни Инвалид 1937*, (Скопље: „Немања“, 1937), 42–44; Душан Антић, „Заразне болести“,*Календар Ратни Инвалид 1937*, (Скопље: „Немања“, 1937), 45–52; Види и: Архив на Скопје, исто, Здравствена заштита, 14 февруари 1920, Скопје, 6.1.1.266/480–481; Исто, Здравствена заштита: Изолација на заболен од тифус – на цела куќа, 11 март 1920, Скопје, 6.1.1.481/837; Исто, Здравствена заштита: Нардеба за движење на стока низ градот за да се спречи ширење на болести, 4 март 1920, Скопје, 6.1.1.417/721.

[534] Водењето здравствена статистика во Кралството Југославија било централизирано во Централниот хигиенски завод (ЦХЗ) во Белград. Основните податоци за движењето на заразните болести ги собирале здравствените реферснти и ги праќале во ЦХЗ во форма на седмични извештаи за состојбата на поединечни болести, и во банското одделение за социјална политика и народно здравје и во Хигиенскиот завод на бановината. Материјалот од овие неделни извештаи го обработувале и објавувале по околии банските хигиенски заводи. ЦХЗ објавувал податоци на државно ниво и ги објавувал резултатите во Службениот весник, а оттаму во разни други публикации, годишници, штампа итн. Здравствена статистика воделе и Средишниот уред за осигурување на работниците, Братинските благајни и други институции за лечење и помагање болни работници. А. А., „Здраствена статистика у нашу земљу“, *Луч,* год. 2, бр. 3, 1938, 111.

[535] Види: Ivana Štimac, *Tuberkuloza kao javnozdravstveni problem u sjeverozapadnoj Hrvatskoj: borba, prevencija i rezultati (1902. – 1960.),* (Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, 2018).

[536] Б. Константиновић, op. cit., 123.

[537] Ibid., 127.

Во здравствените политиките спроведувани од државата во Вардарската бановина може да забележиме три главни политики: борба против маларијата и масовно прегледување на населенито (според податоци на Хигиенскиот завод во Скопје во периодот 1921 – 1929 година биле прегледани вкупно 168.655 лица); грижата за деца, детска медицина и едукација на мајки; и воспоставување на мрежа од здравствени установи и служби (вкупно во бановината имало 57 околиски лекари кои функционирале во склоп на околиските управи. Некои околии располагале со бабици и дезинфекциски станици. Во 1929 година во Бановината имало вкупно 78 приватни лекари и 21 приватна бабица. Во државната болница во Скопје имало 230 легла, десет лекари и шест оддленија: хируршко, гинеколошко, инфективно, венеролошко и внатершно).[538]

Како важен здравствен проблем се јавила и туберкулозата, особено во контекст на монополските работници. Според изворите со кои располагаме, СУЗОР во Загреб, испраќал предлози и препораки за хигиенските и техничките мерки во монополските станици низ државата. Тутунската станица во Прилеп го добила следниот допис:

„Средишниот уред за осигурување на работниците во Загреб, ѝ го доставува на Управта на државните монополи својот Предлог за подобрување на хигиенските и техничките заштитни мерки за работниците вработени во тутунски станици и моли тој предлог да се спроведе во пракса.

Во првата точка од својот Предлог Средишниот уред ја истакнува потребата, на работа да не се примаат работници со активни туберкулозни или други заразни болести, кои во работата би можеле да ги заразат другите работници или продуктите, како и работници со останати заболувања кои при работата со тутун би можеле да се влошат.

На станиците им се препорачува, како што била и досегашната пракса, на работа да примаат само потполно здрави лица.

Во третата точка од својот Предлог Средишниот уред истакнува „жените и малолетните работници да се вработуваат во сектори во зависност одниванта физичка сила; во одделот за ферментација да не се вработуваат лица помлади од 18 години“.

При доделување на работните места на работниците, тутунската станица нека се води според наведените предвидени мерки, како што всушнст правела и досега. Истовремено, го насочуваме вниманието на тутунската станица кон прописот според

---

[538] В. Миловановић, „Хигијенске и здравствене прилике у Вардарској бановини“, у *Алманах Бановина. Вардарска Бановина (у додатку: Врбаска Бановина и Зетска Бановина)*, (Београд, 1929), 36–38.

кој во монополската установа не може да биде земено како работник лице кое е помладо од 16, односно 18 години, во зависност од тоа дали е од женски или од машки пол (чл. 3 од Правилникот за работа).

Во смисла на точка 4 од споменатиот Предлог нека тутунската станица стапи во контакт со уредските лекари или лекарите од хигиенскиот завод доколку го има во населеното место, со цел меѓу работнците да се спроведе пропаганда за хигиенски начин на живеење, при одржувањето на чистотијата во домот, и во работилниците, особено во насока:

А) редовно да се мијат и капат;

Б) да одржуваат чисто во куќата;

В) да го одржуваат вешот чисто и често да го менуваат;

Г) во зима да се облекуваат потопло;

Д) да се хранат правилно;

Г) при работа да употребуваат посебни одела;

Д) да се едуцираат за заразните болести;

Ова може да се оствари низ предавања, со тоа што, овие едукативни активности да не одат на штета на работното време во тутунските станици. Во таа цел, нека шефот на тутунската станица одреди денови во кои ќе бидат одржани едукациите. (...)“[539]

Од овој извор може да се извлечат заклучоци за изложеноста кон акутно заболување кај монополските работници, особено оние кои работеле во одделот за ферментација. Понатаму може да се заклучи за општото ниско ниво на хигиена и едуцираност, што во голем дел претставувало и луксуз за монополските работници. СУЗОР барал едукации за работниците за базичните заштитни мерки против акутни болести.

Туберкулозата се сметала за болест која вирее во влажни, нехигиенски простори, типични за домовите на сиромашното население, но и во лошите услови за работа во работилниците, фабриките, школите, јавните локали и слично:

„Економски слабите слоеви во општеството секаде се поизложени на опасности врз здравјето од сите видови, и нивниот организам полесно заболува, а потешко се лечи. Медицински објаснувања за тоа има доволно. Нас ни се чини дека сиромашното население во Јужна Србија има донекаде специјални услови на живот, па оттаму и

[539] Архив на Прилеп, исто, „Државни монопол Краљевине Југославије, Управа државних монопола, Опште одељење, МБР. 20434/I, 19 октобра 1939, у Београду: Свих тутунских станица...“, 5.521.8.71/78–79.

специфични причини за заболување и подлегнување на болести. (...) Тие околности – заедно со степенот на семеен живот, просветните и културните прилики, влијанието на верата и суеверијата на начинот на живот, маларичните зони – прават специјално отежнати околности во здравствена смисла. (...) Варошките населби во Јужна Србија патат од чести епидемични болести, дизинтерија, дифтерија, шарлах, стомачен тифус итн. Туберкулозата е најраспростанета токму во градовите на Јужна Србија.“[540]

Државата го решавала проблемот со заразни болести со зголемување на дезинфекцијата по претпријатија, зголемување на бројот на диспанзери и пропагандна едукација,[541] но и со казнување.[542]

Освен државата, повеќе граѓански и/или хуманитарни женски и други здруженија се вклучувале во „борбата со туберкулозата“. Кај граѓанските здруженија преовладува дискурсот за „болест на сиромаштијата“, присутни се и пуританистички тези (пр: посета на „задимени локали и пиење алкохол“, „претерано уживање или работење“[543]) и евгенички тези за здравјето на работниците:

„Во народот туберкулозата ја нарекуваат болест на сиромаштијата и работиштвото. (...) Во редовите на работниците, сиромашните и слабо плаќаните слоеви туберкулозата има значење на широко распространета здравствена појава. Доколку се крени стандарадот на живот кај работничката класа  и заболувањето од оваа болест ќе започе да опаѓа. (...) Имотната состојба е меѓу најважните фактори за ширењето на туберкулозата. Како последица на кревањето на општиот стандард кај граѓаните паѓа појавата на туберкулоза. (...) Ни најстручните мерки против туберкулозата, ни диспанзерите и специфичните начин на лекување не можат да

[540] Р. Пурић, *Работнички југ...*, 70–74. Види детално: „Во Скопје повеќе од 20% од целосниот морталитет кај населенитео настанува заради туеркулоза. Во Скопје на 10 000  жители просечно годишно умираат по 241. Од 1926 до 1930 во Скопје на 1000 лица, од туберкулоза  умреле по години: во 1926 г. – 23,3 % (вкупно 1 166); 1927 – 28,5% (1 516); 1928 – 25,1% (1 419); 1929 – 25,3% (1 514); 1930 – 18,2% (1 448).“ Ibid., 72.

[541] Б. Константиновић, op. cit., 133–134. Види и еден извор: „Решение да се направи нагледен материјал за пропаганда во врска со борбата за сузбивање на туберкулозата и алкохолизмот“. Архив на град Скопје, Фонд Градско поглаварство на град Скопје 1918 – 1941, Управа, Санитарна заштита, 30 октомври 1931, Скопје, 1.6.105.11/188.

[542] „До Судот на општината на градот Скопје, Бидејќи сега во градот владее општа болест, а и самата општина неколку пати објавила сите намирници да мора да се чуваат во најголема читотија (...) го молиме Судот најстрого да ги казни долу наведените лица за најдена нечисторија во нивните работилници, и тоа: 1. Фурнаџија Стојан Ѓајовиќ на ул. [нечитлив текст. ИХ], за најдена голема нечитотија. 2. Во кафеаната „Космај“. 3. Кафеџијата Натанаил Ѓундаљевиќ заради нечисти тањири и чаши.“Исто, „Краљевина СХС, Суд општине Града Скопља, Санитетско одде љење...“, 15 октомври 1926, Скопје, 6.1.51.77/488.

[543] С. Иваневић, op. cit., 112.

направт нешто многу, доколку широките народни маси продолжат да живеат во беда.“[544]

Во Белград била формирана и Лига против туберкулозата која имала свои ограноци низ државата, за едукација и акција за сузбивање на болеста. Лигата издала свој Манифест (Манифест лиге против туберкулозе). Во Манифестот се истакнувало дека „работничката сиромаштија и периферните населби се расадник на туберкулозата.“ Лигата барала Закон за обврзувачко лечење на граѓаните заболени од туберкулоза. Лигата имала и евгенички пристапи кон проблемот и повикувала „да се забрани брак на лицата со отворена туберкулоза“, како и изградба на „посебни здрави станови каде би живеела работничката сиромаштија“ за да не се разболува.[545]

Третирањето на работничкото тело и здравјето кај работниците како објекти подложни на „дегенерирање“ се забележувало и кај експертите кои се занимавале со социјални и здравствени политики:

„Во овие станови [работнички живеалишта. ИХ] многу недостасува хигиената на телото; купатила во овие куќи и да нема; луѓето се капат само на големите празници, во големи јавни купатила амами. Чистењето на алиштата и вешот од инсекти не е на доволно ниво. Вешот се променува еднаш неделно, а негде и двапати неделно. (...) Медицината утврдила дека на возрасен маж кој во текот на денот напорно работи потребни му се околу 5.000 калории, а на жена 4.000 калории, за да издржат тешка работа. Јужносрпските жители ја демантираат медицината: тие својот организам, под сила на околностите, го навикнале на помалку калории. Дали организмот со помалку исхрана се дегенрира, тоа е друга работа.“[546]

Според овој извор од Растко Пуриќ, експерт за социјални политики за Вардарска бановина, главен причинител за болестите кај работниците е ниското ниво на хигиена и стандард. Претставниците на работниците во Работничката комора, здравствените порблеми ги поврзувале првенствено со условите на работа и должината на работниот ден:

„Бројот на пролетизирани егзистенции секоја година е сé поголем. Последица на тоа е впрегнувањето на работниците во бескраен работен ден. Како и во сите земји кои немаат поголеми искуства постои страшна дегенерација на работниците, работничките и нивните деца. Во новите генерации, таквото срозување на работничката класа оди

[544] Ibid., 111.
[545] Љ. Стојановић, „О туберкулози, предавање ученицима за Дан борбе против туберкулозе, 3 мај 1931 године“, (Београд: Издање Лиге против туберкулозе, 1931), 32–33.
[546] Р. Пурић, *Работнички југ...,* 57, 64.

понатаму, предизвикувајќи особена млитавост кај работниците што преминува во национална особина. Тоа е посмртното ѕвоно на модерната економија, која нема да постои ако нејзините носители не се физички, психички и духовно свежи работници. (...) Децата под 14 години не смее да бидат вработувани во претпријатијата. Оваа мерка за забрана на вработувањата на децата под 14 години е многу значајна бидјеќи бидејќи со спречувањето на предвременото вработување, се спречува предвременото закржлавување на детскиот организам и се овозможува подигнување на здраво поколение. Оваа одредба е само еден дел од проблемите поврзани со закржлавените деца."[547]

Во извештаите на Инспекцијата за трудот се наоѓаат препораки и предлози за грижата за работничкото тело, како клучна за одржување на здравјето на работниците, но и за поттикнување на нивно освестување преку гржата за себе си. Здравјето на работнците според експертите од Инспекцијата за трудот е поврзано со поширокатa работничка култура и свест:

„За жал состојбата со установите за телесно негување [на работниците. ИХ] е на ниско ниво. Жална е појавата, што во овој поглед ниту едно претпријатие или работна организација, па друри ни самото работништво не се јавуваат како загрижени за здравјето на работниците. Онаму каде што постојат работнички културни организации, клубови и здрженија за гимнастичко вежбање, никој не ги посетува бидејќи обично се сместени по училишта, делеку од фабриките или живеалиштата на работниците. На нашето работништво пред сé му недостасува правилно разбирање на важноста на телесното негување, за разлика од спортската култура помеѓу англиското или американското работништво. Нашето работништво не превзема ништо во поглед на воведувањето на гимнастички, туристички или друг телесен спорт и многу малку се бави со фудбал, куглање или обично гимнастичко вежбање. Уште помали се иницијативите во тој поглед од страна на стопанствениците [работодавачите. ИХ] Во последно време се забележуваат само неколку работнички фудбалски клубови во Словенија, кои можеби ветуваат поголем развој во телесното негување."[548]

Здравствените аспекти од човечката состојба на работниците или здравјето и болестите кај работнците биле адресирани и третирани главно од страна на државата, експертската јавност и различни здруженија од граѓанската сфера. Постоела општа

---

[547] Б. Крекић, op. cit., 185, 188.

[548] *Извештај Инспекције Рада Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца о њеном пословању у г. 1920...,* op. Cit., 58.

согласност и прифатено мислење дека туберкулозата е „болест на сиромаштијата и работништвото“. При утврдувањето на причините за болестите кои најмногу и најчесто се јавувале помеѓу работницте, експертската јавност, државните институции и граѓанските здруженија, детално анализирале, но се фокусирале главно на социјалните и санитарните причини, од каде што ги црпеле и решенијата, но никогаш не се преиспитувале подлабоко општествените и класните фактори за здравјето кај работниците. Во јавниот дискурс за здравјето на работнците како „национален проблем“ недостасувал гласот на работниците, првенствено заради неедуцираноста на ова поле, но и заради недостигот на платформирање на ставовите на работничките здруженија и организации од левиот политички спектар во пошироката јавност

## 5. Родови аспекти

Во овој дел ќе биде претставена родовата димензија[549] на животните услови и трудот на индустриските работници во Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни. Сметам дека родовото димензионирање дополнително ќе расветли повеќе прашања кои се поврзани во разликите помеѓу мажите и жените и нивната егзистенција, во работничката класа и помеѓу класите. Притоа, ќе се фокусирам на продуктивната и репродуктивната работа,[550] половата дискриминација во трудот, модернизационите процеси и еманципацијата кај работниците и работничките на територија на Вардарска Македонија.

[549] Под терминот род подразбирам социјално договорени улоги, однесувања, вредности и активности и атрибути кои дадено општество ги смета за соодветни за жените и мажите. Родот е стекнат идентитет којшто е научен, се менува со текот на времето и нашироко варира во и низ културите; Терминот пол уптаува на биолошките и на физиолошките карактеристики кои ги дефинираат мажите и жените. Биолошкиот пол е детерминиран од генетските и анатомските карактеристики; Половиот/родовиот систем е систем на економски, социјални и политички структури. Систем кој продуцира експлоатација, одржува и репродуцира различни родови улоги и својства на мажите и жените. Боби Бадаревски, Марија Ивановска, *Водич во феминистичката и родовата терминологија* (второ дополнето и проширено издание), (Скопје: Акција Здруженска, 2012), 74, 87.

[550] Продуктивна работа – активност која продуцира добра и услуги за размена на пазар заради приход. Мажите и жените придонесуваат за семејниот приход со многубројни форми на производствена работа, иако мажите преовладуваат во продуктивната работа која е платена. Историски, во повеќето општества, промените во економската структура и според тоа во структурата на продуктивните активности водеше кон промени во половата поделба на трудот и родовите релации; Репродуктивна работа – оваа работа ги вклучува сите задачи поврзани со поддршката и одржување на сегашната и идната работа сила – оние коишто ја превземаат или ќе ја превземат продуктивната работа. Таа сѐ повеќе се поврзува со биолошката репродукција. Таа вклучува раѓање и одгледување на деца, но не е ограничена на овие задачи. Социјално репродуктивните активности вклучуваат грижа за децата, подготување на храна, одржување на хигиената во домот, грижа за болните или старите, социјализација на младите, внимавање на ритуалите и културните активности преку кои се пренесува општествената работна етика и споделувањето и поддршката во заедницата. Б. Бадаревски, М. Ивановска, op. cit., 78, 85.

Жените по професија работници според официјалните статистички податоци, во најголем дел се забележуваат во земјоделството. Во индустријата жените се секаде во многу помал број од мажите, но се забележува зголемено економско активирање во текот на меѓувоениот период. Жените се јавуваат како резервна работа сила. Жените по професија работници во поголем број се јавуваат единствено во Скопската околија, а сектори каде значително пораснал нивниот број биле манипулацијата на тутун и текстилната индустрија.

Кралството Југославија било традиционално и патријархално општество, а религијата, религиските институции и претставници имале големо влијание помеѓу верниците и во општеството. Владеела директна и експлицитна дискриминација според полот, и тоа во Уставот, законите (учество во избори, наследување, вработување, казнување итн.), во корист на правата на мажите, а на штета на правата на жените.[551]

На територија на Вардарска Македонија родовите улоги, и кај земјоделското и кај градското население, без разлика на етничката припадност и социјалното скалило, биле патријархални и традиционални, обележани со културолошките карактеристики на ориентот, исламот и/или православното христијанство. И овде, како и насекаде низ Кралството Југославија важела родовата поделба на трудот, т.е. доделување на различни работи или типови на работа за мажите и жените, најчесто според традиции или обичаи.[552]

Жените во капитализмот се јавуваат како работна сила, но работна сила посредувана од мажите. Она што за западните индустриски и модерни транзиции е проширувањето на фабриките и користењето на аграрниот пролетаријат во фабриките и создавањето на нуклеарното семејство, тоа за Кралството Југославија е распаѓањето на селските и земјоделските задруги. Во двата случаеви, доаѓа до промени во семејството и во положбата на жената, при што жената започнува постепено да ја губи традиционалната „заштита“ (широкото семејство, семејната помош и солидарност); истовремено е изложена на градската средина и индустрискиот труд каде не постојат закони за заштита на нејзиниот труд (трудот е експлоатирачки, груб и тежок, за разлика од трудот на жените во земјоделската задруга). Работничките семејства

---

[551] Види *Ustav Kraljevine Srba, Hrvata i Slovenaca - Vidovdanski ustav*, “Službene novine Kraljevine SHS”, od 28. juna 1921. godine. чл. 23, 28, 70, 72; Стеван Ћирковић, *Жена и дипломација. Треба ли женама допустити ступање у дипломатску службу?* (Београд, „Дом малолетника, 1928); Ferdo Čulinovič, *Žena u našem krivičnom pravu*, (Beograd: Globus, 1934).

[552] Ivana Hadjievska, “National Reproduction with (Un)Disciplined Bodies: Women Moving to the Politically Possible in pre-Yugoslavian Societies (Examples from Serbia, Bosnia and Croatia)”, *AM Journal of Art and Media Studies* 18 (2019): 17–31.

стануваат потрошувачки семејства, настанува радикализација на поделбата помеѓу репродуктивната и продуктивната работа и се фиксираат социјалните улоги на половите во модерниот индустриски контекст, без разлика колку тој контекст е индустриски *назаден* или патријархален, како на пример во земјоделските општества во индустриска транзиција како Кралство Југославија.[553]

Проблем кој специфично се однесувал на мажите и машкиот труд во индустријата била дискриминацијата на мажите работници при вработување врз основа на семеен статус. Инспекцијата на трудот проблемот го идентификувала и именувала како „неправилно вработување самци и оженети работнци". На територија на Кралство Југославија пред создавањето на државата, не се забележувал ваков проблем, дури, оженетите и семејни мажи имале поголема предност кај работодавачите бидејќи важеле за полојални кон местото на живеење и работата. По формирањето на државата односите се измениле на штета на женетите работници. Исплаќањето на платата предвидувало разни додатоци за женетите и семејни мажи: додаток за сопруга, на дете, за храна, за скапотија итн. Трошоците биле поголеми доколку работникот имал поголемо семејство. Кога претпријатието имало кризни периоди, прво ги отпуштале семејните работници и вработувале самци.[554]

Инспекцијата на трудот утврдила уште неколу вида на „неправилно вработување на машката работна сила": прекумерна работа или работа опасна по живот; вработување на неквалификувани работници на позиција, заради намалувае на платата; и подвработеност – вработување на квалификувани работници на пониска работна позиција. Мажите работници најмногу страдале од изложеноста на прекумерна и незаштитена работа.[555]

Жените вработени во индустријата, во современите извори често биле ставани и анализирани во категории заедно со децата/малолетниците вработени во индустријата. Проблемите кои специфично се однесувале на женскиот труд во индустријата, Инспекцијата на трудот ги идентификувала и именувала како „противзаконско вработување на малолетници и женски работници". Според податоците на Инспекцијата за трудот, жените се вработувале на исти позиции со мажите за

---

[553] Nada Ler-Sofronić, *Neofeminizam i socijalistička alternativa*, (Beograd: Radnička štampa, 1986), 75–94. Види и: Вера Гошева, „Први статистички податоци за бројот на вработените жени во Вардарскиот дел на Македонија", *Транзициите во историјата и културата* (Скопје: ИНИ, 2008), 167–170.
[554] *Извештај Инспекције Рада Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца о њеном пословању у г. 1920. ...*, 44.
[555] П. Милосављевић, 111–112.

работодавачот да плаќа помали надници. За државните институции и за Инспекцијата особено била проблематична ноќната работа на жените.[556]

Според податоците на СУЗОР, во периодот 1927 – 1929 година просечната надница кај мажите изнесувала околу 27 динари, а кај жените околу 20 динари.[557] Според Инспекцијата на трудот во Скопје, жените заработувале 25% помалку од мажите.[558]

Со развојот на трудовото право, прифаќањето на конвенциите на Меѓународната организација на трудот од страна на државата и развојот на институции за контрола и заштита на работничките права, трудот на жените во индустријата станал институционално и правно видлив. Економско активните жени за прв пат се стекнале со осигурување специфично за женскиот пол – породилно платено отсуство и додатоци поврзани со породување и одгледување деца.

**Табела 31: Бројната состојба на осигурениците на подрачјето на Окружениот уред за период 1925 – 1928 година според пол**

| Година | Вкупно осигуреници | Мажи осигуреници | Жени осигуренички |
|---|---|---|---|
| 1925 | 11.307 | 9.812 | 1.495 |
| 1926 | 15.363 | 13.320 | 2.043 |
| 1927 | 13.822 | 12.340 | 1.482 |
| 1928 | 21.078 | 18.653 | 2.425 |

*Надежда Цветковска, „Социјалното осигурување во Вардарскиот дел на Македонија (1918 – 1929)“, Гласник на ИНИ, 48, 1-2 (2004): 121–126, 123*

Според податоците на ОУЗОР Скопје за бројната состојба на осигурениците на подрачјето, во периодот 1925 – 1928 година вкупно биле осигурани 61.570 работници, од кои мажи во целиот период биле вкупно 54.125, а жени во целиот период биле вкупно 7.445. Во разгледуваниот период, најмногу осигурани мажи и жени се забележани во 1928 година, и тоа 18.653 мажи и 2.425 жени.

Ставките на осигурувањето кои специфично се однесуваат на жените осигурани работнички или на осигураните сопруги преку мажите осигурани работници биле: спрема за дете член на семејството, потпора за доилки, породилна потпора за осигурен член и породилна потпора за член на семејството. Според официјалните статистички податоци за Вардарска бановина, кои се однесуваат на периодот 1926 – 1929 година, ОУЗОР Скопје исплатил најголеми суми за ставката „спрема за дете член на

[556] *Извештај Инспекције Рада*, op. cit., 45.
[557] Р. Христов, op. cit., 90.
[558] *Извештај Инспекције Рада*, op. cit., 50.

семејството на осигурениот“, гледано за цел период. На второ место по висина на исплатите е ставката „породилна потпора за член на семејството на осигуреникот.“ Жените првенствено биле осигурувани како сопруги на мажот работник – осигуран во ОУЗОР Скопје. Најмали суми се исплатени за ставката “потпора за доилки“ за жени работнички осигурани во ОУЗОР Скопје.[559]

Бројот на жените вработени во индустрија бил мал, а со тоа и исплатите за осигурување за ставки специфични за женскиот пол. Од друга страна, бројот на вработените жени во индустрија растел за целиот период, но демографијата на вработените жени била следна: млади и не-семејни жени, кои не би можеле да ги користат осигурителните потпори за породилно, дете или доење. Тоа го забележува и Инспекцијата за трудот: во работилниците отсуствувале информации и правилници за заштита на работничките родилки, а работодавачите не воделе податоци за нив. Бројот на вработените жени од една страна бил мал, а од друга страна изобилувале жени до 18 години.[560]

На територија на Вардарска Македонија се забележуваат поголеми работилници или државни фабрики каде најголем дел од вработени се жени и соодветно на тоа постоеле специјални правилници кои се однесувале на условите за работа и обврските на работничките. Таков е примерот со жените работнички во гевгелиската државна фабрика за свила. Правилникот бил издаден на 1 март 1924 година врз основа на Законот за државни фабрики за свила од 19 април 1922 година. Чл. 29 предвидувал работничките да имаат надзорници – жени (надзорнички).[561]

Во изворите се среќаваат и жени сопственички на капитал, иако исклучително ретко. На 4 јануари 1921 година Емилија Алексиќ, дипломиран инжинер по хемија, побарала од Министерството за трговија и индустрија да ѝ дозволи во Скопје да подигне фабрика.[562]

Жените од средната класа кои биле активни во јавниот и општествениот живот, најмногу низ хуманитарни организации, често се јавуваат во хуманитарна улога кон решавањето на некои социјални проблеми на жените работнички. На седми јули 1932 година женското здружение „Јужна Србија“ побарало од Судот на општината на градот Скопје  и одделот за финасии и социјална заштита материјална помош за вработување

[559] В. Миловановић, op. cit., 46.
[560] *Извештај Инспекције Рада*, op. cit., 101.
[561] ДАРСМ, Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија – Белград, 1.1039.2.55/265-276.
[562] ДАРСМ, исто, 1.1039.2.12/34-100.

на невработебните ученички кои завршиле во Женското занаетчиско училиште во Скопје.[563]

Како посебен проблем кој бил забележан во Скопје од страна на општинските служби, бил ризикот за здравјето на жените, особено жените од работничките слоеви, при породување. На 12 декември 1924 година со предлог до Судот на општината на градот Скопје, се обратил Јордан Спасојиќ, началник на санитетското одделение на III Армиска област на општината на град Скопје, каде ја образложил потребата од отворање на „еден Завод за родилки каде бесплатно ќе се пораѓаат жените од сиромашните семејства, кои тоа го прават дома, а е ризично за здравјето на жената и бебето.“[564]

Еманципацијата и правците на отпор и самоорганизирање кај мажите работници главно се афирмирале низ левите идеологии и приклучувањето кон левичарски и комунистички организации. Најголем дел од жените работнички не биле писмени и заради општествените и културните околности имале помалку можности да се самоорганизраат. Сепак, жените работнички биле дел од тарифните акции, штрајковите и протестите, како и во остантите видови работничко организирање.[565]

Исклучителни примери од Вардарска Македонија кои го трасираат патот за еманципација на жената работничка во меѓувоениот период претставуваат Роса Плавева и Накие Бајрам[566] кои воедно претставуваат и активистички тандем во социјалната и работничката историја во Вардарскиот дел на Македонија. Роса Плавева била социјалистка и ја гледала еманципацијата на жената и работничлката низ социјалистичка борба. Роса Плавева е првата жена на територија на Вардарска Македонија која повикувала и организирала кампањи за право на глас на жената. Во 1920 година ја основала Организацијата на жени социјалистки во Скопје.[567]

Родовите улоги на мажите и жените работници во Вардарска Македонија во меѓувоениот период поминале низ бавни и постепени процеси на модернизација.

[563] Архив на Скопје, исто, 7 јули 1932, Скопје, 1.6.143.210/562.
[564] Архив на Скопје, исто, 12 декември 1924, Скопје, 6.1.33.105/562-564.
[565] Ј. Дамјановска, op. cit., 240, Б. Арсов, op. cit., 71–75; Ж. Митревски, op. cit., 169–174.
[566] Накие Бајрам (1889 – 1962), турска социјалистка, учителка и активистка за женски права. Го основала Здружението на турски жени во 1907 година во Скопје. Во едукацијата и симнувањето на ковертурата гледала решение на женското прашање во поглед на положбата на турските жени во општеството. Била дел од социјалистичките кругови во Скопје и блиска соработничка со социјалистката и активистка за женско право на глас Роса Плавева. По Втората светска војна таа се посветила на едукација и еманципација на жената низ акците за симнување на зарот и фереџето кај муслиманските жени во Македонија.
[567] Костадинка Васкова, „Од фондот за Роса Плавева во Музејот на град Скопје“ во *Историја*, (Скопје: Музеј на Македонија, 1992); Христина Ивановска, *Роса Плавева и Накие Бајрами*, (Скопје: Форум, 2005).

Индустријализацијата потпомогнала во излегувањето на жената од земјоделската економија и традиционалната средина кон градската економија и средина. Најсилни биле промените во работничкото семејство и промените во секојдневието на жените работнички кои во изворите често ги наоѓаме сами во градот, како потстанарки, во новите услови на фабриката, каде се соочуваат со новите предизвици во односите со мажи и жени на позиции на моќ, различни од хиерархијата во патријархалното селски или градско семејство.

## Заклучок

Територијата на Македонија која влегла во состав на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците имала географско пространство од 25.713 км². Во пописот на населението на територија на Вардарска Македонија во 1921 година, вкупниот број на населението изнесувал 798.291 жители, а според пописот од 1931 година, на територијата живееле 938.625 жители. Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна Кралство Југославија, меѓу двете светски војни е типичен пример за аграрно општество кое во XIX и XX минувало низ модернизациони процеси и индустриска транзиција. Населенето на територија на Вардарска Македонија било земјоделско во над 70%.

До Втората светска војна на поле на економијата, во Вардарска Македонија не се забележани големи структурни промени. Регионот продолжил да продуцира главно непродуктивно земјоделство и сточарско фармерство и да култивира неколку важни индустриски култури. Маргинализирањето на индустријата од страна на државата, во однос на земјоделската и задругарската мегаломанија, аграрната реформа и колонизацијата, довела до последица, локалната средна класа да остане мала и главно деполитизирана група. Единствено во периодот по смирувањето на светската економска криза, познато во историјата на југословенската економија и како кризната или инфлаторната коњуктура и доаѓањето на Милан Стојадиновиќ на чело на Југословенската влада, може да стане збор за сеопфатни економски политики и планирање, кои го зафатиле и истражуваниот регион.

По воените разурнувања од Првата светска војна бројот на затекнатите индустриски претпријатија во Вардарска Македонија изнесувал 16, а една година пред отпочнувањето на Втората светска војна, во 1940 година бројот на претпријатијата изнесувал 111. Во периодот 1919 – 1940 година бројот на претпријатијата прогресивно растел, во зависност од условите и состојбите во економијата. Во периодот 1935 – 1940 година се забележува најинтензивна изградба, кога биле подигнати 34 индустриски објекти. Вредноста на инвестициите вложени во индустријата и рударството за недвижности и индустриски постројки во овој период се проценува на 500.062.000 динари, од кои на недвижнини отпаѓале 314.585.000 динари (62,9%), а на машински постројки 185.477.000 динари (37,1%). Инвестициите во преработувачката индустрија се проценуваат на 417.792 динари. Инвестираниот капитал во преработувачката

индустрија бил во најголем процент домашен. Учеството на македонската индустрија во вкупното југословенско стопанство изнесувало од 0,2 – 1%. Развојот на градот Скопје евидентно го прател развојот на индустријата во поглед на изградбата на објекти за живеење и работење, привлекување на население и конечно етаблирање на градот како главен урбан центар, позиција која дополнително и агресивно ќе се засилува во декадите кои следат.

Работна сила во индустријата на територија на Вардарска Македонија претставува работничка класа во надоаѓање и создавање. Во правото, трудовото право и социјалните политики, за прв пат населението активно во индустрија станува системски опфатено. И покрај формалното наспроти суштинското преовладување на трудовото право, работниците во индустрија станале институционално видливи. Во голем дел од печатот доманатни биле темите од социјалната реалност и проблемите на работниците. Во програмите и идеологиите на партите на власт и опозиција во државата, работничките права биле веднаш до националните прашања. Комунистичката Партија на Југославија и бројните левичарски организации биле честа мета на власта. Модернизационите процеси биле иреверзибилни и раѓале нови начини на однесување во секојдневието.

Најголем дел од работната сила во Вардарска Македонија била сконцентрирана во тутунската индустрија (7.210 работници), потоа следувала индустријата на обоени метали (1.185 работници). Специфично за овие две гранки е одност меѓу бројот на претпријатијата, инсталираната погонска сила во нив, со бројот на работната сила сконцентрирана во нив: овие две гранки располагале со мал број на претпријатија чија погонска сила била незначителна во однос на вработената работна сила и „живиот труд преовладувал над опредметнатиот.“ Без овие две гранки, работната сила доминантно се концентрирала во прехрамбената и текстилната индустрија

Според податоците од пописот од 1931 година, на територија на Вардарска Македонија вкупното население најмногу се активирало во групата на дејности „Земјоделство...“ (63,41%), а на второ место по број доаѓаат „Индустрија и занаети“ (11,02%). Според бројност на вкупното население, во апсолутни броеви, во „Индустрија и занаети“, далеку пред останатите околии предничи Скопската околија (20.734), а во рангот на околии со поголема бројност на населението активно и издржувано во индустрија припаѓаат и Битолската околија (12.726), Прилепската

околија (7.506),  Долнополошката околија (6.588) и Жеглиговската околија (6.141). Околија со најголема бројност на лица по положба работници во групата „Индустрија и занети“ е Скопската околија (3.791), а втора по ред е Битолската околија (1.493). Иако активноста на населението во „Индустрија и занаети“ е ниска, работниците во таа група на дејности стануваат видлива социјална категорија во пописните резултати и во економскиот живот во периодот меѓу двете светски војни.

Разликата меѓу мажите и жените активни во „Индустрија и занаети“ во 1931 година изнесувала 9,4% во Вардарска Македонија, додека пак истата разлика на државно ниво изнесувала 8%. Активирањето на жените во оваа група на дејности се наоѓало на почеток. Постоењето на т.н. „земјоделска пренаселеност“ предизвикувало првенствено вработување на вишокот машката работна сила во индустријата, а потоа и во  останатите неземјоделски дејности. Бројот на мажи по професија работници во „Индустрија и занаети“ секаде е поголем од бројот на жени работници. Кај жените, бројот на жени работници најмногу пораснал во Скопската околија. Жените преовладувале во претпријатија за преработка на тутун и во претпријатија на текстилната индустрија.

Карактеристично за Вардарска Македонија е големиот удел на непродуктивното население под 15 години и над 65, кое покажува тенденција на намалување во периодот од 1921 до 1931 година. Во 1921 година воочлив е малиот број на население во работоспособните старосни групи од 20 до 39 години (генерации родени во 1880 – 1890 година), кој се должи на економски  миграции и воени губитоци во периодот 1900 – 1918 година.

Типични за домувањето и живеалиштата на индустриските работници во Вардарска Македонија во меѓувоениот период биле импровизирани живеалишта, а во помалку случаеви легално подигнати куќи и евтини станови, популарно нарекувани „урбана периферија“. Невработеноста помеѓу работниците во индустријата бил посебен државен, јавен и социјален проблем, а истото се одсликало и во Вардарска Македонија. Според Берзата на трудот во Скопје во 1933 година пријавени биле 17.240 невработени (или 52.180 сметано со нивните семејства).

Најголем дел од работниците во Вардарска Македонија припаѓале во ниските наднични оддели. Бројот на осигурени во првиот оддел (до 8 динари дневно) во 1932 година изнесувал 4.492 лица или 19,6% од вкупниот број на осигурани (22.823).

Просечна надница во Вардарска Македонија се движела под државното ниво: во 1926 година кога просчената надница во државата изнесувала 24,21 динар, кај Окружното биро во Скопје била пресметана на 23,36 динари. Во Вардарска Македонија постоеле значајни разлики во надниците во различни градови, а највисоки биле надниците во Скопје. Куповната моќ била ниска и работниците можеле да ги обезбедат само основните животни намирници во скромни и почесто недоволни количини. Работничкото осигурување било новитет во Вардарска Македонија и допрва се создавале праксите за негова систематска употреба. Најголем број осигурани членови во ОУЗОР Скопје биле забележани во 1930 година (32 675 лица).

Обласната Инспекција на трудот во Скопје ги оценила техничките и хигиенските услови во работилниците со најсниска оцена и предупредила на последиците врз здравјето на работниците. Во домовите на работниците и на нивните работни места, преовладувала беда и нехигиена. Најголем дел од несреќите на работно место се случувале заради недоволна работничка заштита и незаштитени машини. Болести кои особено биле чести кај работниците во индустрија биле туберкулозата, тифусот, ревматичните заболувања, како последица на лошите санитарни и хигиенски услови кои биле дел од работничкото секојдневие.

Низ организирањето тарифни акции и штрајкови, солидаризирањето во работнички културно-уметнички и спортски друштва, синдикалните организации и агитацијата на Комунистичката Партија на Југославија, се развивала посебна работничка култура и се дифиренцирала класна свест.

Според изворите од периодот 1918 – 1941 година, за развојот на индустријата на подрачјето на Вардарска Македонија заклучувам дека несинхронизираноста меѓу пропратните или причинителни процеси на индустриското производство е факт, но и постоењето на индустријата и индустријализацијата на понизок степен, последиците од неа врз менталитетот, егзистенцијата и секојдневниот живот на населението исто така се видлива и реална историска категорија која од 20-те години на XX век, може понатаму да се проучува квантитативно и квалитативно и во колерација со останатите историски процеси.

Ivana Hadjievska

# THE HUMAN CONDITION OF INDUSTRIAL WORKERS IN VARDAR MACEDONIA (1918 – 1941)

**(Summary)**

The aim of this work is to study the socio-economic factors that determine the human condition of the industrial workers on the territory of Vardar Macedonia in the historical context of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes/Kingdom of Yugoslavia.

The main objective of the research was to analyze and to present archival sources and statistical data on work and labor by workers in the slowly developing industry on the territory of Vardar Macedonia. I establish and enquire the thesis that during the interwar period workers in the industry were slowly and gradually turning to social group, sharing specific social and health issues, new working habits and culture, different from the ones shared by the passive elites on the territory of Vardar Macedonia and the agricultural masses. Thus, the workers in the industry on the territory of Vardar Macedonia are actually the working class ‘in becoming’ and one part of the modern industrial transition on the territory took part during the interwar period.

For the analysis I chose the following indicators: changes and process of modernization in the public and private sphere, working hours and the control of time, living and laboring conditions, poverty and unemployment in industrial workers, organization, solidarity and political engagement of industrial workers, wages, labor insurance and labor protection, child labor in industry, sanitary and hygiene aspects and gender aspects. My aim was to determine whether industrial changes and modernization, which *de facto* were existent, were characterized with creation of working class in the modern sense and to what extent.

The theoretical framework of the research was constructed by the approaches used in the theory of Hana Arendt, Michele Foucault and Marxist theory. The methodological framework is combination of quantative statistical and economic data and qualitative data like unpublished archival materials, contemporary publications, almanacs, newspapers and literature. The analysis is accessed with the use of comparative methods, comparing data from the territory of Vardar Macedonia with data on state level and also comparasion between regions and cities.

I conclude that modernization processes brought by industrial development on the territory of Vardar Macedonia during the interwar period, initiated economical, social and legal changes. Industrial development on the territory was slow and conditioned by Ottoman past rule and unresolved national question, but the qonsequences on the social existence, mentality, ways of living and working in the population economicly active in the industry were specific and could be followd, researched and discussed in the terms of class and labor history.

**Листа на табели и прилози**

Табела 1: Предвидени суми од државниот буџет и алоцирани суми кон Вардарска Бановина (стр. 50)

Табела 2: Движење на населението според основните економски обележја (1921 – 1931 година) (стр. 63)

Табела 3: Динамичниот развој на индустријата според години на основаните претпријатија по индустриски гранки (стр. 74)

Табела 4: Инвестираниот капитал, работните места и погонската сила на индустријата во Вардарска Македонија во 1938 година (стр. 76)

Табела 5: Работната сила (со и без тутуновата индустрија и индустрија на обоени метали) распоредена по гранки на индустриската дејност и инсталираната погонска сила во однос на просечно вработените на едно претпријатие во 1940 година (стр. 81)

Табела 6: Структура на вкупното активно население според социјални обележја во 1931 година (стр. 88)

Табела 7: Податоци за порастот на градското население на територија на Кралство Југославија по години (стр. 93)

Табела 8: Активност на вкупното население според економски обележја за 1931 година (стр. 102)

Табела 9: Односот на активното и издржуваното население во Вардарска Македонија 1931 година (стр. 103)

Табела 10: Структурата на активното население по економски обележја во 1931 година (стр. 104)

Табела 11: Активни и издржувани лица во „Индустрија и занаети“ по околии во Вардарска Македонија, 1931 година (стр. 105)

Табела 12: Број на лица според положба во професијата - работници и издржувани од работници во идустријата и занетите по околии на територија на Вардарска Македонија (стр. 110)

Табела 13: Полова структура на вкупното население на територија на Вардарска Македонија и Кралство Југославија за 1921 и 1931 година (стр. 112)

Табела 14: Полова структура на активното население во класата дејности индустрија и занаети, Вардраска Македонија и Кралство Југославија, 1931 година (стр. 113)

Табела 15: Старосна структура на вкупното насление на територија на Вардарска бановина според пописите од 1921 и 1931 (стр. 114)

Табела 16: Разместеност на работниците по индустриски гранки во Кралство Југославија и Вардарска Бановина во 1931 година (стр. 127)

Табела 17: Движење на барателите на работа во Вардарска бановина во 1930 година (стр. 168)

Табела 18: Број на невработени во Берзата на трудот во Вардарска Македонија (1930 – 1936) (стр. 168)

Табела 19: Наднични оддели според Законот за осигурување на работници (стр. 183)

Табела 20: Просечна осигурана надница во Кралство Југославија, 1923 – 1939 година (стр. 183)

Табела 21: Надници на работниците во различни индустриски дејности во Кралство Југославија (1922) (стр. 184)

Табела 22: Просечната осигурана надница на работниците во Вардарска Македонија (1930 – 1937) (стр. 184)

Табела 23: Движење на надницата кај индустриските работници во различни градови во Вардарска Македонија (1926 – 1936 година) (стр. 186)

Табела 24: Просечните надници во Тутунската опитна станица во Прилеп во 1940 година (стр. 187)

Табела 25: Видови на надници во Тутунската опитна станица во Прилеп, ноември 1940 година (стр. 188)

Табела 26: Просечни цени на животните намирници во Кралство СХС./К. Југославија во 1921 и 1922 година (месечно ниво) (стр. 190)

Табела 27: Цени на животните намирници во Скопје во 1919 и 1920 година (стр. 191)

Табела 28: Цени на животни намирници во Скопје (1931 – 1933) (стр. 192)

Табела 29: Цени на производите во Скопје во 1939 и 1940 година (стр. 193)

Табела 30: Број на осигурани членови во ОУЗОР Скопје и СУЗОР, 1925 – 1939 (стр. 198)

Табела 31: Бројната состојба на осигурениците на подрачјето на Окружениот уред за период 1925 – 1928 година според пол (стр. 226)

**Прилог 1:** *Прилог 1 на Трговско индустриската комора од Скопје до Министерството за трговија и индустрија во Белград (бр. 10265/34, 1. Март. 1935, Скопље): податоци за индустриските претпријатија на подрачјето на комората.*
ДАРСМ Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралство Југославија 1.1039.2.3/6-22

**Прилог 2:** Попис на индустриски претпријатија по барање на Банот на Вардарската бановина во 1939 година, за државни потреби, а спроведуван од полициските и административните власти
ДАРСМ, Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралство Југославија, 1.1039.2.5/24-76

**Прилог 3:** Милан Р. Гавриловиќ, Список на индустриски претпријатија на територија на Јужна Србија во 1933 година (Мил. Р. Гавриловић, *Привреда Јужне Србије,* (Скопље: „Немања“, 1933))

**Прилог 4**: Активни и издржувани лица според класи на професии по околии, Вардарска Македонија, 1931 (*Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju),* Sarajevo, 1940, 264–293)

**Прилог 5:** Број на лица според положба во професијата - работници и издржувани од работници по класи на професии, по околии на територија на Вардарска Македонија според податоците од пописот од 1931 година, (*Definitivni rezultati popisa stanovnistva od 31.3.1931, knj. IV (Prisutno stanovnistvo po glavnom zanimanju),* Sarajevo, 1940)

**Прилог 6:** Полова структура на активното население во Вардарска Македонија и Кралство Југославија во 1931 година според економски обележја

**Прилог 7:** Број на работници во индустрија според пол и старост во Кралство Југославија во 1929 година – Преглед според претпријатија под надзор за работничка заштита, (Статистички Годишњак за 1929 година, књ. 1 (Београд: Државна штампарија Краљевине Југославије, 1932), 424–425)

**Прилог 8:** Број на работници во индустрија според пол и старост во Кралство Југославија во 1938 година – Преглед според претпријатија под надзор за работничка заштита, (Статистички Годишњак 1938 – 1939. године, књ. 9 (Београд: Државна штампарија Краљевине Југославије, 1939), 422–423)

**Прилог 9:** Број на осигурани работници во надничните оддели на ОУЗОР – Скопје (Растко Пурић, *Работнички југ*, (Скопље: „Немања“, 1937), 46–47)

**Прилог 10:** Цени на основните животни намирници определени од Одборот за цени на општина Битола (1920 – 1928) (Архив на Битола, Фонд Градско поглаварство на општина Битола (1921 – 1941), *„Кн. 1: Записник Одборних седница за регулисање цена...“,* 2.1.1.1-29/1-17)

**Прилог 11:** Монополските работници во Прилеп и одредбите на ЗОР за случај на несреќа, превод на оргигиналниот документ, придружен со факсимилот (Архив на Прилеп, Фонд Тутунска опитна станица во Прилеп (1929 – 1941), 5.521.8.156/215-222 „Преписка Министарства социјале политике и народног здравља Белград и ТОС Прилеп: Важније одредбе Закона о осигуравања радника за случај несреће, 31.10.1931, Београд“)

**Прилог 1:** Трговско индустриската комора од Скопје до Министерството за трговија и индустрија во Белград (бр. 10265/34, 1. Март. 1935, Скопље): податоци за индустриските претпријатија на подрачјето на комората. (легенда: „/“ – стопанственикот не дал податоци; „(*)“ – транскиптот не е читлив или е технички отстранет од документот)

Извор: ДАРСМ, Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралство Југославија 1.1039.2.3/6-22

| Бр. | Назив и вид на претпријатие | Место | Колку се вработени | | Општо за машините на претпријатието, котли, индустриски печки и слично; вид на мотор и колкава е силата во коњски сили (hp) | Кои предмети ги изработува и капацитетот за производство (300 работни дена) ако се работи дневно по 8 часа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Раб. | Чиновници | | |
| 1 | „Треска“ А.Д. претрпријатие за трговија и преработка на дрва | Скопје | 285 | 10 | Парна локомотива „Вилоф“ 150 hp; 4 котли; 3 циркулари; 1 бормашина; 1 (*); 1 (*) | Обработка на грѓа со капацитети од 15.000 – 18.000 $м^3$ |
| 2 | „Аеро“ фабрика за сапуни на Браќа Стефановиќ и Стојче Стојановќ | Скопје | 40 | 3 | 1 парен котел 60 $м^3$; 1 генератор; 1 (*) табла; 1 апарат за дезодаризација; 2 воденици за мелење на масло; 1 апарат за парно мешање на суровини; 2 пумпи за сапун; 3 котли за варење на сапун; 3 полир-машини; 2 (*); 5 преси; 1 парна сушилница; 3 моторни мешалици; 1 апарат за ладење на сапунот; 1 машина за ракување со хартија; 2 машини за лиење на калапи; 1 за сечење картони; 2 машини за правење свеќи; 12 електромотори; Одделение за ткаење на вреќи: 10 разбои, 2 машини и 1 (*), 1 моторна пегла; 1 мотрона машина за порабување на вреќите; 1 обична машина за шиење. | Миризливи сапуни и сапуни за перење алишта: околу 150 вагони; <br> мaст: 5 вагони; <br> кристална сода: 5 вагони; <br> свеќи: 1 вагон; <br> вреќи од јута: 10 вагони |
| 3 | Фабрика за сапун за перење Тодор К. Гребенаревиќ, | Скопје | / | / | 1 машина од 6 hp | Сапуни за перење од сите видови. Капацитет од 100 вагони |
| 4 | Рударско претпријатие јагленокоп Хаџи Николајевиќ и Перишиќ, с. Нерези | Скопје | / | / | 1 бензински мотор 6 ho <br> 1 локомотив 12 hp | Јаглен, <br> капацитети од 30.000 тони |
| 5 | Млин „Косово“ браќа Димевиќ, Ѓорѓе Х. Ристиќ и Анте Николиќ | Скопје | / | / | Турбина на вода 40 hp | Пченично брашно, капацитети: 72 вагони |
| 6 | „Моравија“, индустрија за хемиски производи Крсте Миновиќ и Синовите | Скопје | / | / | 1 мотор 5 hp; 1 парен котел; 1 ароматизер | / |
| 7 | „Немања“ задужбинска штампарија на Варадрската Бановина | Скопје | 10 | 3 | Електричен мотор 10 hp, разни штампарски машини | / |
| 8 | Хромни Рудници | Скопје | 150 | 9 | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Моис Асео | | | | | |
| 9 | Млин Беќир Емин и Браќа | Скопје | 20 | 2 | Хидротурбина 40 hp | Пченично брашно, капацитет 120 вагони |
| 10 | Графичко-индустриско претпријатие „Крајина“ АД Скопје | Скопје | / | / | / | / |
| 11 | Фабрика за сапуни и свеќи, „Лена“ Милан Петровиќ | Скопје | 3 | / | / | / |
| 12 | Фабрика за макарони, кеси и други тетсенини Милан Илиќ | Скопје | 15 | / | Електромотор 21 hp, разни машини за готвење и сушење на тесто | Макарони, фиде и сите видови на тесто 300.00 кг |
| 13 | Фабрика за кожа Махмуд Омер | Скопје | 10 | / | Електромотор 17 hp | Кожи со среден квалитет, 60.000 (*) |
| 14 | Автоматски млин „Србија“ Коста Илиќ и синовите | Скопје | / | / | Електромотор 350 hp | Сите видоови на брашно, 300 вагони |
| 15 | Текстилна индустрија Генералног Трговског друштва | Скопје | 350 | 8 | Електромотор 100 hp; машини за изработки на чорапи; разбој за ткаење лесни ткаенини; дрвени разбои за ткаење ориентални килими. | Чорапи 90.000 туциња; лесни волнени ткаенини 200.000 метри; Персиски килими 1.200 м² |
| 16 | Фабрика за мраз и стовариште за пиво на Лексовачката пивара АД | Скопје | / | / | / | / |
| 17 | Моторна браварска работилница Милан (*) | Скопје | / | / | / | / |
| 18 | Индустриско претпријатие за производство на железп и метал Браќа Галиќ „Варадр“ | Скопје | / | / | / | / |
| 19 | Фабрика за кафе „Стара Србија“ | Скопје | / | / | / | / |
| 20 | Прни млин Андреја (*), с. Драчево, | Скопје | / | / | / | / |
| 21 | Фабрика за сапуни Тасе Стајиќ и Ко. | Скопје | / | / | / | / |
| 22 | Автоматскио млин „Балкан“ на Лесковачката централна Банка | Скопје | 50 | 8 | Електромотор 300 hp и парна машина 200 hp | Сите видови на мелено брашно капациети 1.000 вагони |
| 23 | Штампарија и книговезница Василије Димитриевиќ | Скопје | 6 | 1 | Саугас мотор 10 hp и неколку штампарски машини | / |
| 24 | Индустриско претпријатие за изработка на мебел Александар Ковачевиќ | Скопје | / | / | / | / |
| 25 | Камхи и Хамза индустриксо претпријатие за изработка на (*) | Скопје | / | / | / | / |
| 26 | Парна Пивара АД Скопје | Скопје | 36 | 9 | / | / |
| 27 | Битолска текстилна | Битола | 40 | 4 | Мотор Crasler 22-24 hp 6 (*), 1 машина за правење ногавици и | Долна облека, 40.000 парчиња |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | индустрија К.Д. „Битољ“ | | | | ракавици, 14 машини зашиење, 1 парна пегла со котел, 1 предалка, 1 динамо машина од 8 KW и 45 ампери | |
| 28 | Моторен Милн Бохор Касеорло | Битола | / | / | Саугас мотор 30 hp | Селско брашно |
| 29 | Столарско претпријатие Вангел Десанович и Ко | Битола | 5 | / | Електромотор 20 hp | / |
| 30 | Електроиндустрија „Битољ“ АД, | Битола | / | / | Дизел мотор 530 hp | / |
| 31 | Фабрика за бомбони, чоколади, локуми и бисквити, Герасим Сотировиќ | Битола | / | / | 3 електромотори со вкупно 10 hp | Бомбони, локуми, чоколади, какао маса, слатко, бисквити, какаов путер, капацитет: 90.000 кгр |
| 32 | Фараџи Пардо и Ко., фабрика за сапуни | Битола | / | / | / | / |
| 33 | Прв Автоматски Млни „Драгор“ Тале А. Тасиќ, Битола | Битола | / | / | / | / |
| 34 | Фабрика за ткаенини Стерјо Пикулис | Битола | / | / | / | / |
| 35 | Фабрика за бомбони, локуми, чоколада и бисквити Наум Стојановиќ | Битола | 20 | 1 | Електромотор 8 hp | / |
| 36 | Фабрика за мраз и стовариште за пиво на Скопската парна Пивара | Битола | / | / | / | / |
| 37 | Фабрика за кеси, Јефтим Ризевиќ | Битола | Привремено неработи | | | |
| 38 | Пивара Брача Јов. Грдановичи Ко. | Прилеп | 13 | 4 | Котел за варење, замрзнувач, комора за сушење, подрум, магацин, 1 саугас мотор 50 hp; 1 саугас мотор 12 hp; 1 нафтен мотор 33 hp; 1 компресор од 80 39000 калорифери (*); 1 компресор од 12 000 калории; 1 генератор; 1 генератор | Пиво и мраз, 2.000 – 4.000 kl |
| 39 | Моторн млин Тодор Мргевиќ | Прилеп | 5 | / | Саугас мотор 30 hp | Селско брашно, 600 000 кг |
| 40 | Моторен млин „Кралевич Марко“, Веле Рама Ковиќ | Прилеп | 5 | / | Саугас мотор 40 hp | Селско брашно |
| 41 | Електрична централа на градот Прилеп | Прилеп | / | / | / | / |
| 42 | Моторен млин Ѓорѓе Стошиќ, с. Долнени, Прилеп | Прилеп | / | / | / | / |
| 43 | Моторен млин Лазар (*) | Прилеп | / | / | / | / |
| 44 | Керамичко претпријатие Тодор Левковиќ и Ко., | Велес | / | / | Дизел мотор 8 hp, и други мотори од по 30 hp | / |
| 45 | Фабрика за кеси, | Велес | / | / | 1 мотор 3 hp | Кеси за употреба во |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | „Вардар“, Синови и Петар К. Кукаревиќ | | | | | трговија, 100.000 кг |
| 46 | Електрична централа Живко Стојилковиќ | Велес | / | / | Дизелмотор 150 hp | Производство на струја 220-360 W |
| 47 | Фабрика за зејтин и автоматски млин „Варадр“ | Велес | 35 | 2 | Парна машина 200 hp | / |
| 48 | Велешко Шарлаганџиско друштво | Велес | / | / | / | / |
| 49 | „Регулатор“, шарлаганџија Трајко Зико | Велес | / | / | / | / |
| 50 | Луштилница за ориз и млин со електрична централа на Кочанската земјоделска задруга | Кочани | / | / | 1 саугас мотор 40 hp | Брашно: 350 кг на саат; |
| 51 | Стругарија Браќа М. Муфтичевиќ, с. Лаки | С. Лаки | / | / | / | / |
| 52 | Електрична Централа | Гевгелиј а | / | / | / | / |
| 53 | Автоматски млин и електрична централа Миодраг Ж. Стојиљковиќ | Куманов о | / | / | / | / |
| 54 | Индустриско претпријатие за производство на зејтина Никола Перковиќ | Куманов о | / | / | Електромотор, 40 hp | / |
| 55 | Вештачки млин „Полог“ Хаџи Ристиќ и Јовановиќ | Тетово | / | / | / | / |
| 56 | Моторен млин Коста и Јане Браќа Богојевиќ | Тетово | Привремено неработи | | | |
| 57 | Електрична централа на Тетовското индустриско друштво | Тетово | / | / | / | / |
| 58 | Фабрика за мраз Браќа Шичеримовиќ | Штип | Привремено неработи | | | |
| 59 | Млин „Брегалница“, Јордан Јевтиќ | Штип | / | / | / | / |
| 60 | Фабрика за мраз Пане Мукаетовиќ | Струмиц а | / | / | / | / |
| 61 | Моторен мил Васил Х. Скерлиќ, | Струмиц а | Привремено неработи | | | |
| 62 | Моторен млин Ристиќ и Ибраимовиќ | С. Добрево | / | / | Саугасмотор 30 hp | / |
| 63 | Мототрн млин, Игњат Златоќ | Св. Николе | / | / | / | / |
| 64 | Електромоторна централа и Хидроелектрана „Скопје“ | Кичево | / | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 65 | Моторен млин Лазар Т. Бошковиќ | Кавадарци | Привремено неработи | | | |
| 66 | Моторн млин Николче Х. Апостоловиќ „Варадр“ | Неготино | / | / | / | / |
| 67 | Моторен млин Страхиња Шечериновиќ и Ко. | Овче Поле | / | / | / | / |

**Прилог 2:** Попис на индустриски претпријатија по барање на Банот на Вардарската бановина во 1939 година, за државни потреби, а спроведуван од полициските и административните власти. Извор: ДАРСМ, Фонд Министерство за трговија и индустрија на Кралство Југославија, 1.1039.2.5/24-76

| Надлежен орган информира за соодветен регион | Бр. | Назив на индустриско претпријатие | Капитал (во динари) | Капацитет (производство) | Работна сила и потекло | Важност во „народна одбрана“ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Престојништво на градската полиција, Битола | 1 | Текстилна индустрија | 750.000 | 3.500 пакети долна облека (искористен капацитет: 30 %) | 45 работници (домашни) | Многу важно, во случај на војна |
| | 2 | Автоматски млин „Драгор“ Тасе Тасиќ | 2.000.000 | 5 вагони/24 ч. | 27 работници (домашни) | Многу важно, исхрана во случај на војна |
| | 3 | Електроиндустрија-командитно друштво | 1.000.000 | 530 КС | 20 (домашни) | / |
| | 4 | Фабрика за сапуни – Браќа Ризевиќ и Фараџи | / | 1 вагон/месечно | 7 домашни 1 странски (грк) | Во случај на војна, за санитарни потреби на војска |
| Началништво на Кривопаланечкиот срез | 5 | Електрична хидроцентрала | 350.000 | 36 KW/час дневно | 3 (домашни) | Важно, исхрана |
| Началништво на струшкиот срез | 6 | Претпријатие за керамика, ќерамиди и тули | 100.000 | 500.000 парчиња | 30 – 40 (домашни) | Важно |
| Началништво на Кичевскиот срез | 7 | Автоматски млин на електричен погон, Александар Крстиќ | *Нема капитал од 1936 | 10.000 кг/24 ч. | 6 (домашни) | Важно |
| | 8 | Електрична хидроцентрала за производство на струја за Кичево Борислав Крстиќ од Ниш | 800.000 | 50 КС | 4 (домашни) | Важно |
| Полициска управа, Скопје | 10 | Индустриско штампарско претпријатие „Кралевиќ Марко“ | 500.000 | Средно искористен капацитет | 9 (домашни) | Средна важност |
| | 11 | Млинарско индустриско претпријатие „Куманово“ Бусте Јован и Другари „Автоматски млин Стојковиќ и Другари“ | 1.000.000 | мелено жито: 10 000 кг/24 ч. | 15 (домашни) | Важно, исхрана |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12 | Млинарско индустриско претпријатие „Варадр“ Атанасије Ѓорѓевиќ и Другари | 2.000.000 | 1 вагон жито за 24 часа | 31 домашна, 2 странски (руди, избеглици) | Важно за народна одбрана – исхрана |
| | 13 | Индустриско претпријатие за лупење и преработка на разни земјоделски производи Ѓорѓе Трипчанчевиќ и Другари | 400.000 | 8.000 – 10.000 кг | 4 (домашни) | Многу важно, исхрана |
| | 14 | Кожарско индустриско претпријатие Димче Вучидолац | 122.000 | 12.000 *фут. за чевли годишно, 50 % искористен капацитет | 6 | / |
